Службен весник на Република Македонија

Број 96 **28 мај 2018, понеделник** **година LXXIV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1806.	**Закон** за енергетика (*).....	**2**
	Меѓународни договори	
16.	**Закон** за ратификација на Договорот за воена и финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција……..	**2**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1806.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА(*)

Се прогласува Законот за енергетика (*),
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 мај 2018 година.

Бр. 08-3424/1
21 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

ЗАКОН ЗА ЕНЕРГЕТИКА (*)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

Со овој закон се уредуваат:

1) целите и начинот на спроведување на енергетската политика;

2) изградбата на енергетски објекти;

3) статусот и надлежноста на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија;

4) пазарите на електрична енергија, природен гас, топлинска енергија, како и пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт;

5) начинот и постапката за утврдување и исполнување на обврските за обезбедување на јавна услуга на пазарите за електрична енергија, природен гас и топлинска енергија, како и правата и обврските на потрошувачите на енергија и корисниците на енергетските системи;

6) начинот и условите за поттикнување на користењето на обновливите извори на енергија и

7) други прашања од областа на енергетиката.

Цели на законот

Член 2

Целта на овој закон е да се обезбеди:

1) сигурно, безбедно и квалитетно снабдување со енергија на потрошувачите во согласност со стратешките определби во областа на енергетиката;

2) ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор, заснован на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност, којшто обезбедува високо ниво на сигурност во снабдувањето со енергија;

3) безбедно, сигурно и ефикасно функционирање, одржување и развој на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас, како и системите за дистрибуција на топлинска енергија заради обезбедување на високо ниво на услуги за потребите на корисниците на овие системи;

4) примена на воспоставените меѓународно усогласени правила за прекугранична размена на електрична енергија и природен гас, како и соработка

---

*Во законот во согласност со Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница бр. D/2011/02/MC-EnC се транспонираат:

- Директива 2009/72/ЕС за заедничките правила за внатрешен пазар на електрична енергија
- Регулатива 714/2009 за условите за пристап на мрежите за прекугранична размена на електрична енергија
- Директива 2009/73/ЕС за заедничките правила за внатрешен пазар на природен гас
- Регулатива 715/2009 за условите за пристап на мрежите за пренос на природен гас
- Директива 2005/89/ЕС за мерките со кои се обезбедува сигурност во снабдувањето со електрична енергија и инвестиции во инфраструктурата
- Директива 2004/67/ЕС за мерките со кои се обезбедува сигурност во снабдувањето со природен гас
- Директива 2009/28/ЕС за промоција на користењето на енергија од обновливи извори и
- Регулативата 543/2013 за поднесување и објавување на податоци за пазарот на електрична енергија.

на операторите на системите за пренос на електрична енергија и на природен гас со соодветните оператори од другите држави во рамки на организираните облици на соработка на операторите;

5) сопственичко раздвојување на операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас за да се обезбеди нивното работење да биде независно од интересите на нивните сопственици во вршењето на дејностите што се однесуваат на производство, снабдување и/или трговија со електрична енергија и/или природен гас;

6) исполнување на обврските за обезбедување на јавна услуга на пазарите на енергија, како и ефективна заштита на правата и интересите на корисниците на енергетските системи, заштита на правата на потрошувачите на енергија и особено на ранливите потрошувачи;

7) поттикнување на користењето на енергија од обновливи извори преку соодветни и ефективни финансиски и други мерки за поддршка, заради постигнување на целите на политиката за обновливи извори на енергија и обезбедувањето на сигурност во снабдувањето со енергија и

8) заштита на животната средина и ублажување на климатските промени од негативните влијанија при вршењето на енергетските дејности.

Дефиниции

Член 3

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) „балансирање на систем" се сите активности и постапки преку кои операторот на електропреносниот систем или операторот на системот за пренос на природен гас ја одржува рамнотежата на соодветниот систем во рамки на претходно дефинирани граници на стабилност;

2) „балансна енергија" е количина на енергија којашто е ангажирана со активирање на системските услуги за порамнување на отстапувањата помеѓу расположливата енергија и потрошувачката на енергија во реално време,

3) „балансен механизам" е збир на документи, процедури и методологија коишто ги дефинираат правата и обврските на учесниците на пазарот на електрична енергија или на учесниците на пазарот на природен гас во врска со балансната одговорност;

4) „балансна група" е група што ја сочинуваат еден или повеќе учесници на пазарот на електрична енергија или пазарот на природен гас од кои еден член на балансната група ја презема целосната балансна одговорност и претставува балансно одговорна страна;

5) „балансна одговорност" е одговорност на учесниците на пазарот на електрична енергија во однос на производството, потрошувачката и/или трансакциите со електрична енергија или потрошувачката и/или трансакциите со природен гас, во согласност со прифатените физички распореди (номинации), и финансиската одговорност кон операторот на електропреносниот систем или операторот на системот за пренос на природен гас за какво било отстапување и ако е потребно, за порамнување на отстапувањата (дебалансите);

6) „балансно одговорна страна" е учесник на пазарот на електрична енергија или пазарот на природен гас, или негов избран претставник, кој презема балансна одговорност и доставува физички распореди (номинации) за балансната група во согласност со нивните меѓусебни договорни обврски и е одговорен за дебалансите кон операторот на електропреносниот систем или операторот на системот за пренос на природен гас;

7) „бруто финална потрошувачка на енергија“ е вкупната потрошувачка на енергија за енергетски цели од страна на сите потрошувачи (домаќинства, индустрија, земјоделство, транспорт, рибарство, услужни дејности и јавни

услуги), и ја вклучува потрошувачката на електрична и топлинска енергија во енергетскиот сектор за производство на електрична и топлинска енергија, како и загубите во преносот и дистрибуцијата на електрична и топлинска енергија;

8) „вертикално интегрирано трговско друштво“ е трговско друштво (во натамошниот текст: друштво) или поврзани друштва во коишто исто лице или исти лица имаат право, директно или индиректно, да управуваат и каде што друштвото или поврзаните друштва вршат барем една од енергетските дејности пренос или дистрибуција на електрична енергија/природен гас, или работа со постројки за складирање на природен гас и/или втечнет природен гас и барем една од дејностите производство на електрична енергија, снабдување или трговија со електрична енергија/природен гас;

9) „виртуелен производител“ е правно лице кое комерцијално и технички интегрира производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија приклучени на електродистрибутивна мрежа, со што се овозможува централизирано управување со нивното производство и нивен третман како еден производител кој учествува на пазарот на електрична енергија;

10) „гаранција на потекло“ е документ чија цел е обезбедување на доказ за потрошувачите дека определен удел или определена количина од енергијата е произведена од обновливи извори на енергија;

11) „горива за транспорт“ се горива наменети за употреба во транспортот како што се нафтени деривати, биогорива или мешавини од биогорива и нафтени деривати;

12) „давател на услуга за балансирање" е учесник на пазарот на балансна енергија, кој на операторот на електропреносниот систем или операторот на системот за пренос на природен гас му обезбедува услуги за балансирање врз основа на договор за учество на пазарот за балансирање;

13) „деривативи за електрична енергија/природен гас" се финансиски инструменти како што се опции, фјучерси, свопови, договори однапред и други деривативни договори, коишто можат да се намират во готово, физички или преку признати клириншки куќи, со цел да се заштитат учесниците на организираниот пазар на електрична енергија/природен гас од можни флуктуации на цените;

14) „дистрибуиран производител“ е производител на електрична енергија поврзан на електродистрибутивна мрежа;

15) „дистрибуција на електрична енергија“ е пренесување на електрична енергија преку високонапонски, среднонапонски и нисконапонски електродистрибутивни мрежи и управување со електродистрибутивниот систем на определено подрачје заради испорака на електричната енергија до потрошувачите, не вклучувајќи снабдување со електрична енергија;

16) „дистрибуција на природен гас“ е транспорт на природен гас низ локален или регионален систем за дистрибуција на природен гас и управување со системот за дистрибуција на природен гас заради испорака на природен гас на потрошувачите, не вклучувајќи снабдување со природен гас;

17) „дистрибуција на топлинска енергија“ е пренесување на топла вода или пареа преку дистрибутивна мрежа и управување со системот за дистрибуција на топлинска енергија на определено подрачје заради испорака на топлинска енергија на потрошувачите, не вклучувајќи снабдување со топлинска енергија;

18) „домаќинство" е потрошувач приклучен на систем за дистрибуција на енергија, којшто набавува или произведува енергија за сопствена потрошувачка во домаќинството, но не и за трговски или професионални цели;

19) „електроенергетски систем“ е систем составен од производни постројки, електропреносна мрежа, една или повеќе електродистрибутивни мрежи и потрошувачи на електрична енергија;

20) „електродистрибутивна мрежа“ е електрична мрежа од меѓусебно поврзани електрични водови, трансформатори и друга опрема и постројки

коишто претставуваат составен дел од електродистрибутивниот систем и преку која се испорачува електрична енергија преку низок, среден и висок напон;

21) „електродистрибутивен систем“ е енергетски систем за дистрибуција на електрична енергија, преку високонапонски, среднонапонски и нисконапонски мрежи, на определено подрачје од територијата на Република Македонија, којшто е поврзан на електропреносниот систем;

22) „електропреносен систем“ е систем за пренос на електрична енергија преку електропреносната мрежа во Република Македонија;

23) „електропреносна мрежа“ е мрежа која се користи за пренос на електрична енергија со висок напон преку високонапонски далекуводи, трансформатори и друга високонапонска опрема и постројки, од точката на прием од производителите на електрична енергија или интерконективните водови за електрична енергија, до точката на испорака;

24) „енергија“ се сите форми на енергија и енергетски производи, горива што согоруваат, топлинска енергија, електрична енергија, или други форми на енергија која може да потекнува од фосилни, нуклеарни или обновливи извори;

25) „енергетски објект“ е дел од енергетскиот систем наменет за производство, пренос, дистрибуција, потрошувачка или складирање на енергија;

26) „енергетски систем“ е систем од меѓусебно поврзани објекти, уреди и постројки за производство, пренос или дистрибуција на енергија којшто претставува интегрирана техничко-технолошка и функционална целина и служи за снабдување на потрошувачите со енергијата од производителите, односно изворите на енергија;

27) „ENTSO-E“ е Европска мрежа на преносни систем оператори на електрична енергија (European Network of Transmission System Operators for Electricity);

28) „ENTSO-G“ е Европска мрежа на преносни систем оператори на природен гас (European Network of Transmission System Operators for Gas);

29) „загушување во систем за пренос на природен гас“ е состојба кога побарувачката за реални испораки од системот за пренос на природен гас го надминува техничкиот капацитет на системот во одреден момент;

30) „загушување во електропреносен систем“ е состојба во која преку интерконективен вод за електрична енергија не може да се пренесе сиот физички проток побаран од учесниците на пазарот на електрична енергија за реализација на меѓународната трговија со електрична енергија, поради недостаток на капацитет во интерконективниот вод за електрична енергија и/или недостаток на капацитет во електропреносниот систем на Република Македонија;

31) „интерконективен вод“ е вод за електрична енергија односно цевковод за природен гас вклучувајќи ја и припадната опрема и постројки, со кој електропреносниот систем, односно системот за пренос за природен гас на Република Македонија се поврзува со соодветниот преносен систем на соседна држава;

32) „конечен дневен распоред“ е документ изготвен од операторот на електропреносниот систем за целокупното производство на електрична енергија, внатрешните и прекугранични трансакции преку електропреносниот систем, врз основа на физички распореди доставени од учесниците на пазарот на електрична енергија, одобрени од операторот на електропреносниот систем;

33) „купувач" е физичко или правно лице кое купува енергија за сопствени потреби или за натамошна продажба;

34) „лице“ е физичко или правно лице кое врши енергетска дејност и е регистрирано во трговскиот регистар во Република Македонија;

35) „лиценца“ е акт издаден од страна на Регулаторната комисија за енергетика врз основа на која лицето на кое му е издадена може да врши енергетска дејност во Република Македонија;

36) „мал потрошувач“ на електрична енергија, односно природен гас е субјект чиј просечен број на вработени во последните две пресметковни години е помалку од 50 вработени и има вкупен годишен приход помал од два милиони евра во денарска противвредност, со исклучок на производителот на електрична енергија и операторот на системот за пренос и системот за дистрибуција на електрична енергија односно природен гас;

37) „нафтовод“ е цевковод со соодветни уреди и постројки за транспорт на сурова нафта;

38) „обновливи извори на енергија“ се нефосилни извори на енергија како: хидро, ветерна, сончева, аеротермална, хидротермална и геотермална енергија, биомаса, депониски гас, биогас и гас добиен од станици за пречистување на отпадни води и биомаса;

39) „оператор на електродистрибутивен систем“ е друштво коешто врши дејност дистрибуција на електрична енергија и управува со електродистрибутивниот систем во Република Македонија и е одговорно за работењето на системот, неговото одржување, развојот и поврзувањето со електропреносниот систем, како и за обезбедување долгорочна способност на системот за задоволување на разумните потреби за дистрибуција на електрична енергија;

40) „оператор на електропреносен систем“ е друштво коешто врши дејност пренос на електрична енергија, управува со електропреносниот систем во Република Македонија, и е одговорно за сигурна и стабилна работа на системот, неговото одржување, развојот и поврзувањето со електроенергетските системи на соседните држави;

41) „оператор на систем за дистрибуција на природен гас“ е друштво коешто врши дејност дистрибуција на природен гас и управува со системот за диструбуција на природен гас за што му е издадена лиценца и е одговорно за неговото работење, одржување, развој и поврзување со други системи за природен гас и за обезбедување на долгорочната способност на системот за задоволување на разумните потреби за дистрибуција на природен гас;

42) „оператор на систем за пренос на природен гас“ е друштво коешто управува со системот за пренос на природен гас и е одговорно за работењето, одржувањето и развојот на системот за пренос на природен гас, како и за поврзувањето со други системи за природен гас и обезбедувањето на долгорочната способност на системот за задоволување на разумните потреби за пренос на природен гас;

43) „оператор на систем за дистрибуција на топлинска енергија“ е друштво коешто врши дејност дистрибуција на топлинска енергија и управува со системот за дистрибуција на топлинска енергија во Република Македонија и е одговорно за работењето на системот, неговото одржување и развој и за обезбедувањето на долгорочната способност на системот за задоволување на разумните потреби за дистрибуција на топлинска енергија, не вклучувајќи го снабдувањето со топлинска енергија;

44) „оптоварување“ е моќност која се испорачува кон системот или делот од системот или потрошувачите и се изразува во kW или kVA, односно MW или MVA;

45) „организиран пазар на електрична енергија“ е институционално уреден однос помеѓу понудата и побарувачката од учесниците на пазарот на електрична енергија со однапред одредени стандардизирани продукти, како и физички и финансиски поранувања, во временски период од ден однапред или тековен ден;

46) „отстапување (дебаланс) на балансна група“ е разлика помеѓу остварените и номинираните физички распореди за секој пресметковен интервал;

47) „пазар на енергија“ е организиран начин на купување и продавање на енергија врз основа на понудата и побарувачката, со примена на услови и постапки пропишани со овој закон;

48) „пазар на балансна енергија" е пазарно-ориентирано управување на балансирањето на електропреносниот систем или системот за пренос на природен гас, од страна на операторот на електропреносниот систем или операторот на системот за пренос на природен гас, соодветно;

49) „пазарен план” е збир на агрегирани физички распореди на дневно ниво од секоја балансна група за секој учесник на пазарот, кој го изработува операторот на пазар на електрична енергија;

50) „повластен производител на електрична енергија" е производител на електрична енергија од обновливи извори којшто користи една од мерките за поддршка утврдени со овој закон;

51) „поврзани друштва" се поврзани друштва во согласност со Законот за трговски друштва;

52) „потрошувач" е субјект кој набавената енергија ја користи за сопствена употреба, вклучувајќи ги и операторите на електропреносните и електродистрибутивните системи кога купуваат енергија заради покривање на загубите во соодветните системи, како и производителите на енергија за нивната сопствена потрошувачка;

53) „премија“ е форма на финансиска поддршка којашто се доделува на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори како дополнителен износ на цената која ја остварил со продажбата на произведената енергија на пазарот на електрична енергија;

54) „пренос на електрична енергија“ е пренесување на електрична енергија преку електропреносен систем и управување со електроенергетскиот систем заради испорака на електрична енергија на купувачите и не вклучува снабдување со електрична енергија;

55) „пренос на природен гас“ е транспорт на природен гас преку системот за пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас заради испорака на природен гас на купувачите и не вклучува снабдување со природен гас;

56) „пристап на трета страна" е право на корисниците да имаат пристап до системот за пренос или дистрибуција на електрична енергија, природен гас или топлинска енергија на објективен и недискриминаторен начин, според регулирани услови и според претходно објавени тарифи;

57) „продуктовод“ е цевковод со соодветни уреди и постројки за транспорт на нафтени деривати или горива за транспорт;

58) „ранлив потрошувач“ е домаќинство во кое живее лице на кое поради својата социјална состојба и/или здравствена состојба правото за користење на мрежата и/или снабдувањето со електрична енергија, природен гас или топлинска енергија му се дава по посебни услови;

59) „расположив балансен капацитет“ е количина на балансна енергија којашто може да биде расположлива на операторот на електропреносниот систем од страна на производна единица за диспечирање или од оптоварувањето за диспечирање, во текот на диспечерскиот интервал;

60) „регулирана енергетска дејност“ е енергетска дејност којашто се врши согласно со услови, начин и ако е оправдано, согласно со цени и тарифи пропишани, односно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика, во согласност со обврската за јавна услуга од овој закон;

61) „сигурност“ е сигурност во снабдувањето и обезбедување на енергија, како и техничка сигурност на енергетските системи;

62) „систем за дистрибуција на природен гас“ е гасоводна мрежа за дистрибуција во сопственост и/или управувана од друштво за природен гас и

оние поврзани друштва коишто се неопходни за овозможување на пристап до дистрибуцијата;

63) „систем за пренос на природен гас" е гасоводен систем за пренос којшто е во сопственост и е управуван од страна на оператор на системот за пренос на природен гас, и е сочинет од високопритисни гасоводи, оперативна резерва и друга опрема и постројки коишто претставуваат составен дел од системот за пренос на природен гас;

64) „систем за дистрибуција на топлинска енергија“ е енергетски систем за дистрибуција на топлинска енергија на определено подрачје или дел од подрачје на единица на локална самоуправа;

65) „системски услуги за електрична енергија“ се услуги што се обезбедени од производителите или потрошувачите на електрична енергија коишто се неопходни за сигурна и стабилна работа на електропреносниот систем, како што се: оперативна резерва за регулација на фреквенција, регулација на напон, способност за самостојно пуштање во погон и друго;

66) „системски услуги за природен гас“ се неопходни услуги за работа на системот за пренос или системот за дистрибуција на природен гас заради обезбедување на сигурно и доверливо работење и управување со системите, а се дефинирани во соодветните мрежни правила;

67) „снабдување со енергија“ е продажба на енергија на потрошувачите, а може да вклучи и трговија со енергија;

68) „снабдувач со енергија“ е носител на лиценца кој ги снабдува потрошувачите со енергија и кој може да врши трговија со енергија;

69) „снабдувач со електрична енергија во краен случај“ е снабдувач на електрична енергија назначен согласно со одредбите од овој закон кој обезбедува јавна услуга снабдување со електрична енергија на потрошувачите, освен малите потрошувачи и домаќинствата, во ограничен временски период и во случаите утврдени со овој закон;

70) „снабдувач со природен гас во краен случај“ е снабдувач на природен гас кој обезбедува јавна услуга на снабдување со природен гас на потрошувачите во ограничен временски период и во случаите утврдени со овој закон;

71) „тарифа“ е цена на услугата што ја обезбедуваат вршителите на регулирани енергетски дејности за пренос и дистрибуција на енергија или природен гас, формирана според прописите за формирање на цени и тарифни системи на Регулаторната комисија за енергетика, во согласност со одредбите од овој закон;

72) „тарифен систем“ е пропис со кој се определуваат елементите за формирање на тарифите за одделни регулирани енергетски услуги;

73) „транзит на енергија“ е пренос, односно транспорт на енергија што се врши преку територијата на Република Македонија која, а е со потекло од друга држава и е наменета или за таа друга држава или за трета држава;

74) „трансакција“ значи склучен договор за купување или продажба на определени количини на моќност, електрична енергија и системски услуги во одреден временски период меѓу учесници на пазарот;

75) „трговец“ е лице кое купува енергија заради натамошна продажба;

76) „универзална услуга за снабдување со електрична енергија” е право на сите домаќинства и мали потрошувачи да се снабдуваат со електрична енергија со утврден квалитет по разумни, јасно споредливи, транспарентни и недискриминаторни цени;

77) „услуги за балансирање" се закупена резервна моќност и активирана електрична енергија коишто операторот на електропреносниот систем ги користи за да се изврши балансирање на системот;

78) „физички распоред" е документ доставен до операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електропреносниот систем од страна на балансно одговорната страна со дефиниран часовен распоред на:

производството, потрошувачката и размената на електрична енергија, вклучувајќи ги и прекуграничните трансакции за одреден ден, во согласност со билатералните договори помеѓу учесниците на пазарот;

79) „финална потрошувачка на енергија“ е вкупната потрошувачка на енергија во енергетскиот сектор од страна на сите потрошувачи (домаќинствата, индустријата, земјоделството, транспортот);

80) „хоризонтално интегрирано друштво за електрична енергија“ е друштво за електрична енергија кое врши барем една од дејностите производство, пренос, дистрибуција, или снабдување со електрична енергија, и врши друга дејност којашто не е поврзана со електрична енергија;

81) „хоризонтално интегрирано друштво за природен гас“ е друштво за природен гас кое врши барем една од дејностите производство, пренос, дистрибуција, снабдување или трговија со природен гас, или работи со постројки за складирање на природен гас и/или втечнет природен гас, и врши друга дејност којашто не е поврзана со природен гас.

Енергетски дејности

Член 4

(1) Енергетски дејности се:

1) пренос на електрична енергија;
2) организирање и управување со пазарот на електрична енергија;
3) дистрибуција на електрична енергија;
4) пренос на природен гас;
5) организирање и управување со пазарот на природен гас;
6) дистрибуција на природен гас;
7) регулирано производство на топлинска енергија;
8) дистрибуција на топлинска енергија;
9) снабдување со топлинска енергија;
10) производство на електрична енергија;
11) снабдување со електрична енергија;
12) трговија со електрична енергија;
13) снабдување со природен гас;
14) трговија со природен гас;
15) производство на топлинска енергија;
16) преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати;
17) производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива;
18) транспорт на сурова нафта преку нафтовод;
19) транспорт на нафтени деривати преку продуктовод;
20) трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

(2) Дејностите од ставот (1) на овој член се вршат во согласност со овој закон, други закони и прописи, како и прописите и правилата донесени или одобрени од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (во натамошен текст: Регулаторна комисија за енергетика) и условите за вршење на дејноста определени во издадените лиценци за вршење на соодветната енергетска дејност.

(3) Дејностите од ставот (1) на овој член може да ги вршат домашни и странски лица врз основа на лиценца за вршење на соодветната енергетска дејност издадена од Регулаторната комисија за енергетика или на друг начин утврден со овој закон.

(4) Вршителите на енергетските дејности наведени во ставот (1) точки 1) до 9) од овој член имаат обврска за обезбедување на јавна услуга при вршењето на

дејноста на начин и под услови утврдени со овој закон (во натамошниот текст: регулирани дејности).

Одвоено сметководство

Член 5

(1) Со цел да се оневозможи дискриминаторното однесување, вкрстеното субвенционирање и нарушувањето на конкуренцијата во случаите кога едно друштво, независно од неговата сопственост и правна форма, врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност, тоа друштво е должно да:

1) води одвоено сметководство за секоја поединечна регулирана енергетска дејност што ја врши;

2) вклучи во своето сметководство финансиски извештаи за енергетската дејност за чие вршење е должен да обезбеди јавна услуга, доколку во согласност со овој закон му е доделен надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно со прописите за државна помош;

3) води одвоено сметководство за дејностите кои ги врши и кои не се регулирани енергетски дејности или други дејности кои ги извршува и

4) изготви и објави финансиски извештаи и други извештаи за активностите и обврските наведени во точките од 1) и 2) од овој став, во согласност со прописите и правилата за финансиско известување и ревизија.

(2) Друштвото од ставот (1) на овој член е должно во своето седиште да чува копија од документите од ставот (1) на овој член и да ги направи достапни за увид на надлежните органи.

(3) Покрај обврските наведени во ставовите (1) и (2) на овој член, друштвото кое врши регулирана енергетска дејност е должно да достави до Регулаторната комисија за енергетика ревидирани годишни финансиски извештаи за секоја регулирана дејност одделно, и да ги објави на својата веб страница. За нерегулираните енергетски и други дејности, финансискиот извештај што се доставува до Регулаторната комисија за енергетика може да биде во консолидирана форма. Финансиските извештаи треба да бидат изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување

(4) Регулаторната комисија за енергетика може да пропише обврска на друштвата кои вршат регулирани енергетски дејности да водат, објавуваат и поднесуваат други извештаи, сметки и евиденции, и да ја пропише нивната форма и содржина.

Јавна услуга

Член 6

(1) Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Влада), по претходно прибавено мислење од Регулаторната комисија за енергетика и мислење или решение од Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и по претходно прибавено мислење или предлог на друг надлежен орган или општина или град Скопје (во натамошниот текст: единица на локална самоуправа), може да донесе одлука со која на друштво коешто врши енергетска дејност, а не е наведено во членот 4 став (4) од овој закон, да му наметне обврска за обезбедување на јавна услуга во определен временски период со цел да се обезбеди: сигурност, вклучувајќи ја и сигурноста во снабдувањето, редовност, квалитет и цена на снабдувањето, ефикасно и економично користење на природните ресурси наменети за производство на енергија, унапредување на енергетската ефикасност, поголемо искористување на енергијата од обновливи

извори или заштита на животната средина и ублажување на климатските промени.

(2) Во одлуката од ставот (1) на овој член обврската за јавна услуга мора да биде јасно утврдена, лесно проверлива и недискриминаторна, да ја гарантира еднаквоста на пристапот на потрошувачите до јавната услуга, да не ја нарушува конкуренцијата на пазарот, освен во мера што е неопходна за остварување на општиот економски интерес, како и да се утврдат финансиските, техничките и кадровските услови што мора да ги исполни друштвото на кое му се наметнува обврска за јавна услуга.

(3) Владата веднаш го известува Секретаријатот на Енергетската заедница за донесената одлука од ставот (1) на овој член, како и за можните влијанија врз функционирањето на пазарот на електрична енергија или природен гас, а на секои две години го известува за потребата од продолжување на обврската за обезбедување на јавна услуга.

(4) На вршителот на енергетска дејност на кој со овој закон или со одлуката од ставот (1) на овој член му е утврдена обврска за јавна услуга може, ако е тоа потребно, да му се додели надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно со прописите за државна помош.

(5) Условите и начинот за исполнување на обврската за јавна услуга утврдени во одлуката од ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика ги наведува во лиценцата којашто му ја издава на вршителот на енергетската дејност, а особено обемот и содржината на јавната услуга, подрачјето на кое се обезбедува јавната услуга, како и времетраењето и неопходниот квалитет на услугата при исполнување на обврската за јавна услуга.

(6) Регулаторната комисија за енергетика најмалку еднаш годишно објавува извештај за проценка за усогласеноста на цените за снабдување со енергија со обврските за обезбедување на јавна услуга од ставот (1) на овој член и го доставува до Комисијата за заштита на конкуренција и Советот за заштита на потрошувачи. Во извештајот е содржана проценка на можните влијанија од исполнувањето на обврската за јавната услуга врз конкуренцијата.

Универзална услуга

Член 7

(1) Заради остварување на правото на домаќинствата и малите потрошувачи поврзани на електроенергетскиот систем на универзална услуга во снабдувањето со електрична енергија (во натамошниот текст: универзална услуга), Владата, врз основа на претходно дефинирани критериуми за избор од страна на Регулаторната комисија за енергетика, во постапка утврдена во прописите со кои се уредува набавка на јавна услуга, избира снабдувач којшто обезбедува универзална услуга (во натамошниот текст: универзален снабдувач) со определен квалитет и по разумни, лесно и јасно споредливи, транспарентни и недискриминаторни цени.

(2) Универзалниот снабдувач е должен да обезбеди универзална услуга за период не подолг од пет години.

(3) Во лиценцата за снабдување со електрична енергија, а во согласност со правилата за снабдување од членот 30 од овој закон, Регулаторната комисија за енергетика ги утврдува обврските на снабдувачот за обезбедување на универзалната услуга, особено во однос на:

1) начините за заштита на потрошувачите во оддалечените подрачја;

2) заштита на ранливите потрошувачи во согласност со мерките содржани во програма за заштита на ранливи потрошувачи од член 15 од овој закон;

3) снабдување со електрична енергија како универзална услуга исклучиво за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи;

4) примена на цените за електрична енергија формирани во согласност со тарифниот систем од членот 29 став (2) од овој закон исклучиво кога ги снабдува домаќинствата и малите потрошувачи.

(4) На универзалниот снабдувач може, ако е тоа потребно, да му се додели надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно со прописите за државна помош.

(5) Регулаторната комисија за енергетика, на секои две години врши анализа на цените за електрична енергија за домаќинствата и малите потрошувачи заради исполнувањето на обврската за универзална услуга. Регулаторната комисија за енергетика ги доставува наодите од анализата до Комисијата за заштита на конкуренција, Советот за заштита на потрошувачи и Секретаријатот на Енергетската заедница.

Сигурност во снабдување

Член 8

(1) Сигурноста во снабдувањето со соодветниот вид на енергија се обезбедува особено преку:

1) постигнување на рамнотежа помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на соодветниот вид на енергија;

2) прогнозирање на нивото на очекуваната идна потреба од конкретен вид на енергија и можностите за задоволување на прогнозираната потреба со расположливите енергетски извори и капацитети;

3) обезбедување на соодветно ниво на произведен капацитет, со имплементирање на мерки за изградба на нови енергетски капацитети или зголемување на постојните енергетски капацитети;

4) обезбедување на квалитетно и високо ниво на одржување на мрежите за пренос и дистрибуција на соодветниот вид на енергија;

5) примена на мерки за ефикасно користење на енергијата и за намалување или ограничување на потрошувачката, утврдени со закон;

6) подобрување на нивото на интерконекции за електрична енергија и природен гас;

7) примена на мерки за управување со врвните оптоварувања;

8) користење на услуги за вонредно снабдување со енергија со соседни земји и регионални центри за соработка во сигурноста на снабдувањето со енергија и

9) примена на вонредни мерки од привремен карактер при неможност за испорака на соодветен вид на енергија, утврдени со овој закон.

(2) Заради обезбедување сигурност во снабдувањето, Владата може да им наметне обврска за јавна услуга на сите снабдувачи во Република Македонија да набавуваат електрична енергија од производни капацитети кои користат домашни извори на енергија, при што уделот на набавената електрична енергија не смее да надмине 15% од вкупната примарна енергија употребена за производство на електричната енергија потрошена во Република Македонија во тек на една година.

(3) Државните органи и вршителите на регулирани енергетски дејности во рамки на нивните права, обврски и надлежности во согласност со овој закон, предлагаат и преземаат мерки за обезбедување на сигурно и доверливо снабдување со енергија.

Известувања за сигурност во снабдување

Член 9

(1) Регулаторната комисија за енергетика го следи исполнувањето на обврските за обезбедување на сигурност во снабдувањето од страна на

вршителите на регулирани енергетски дејности и во годишниот извештај за работа од член 36 од овој закон наведува информации што се однесуваат на:

1) оперативна сигурност на работењето на системите;

2) рамнотежа помеѓу понудата и побарувачката на пазарите за енергија во текот на извештајниот период;

3) нивоата на очекуваната побарувачка на енергија и предвидените дополнителни капацитети со кои се обезбедува сигурност во снабдување, а кои се во изградба или чија изградба се планира во наредните пет години;

4) мерки за справување со неможноста за покривање на врвната побарувачка од страна на еден или повеќе снабдувачи и можностите за обезбедување на сигурност во снабдувањето со енергија во периодот од пет до десет години по годината за која се изготвува извештајот и

5) можните инвестиции во интерконективни капацитети во наредните пет години.

(2) Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката (во натамошниот текст: Министерство), најдоцна до 31 јули секоја втора година, изготвува и објавува извештај за сигурноста во снабдувањето со електрична енергија, којшто го доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница во кои се наведуваат податоци што се однесуваат на:

1) рамнотежата помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на електрична енергија во Република Македонија;

2) нивото на очекуваната идна побарувачка и предвидените дополнителни капацитети што се во изградба или се планирани да се градат;

3) квалитетот и нивото на одржувањето на мрежите;

4) мерките за покривање на врвната потрошувачка и решавање на недостатоците кај еден или повеќе потрошувачи;

5) начела за управување со загушувањата, во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

6) сите постоечки електропреносни водови, сите планирани електропреносни водови во период од следните десет години, како и сите тековни активности за изградба на нови електропреносни водови планирани за изградба во следниве пет години;

7) очекуваните трендови на производството, снабдувањето, прекуграничната размена и потрошувачката на електрична енергија и мерките за управување со побарувачката и

8) националните, регионалните, европските и глобалните цели за одржлив развој во согласност со обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори.

(3) Министерството, најдоцна до 31 јули секоја година изготвува и објавува извештај за сигурноста во снабдувањето со природен гас, кој го доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница во кој се наведуваат податоци што се однесуваат на:

1) рамнотежата помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на природен гас во Република Македонија;

2) нивото на очекуваната идна побарувачка и расположливите резерви на природен гас;

3) предвидените дополнителни капацитети што се планираат да се изградат или чија изградба е во тек;

4) квалитетот и нивото на одржувањето на мрежите;

5) мерките за покривање на врвната потрошувачка и решавање на недостатоците кај еден или повеќе потрошувачи;

6) влијанието на мерките кои се преземаат заради обезбедување сигурност во снабдувањето со природен гас врз конкуренцијата и врз положбата на различните учесници на пазарот на природен гас;

7) времетраењето на договорите за долгорочно снабдување со природен гас склучени со друштва основани и регистрирани во Република Македонија, а особено нивното преостанато времетраење, врз основа на информации обезбедени од страна на соодветните друштва, со исклучок на деловно чувствителни информации;

8) степенот на ликвидност на пазарот на гас;

9) определување и исполнување на стандардите за сигурност во снабдувањето за одделни категории потрошувачи и

10) мерки за обезбедување на соодветни механизми за поддршка на нови инвестиции во системите за пренос и дистрибуција на природен гас, во согласност со одредбите од овој закон.

II. ЕНЕРГЕТСКА ПОЛИТИКА

Цели на енергетска политика

Член 10

(1) Со енергетската политика на Република Македонија се обезбедува:

1) сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со сите видови енергија;

2) стабилност, конкурентност и економска функционалност на енергетскиот сектор;

3) ефикасно обезбедување на услугите и заштита и унапредување на правата на потрошувачите;

4) намалување на енергетската сиромаштија и заштита на ранливи потрошувачи;

5) вклучување на пазарите на енергија во Република Македонија во регионалните и меѓународните пазари на енергија;

6) користење на енергетските извори на начин што обезбедува одржлив енергетски развој;

7) унапредување на енергетската ефикасност;

8) намалување на користењето на фосилни горива за производство на енергија;

9) поттикнување на користењето на обновливи извори на енергија;

10) заштита на јавното здравје, животната средина и ублажување на климатските промени од штетните влијанија кои произлегуваат од вршењето на енергетските дејности и

11) исполнување на обврските на Република Македонија кои произлегуваат од ратификувани меѓународни договори.

(2) Заради остварување на целите на енергетската политика, надлежните државни органи и операторите на енергетските системи на Република Македонија остваруваат соработка со научни, образовни и стручни институции и организации, надлежните органи и тела на други држави, како и со органите и телата на регионално и меѓународно ниво основани со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија.

Стратегија за развој на енергетиката

Член 11

(1) Енергетската политика на Република Македонија се утврдува во Стратегијата за развој на енергетиката (во натамошниот текст: Стратегија) која што ја донесува Владата на предлог на Министерството.

(2)Со Стратегијата се определуваат:

1) долгорочните цели за развој на одделните енергетски дејности за да се обезбеди сигурност во снабдувањето со различни видови на енергија;

2) приоритетите за развој на енергетскиот сектор;

3) поврзувањето на енергетските системи на Република Македонија со енергетските системи на други земји;

4) вклучувањето на пазарите на енергија во Република Македонија во регионалните и меѓународните пазари на енергија;

5) определувањето и користењето на енергетските ресурси и капацитети од стратешка важност за државата;

6) изворите и начинот за обезбедување на потребните количини на енергија;

7) долгорочното прогнозирање на потребите од инвестирање во производни, преносни и дистрибутивни капацитети со цел да се задоволат потребите од енергија;

8) начинот на обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на предвидените инвестиции;

9) потенцијалот на обновливите извори на енергија и мерките за поддршка на искористувањето на обновливите извори на енергија со цел зголемување на учеството на енергијата произведена од обновливи извори во бруто финалната потрошувачка на енергија;

10) стимулативните мерки за зголемување на енергетската ефикасност;

11) мерките за намалување на користењето на фосилни горива за производство на енергија;

12) условите и начините за обезбедување на заштита на животната средина и ублажување на климатските промени, како и мерки за реализација на заштитата;

13) поттикнувањето на конкурентноста на пазарите на енергија според начелата на објективност, транспарентност и недискриминација;

14) заштитата на потрошувачите;

15) исполнувањето на обврските преземени со ратификувани меѓународни договори вклучително и обврските за усвојување на интегрирана стратегија за енергетика и климатски промени и

16) другите елементи од значење за развојот на енергетскиот сектор на Република Македонија.

(3) Стратегијата се донесува секои пет години и се однесува за наредени период од најмалку 20 години.

(4) Стратегијата се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страниците на Владата и Министерството.

(5) Средствата потребни за изготвување на Стратегијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, грантови или донации.

Програма за реализација на стратегијата

Член 12

(1) На предлог на Министерството, Владата, во рок од шест месеци од денот на донесување на Стратегијата, донесува програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за период од пет години.

(2) Со програмата од ставот (1) на овој член се утврдуваат:

1) начинот и динамиката за реализација на Стратегијата;

2) мерките за реализација за секоја година од периодот за којшто однесува програмата;

3) активностите на државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и вршителите на регулирани енергетски дејности и енергетските друштва кои имаат обврска за обезбедување јавна услуга;

4) мерки за унапредување на конкуренцијата и за обезбедување на еднаква положба на учесниците на пазарите за енергија и

5) потребните финансиски средства за реализација на програмата, како и изворите и начинот на обезбедување на средствата.

(3) Начинот на реализација на мерките од ставот (2) на овој член треба да биде соодветен, недискриминаторен и транспарентен и да биде во согласност со обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори.

(4) Пред доставувањето на програмата од ставот (1) на овој член до Владата, Министерството го известува Секретаријатот на Енергетската заедница за предвидените активности и мерки од ставот (2) точки 3) и 4) на овој член. Ако Секретаријатот на енергетската заедница не се произнесе по мерките во рок од 60 дена од денот на приемот на известувањето, ќе се смета дека нема забелешки.

(5) Реализацијата на програмата од ставот (1) на овој член ја следи Министерството, кое најдоцна до 30 ноември секоја година, изготвува и доставува до Владата извештај за реализација на програмата од ставот (1) на овој член за претходната година.

Плански енергетски биланс

Член 13

(1) Владата, со енергетскиот биланс како индикативен плански документ, ги определува вкупните потреби од енергија и потребите на одредени видови на енергија, како и можностите за нивно задоволување од домашно производство и од увоз, за период од една година.

(2) Владата, до крајот на тековната година на предлог на Министерството, а по претходно добиено мислење од Регулаторната комисија за енергетика, го донесува енергетскиот биланс за наредната година.

(3) Министерството ја следи реализацијата на енергетскиот биланс за тековната година и ако тоа е потребно, предлага соодветни мерки до Владата.

(4) Министерот кој раководи со Министерството (во натамошниот текст: министер) донесува правилник за енергетски биланси и енергетска статистика со кој се пропишува:

1) формата, содржината и начинот на изработка на енергетскиот биланс;

2) содржината, начинот и рокот за доставување на податоците потребни за изработка и следење на реализацијата на енергетските биланси и

3) органите на државната управа и на единиците на локалната самоуправа, вршителите на енергетски дејности, како и потрошувачите на енергија од кои се бара да доставуваат податоци потребни за изработка и следење на реализацијата на енергетскиот биланс.

(5) По барање на Министерството, лицата наведени во правилникот за енергетски биланси и енергетска статистика се должни да доставуваат податоци за изработка и следење на енергетскиот биланс и податоци неопходни за изработка на стратегиите, програмите и извештаите за реализација на програмите, чиешто донесување е предвидено со овој закон.

Кризна состојба

Член 14

(1) Владата, на предлог на Министерството, со уредба подетално ги утврдува критериумите и условите за прогласување на кризна состојба, а особено во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на енергија, начинот на снабдување со соодветните видови на енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на одредена енергетска дејност согласно со Законот за управување со кризи.

(2) Со цел да се заштитат енергетските системи и да се обезбеди сигурно снабдување со соодветен вид на енергија во Република Македонија, операторите

на системи за пренос и дистрибуција на соодветниот вид на енергија, во согласност со уредбата од ставот (1) на овој член, се должни да изготват планови за постапување во кризни состојби и да ги достават за одобрување до Министерството.

(3) Мерките утврдени во уредбата од ставот (1) на овој член треба да:

1) бидат од привремен карактер и да траат до завршувањето на кризната состојба;

2) не го надминуваат обемот и интензитетот што е неопходен за отстранување на последиците од кризната состојба и

3) во најмала можна мера го ограничат или нарушат конкурентното работење на пазарите на енергија во Република Македонија и во Енергетската заедница.

(4) Владата, во согласност со обврските преземени со Договорот за Енергетската заедница, ги известува Секретаријатот на Енергетската заедница, соседните држави, како и другите договорни страни на Енергетската заедница кои се засегнати од ефектите на преземените мерки утврдени во уредбата од ставот (1) на овој член.

(5) На предлог на Министерството или на Регулаторната комисија за енергетика, како и по образложено барање од Секретаријатот на Енергетската заедница, Владата може да ги измени или да ја прекине примената на одделни мерки од уредбата од ставот (1) на овој член.

(6) Заради постигнување сигурност во снабдувањето со електрична енергија и природен гас во кризни состојби, надлежните органи и вршителите на енергетски дејности, во рамки на нивните права, обврски и надлежности, соработуваат со соодветните надлежни органи и вршители на енергетски дејности од другите договорни страни и учесници во договорот за Енергетската заедница и преземаат мерки за:

1) координација и усогласување на националните мерки за кризна состојба;

2) идентификација и доколку е потребно, развој или надградба на интерконекциите за електрична енергија и природен гас;

3) помош и соработка во кризни состојби или нарушувања во снабдувањето со енергија со меѓународни и регионални центри за безбедност во снабдувањето, и

4) определување на условите и начините за заемна помош.

(7) Владата го известува Секретаријатот на Енергетската заедница и другите договорни страни за секој вид на регионална соработка утврдена во ставот (6) на овој член.

Заштита на ранливи потрошувачи

Член 15

(1) Владата до крајот на тековната година, на предлог на Министерството, а по претходно добиено мислење од Регулаторната комисија за енергетика усвојува Програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за наредната година. Програмата ја изработува Министерството во соработка со министерството надлежно за социјална заштита и со неа меѓу другото, се утврдуваат:

1) потрошувачите кои спаѓаат во категорија на ранливи потрошувачи;

2) мерките што треба да се преземат за заштита на ранливите потрошувачи на енергија, вклучувајќи субвенции за потрошувачка на енергија наменети за домаќинствата кои не се предвидени со програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија согласно со прописите за социјална заштита;

3) мерките за заштеда на енергијата и подобрување на енергетската ефикасност;

4) начинот на спроведување на мерките и надлежните органи одговорни за нивно спроведување;

5) мерките што ги преземаат операторите на системите за дистрибуција на енергија;

6) мерките што треба да ги презема снабдувачот со обврска за обезбедување на јавна услуга, односно универзална услуга во снабдувањето со енергија и

7) потребните средства и извори за финансирање.

(2) Мерките од програмата од ставот (1) на овој член не смеат да ја нарушат конкуренцијата и да го попречат ефикасното функционирање на пазарите на електрична енергија, природен гас и топлинска енергија и не смеат да доведат до вкрстено субвенционирање на одредени категории потрошувачи.

(3) Владата на секои две години го известува Секретаријатот на Енергетската заедница за спроведувањето на мерките од годишната програма од ставот (1) на овој член.

(4) Народниот правобранител на Република Македонија, во својство на енергетски правобранител, ги штити правата и интересите на потрошувачите на електрична енергија, природен гас и топлинска енергија на начин и во постапка утврдена со закон.

III. РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Правен субјективитет

Член 16

(1) Регулаторната комисија за енергетика е самостојно, непрофитно регулаторно тело кое го регулира и контролира начинот на вршење на енергетските дејности од овој закон.

(2) Регулаторната комисија за енергетика е независна во своето работење и одлучување и својата надлежност во регулирањето на енергетските дејности ја остварува во рамките утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и во согласност со начелата на објективност, транспарентност и недискриминација, со примена на најдобрите меѓународни искуства и практики.

(3) Регулаторната комисија за енергетика има својство на правно лице кое е одвоено и функционално независно во поглед на организација и одлучување од органите на државната и локалната власт и вршителите на енергетските дејности.

(4) Регулаторната комисија за енергетика како правно лице има правна способност самостојно да настапува во правниот промет, особено кога склучува договори, поведува или е страна во правни постапки и стекнува, управува, чува и располага со својот недвижен и движен имот.

(5) Регулаторната комисија донесува статут со којшто се уредуваат прашања поврзани со нејзиното внатрешно уредување, како и начинот на работа и одлучување, во согласност со овој закон и друг закон.

(6) Собранието на Република Македонија дава согласност на статутот на Регулаторната комисија за енергетика.

(7) Регулаторната комисија за енергетика донесува деловник со кој го уредува начинот на своето работење.

Состав на Регулаторната комисија за енергетика

Член 17

(1) Регулаторната комисија за енергетика е составена од седум члена, од кои еден е претседател.

(2) Еден член на Регулаторната комисија за енергетика е стручно лице за правни прашања од областа на енергетиката, еден член е стручно лице за економски прашања од областа на енергетиката и/или водните услуги, еден член е стручно лице за технички прашања од областа на водните услуги и останатите членови се стручни лица за технички прашања од областа на енергетиката.

(3) За член или претседател на Регулаторната комисија за енергетика може да биде именуван државјанин на Република Македонија кој ги исполнува следниве услови:

1) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на електротехника, машинство, технолошки науки, градежништво, економија или право;

2) во последните 15 години пред именувањето да има најмалку десет години работно искуство во енергетиката, односно во обезбедувањето на водни услуги;

3) најмалку две години пред именувањето за член на Регулаторната комисија за енергетика да не бил член на орган на управување или орган на надзор на друштво кое врши енергетска дејност, односно дејност поврзана со водни услуги и

4) во моментот на именувањето, со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

(4) Мандатот на секој член и на претседателот на Регулаторната комисија за енергетика изнесува пет години и ниту еден член не може да биде на таа функција повеќе од два последователни мандати.

(5) Функцијата член на Регулаторната комисија за енергетика се врши професионално и е неспојлива со извршување на друга функција, функција во политичка партија или работно место. Ако членот на Регулаторната комисија за енергетика пред именувањето бил во работен однос, работниот однос му мирува.

(6) Претседателот на Регулаторната комисија за енергетика ја претставува и застапува Регулаторната комисија за енергетика во земјата и во странство и има други права, обврски и овластувања утврдени со статутот.

(7) Членовите на Регулаторната комисија за енергетика, во постапка утврдена со статутот, од своите редови избираат заменик на претседателот. Правата, обврските и овластувањата на заменикот на претседателот се утврдени во статутот на Регулаторната комисија за енергетика.

Именување на претседател и членови

Член 18

(1) Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собрание), на предлог на Владата, ги именува и разрешува членовите и претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници. Решението за именување на членовите и претседател на Регулаторна комисија за енергетика се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

(2) За именување на член или претседател на Регулаторната комисија за енергетика, Владата објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се објавуваат на целата територија на Република Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Разгледувањето на пријавите доставени од кандидатите по огласот од ставот (1) на овој член го врши комисија формирана од Владата, составена од пет члена, од редот на истакнати стручни лица од областа на енергетиката, правото и економијата, кои немаат судир на интереси со кандидатите.

(4) Во рок од 15 дена по завршувањето на огласот, комисијата до Владата доставува список со образложение за кандидатите.

(5) Владата доставува предлог до Собранието за именување или повторно именување на член или претседател на Регулаторната комисија за енергетика најмалку 90 дена пред истекот на мандатот на членот или претседателот на Регулаторната комисија за енергетика.

Престанување на мандат на членовите

Член 19

(1) Функцијата на член или претседател на Регулаторната комисија за енергетика му престанува со истекот на мандатот за кој е именуван.

(2) Членот, односно претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, чиј мандат е истечен, ја врши функцијата до именувањето на нов член, односно претседател.

(3) На членот или претседателот на Регулаторната комисија за енергетика му престанува вршењето на функцијата пред истекот на мандатот, ако:

1) поднесе оставка до Собранието;

2) кај него настане трајна или привремена неспособност за непречено извршување на функцијата подолго од шест месеци или во случај на смрт;

3) со правосилна судска пресуда му е изречена казна затвор за сторено кривично дело во траење подолго од шест месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење подолго од шест месеци или

4) се стекне со услови за остварување на право на пензија.

(4) Регулаторната комисија за енергетика го известува Собранието во рок од осум дена од дознавањето за исполнетост на условот од ставот (3) точки 2) и 3) на овој член, а најдоцна 90 дена пред исполнувањето на условот од ставот (3) точка 4) на овој член.

(5) По добивањето на известувањето од ставот (4) на овој член, Собранието констатира дека е исполнет условот од ставот (3) на овој член и донесува одлука за престанок на функцијата на членот или претседателот на Регулаторната комисија за енергетика.

(6) Член или претседател на Регулаторната комисија за енергетика може да биде разрешен од вршењето на функција на која е именуван пред истекот на мандатот, доколку:

1) несовесно и нестручно ја врши функцијата;

2) извршил повреда на обврските за непристрасност и независност;

3) ја злоупотребил функцијата;

4) на друг начин работел спротивно на законот.

(7) Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека е исполнет некој од условите од ставот (6) на овој член доставува до Собранието предлог за започнување на постапка за донесување на одлука за разрешување од функцијата пред истекувањето на мандатот на членот или претседателот.

(8) Владата, во рок од 60 дена од донесувањето на одлука за престанок на функцијата или разрешување од функцијата од ставовите (5) и (7) на овој член, му доставува предлог на Собранието за именување на нов претседател или член на Регулаторната комисија за енергетика.

Нето плати и надоместоци на плати

Член 20

(1) Нето платата на претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика не може да биде повисока од збирот на пет просечни месечни нето плати исплатени во Република Македонија во претходната година, според податоците објавени од Државниот завод за статистика.

(2) Вработените во стручните и административните служби на Регулаторната комисија за енергетика имаат статус на административни службеници и за прашањата кои се однесуваат на работните односи што не се регулирани со овој закон или со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за вработените од јавниот сектор и Законот за административните службеници. За помошно-техничките лица вработени во Регулаторната комисија за енергетика се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи.

(3) Регулаторната комисија за енергетика го пропишува начинот на утврдување на платите и надоместоците на вработените во стручните и административните служби, како и висината на коефициентот на основната плата, при што платите и надоместоците се утврдуваат на ниво споредливо со платите и надоместоци во енергетските друштва што вршат регулирани енергетски дејности.

Етичко однесување

Член 21

(1) Претседателот, членовите на Регулаторната комисија за енергетика и вработените во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика при извршувањето на своите работни обврски и при одлучувањето се должни да постапуваат професионално, непристрасно, објективно и совесно, а особено да:

1) постапуваат независно од секаков вид на пазарни интереси;
2) не бараат или примаат директни упатства од државни органи или други јавни и приватни лица;
3) не се раководат од лични, деловни и финансиски интереси;
4) не ги злоупотребуваат овластувањата и
5) го штитат угледот на Регулаторната комисија за енергетика.

(2) По исклучок од ставот (1) точка 2) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика може да остварува соработка со Владата или со други државни органи во спроведување на политиките што не се поврзани со надлежноста на Регулаторната комисија за енергетика утврдена во член 24, член 25 и член 26 од овој закон.

(3) Регулаторната комисија за енергетика донесува етички кодекс во кој подетално се уредуваат правата и обврските на членовите на Регулаторната комисија за енергетика и на вработените во стручната служба и го објавува на својата веб страница.

Судир на интереси

Член 22

(1) Претседател, член или вработен во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика, како и нивен брачен другар или лице во сродство во права линија до прв степен, не може да биде носител или барател на лиценца за вршење на енергетска дејност, акционер, содружник или член во органите на управување и надзор на лица кои се носители или барателi на лиценца за вршење на енергетска дејност.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член, во случаи спротивни на ставот (1) на овој член, се должни да ги прекинат своите интереси со носителите или барателите на лиценца за вршење на енергетска дејност, преку продажба на акциите и уделите, односно преку повлекување од функциите и вршењето на дејностите од ставот (1) на овој член.

(3) Во период од две години од денот на престанок на мандатот, членот или претседателот на Регулаторната комисија за енергетика не може да се стекне со акции или удели или да заснова работен однос во друштво кое се стекнало со лиценца за вршење на енергетски дејности во периодот додека бил претседател или член на Регулаторната комисија за енергетика.

Цели на регулирање на енергетските дејности

Член 23

(1) Преку вршењето на својата надлежност утврдена со овој закон, Регулаторната комисија за енергетика, во соработка со другите државни органи во рамки на нивната надлежност, како и со операторите на соодветните енергетски системи и пазари и со вршителите на другите енергетски дејности, а имајќи ги предвид долгорочните цели на енергетската политика, овозможува:

1) конкурентни, сигурни и одржливи пазари на енергија во Република Македонија и нивно вклучување во регионалните и меѓународните пазари на енергија во соработка со институциите на Енергетската заедница, а особено со Регулаторниот одбор на Енергетската заедница и регулаторните тела на другите договорни страни и учесници во Енергетската заедница, како и ефективно отворање на пазарите за сите потрошувачи и снабдувачи во Енергетската заедница;

2) отстранување на ограничувањата во трговијата со електрична енергија и природен гас, вклучително и соодветни прекугранични преносни капацитети за покривање на побарувачката и олеснување на тековите на електрична енергија и природен гас во Енергетската заедница;

3) развој на сигурни, доверливи и конкурентни енергетски системи ориентирани кон потрошувачите, со што е можно помал трошок;

4) оптимизирање на употребата на електричната енергија и природниот гас од страна на друштвата за електрична енергија, природен гас и топлинска енергија заради унапредување на енергетската ефикасност преку обезбедување на услуги за управување со енергијата, воведување на напредни системи за мерење, како и паметни мрежи;

5) олеснување на пристапот за нови учесници на пазарите на енергија и за енергија произведена од обновливи извори на енергија;

6) соодветни краткорочни и долгорочни олеснувања на операторите и на корисниците на системите за пренос и дистрибуција заради зголемување на ефикасноста на системите и забрзување на интеграцијата на пазарите;

7) заштита на потрошувачите и унапредувањето на ефективната конкуренција, со цел потрошувачите да имаат корист од ефикасното и конкурентното функционирање на пазарите на енергија во Република Македонија и

8) достигнување на високи стандарди во исполнување на обврската на јавната и/или универзалната услуга во снабдувањето со електрична енергија, природен гас и топлинска енергија и придонесување во заштитата на ранливите потрошувачи.

(2) Заради остварување на целите од ставот (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика:

1) соработува со надлежните државни органи, единиците на локалната самоуправа, вршителите на енергетски дејности, корисниците на енергетските системи и потрошувачите на енергија и со други организации и институции и

2) иницира и предлага донесување на нови и изменување на постојните закони и други прописи од областа на енергетиката.

Надлежност на Регулаторна комисија за енергетика

Член 24

(1) Заради остварување на својата надлежност Регулаторната комисија за енергетика:

1) Донесува:

- правилници и методологии за формирање на цени и тарифи за регулирани енергетски дејности,
- правилник и методологија за формирање на највисоките рафинериски и малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горивата за транспорт,
- правилник за лиценци,
- правилник за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- правилник за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас,
- правилник за доделување на статус на затворен систем за дистрибуција на електрична енергија, затворен систем за дистрибуција на природен гас и комбиниран оператор за пренос и дистрибуција на природен гас,
- тарифни системи за пренос и дистрибуција на енергија и за услугите што ги обезбедуваат операторите на пазарите на енергија, како и за продажба на електрична енергија од универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај,
- правила за постапување по приговори и разрешување на спорови,
- правила за определување на надоместокот на штетата што им е причинета на производителите и потрошувачите приклучени на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија,
- правила за пазарот на електрична енергија,
- правила за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач,
- правила за пазар на природен гас,
- правила за снабдување со електрична енергија,
- правила за снабдување со природен гас,
- правила за снабдување со топлинска енергија,
- одлуки за цени и тарифи за регулирани енергетски дејности и одлуки за највисоките продажни цени на нафтените деривати и на горивата за транспорт,
- лиценци и одлуки за менување, пренесување, продолжување, суспендирање, одземање и престанок на лиценци за вршење на одделни дејности од областа на енергетиката и за издавање на привремена лиценца,
- одлуки за користење на повластена тарифа на електрична енергија,
- одлуки за изземање од обврската за обезбедување на пристап на трета страна на водовите и инфраструктурата за пренос на електрична енергија и природен гас,
- решенија за упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и природен гас,
- решенија за стекнување на привремен статус на повластен производител којшто користи повластена тарифа и на статус на повластен производител којшто користи повластена тарифа,
- методологија и критериуми што се користат за оценка на инвестициите и ризиците во проекти за електроенергетска и гасоводна инфраструктура коишто се од заеднички интерес на договорните страни и/или учесниците во Договорот за Енергетската заедница и ги објавува индикаторите и соодветните референтни вредности за споредба на инвестициските трошоци.

2) Одобрува:

- мрежни правила за пренос и дистрибуција на соодветен вид на енергија донесени од страна на соодветните оператори на системите за пренос и дистрибуција на енергија, во кои се вклучени методологиите за пресметување на надоместоците за пристап и приклучување,
- правила за балансирање на системите за пренос на електрична енергија и природен гас, на предлог на соодветните оператори,
- правила за координација и механизми за размена на информации при управување со загушување во електропреносниот систем,
- правила за набавки на електрична енергија и природен гас за покривање на загубите во системите за пренос и дистрибуција,
- правила за доделување на прекугранични преносни капацитети за електрична енергија и управување со загушувањата,
- правила за работа на организиран пазар на електрична енергија,
- одлука за износот на надоместоците кои се наплатуваат за учество на организираниот пазар на електрична енергија и за реализација на трансакции,
- правила за доделување на преносни капацитети за природен гас и управување со загушувањата,
- правила за доставување на информации од учесниците на пазарот на електрична енергија до операторот на електропреносниот систем,
- плановите за намалувањето на загубите во системите за дистрибуција за електрична енергија и природен гас,
- планови за набавки на електрична енергија и природен гас за покривање на загубите во системите за пренос и дистрибуција,
- планови за одржување и планови за инвестирање во развој на преносните и дистрибутивните системи изготвени од операторите за пренос и дистрибуција на соодветен вид на енергија,
- програми за усогласување донесени од операторите на соодветните енергетски системи,
- назначување на службеникот за усогласеност и
- извештај на службеникот за усогласеност за спроведување на плановите за усогласеност.

3) Воспоставува и води:
- регистар на повластени производители на електрична енергија кои користат повластена тарифа и
- регистар на странски трговци и снабдувачи на електрична енергија и природен гас коишто можат да вршат енергетска дејност во Република Македонија.

(2) Ако вршителот на енергетската дејност, којшто доставил акт од ставот (1) точка 2) на овој член на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика, не постапи по барањата на Регулаторната комисија за енергетика одделни прашања во актот да се уредат врз основа на начелата на недискриминација, транспарентност и конкурентност, како и да овозможат обезбедување на јавна, односно универзална услуга, Регулаторната комисија за енергетика врши соодветни измени и дополнувања на предлогот на актот кој е доставен на одобрување, коишто стануваат составен дел на актот којшто е одобрен, а ако актот се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ го задолжува вршителот на енергетската дејност до го објави актот во „Службен весник на Република Македонија“.

Следење на состојбите и функционирањето на пазарите на енергија

Член 25

(1) Регулаторната комисија за енергетика го следи функционирањето на пазарите на енергија со цел да се:

1) зајакне ефикасноста, конкурентноста и транспарентноста на пазарите за енергија и

2) откријат неправилности, нарушување на конкуренцијата и облици на нелојална конкуренција на пазарот, како и други активности на пазарите на енергија спротивни на законите, другите прописи и обврските утврдени во лиценците за вршење на енергетските дејности.

(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи:

1) исполнувањето на законски утврдените обврски на вршителите на регулирани енергетски дејности коишто се однесуваат на обезбедување на сигурност во снабдувањето со електрична енергија, природен гас и топлинска енергија;

2) функционирањето на пазарите на енергија со цел да се обезбеди нивно унапредување и сигурност во снабдувањето со енергија;

3) примената на правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети и за управување со загушувањата во системите за пренос на електрична енергија и природен гас, вклучувајќи ги интерконективните водови, во согласност со обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори;

4) примената на правилата за организирање на балансирањето на електроенергетскиот систем и правилата за организирање на балансирањето на системот за природен гас, како и обезбедувањето на услугите за балансирање на електричната енергија и природниот гас;

5) реализацијата на плановите подготвени од страна на операторите на преносните и дистрибутивните системи за енергија кои се однесуваат на намалувањето на загубите во соодветниот енергетски систем и по потреба ги ревидира овие планови;

6) пристапот до мрежите за новите производни постројки за производство на електрична енергија, особено отстранување на пречките кои би можеле да го оневозможат пристапот на нови учесници на пазарот на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија;

7) приоритетно диспечираните количини на електрична енергија и за ограничувањата на приоритетниот пристап на мрежата и/или приоритетното диспечирање;

8) условите за пристап до капацитетите за складирање во системот за пренос на природен гас и другите системски услуги за природен гас;

9) употребата на приходите остварени од управувањето со загушувањето во системите за пренос на електрична енергија и природен гас;

10) употребата на приходите од надоместоците за пристап и приклучување на мрежите за пренос и дистрибуција на енергија и нивно инвестирање во одржливост на мрежите;

11) времето што им е потребно на операторите на системите за пренос и дистрибуција за приклучување на нови корисници и за отстранување на дефекти;

12) усогласеноста на работењето на операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас со правилата за сигурност и доверливост на системите;

13) навременото објавување на сите релевантни информации од страна на операторите на системите за пренос и дистрибуција во согласност со прифатените меѓународни обврски и стандарди, поврзани со потрошувачката, производството, складирањето и загубите на енергија, управувањето со системите и интерконекциите, користењето на мрежата и распределбата на капацитетите на заинтересираните страни, балансирањето на побарувачката, проценетите и планираните количини на енергија и промените во структурата на капацитетите за производство, складирање и пренос на енергија;

14) нивото на транспарентност на цени за електрична енергија и природен гас на соодветните пазари;

15) финансискиот и реалниот обем на планираните и реализираните трансакции од страна на операторите на системите за пренос и дистрибуција на енергија како и трговците и снабдувачите со енергија;

16) промените на сопственичката структура на вршителите на енергетски дејности, а особено на операторите на системите за пренос и дистрибуција на енергија;

17) примената на тарифните системи и пропишаните тарифи;

18) примената на условите и надоместоците за приклучување на нови производни постројки во мрежата;

19) работењето на носителите на лиценци во однос на нивните обврски утврдени во издадените лиценци, вклучувајќи ги и работите поврзани со прекуграничниот пренос на електрична енергија и природен гас;

20) појавата на ограничувачки договорни обврски, вклучувајќи одредби за ексклузивност со кои може да се оневозможат потрошувачите да склучуваат договори истовремено со повеќе снабдувачи со енергија или кои може да им го ограничат правото на изборот на снабдувач;

21) спроведувањето на мерките за заштита на правата на потрошувачите од страна на операторите на системите за пренос и дистрибуција, како и снабдувачите, особено во поглед на:

- добивање на целосни и разбирливи информации во поглед на цените и тарифите што се во примена на цените на енергија за домаќинствата,
- начините на плаќање на сметките за потрошена енергија,
- исклучувањата на корисниците од системите,
- надоместоците за поправки и одржување на мрежите,
- постапувањата по приговорите и претставките доставени од потрошувачите,
- правата на потрошувачите да добијат податоци за сопствената потрошувачка и
- обезбедување на информации за потрошувачите што се однесуваат на нивните права.

22) остварувањето на придобивките за потрошувачите кои произлегуваат од ефикасното функционирање на пазарите на енергија, поттикнувањето на ефективната конкуренција и од преземените мерки за заштита на потрошувачите;

23) квалитетот на услугите кои ги даваат вршителите на енергетски дејности, вклучувајќи го начинот на кој се постапува со приговорите од потрошувачите;

24) спроведувањето на обврските за водење на одвоено сметководство за лицата кои вршат една или повеќе регулирани енергетски дејности или една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност, како и ефективното раздвојување на сметководствената евиденција во согласност со овој закон;

25) спроведувањето на програмите за усогласување на операторите на соодветните енергетски системи, со цел да се обезбеди недискриминација, транспарентност и објективност во функционирањето на пазарите на енергија;

26) редовноста на објавувањето на податоци за состојбите во електропреносниот систем и нивното доставување до соодветните меѓународни тела;

27) инвестициите во капацитети за производство на електрична енергија во однос на сигурноста на снабдувањето со енергија;

28) спроведувањето на заштитни мерки согласно со членот 14 и мерките утврдени во Програмата за заштита на ранливи потрошувачи од членот 15 од овој закон;

29) техничката соработка меѓу операторите на системите за пренос, операторите на пазарите на електрична енергија и природен гас со соодветните

оператори од договорните страни и учесниците во Договорот за Енергетската заедница.

(3) Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија.

(4) Врз основа на податоците и информациите прибавени од следењето на состојбите на пазарите на енергија во Република Македонија, Регулаторната комисија за енергетика воспоставува база на податоци потребни за следење на функционирањето на пазарите и подготвува и објавува извештај за состојбите и функционирањето на пазарите на енергија, како составен дел од извештајот од Член 36 од овој закон.

(5) Вршителите на енергетските дејности се должни да доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика информации и податоци потребни за следењето на функционирањето на пазарите на енергија во Република Македонија на начин, во форма и во периоди утврдени со правилникот од ставот (3) на овој член.

Преземање на мерки

Член 26

(1) Ако при следењето на состојбите и функционирањето на пазарите на енергија во согласност со членот 25 од овој закон, Регулаторната комисија за енергетика утврди неправилност, донесува одлука со која се наложува преземање на соодветни задолжителни мерки, вклучително и забрана на конкретното однесување на вршител на енергетска дејност, со цел да се обезбеди сигурност во снабдувањето, ефикасно, конкурентно и недискриминаторно функционирање на пазарите на енергија, како и заштитата на правата на потрошувачите и корисниците на енергетските системи. Во одлуката се наведуваат мерките коишто треба да бидат преземени од страна на вршителот на енергетска дејност, како и роковите во кои треба да бидат преземени овие мерки и обврската за доставување на извештаи за преземените мерки.

(2) При вршењето на работите од ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика соработува со други надлежни државни органи и институции, како и со Регулаторниот одбор на Енергетската заедница, регулаторните тела за енергетика на договорните страни и учесниците во Енергетската заедница и со Секретаријатот на Енергетската заедница.

(3) Ако носителите на лиценци не постапат по одлуката од ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика:

1) поднесува барање за поведување на прекршочна постапка во согласност со одредбите од овој закон, или друга постапка пред надлежен државен орган и

2) може да започне постапка за суспендирање или одземање на лиценцата.

(4) Ако при следењето на функционирањето на пазарите на електрична енергија, природен гас и топлинска енергија, Регулаторната комисија за енергетика процени дека не постои ефикасна конкуренција може, во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата и Секретаријатот на Енергетската заедница, да изврши дополнителни истражувања и да преземе неопходни и соодветни мерки со кои се обезбедува унапредување на конкуренцијата и ефикасно функционирање на пазарите на енергија.

Регионална соработка

Член 27

(1) Заради вклучување на пазарите на енергија од Република Македонија во регионалните пазари, Регулаторната комисија за енергетика:

1) учествува во работата на соодветни регионални и меѓународни организации и остварува соработка, консултации и размена на информации со други регулаторни тела од регионот, како и со Регулаторниот одбор на Енергетската заедница и Секретаријатот на Енергетската заедница и

2) случува договори за соработка со други регулаторни тела заради создавање на конкурентен регионален пазар на електрична енергија и природен гас и усогласување на законската, регулаторната и техничката рамка;

3) обезбедува усогласување на постапките за размена на податоци за пазарите на енергија во рамки на Енергетската заедница.

(2) Регулаторната комисија за енергетика, во соработка со другите државни органи, ја поттикнува и олеснува соработката на операторите на системи за пренос и операторите на пазарите на електрична енергија и природен гас во рамки на Енергетската заедница, а особено:

1) за договорни аранжмани со цел овозможување на оптимално управување со мрежите за електрична енергија и природен гас;

2) за заедничка размена на електрична енергија и природен гас и доделување на прекугранични преносни капацитети;

3) да овозможи соодветно ниво на интерконективен капацитет, вклучувајќи нови интерконективни водови, во рамки на Енергетската заедница и помеѓу Енергетската заедница и другите региони;

4) да ја координира изработката и примената на мрежните правила за релевантните оператори на системи за пренос и другите учесници на пазарот и

5) да ја координира изработката и примената на правилата за управување со загушувањата.

Формирање на цени

Член 28

(1) Со прописите и методологиите за формирање на цени, Регулаторната комисија за енергетика го уредува начинот на пресметка, одобрување и контрола врз остварувањето на приходите за вршење на енергетските дејности пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас и за организирање и управување со пазарите на електрична енергија и природен гас.

(2) Со прописот и методологијата за формирање на цената на топлинска енергија за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на топлинска енергија, Регулаторната комисија за енергетика го уредува начинот на формирање, одобрување и контрола на цената на топлинската енергија.

(3) Со прописот и методологијата за формирање на највисоките рафинериски и малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горивата за транспорт, Регулаторната комисија за енергетика го уредува начинот на формирање, одобрување и контрола на цените за преработка на сурова нафта и производство на нафтените деривати, како и малопродажните цени на нафтени деривати и горива за транспорт.

(4) Прописите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се засновани на начелата на објективност, транспарентност и недискриминација и со нив се обезбедува:

1) урамнотежување на интересите на вршителите на енергетски дејности и потрошувачите;

2) заштита на потрошувачите и корисниците на системот од каква било злоупотреба на доминантната позиција на пазарот;

3) креирање на мерки за поттикнување на ефикасно работење на вршителите на енергетски дејности;

4) вршителите на енергетски дејности да ги надоместат оправданите трошоци, како и да стекнат соодветен принос на капитал;

5) финансиски средства неопходни за инвестиции со кои ќе се обезбеди одржливо и сигурно функционирање на енергетските системи;

6) отстранување на вкрстените субвенции меѓу групите потрошувачи и прелевање на приходите и трошоците при вршење на регулираните и/или нерегулираните енергетски дејности и

7) надоместување на трошоците за набавка на енергија за покривање на загубите во соодветниот енергетски систем, имајќи ги предвид плановите и динамиката за намалување на загубите што операторите на системите ги доставуваат за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика.

(5) Во прописите од ставот (1) на овој член се земаат предвид:

1) приходите остварени од операторите на системите за пренос по основ на прекугранични текови на електрична енергија, односно природен гас и надоместоците за справување со загушувањата во преносните системи;

2) приходите и трошоците остварени од страна на операторите на системи за пренос по основ на услуги за балансирање и системски услуги и

3) приходи остварени по друг основ во согласност со овој закон.

(6) Заради остварување на целите од ставот (4) точки 1), 2) и 3) на овој член, операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија, природен гас и топлинска енергија се должни, на начин утврден со соодветните мрежни правила, да доставуваат секоја година до Регулаторната комисија за енергетика извештаи со статистички податоци за индексите за непрекинатост во испораката на енергија и за квалитетот на услугата, определени од страна на Регулаторната комисија за енергетика, како и за бројот на приговорите од корисниците на системите и потрошувачите што се однесуваат на непрекинатост во испораката на енергија и за квалитетот на услугата.

Тарифни системи

Член 29

(1) Со тарифните системи за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас и дистрибуција на топлинска енергија, како и за услугите што ги обезбедуваат операторот на пазарот на електрична енергија и операторот за пазар на природен гас, се определува начинот на формирање на тарифите за регулираните услуги определени со примена на соодветните методологии од членот 28 од овој закон.

(2) Регулаторната комисија за енергетика обезбедува тарифите за пренос и дистрибуција на електрична енергија да се недискриминаторни, да ги одразат трошоците и да ги имаат предвид долгорочните капитални трошоци и оперативни трошоци од дистрибуираните производители и од мерките за управување со потрошувачка.

(3) Со тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај се определува и начинот за пресметка на цените за испорачаната електрична енергија којашто треба да биде заснована на начелата од членот 28 став (4) од овој закон.

(4) Вршителите на регулирани енергетски дејности, универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај со електрична енергија, како и снабдувачот во краен случај со природен гас се должни да ги применуваат цените утврдени во одлуките за цени и тарифи донесени со примена на прописите и методологиите од членот 28 од овој закон и тарифните системи од ставовите (1) и (3) на овој член.

Правила за снабдување

Член 30

(1) Регулаторната комисија за енергетика донесува посебни правила за снабдување со електрична енергија, топлинска енергија и природен гас.

(2) Со правилата за снабдување од ставот (1) на овој член поблиску се уредуваат општите услови и начинот на снабдување, како и меѓусебните права, обврски и одговорности на снабдувачот и потрошувачот на соодветен вид енергија и операторот на соодветниот систем, а особено:

1) условите, начинот и рокот на склучување на договорот за снабдување со соодветниот вид енергија;

2) начинот на мерење, пресметка, фактурирање и наплата на испорачаната енергија;

3) потрошувачите на кои не може да им се прекине испораката и начинот на обезбедување на гаранции за намирување на трошоците за потрошената енергија;

4) начинот и постапката за промена на снабдувачот од страна на потрошувачите и остварувањето на правото на потрошувач без надомест да го промени снабдувачот;

5) квалитетот на услугите обезбедени од страна на снабдувачите на енергија;

6) минималните услови и начинот за организациска поставеност и техничка опременост на снабдувачите на енергија за обезбедување на комуникација со потрошувачите заради обезбедување на пропишаниот квалитет на услугите коишто ги обезбедува снабдувачот;

7) обврски на снабдувачот кон различните категории на потрошувачи и специфичноста на секоја категорија на потрошувачи во однос на нивната финансиска и преговарачка способност;

8) начинот и постапките за комуникација и размена на информации помеѓу снабдувачот на енергија и операторот на соодветниот систем заради обезбедување на пропишаниот квалитет на енергијата и услугите што ги обезбедуваат операторите;

9) условите и постапката за исклучување на потрошувачите од системите за пренос или дистрибуција, во случај кога потрошувачите не ги исполнуваат обврските утврдени со закон, друг пропис и/или договор;

10) начинот, формата и рокот за поднесување на извештаи, кои снабдувачите на енергија и соодветните оператори се должни да ги достават до Регулаторната комисија за енергетика;

11) неопходните информации што снабдувачите се должни навремено да им ги обезбедат на потрошувачите во нивните сметки, како и информациите што треба да бидат јавно достапни, а се од интерес за сите потрошувачи;

12) услови и начини за снабдување на ранливи потрошувачи и

13) посебните мерки за заштита на потрошувачите.

(3) Со правилата за снабдување со електрична енергија се уредуваат правата и обврските на универзалниот снабдувач, како и правата и обврските на потрошувачите што ги снабдува.

(4) Со правилата за снабдување со природен гас и со правилата за снабдување со топлинска енергија се уредуваат правата и обврските на снабдувачот со природен гас и снабдувачот со топлинска енергија коишто имаат обврска за обезбедување на јавна услуга во снабдувањето, како и правата и обврските на потрошувачите што ги снабдуваат.

(5) Со правилата за снабдување со електрична енергија и со правилата за снабдување со природен гас се уредуваат правата и обврските на снабдувачот со електрична енергија во краен случај и снабдувачот со природен гас во краен случај.

Прибирање на податоци

Член 31

(1) На барање на Регулаторната комисија за енергетика, државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, како и правните лица кои вршат енергетски дејности се должни да и ги достават потребните документи, податоци и информации, во рок определен од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Документите, податоците и информациите што имаат доверлив карактер, Регулаторната комисија за енергетика ги користи и чува на начин утврден со закон или друг пропис.

Акти на Регулаторна комисија за енергетика

Член 32

(1) Заради извршување на работите од своја надлежност, Регулаторната комисија за енергетика донесува:

1) правилници и правила со кои ги пропишува работите за чие што уредување е надлежна согласно со овој закон;

2) одлуки со кои:

- одлучува по поединечни работи во согласност со овој закон и прописите донесени во согласност со овој закон,

- одобрува правила, планови и програми донесени од соодветните оператори и

- на вршителите на енергетски дејности им наредува или им забранува определено однесување, со цел да се обезбеди сигурност во снабдувањето со енергија и/или ефикасна конкуренција на соодветните пазари на енергија;

3) упатства со кои на вршителите на енергетски дејности им укажува на најдобрите практики за извршување на нивните законски утврдени обврски, особено во врска со обезбедувањето на јавната услуга, сигурноста во снабдувањето, заштитата на потрошувачите и корисниците на јавната услуга, како и зголемувањето на ефикасноста во нивното работење и

4) решенија со кои одлучува за други прашања од својата надлежност и за прашања за своето внатрешно работење.

(2) Ако со овој закон не е предвидена поинаква постапка, во постапката за донесување на одлуки и решенија, Регулаторната комисија за енергетика соодветно го применува Законот за општа управна постапка.

(3) Против носителите на лиценци и другите учесници на пазарите на енергија кои не ги применуваат правилниците, правилата, одлуките и решенијата од ставот (1) точки 1), 2) и 4) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика поведува соодветна постапка, во согласност со одредбите од овој закон.

(4) Правилниците, правилата, одлуките и решенијата на Регулаторната комисија за енергетика треба да бидат целосно образложени, оправдани и засновани на објективни и транспарентни критериуми и не можат да бидат предмет на вето или на ревизија од друг државен орган.

(5) Актите од ставот (1) точки 1) и 2) на овој член се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, а актите од ставот (1) точки 3) и 4) на овој член се објавуваат на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

(6) Против одлуките и решенијата на Регулаторната комисија за енергетика од ставот (1), може да се поведе управен спор од страна на засегнатите вршители на енергетски дејности и од другите засегнати страни.

Начин на работа и одлучување

Член 33

(1) Регулаторната комисија одлучува на седници. Седниците на Регулаторната комисија за енергетика се јавни.

(2) Во случаите кога на седницата на Регулаторната комисија за енергетика има потреба од изнесување на доверливи информации и деловни тајни, Регулаторната комисија за енергетика може да одлучи седницата да биде затворена за јавност.

(3) Регулаторната комисија за енергетика одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

(4) Секој член на Регулаторната комисија за енергетика има право писмено да ги образложи причините за своето гласање при одлучувањето и да побара образложението да биде објавено на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

Јавност во работата

Член 34

(1) Учеството на заинтересираните страни и јавноста во постапката за одлучување на Регулаторната комисија за енергетика се остварува преку присуство на подготвителни седници и на друг начин во согласност со одредбите од овој закон, Статутот и Деловникот на Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Регулаторната комисија за енергетика е должна да ги повика на подготвителна седница заинтересираните страни, особено во постапките за:

1) донесување на прописи за формирање на цени за регулирани дејности и прописи за формирање на тарифи за услуги во врска со вршење на регулираните дејности;

2) донесување на правила, како и одобрување на правила изготвени од страна на носителите на лиценци;

3) донесување на тарифни системи за електрична енергија, природен гас и топлинска енергија;

4) донесување одлуки за цени и тарифи за одделни видови енергија, во согласност со прописите за формирање на цени и тарифните системи за одделни видови енергија и услуги поврзани со вршењето на одделни регулирани енергетски дејности и

5) донесување одлуки за издавање, менување, продолжување, пренесување, суспендирање, одземање и престанување на лиценци за вршење енергетски дејности.

(3) Регулаторната комисија за енергетика е должна најмалку 20 дена пред одржување на подготвителна седница до заинтересираните страни да ги достави поканите и материјалите од ставот (2) точки 1), 2) и 3), а материјалите да ги објави на својата веб страница.

(4) Регулаторната комисија за енергетика ги објавува предлозите на актите што се во постапка на донесување или одобрување на својата веб страница, вклучително и образложенијата и проценките за последиците од донесување, односно одобрувањето на тие акти, сумираните резултати од јавната расправа, како и сублимирани записници од одржаните подготвителни седници и седниците од членот 33 став (1) од овој закон.

(5) Со деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика поблиску се уредуваат:

1) постапката и начинот на организирање на подготвителните седници од ставот (1) на овој член, како и другите начини за учество на заинтересираните субјекти и јавноста во постапката за одлучување;

2) постапка, начин и рокови за објавување на документите од ставот (4) на овој член и

3) начинот и постапката за објавување на јавни информации за својата работа и донесените акти.

Финансирање

Член 35

(1) Работењето на Регулаторната комисија за енергетика се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку:

1) наплата на надоместок за издавање на лиценци за вршење на енергетски дејности, односно за упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и природен гас коишто можат да вршат дејност во Република Македонија;

2) надоместоци од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги, односно регулаторна тарифа за водни услуги;

3) наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење енергетски дејности и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Македонија и

4) посебен годишен надоместок утврден како процент на зафаќање од годишниот приход на давателите на водни услуги, остварен од давањето на водните услуги.

(2) Ако едно лице е носител на една или повеќе лиценци за вршење на енергетски дејности, годишниот надоместок се наплаќа од вкупниот приход остварен по основ на вршење на енергетските дејности.

(3) Ако едно лице врши енергетска и неенергетска дејност, годишниот надоместок се наплаќа за енергетските дејности, под услов носителот на лиценца да води одвоена сметководствена евиденција за секоја енергетска и неенергетска дејност во согласност со барањата од членот 5 од овој закон, а се утврдува од сметководствената документација која е составен дел од годишната сметка и од која може да се утврди структурата на приходи по дејности.

(4) Регулаторната комисија за енергетика секоја година најдоцна до 31 октомври до Собранието поднесува за усвојување предлог финансиски план за следната календарска година. Во предлог финансискиот план се содржани сите планирани приходи и расходи на Регулаторната комисија за енергетика, вклучувајќи ги и платите на членовите и на вработените на Регулаторната комисија за енергетика.

(5) Собранието го усвојува предлог финансискиот план и со одлука го утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход:

- којшто не може да биде повисок од 0,1% за носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност и од странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Македонија и
- којшто не може да биде повисок од 0,1% за давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги, пресметан според податоци од Централниот регистар на Република Македонија или утврден согласно со членот 5, остварен во годината којашто и претходи на годината во која се доставува предлог финансискиот план.

(6) Правните лица од ставот (5) на овој член го уплаќаат годишниот надоместок на сметката на Регулаторната комисија за енергетика на две еднакви рати и тоа првата рата најдоцна до 30 мај, а втората рата најдоцна до 30 септември, во годината за која се однесува финансискиот план од ставот (4) на овој член.

(7) Ако Собранието не го усвои финансискиот план најдоцна до 31 декември во годината во која се доставува, Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за времено финансирање, односно за користење на средства месечно

најмногу до една третина од вкупните извршени расходи во првиот квартал од претходната година најдоцна до 31 март, имајќи ги предвид готовинските текови. Ако Собранието не го усвои финансискиот план до 31 март во тековната година, Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за продолжување на одлуката за времено финансирање која се применува до усвојување на финансискиот план.

(8) Ако во една календарска година остварените приходи на Регулаторната комисија за енергетика се поголеми од реализираните расходи, разликата се пренесува за користење во наредната година и за истиот износ се намалуваат планираните приходи во следниот предлог финансиски план.

Годишен извештај

Член 36

(1) Секоја година, најдоцна до 30 април, Регулаторната комисија за енергетика до Собранието доставува годишен извештај за својата работа во претходната година. Годишниот извештај содржи информации за активностите во врска со остварување на надлежноста во согласност со овој и друг закон и за материјално-финансиското работење на Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Составен дел на годишниот извештај од ставот (1) на овој член е извештајот за состојбите и функционирањето на пазарите на енергија во Република Македонија од членот 25 од овој закон.

(3) Регулаторната комисија за енергетика годишниот извештај од ставот (1) на овој член:

1) го објавува на својата веб страница, како и резимето од годишниот извештај и

2) во рок од 30 дена од објавувањето го доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница.

(4) Регулаторната комисија за енергетика го доставува годишниот извештај од ставот (1) на овој член до Владата и Министерството заради нивно информирање.

(5) На барање на Владата или министерот, Регулаторната комисија за енергетика навремено доставува и други извештаи и информации од делокругот на својата работа што се од значење за извршување на работите на Владата и Министерството, пропишани со овој закон.

Постапување по приговори и разрешување на спорови

Член 37

(1) Регулаторната комисија одлучува по приговорите поднесени од:

1) корисниците на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија, природен гас и топлинска енергија:

- против актите на соодветните оператори со кои се одбива пристапот или приклучувањето на соодветниот систем или против актите со кои се утврдува износот на надоместокот и другите услови за приклучувањето или
- поради штети настанати поради ограничување или прекин на испораката на електрична енергија, природен гас и топлинска енергија, од и во системите за пренос или дистрибуција на електрична енергија или природен гас,

2) потрошувачите против снабдувачите кои имаат обврска за обезбедување на јавна или универзална услуга, како и против снабдувачите во краен случај во врска со:

- квалитетот на услугата во снабдувањето,
- ограничувањето или оневозможувањето на правото за промена на снабдувач,
- пресметката на потрошената енергија и износот на сметката,

3) вршителите на енергетските дејности и потрошувачите против одлуката на операторот на соодветниот пазар на енергија за одбивање на барањето за регистрирање на пазарот на енергија, како и одбивање на барањето за стекнување на статус на балансно одговорна страна.

(2) Регулаторната комисија за енергетика одлучува по приговор од ставот (1) на овој член, само во случај кога подносителот на приговорот ги искористил сите средства за остварување на своето право низ постапките воспоставени од вршителот на енергетската дејност од ставот (1) на овој член.

(3) Во постапката за одлучување во случаите од ставот (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика соодветно го применува Законот за општата управна постапка.

(4) Одлуките донесени во постапките од ставот (1) на овој член се конечни и против нив може да се поведе управен спор.

(5) Регулаторната комисија за енергетика одлучува во постапка за разрешување на спорови настанати од извршување на договорите помеѓу вршители на енергетски дејности, вршители на енергетски дејности и потрошувачи, како и операторите на системи за пренос и дистрибуција и корисниците на тие системи, кога за тоа се договориле договорните страни.

(6) Секоја страна во спорот од ставот (5) на овој член може, пред донесувањето на одлуката на Регулаторната комисија за енергетика, да се откаже од постапката и да побара спорот да се решава на друг начин.

(7) Одлуките донесени во постапките од ставот (5) на овој член се сметаат за правосилни.

(8) Регулаторната комисија за енергетика донесува правила за постапување по приговори и за разрешување на спорови со кои се уредува постапката, износот и начинот на покривање на трошоците во постапката.

IV. ЛИЦЕНЦИ

Општи одредби

Член 38

(1) Вршителите на енергетските дејности не можат да започнат со вршење на дејноста без претходно да им биде издадена лиценца од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) За издавање на лиценцата од ставот (1) на овој член мора да бидат исполнети условите во однос на финансиска состојба, технички квалификации и непостоење на правни пречки за вршење на дејност.

(3) Лиценца не е потребна за:

1) производство на електрична или топлинска енергија наменето за сопствена потрошувачка на лицето, под услов да не се користи соодветниот енергетски систем;

2) производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија наменето за сопствена потрошувачка, при што вишокот на произведената енергија се предава во електродистрибутивна мрежа под услови и на начин определени во согласност со прописите и правилата донесени врз основа на овој закон;

3) пренос и дистрибуција на електрична енергија или природен гас преку директни водови;

4) трговија на мало со нафтени деривати и горива за транспорт;

5) трговија со течен нафтен гас во садови под притисок помали од 5 kg;

6) трговија со природен гас во случаи кога транспортот на природниот гас не се врши преку системот за пренос или дистрибуција на природен гас;

7) трговци и снабдувачи од држави договорни страни или учесници во Договорот за енергетска заедница за трансакции што ги вршат на организираниот пазар на електрична енергија и природен гас и

8) дејности што ги вршат странски лица од членот 40 од овој закон.

(4) Лиценцата се издава за период од три до 35 години во зависност од видот на енергетската дејност, видот и обемот на обврската за обезбедување јавна услуга во вршењето на енергетската дејност, обемот на средствата потребни за извршување на енергетската дејност, времетраењето на правото за користење на соодветниот енергетски ресурс, како и од барањето доставено од вршителот на енергетска дејност.

(5) Лиценцата престанува да важи по истекот на периодот за кој е издадена или со одземање во согласност со овој закон или по барање на носителот на лиценцата.

(6) На едно лице може да му се издаде една лиценца за вршење на две или повеќе енергетски дејности во следниве случаи:

1) производство на топлинска и електрична енергија во постројки за комбинирано производство на топлинска и електрична енергија и

2) производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија добиена од геотермални извори.

(7) На исто лице на негово барање може да му се издадат повеќе лиценци за вршење на иста енергетска дејност кога дејноста ја врши преку енергетски објекти кои претставуваат засебна техничко-технолошка целина, а тоа да не влијае на одредбите за раздвојување и сертифицирање на соодветниот оператор на системот за пренос или дистрибуција.

(8) На едно лице може да му се издадат една или повеќе лиценци за вршење на нерегулирани енергетски дејности.

(9) За издавање, менување, продолжување и пренесување на лиценците за вршење на енергетски дејности, како и за издавање на привремени лиценци и лиценци за пробна работа, Регулаторната комисија за енергетика наплаќа надоместок во согласност со правилникот од членот 41 од овој закон, освен кога менувањето на лиценцата се врши по службена должност.

Пренос на лиценца

Член 39

(1) Лиценцата не може да се пренесе на друго лице.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член лиценцата може да се пренесе на друго лице во случај:

1) кога енергетската дејност за која е издадена лиценцата се врши врз основа на концесија за користење на природно добро или врз основа на договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за изградба на енергетски објект каде концедентот во согласност со овој закон или други закони донел одлука за пренесување на концесиските права;

2) кога постројката за производство на електрична или топлинска енергија е во состав на неенергетски објект и истата не може да биде одвоена од него, а неенергетскиот објект го променил сопственикот;

3) кога се формира ново друштво при спроведување на постапка за правно раздвојување на вертикално интегрирано друштво во согласност со овој закон или

4) на отворање на стечајна постапка со лично управување, доколку се усвои план за реорганизација на вршителот на дејноста, на кој му е издадена лиценца.

(3) Кон барањето за пренос на лиценцата, новиот вршител на енергетската дејност е должен да ја достави соодветната одлука на концедентот од ставот (2) точка 1) на овој член, односно договорот за купопродажба на објектот од ставот (2) точка 2) на овој член.

Странски лица

Член 40

(1) Подружница на странско лице организирана во Република Македонија на чиј основач му е издадена лиценца или друг соодветен документ за вршење на трговија или снабдување со електрична енергија или природен гас во држава којашто е договорна страна или учесник во Договорот за енергетска заедница може, со примена на начелото на реципроцитет, да ги врши овие дејности во Република Македонија откако ќе му биде издадено решение за упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи на електрична енергија и природен гас коишто можат да вршат енергетска дејност во Република Македонија.

(2) Регистарот од ставот (1) на овој член го воспоставува и води Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Во постапката за упис во регистарот од ставот (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика соработува со надлежниот орган од договорната страна или државата-учесник во Договорот за енергетска заедница што ја издал лиценцата за која се бара упис во регистарот, како и со надлежните органи од други држави во кои странското лице ги врши дејностите трговија и снабдување со електрична енергија, односно природен гас.

(4) По еден примерок од решението за упис во регистарот од ставот (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика доставува до соодветниот оператор на системот за пренос на електрична енергија, односно природен гас, како и до соодветниот оператор на пазарот на електрична енергија, односно природен гас.

Правилник за лиценци

Член 41

(1) Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за лиценци со кој поблиску се пропишуваат:

1) условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување, пренесување, суспендирање, одземање или престанување на важење на лиценците за вршење на енергетски дејности, привремените лиценци и лиценци за пробна работа издадени за работа на енергетскиот објект, како и роковите за преземање на одделни дејствија во соодветната постапка;

2) постапката за уписот во регистарот на странски трговци и снабдувачи на електрична енергија и природен гас коишто можат да вршат енергетска дејност во Република Македонија, како и за суспендирање и престанување на решението за упис во регистарот;

3) документацијата што се доставува во постапката;

4) времетраењето на лиценцата, привремената лиценца и лиценцата за пробна работа;

5) обрасците што се применуваат во постапката за издавање, менување, продолжување, пренесување, суспендирање или одземање на лиценцата, привремената лиценца и лиценцата за пробна работа, како и обрасците што се применуваат во постапката за уписот во регистарот на странски лица за трговија и снабдување со електрична енергија, односно природен гас што можат да вршат дејност во Република Македонија;

6) содржината на лиценцата, привремената лиценца и лиценцата за пробна работа, како и на решението за упис во регистарот на странски лица за трговија и снабдување со електрична енергија, односно природен гас што можат да вршат дејност во Република Македонија;

7) начин на водење и објавување на податоци од евиденцијата за издадени лиценци;

8) следењето и контролата на исполнувањето на обврските содржани во лиценцата и другите обврски што произлегуваат од овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон и

9) износот на надоместокот за постапката за издавање, менување, продолжување и пренесување на лиценцата, како и за постапката за упис во регистарот на странски лица за трговија и снабдување со електрична енергија, односно природен гас што можат да вршат дејност во Република Македонија.

(2) Во правилникот од ставот (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика пропишува поедноставени услови, начин, постапка и покуси рокови за издавање, менување, продолжување, пренесување, суспендирање, одземање или престанок на важење на лиценците за вршење на енергетски дејности чие што вршење не е поврзано со приклучување на преносни или дистрибутивни системи.

Одлука за привремена лиценца

Член 42

Регулаторната комисија за енергетика по барање на инвеститорот, донесува одлука за издавање на привремена лиценца пред добивање на одобрение за употреба на енергетскиот објект или пред добивање на извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер за објектите за кои што не е потребно издавање на одобрение за употреба или пред добивање на решение за ставање во употреба на енергетскиот објект, ако:

1) за енергетскиот објект е издадено овластување за изградба во согласност со овој закон или

2) е издадено одобрение за градење на објектот, во случај кога за изградбата на објектот не е потребно овластување за изградба на енергетски објект или

3) инвеститорот се стекнал со право на градење на објектот врз основа на спроведена тендерска постапка со јавен повик за изградба на објекти за производство на електрична или топлинска енергија или комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или

4) инвеститорот има стекнато право за изградба на објект или систем врз основа на доделена концесија за добра од општ интерес, односно изградба на објект или систем или за вршење на енергетска дејност врз основа на договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство или концесија за јавна услуга.

Лиценца за пробна работа

Член 43

(1) По барање на инвеститорот, Регулаторната комисија за енергетика, во рок од седум дена од денот на приемот на барањето, му издава лиценца за пробна работа на енергетскиот објект преку кој треба да ја врши дејноста.

(2) Начинот, условите и постапката за пробно приклучување на преносната, односно дистрибутивната мрежа, како и работењето на енергетските објекти со лиценца за пробна работа се уредуваат со соодветните мрежни правила.

(3) Лиценца за пробна работа се издава само еднаш со важност до девет месеци, со можност за нејзино продолжување под услови, на начин и во постапка утврдени со правилникот за лиценци од членот 41 од овој закон, без плаќање на надоместок.

(4) Носителот на лиценцата за пробна работа, за времетраењето на лиценцата ги има сите права и обврски во однос на работењето на објектот, како да е носител на лиценца.

Издавање на лиценца

Член 44

(1) По спроведувањето на постапката во согласност со правилникот од членот 41 од овој закон во која се утврдува постоење на условите од членот 38 став (2) од овој закон, Регулаторната комисија за енергетика издава лиценца за вршење на енергетска дејност.

(2) Регулаторната комисија за енергетика издава лиценца откако носителот на привремена лиценца или лиценца за пробна работа, достави одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер за објектите за коишто не е потребно издавање на одобрение за употреба или решение за ставање во употреба на опремата којашто е вградена во постоечки градежен објект изграден во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Промена на лиценцата

Член 45

(1) Лиценцата може да се менува на барање на носителот на лиценцата поради промена во начинот на вршење на дејноста, ако промената не е во спротивност со овој и/или друг закон.

(2) Регулаторната комисија за енергетика поведува постапка за менување на лиценцата по службена должност во рок од 30 дена од настанувањето на промената на законите и другите прописи или правила со кои се уредува вршењето на енергетската дејност за која е издадена лиценцата, како и кога на носителот на лиценцата му е наметната обврска за јавна услуга.

Продолжување на лиценцата

Член 46

(1) Времетраењето на лиценцата може да се продолжи на барање на носителот на лиценцата коешто се доставува до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна 60 дена пред истекот на важноста на лиценцата.

(2) Носителот на лиценцата кој врши регулирана енергетска дејност или има обврска за обезбедување на јавна или универзална услуга е должен една година пред истекот на важењето на лиценцата да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за намерата да бара продолжување на лиценцата.

Непрекинатост на услугата

Член 47

Носителот на лиценца не може да престане да ја исполнува обврската за вршење на јавната услуга, односно универзалната услуга кон поединечни корисници на услугата, освен во случај кога засегнатиот корисник:

1) не ги исполнува своите обврски утврдени со овој закон, други прописи или правила, како и обврските од договорите за користење на соодветните системи и/или договорите за снабдување со енергија или

2) со начинот на користење на услугата може да предизвика загрозување на животот и здравјето на луѓето, животната средина и/или имотот или го попречува обезбедувањето на услугата за други корисници.

Дозволени прекини

Член 48

(1) Носителот на лиценца кој врши регулирана енергетска дејност или има обврска за обезбедување на јавна или универзална услуга не може без претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика привремено да прекине со вршењето на енергетската дејност за која е издадена лиценцата.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, носителот на лиценца кој врши регулирана енергетска дејност може привремено да прекине со вршењето на дејноста без претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, ако со вршењето на дејноста може да настане или настанала опасност по животот и здравјето на луѓето, животната средина и/или имотот или опасност по функционирање на енергетските објекти или системи, или ако дејноста не може да се извршува поради виша сила.

(3) Во случај кога вршителот на регулирана енергетска дејност треба делумно да прекине со вршење на соодветната енергетска дејност заради одржување, надградба или изградба на мрежите и/или постројките за пренос и дистрибуција, таквиот прекин се спроведува во согласност со соодветните мрежни правила.

Суспендирање на лиценца

Член 49

(1) Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за суспендирање на лиценцата ако на носителот на лиценцата од страна на надлежен прекршочен орган, или од страна на надлежен суд му е изречена забрана за вршење на енергетската дејност за определен временски период или во случаите од членот 26 од овој закон.

(2) Одлуката од ставот (1) Регулаторната комисија за енергетика ја донесува веднаш по приемот на известувањето за изречена забрана од надлежниот орган.

(3) Во одлуката од ставот (1) на овој член, се наведуваат мерките што треба да бидат преземени од страна на носителот на лиценцата кои се сметаат неопходни за обезбедување на потребното ниво на јавна или универзална услуга во периодот за кој е суспендирана лиценцата.

(4) Суспендирањето на лиценцата трае за периодот за кој е изречена мерката забрана за вршење на енергетска дејност.

(5) Заради обезбедување на сигурност во снабдувањето и непрекинато функционирање на енергетскиот систем, Владата, по барање на Регулаторната комисија за енергетика, донесува одлука со која на друг вршител на енергетска дејност му се наметнува обврска за обезбедување на јавна или универзална услуга за период за којшто на носителот на суспендираната лиценца му е изречена мерката забрана за вршење на дејноста.

Одземање на лиценца

Член 50

(1) Лиценцата може да се одземе ако носителот на лиценцата:

1) не започне со вршење на енергетска дејност за којашто е издадена лиценцата во рокот определен со лиценцата;

2) не ја врши дејноста за која е издадена лиценцата на начин и под услови пропишани со овој и други закони, како и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон;

3) во своето работење не се придржува кон одлуките и/или не ги извршува поединечните акти донесени од Регулаторната комисија за енергетика;

4) во определен рок не постапи по барањето на надлежните органи за отстранување на недостатоците во работењето кои довеле или би можеле да

доведат до престанување на обезбедувањето на услугата на начин пропишан со закон, или до намалување на квалитетот, континуитетот, доверливоста или сигурноста во обезбедувањето на услугата или

5) престанал да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата.

(2) Во рок од осум дена по дознавањето дека постои некоја од причините од ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика писмено го известува носителот на лиценцата за постоење на причини за започнување на постапката за одземање на лиценцата и го задолжува да се произнесе во врска со причините за одземање на лиценцата во рок од седум дена од добивањето на известувањето.

(3) По истекот на рокот од ставот (2) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика, земајќи го предвид образложението на носителот на лиценцата, може да донесе одлука за отпочнување на постапката за одземање на лиценцата којашто ја објавува на својата веб страница.

(4) Во одлуката од ставот (3) на овој член се утврдуваат постапките, мерките и активностите кои носителот на лиценцата е должен да ги преземе заради отстранување на причините поради кои е започната постапката, поединечните рокови за нивно исполнување, како и крајниот рок за отстранување на причините, којшто не може да биде подолг од шест месеци од денот на донесувањето на одлуката.

(5) Ако по истекот на рокот од ставот (2) на овој член носителот на лиценцата не достави образложение за причините за одземање на лиценцата, или ако не ги исполни обврските во рокот определен со одлуката од ставот (4) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за одземање на лиценцата.

Престанување на лиценца

Член 51

(1) Ако носителот на лиценца којшто има обврска за обезбедување на јавна или универзална услуга побарал од Регулаторната комисија за енергетика да му престане лиценцата, или ако лиценцата е одземена во согласност со членот 50 од овој закон, за одлуката со која престанува или со која се одзема лиценцата Регулаторната комисија за енергетика веднаш ја известува Владата и во соработка со министерството предлага неопходни мерки за обезбедување на јавната, односно универзалната услуга.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член Владата, на предлог на министерството и Регулаторната комисија за енергетика во рок не подолг од 90 дена од денот на влегувањето во сила на одлуката за престанување, односно одземањето на лиценцата, во согласност со одредбите од овој закон спроведува постапка за избор на вршител на енергетска дејност којшто ќе има обврска за обезбедување на јавната, односно универзалната услуга.

(3) Во лиценцата на вршителот на енергетската дејност којшто е избран во согласност со ставот (2) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика ги наведува обемот и содржината на јавната, односно универзалната услуга, подрачјето на кое се обезбедува услугата, како и времетраењето и неопходниот квалитет на услугата при исполнување на обврската за јавна, односно универзална услуга.

(4) До завршувањето на постапката за избор од ставот (2) на овој член, вршителот на енергетската дејност којшто побарал престанување или на кого му е одземена лиценцата, е должен да постапува во согласност со мерките од ставот (1) на овој член и да продолжи со обезбедувањето на јавната, односно универзалната услуга, како и да остварува приход со примена на важечките цени и тарифи.

V. ИЗГРАДБА НА НОВИ ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ

Овластување за изградба на нови енергетски објекти

Член 52

(1) Нови објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или објекти за производство на топлинска енергија можат да се градат врз основа на овластување за изградба на нови или зголемување на инсталираната моќност на постојни објекти за производство на електрична и/или топлинска енергија, издадено во согласност со овој закон.

(2) Овластувањето од ставот (1) на овој член не е потребно, ако:

1) новиот производен енергетски објект е со вкупна инсталирана електрична и/или топлинска моќност помала или еднаква на 10 MW;

2) со проширувањето на производниот енергетски објект, вкупната инсталирана електрична и/или топлинска моќност на објектот е помала или еднаква на 10 MW или

3) произведената енергија во енергетскиот објект ќе се користи исклучиво за сопствени потреби.

(3) Овластување за изградба на енергетски објекти од ставот (1) на овој член не е потребно ако вршењето на енергетската дејност производство на соодветниот вид на енергија е условено со обезбедување на концесија за користење на природни ресурси. Условите за изградба на соодветниот енергетски објект се утврдуваат во концесискиот договор.

(4) Изградбата на нови или проширувањето на постојните објекти за производство на електрична и/или топлинска енергија се врши во согласност со прописите со кои се уредува градењето.

(5) Одлуката за овластување за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на електрична енергија или комбинирано производство на електрична и топлинска енергија ја донесува Владата.

(6) Одлуката за овластување за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на топлинска енергија ја донесува советот на единицата на локалната самоуправа.

(7) Заради заштита и унапредување на животната средина, постројките за производство на електрична енергија, односно топлинска енергија од обновливи извори на енергија се сметаат за објекти од јавен интерес.

Критериуми за овластување

Член 53

Овластувањето од членот 52 став (1) од овој закон се издава врз основа на критериуми кои особено ги земаат предвид:

1) сигурноста во снабдувањето со соодветен вид на енергија;
2) безбедноста и сигурноста на електроенергетскиот систем, објектите и соодветната опрема;
3) заштитата на јавното здравје и безбедноста;
4) заштитата на животната средина;
5) користењето на земјиштето и локациите;
6) користењето на јавните површини;
7) енергетската ефикасност;
8) видот на примарната енергија;
9) техничка, финансиска и економска способност на барателот;

10) усогласеноста со мерките донесени во согласност со обврските за јавна услуга и заштита на потрошувачите посебно во однос на квалитетот и континуитетот на снабдувањето со електрична енергија;

11) придонесот на производниот енергетски објект во однос на намалувањето на емисиите или

12) придонесот на производниот енергетски објект во учеството на енергијата произведена од обновливи извори во вкупната бруто финална потрошувачка на енергија согласно со одлуката за утврдување на задолжителни национални цели од членот 173 став (1).

Издавање на овластување

Член 54

(1) Овластувањето за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија се издава по претходно спроведена постапка, заснована на начелата за објективност, транспарентност и недискриминација.

(2) Заради издавање на овластувањето за изградба на нови или реконструкција на производните објекти наведени во членот 52 став (5) од овој закон заинтересираните домашни и странски инвеститори поднесуваат барање за издавање на овластување до Владата, а за производните објекти наведени во членот 52 став (6) од овој закон, до единицата на локалната самоуправа.

(3) Владата во рок од осум дена од денот на приемот на барањето го објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и го доставува до Министерството.

(4) Градоначалникот на единицата на локалната самоуправа во рок од осум дена од приемот на барањето од ставот (2) на овој член, го објавува во службеното гласило на единицата на локална самоуправа.

(5) Министерот ја пропишува формата и содржината на барањето за издавање на овластувањето од членот 52 став (5), а градоначалникот ја пропишува формата и содржината на барањето од членот 52 став (6) од овој закон.

Потребна документација

Член 55

Со барањето за добивање на овластување од членот 54 став (2), барателот е должен да ја достави и следнава документација:

1) идеен проект и кога е тоа потребно, проект за инфраструктура и економска анализа;

2) согласност за приклучување на системот за пренос или дистрибуција на електрична енергија, природен гас или топлинска енергија, во согласност со соодветните мрежни правила;

3) решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот, односно решение со кое се одобрува елаборатот за оценката на влијанието врз животната средина, доколку во согласност со закон, за проектот е потребна студија или елаборат;

4) извод од урбанистичко-планска документација согласно со прописите со кој се уредува просторно и урбанистичко планирање;

5) финансиски план за планираниот енергетски објект;

6) потврда од реномирана финансиска институција или банка за нејзината намера на барателот да му овозможи кредит за реализација на проектот, доколку реализацијата на проектот предвидува користење на кредитни средства;

7) доказ за финансиската способност на барателот да обезбеди сопствено учество во финансирањето на проектот;

8) референци поврзани со реализацијата на проекти од овој вид;

9) извод од регистарот каде барателот е регистриран;

10) документи издадени од надлежен орган дека барателот не е во постапка за стечај или ликвидација;

11) документи издадени од надлежен орган дека против барателот не се води кривична или прекршочна постапка во врска со неговата професионална дејност и

12) изјава од барателот за веродостојноста на доставените податоци.

Комисија за оценка на барањата за овластувања

Член 56

(1) Постапката за издавање на овластување за изградба на нови или реконструкција на постојни енергетски објекти ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за доделување на овластувања за објекти наведени во членот 52 став (5) од овој закон што ја формира министерот, имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од девет члена и тоа два претставника од Министерството, по еден претставник од Владата, министерствата надлежни за работите на градежништвото, финансиите, животната средина и земјоделството, операторот на електропреносниот систем и операторот на системот за пренос на природен гас. Претседател на Комисијата е претставник од Министерството.

(3) Членовите на Комисијата од ставот (1) на овој член треба да имаат стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство на работи и работни задачи релевантни за работењето на комисијата.

(4) На членовите на Комисијата им следува надоместок за извршената работа по секое поединечно барање, кој треба да биде разумен и соодветен на значењето, обемот и сложеноста на работата. Надоместокот го определува Владата, а средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(5) Постапката за издавање на овластувањето за изградба на производни објекти наведени во членот 52 став (6) од овој закон, ја спроведува Комисија формирана од градоначалникот на единицата на локална самоуправа, која е составена од пет члена, експерти од областа на енергетиката, економијата и правото. Градоначалникот го назначува претседателот на комисијата. На членовите на Комисијата им следува надоместок за извршената работа по секое поединечно барање, кој го определува советот на единицата на локалната самоуправа, а средствата се обезбедуваат од буџетот на единицата на локална самоуправа.

(6) Мандатот на членовите на комисиите од ставовите (1) и (5) на овој член изнесува четири години и ниту еден член не може да биде член на Комисијата повеќе од два последователни мандати. Комисиите донесуваат деловник за својата работа.

Нецелосно барање

Член 57

(1) Ако комисијата од членот 56 став (1), односно ставот (5) од овој закон утврди дека барањето за овластување е целосно или нејасно, во рок од 15 дена од денот на објавување на барањето во „Службен весник на Република Македонија“, односно во службеното гласило на единицата на локална самоуправа, му предлага на министерот, односно на градоначалникот, да го

задолжи барателот да ја доуреди потребната документација согласно со членот 55 од овој закон.

(2) Министерот, односно градоначалникот, во рок од седум дена од добивање на предлогот од ставот (1) од овој член, со решение го задолжува барателот на овластувањето да ја доуреди документацијата во рок што не може да биде покус од 15 дена и не подолг од шест месеци, од денот на приемот на решението.

(3) Ако барателот не ја доуреди документацијата во рокот определен со решението од ставот (2) на овој член, Владата, на предлог на министерот, односно Советот на единицата на локалната самоуправа, на предлог на градоначалникот, донесува одлука за отфрлање на барањето.

(4) Против одлуката од ставот (3) на овој член барателот може да поведе управен спор.

Донесување на одлука

Член 58

(1) Владата, на предлог на министерот, односно советот на единицата на локална самоуправа на предлог на градоначалникот, во рок од 60 дена од денот на приемот на целосното барање, донесува одлука со образложение за причините за издавање или одбивање на барањето за овластување за изградба.

(2) Владата пред донесување на одлуката од ставот (1) на овој член бара мислење од Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Одлуката за издавање на овластувањето од ставот (1) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија“, односно во службеното гласило на единицата на локална самоуправа.

(4) Против одлуките од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор.

Содржина на овластувањето

Член 59

Со овластувањето за изградба на нови или реконструкција на постојни објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија особено се утврдува:

1) видот, карактеристиките, инсталираната моќност и очекуваното годишно производство на енергија, видот и потребните количини на гориво;

2) локацијата на објектот во согласност со соодветната урбанистичко-планска документација;

3) датумот до кој важи овластувањето;

4) постапувањето со објектот по престанувањето на неговата работа;

5) начинот на употреба на јавната инфраструктура;

6) условите кои треба да се исполнат за заштитата на животната средина во согласност со закон;

7) условите во врска со ефикасноста на работењето на објектот и

8) другите услови во врска со изградбата на објектот.

Рок на важење и престанување на овластувањето

Член 60

(1) Рокот на важноста на овластувањето од членот 58 од овој закон е три години од денот на неговото влегување во сила.

(2) Овластувањето престанува да важи доколку носителот на овластувањето не успеал да обезбеди одобрение за градење за објектот во рокот определен во ставот (1) на овој член.

(3) По барање на носителот на овластување, овластувањето може да се пренесе на друго лице по претходно добиена согласност од Владата, односно од советот на единицата на локална самоуправа.

Изградба на нови и реконструкција на постојни објекти

Член 61

(1) Ако издадените овластувања за изградба на нови и реконструкција на постојни објекти за производство на електрична енергија или комбинирано производство на електрична и топлинска енергија се недоволни за обезбедување сигурност во снабдувањето со електрична енергија, Владата, на предлог на Министерството, може да донесе одлука за спроведување на тендерска постапка со јавен повик за изградба на објекти за производство на електрична енергија и објекти за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија врз основа на критериумите од членот 53 од овој закон.

(2) Пред доставувањето на предлогот за донесување на одлуката од ставот (1) на овој член, Министерството е должно да утврди дали може сигурноста на снабдувањето со електрична енергија да се обезбеди со мерки за енергетска ефикасност и управување со потрошувачката, како и да се разгледаат и понудите за можно снабдување со електрична енергија со гаранции за долгорочна испорака на дополнителни количини на енергија од постојните производни капацитети кои се активни на пазарот.

(3) Тендерската постапка за изградба на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори, за кои производителот може да се стекне со статус на повластен производител кој користи премија, се спроведува согласно со членот 188 од овој закон.

(4) При донесување на одлуката од ставот (1), Владата ги има предвид стратешките и развојните документи од областа на енергетиката.

(5) Ако врз основа на издадените овластувања за изградба на нови објекти за производство на топлинска енергија и прогнозите за потребата од топлинска енергија, земајќи ги предвид мерките за подобрување на енергетската ефикасност и управувањето со оптоварувањата, како и можностите за обезбедување на потребите од топлинска енергија, се оцени дека не е обезбедена сигурност во снабдувањето, советот на единицата на локалната самоуправа може да донесе одлука за спроведување на тендерска постапка со јавен повик за изградба на објекти за производство на топлинска енергија.

(6) Владата, односно советот на единицата на локална самоуправа, на предлог на надлежниот орган за спроведување на јавниот повик, донесува одлука за изборот на најповолен понудувач на кој ќе му биде доделено правото за изградба на енергетскиот објект, којшто се користи за вршење на енергетска дејност.

Изградба на нови системи за дистрибуција на природен гас

Член 62

(1) Градење на нови системи за дистрибуција на природен гас на определено подрачје од територијата на Република Македонија се врши од страна на правни лица врз основа на:

1) договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство доделен од страна на Владата и

2) договор за концесија за јавна услуга доделен од страна на Владата, со кој концесионерот се обврзува да изгради и да користи и управува нов систем за дистрибуција на природен гас.

(2) Нов систем за дистрибуција на природен гас на определено подрачје од територијата на Република Македонија може да гради и со него да управува и јавно претпријатие или друго правно лице основано од единицата на локалната самоуправа за таа намена.

(3) Владата, на предлог на министерот или на единицата на локалната самоуправа, донесува одлука за започнување на постапката за доделување на договор од ставот (1) на овој член.

(4) Владата, во согласност со Законот за локална самоуправа, може да склучи договор за соработка со единиците на локална самоуправа на чии подрачја треба да се гради системот за дистрибуција на природен гас.

(5) Постапка за градење на нов систем за дистрибуција на природен гас нема да се спроведе ако на тоа подрачје постои систем за дистрибуција на природен гас кој не е доволно искористен или претходно е планирано градење на нов систем за дистрибуција на природен гас.

Изградба на системи за дистрибуција на топлинска енергија

Член 63

(1) Изградбата на нови системи за дистрибуција на топлинска енергија на подрачјето на единицата на локалната самоуправа се врши врз основа на договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство што го доделува Советот на единицата на локална самоуправа или од страна на јавни претпријатија и други правни лица основани за таа намена од единицата на локалната самоуправа.

(2) Советот на единицата на локална самоуправа, на предлог на градоначалникот, донесува одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за изградба на нов систем за дистрибуција на топлинска енергија.

Спроведување на тендерска постапка

Член 64

(1) На спроведувањето на тендерската постапка со јавен повик соодветно се применуваат и одредбите од Законот за концесии и јавно-приватно партнерство.

(2) Министерството е надлежно за изработка на тендерската документација и за спроведувањето на постапката со јавен повик од членот 61 став (1) и членот 62 став (1) од овој закон.

(3) Со одлуката од членот 61 став (1) и членот 62 став (3) од овој закон се определува и начинот и потребните средства за подготовка на тендерската документација.

(4) Градоначалникот е надлежен за изработка на тендерската документација и за спроведувањето на постапката со јавен повик од членот 61 став (5) и членот 63 став (1) од овој закон.

(5) Со одлуката од членот 61 став (5) и членот 63 став (2) од овој закон се определува и начинот и потребните средства за подготовка на тендерската документација.

(6) Владата, односно советот на единицата на локална самоуправа ја усвојува тендерската документација од ставовите (2) и (4) на овој член.

Објавување и содржина на јавниот повик

Член 65

(1) Министерството, односно градоначалникот го објавува јавниот повик од членот 61, членот 62 и членот 63 од овој закон во најмалку две јавни гласила и во „Службен весник на Република Македонија“, односно службеното гласило на единицата на локална самоуправа.

(2) Министерството е должно јавниот повик од членот 61 да го достави до Секретаријатот на Енергетската заедница.

(3) Јавниот повик од ставот (1) на овој член особено содржи:

1) вид на објект за кој се објавува јавниот повик;
2) планиран капацитет;
3) рок за започнување на изградбата на објектот;
4) локација на која ќе се гради објектот, утврдена врз основа на извод од урбанистичко-планска документација согласно со прописите со кој се уредува просторното и урбанистичкото планирање;
5) потребни економски, технички или оперативни способности на понудувачите;
6) можни стимулативни мерки;
7) достапност до тендерската документација и
8) начин и рок на доставување на понудите.

(4) Рокот за доставување на понудите за изградба на објекти од членот 61 од овој закон не може да биде пократок од шест месеци од денот на објавување на јавниот повик.

Содржина на тендерска документација

Член 66

Тендерската документација од членот 64 од овој закон, особено треба да содржи:

1) вид на енергетски објект за кој се распишува јавниот повик;
2) планиран капацитет;
3) детален опис на техничките спецификации за соодветниот објект;
4) рок за започнување на изградбата на објектот;
5) локација каде што ќе се гради објектот;
6) потребните економски, технички или оперативни способности на понудувачот;
7) начин и рок за доставување на понудите;
8) целосна листа на критериуми за избор на најповолен понудувач;
9) начин и услови за производството, односно дистрибуција и за поврзување со соодветните мрежи;
10) договор за доделување на правото за градба со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски во врска со изградбата на објектот;
11) можни стимулативни мерки;
12) постапување со објектот по престанување на неговата работа;
13) начин на употреба на јавната инфраструктура;
14) услови кои треба да се исполнат за заштита на животната средина во согласност со закон;
15) услови во врска со ефикасноста на работењето на објектот и
16) други потребни податоци.

Директни водови

Член 67

(1) Секој производител и снабдувач со електрична енергија или снабдувач со природен гас основан во Република Македонија може да ги снабдува своите простори и/или подружници преку директни водови.

(2) Секој потрошувач на електрична енергија или природен гас може да се снабдува преку директен вод од производител или снабдувач со електрична енергија или снабдувач на природен гас.

(3) Директните водови за пренос и дистрибуција на електрична енергија или пренос и дистрибуција на природен гас се градат врз основа на овластување за изградба кое го издава Владата во кое се дефинираат правата и обврските на носителот на овластувањето.

(4) Владата, на предлог на Министерството, со уредба утврдува објективни, транспарентни и недискриминаторни критериуми и постапка за доделување на овластување за изградба на директен вод на територијата на Република Македонија.

(5) Овластувањето од ставот (3) на овој член може да се издаде и за снабдување со природен гас и за потрошувачи што ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на природен гас.

(6) Директните водови од ставот (3) на овој член можат да бидат изградени само во случаи кога:

1) краен потрошувач на електрична енергија или природен гас или производител на електрична енергија не можел да обезбеди право на приклучок или пристап до постоен систем за пренос или дистрибуција на електрична енергија или природен гас или

2) е отворена постапка за решавање на спорови во согласност со членот 37 од овој закон.

(7) Директниот вод не се смета за составен дел од системите за пренос, односно дистрибуција на електрична енергија или природен гас.

(8) Можноста за снабдување со електрична енергија или природен гас преку директен вод нема да влијае на можноста да се склучи договор за пристап на трета страна и приклучување на мрежи за електрична енергија или природен гас во согласност со одредбите од овој закон.

(9) Владата може да одбие барање за овластување за изградба на директен вод, ако доделувањето на таквото овластување негативно влијае на вршењето на обврските за јавна услуга од овој закон. Одлуката за одбивање треба да биде детално образложена.

VI. ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

VI. 1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Пазари на електрична енергија

Член 68

(1) Пазарот на електрична енергија ги вклучува пазарот на електрична енергија на големо и пазарот на електрична енергија на мало.

(2) Пазарот на електрична енергија на мало ја вклучува купопродажбата на електрична енергија помеѓу снабдувачите со електрична енергија и нивните потрошувачи кои не се учесници на пазарот на електрична енергија на големо.

(3) Пазарот на електрична енергија на големо вклучува:

1) пазар со билатерални договори;

2) организиран пазар и тоа пазар ден однапред и пазар во тековниот ден и

3) пазар на балансна енергија.

(4) Операторот на пазарот на електрична енергија го администрира пазарот од ставот (3) точка 1) на овој член и под услови определени со овој закон може да го организира и управува пазарот од ставот (3) точка 2) на овој член, а операторот на електропреносниот систем го организира и управува пазарот од ставот (3) точка 3) на овој член, врз основа на начелата на транспарентност и недискриминација.

Учесници на пазарот на електрична енергија на големо

Член 69

(1) Учесници на пазарот на електрична енергија на големо се:

1) производителите на електрична енергија;
2) трговците со електрична енергија;
3) снабдувачите со електрична енергија;
4) потрошувачите на електрична енергија што ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот пропишани во правилата за пазар на електрична енергија;
5) операторот на електропреносниот систем;
6) операторот на електродистрибутивниот систем;
7) операторот на затворениот електродистрибутивен систем и
8) операторот на пазарот на електрична енергија.

(2) Учесниците на пазарот на електрична енергија од ставот (1) на овој член ги уредуваат меѓусебните права и обврски со договори склучени во согласност со овој закон и правилата и прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Покрај учесниците на пазарот на електрична енергија од ставот (1) на овој член, учесници на организираниот пазар на електрична енергија можат да бидат и други домашни и странски правни лица, во согласност со правилата за работа на организираниот пазар.

(4) Учесниците на пазарот на електрична енергија од ставот (1) на овој член се должни на операторот на електропреносниот систем, операторот на електродистрибутивниот систем, како и на операторот на пазарот на електрична енергија, да им ги достават сите потребни податоци во согласност со мрежните правила за пренос на електрична енергија, мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и правилата за пазар на електрична енергија.

VI. 2. ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Производител на електрична енергија

Член 70

(1) Производителот на електрична енергија во согласност со издадената лиценца, може да врши продажба на произведената електрична енергија и/или системски услуги на пазарот на електрична енергија во Република Македонија и во странство.

(2) Производителот на електрична енергија во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени согласно со овој закон:

1) нуди системски услуги на операторот на електропреносниот систем заради балансирање на системот, согласно со техничките капацитети и барањата утврдени во правилата за балансирање на електроенергетскиот систем и мрежните правила за пренос на електрична енергија;

2) обезбедува достапност на договорените количини на електрична енергија и/или системски услуги до точката на прием во електропреносниот или

електродистрибутивниот систем во согласност со условите и обврските од неговата лиценца, како и со договорот за приклучување;

3) мора да биде опремен со сите потребни технички ресурси, вклучително и уреди за телемерење на моменталното производство;

4) доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на електродистрибутивниот систем во согласност со мрежните правила;

5) доставува до операторот на електропреносниот систем и операторот на пазарот на електрична енергија податоци и информации од договорите за купување и продажба на електрична енергија, расположливоста на производниот капацитет и/или системските услуги, освен деловно-финансиските податоци.

(3) Производителот на електрична енергија има право да купува електрична енергија на пазарот на електрична енергија, со цел да го оптимизира своето производство и ги минимизира трошоците во работењето.

(4) Производителот на електрична енергија од производна постројка каде што најмалку една единица за производство има инсталирана моќност еднаква или поголема од 250 MW е должен да ги чува најмалку пет години сите податоци што се однесуваат на целата производна постројка, од кои можат да се утврдат и проверат за секој поединечен час сите негови оперативни одлуки поврзани со диспечирање и наддавање на организираните пазари на електрична енергија, аукциите за интерконективни капацитети, пазарите на балансна енергија и билатералните договори, во кои се вклучени и податоци за расположливите производствени капацитети и доделените системски услуги, како и распределбата на доделените системски услуги на ниво на постројка во периодите кога се одвива наддавањето и кога се одвива производството.

(5) Производителот на електрична енергија е должен податоците од ставот (4) на овој член да ги даде на увид на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и на Секретаријатот на Енергетската заедница во согласност со обврските на Република Македонија коишто произлегуваат од ратификуваните меѓународни договори.

(6) Производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија приклучен на електродистрибутивна мрежа може да биде претставен на пазарот на електрична енергија на големо од виртуелен производител на електрична енергија. Правата и обврските на виртуелниот производител на електрична енергија се уредуваат со правилата за пазар на електрична енергија.

(7) Со цел да се обезбеди сигурност во снабдувањето со електрична енергија, Владата во согласност со Член 6 од овој закон, може да донесе одлука со која на производител на електрична енергија му наметнува обврска за обезбедување на јавна услуга со која се задолжува, во секое време да има оперативни резерви од примарно гориво во количина којашто е потребна за најмалку 15 дена работа со максимален капацитет, во согласност со правилата за јавна услуга од членот 6 од овој закон. Минималните оперативни резерви на примарно гориво посебно се наведуваат во лиценцата за вршење на дејноста.

VI.3. ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Сопственичко раздвојување на операторот на електропреносниот систем

Член 71

(1) Операторот на електропреносниот систем на Република Македонија е друштво кое:

1) како правен следбеник на Електростопанство на Македонија е сопственик на електропреносната мрежа што се состои од трафостаници, линиски инфраструктурни објекти - далекуводи, постројки, објекти и средства што

се во функција на вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем;

2) не е дел од вертикално интегрирано друштво;

3) е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија;

4) не врши и е независено од вршењето на други дејности во електроенергетскиот сектор определени со овој закон и

5) е сертифицирано и назначено за оператор на електропреносниот систем од страна на Регулаторната комисија за енергетика, во постапка утврдена со овој закон.

(2) Со цел да се обезбеди независност на операторот на електропреносниот систем, исто лице или лица немаат право во исто време:

1) директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со друштво што врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со електрична енергија, и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во операторот на електропреносниот систем;

2) директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на електропреносниот систем и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво што врши некоја од дејностите производство или снабдување со електрична енергија и

3) да именуваат членови на орган на надзор, орган на управување на операторот на електропреносниот систем и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво што врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со електрична енергија.

(3) Ограничувањата од ставот (2) на овој член особено се однесуваат на:

1) користење на право на глас;

2) избор и именување на членови на органот на надзор и органот на управување или

3) поседување на мнозински удел.

(4) Друштвото кое поседува лиценца за вршење на дејноста пренос на електрична енергија не може да има лиценци и не може да биде вклучено во вршење на дејностите производство, дистрибуција, трговија и снабдување со електрична енергија, како и не може да има лиценца за организирање и управување со пазарот на електрична енергија.

(5) Ако операторот на електропреносниот систем бил дел од вертикално интегрирано друштво за електрична енергија, операторот или неговите вработени не смеат да ги пренесуваат деловно чувствителните информации кои ги поседуваат на друштва за производство и/или снабдување со електрична енергија.

(6) Како друштво што врши некоја од дејностите производство или снабдување од ставот (2) на овој член се смета и друштво што врши некоја од дејностите производство или снабдување со природен гас, а не ги вклучува потрошувачите кои вршат некоја од дејностите производство и/или снабдување со електрична енергија, директно или преку друштво во кои учествуваат во управувањето, поединечно или заедно, доколку:

1) на просечно годишно ниво се нето потрошувачи на електрична енергија земајќи го предвид нивното учество во произведената електричната енергија од друштвата во кои учествуваат во управувањето;

2) вредноста на електричната енергија што ја продаваат на трети лица е незначителна во однос на другите нивни деловни активности.

Сопственик на операторот на електропреносниот систем

Член 72

(1) Министерството надлежно за работите од областа на транспортот е сопственик на друштвото коешто е оператор на електропреносниот систем.

(2) Министерството од ставот (1) на овој член е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување на друштвото од ставот (1) и не смее да прифаќа упатства или насоки од Владата или друг државен орган.

(3) Членовите на органот на надзор, односно на органот на управување на операторот на електропреносниот систем:

1) во постапка за донесување на одлуки согласно закон, не смеат да бараат ниту да прифаќаат упатства или насоки од Владата или друг државен орган, освен во случаите утврдени во овој закон и

2) не смеат да бидат избрани за членови на орган на надзор, односно на орган на управување на друштва коишто вршат производство, снабдување или трговија со електрична енергија или друштва коишто имаат можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тие друштва.

Програма за усогласеност

Член 73

Операторот на електропреносниот систем, независно од организационата форма, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, донесува програма за усогласеност со која се утврдуваат мерките кои треба да се преземаат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем по кој било основ, се дефинираат обврските на вработените во реализацијата на програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на операторот на електропреносниот систем со обврските утврдени со овој закон и програмата.

Службеник за усогласеност

Член 74

(1) Реализацијата на програмата од членот 73 од овој закон ја следи службеник за усогласеност.

(2) Службеникот за усогласеност од ставот (1) на овој член е именуван од органот за надзор на операторот на електропреносниот систем, по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Регулаторната комисија за енергетика може да не го одобри именувањето на службеникот за усогласеност ако утврди дека не ги исполнува условите за независност или стручност.

(4) Органот за надзор на операторот на електропреносниот систем може, по претходно одобрение од Регулаторната комисија за енергетика, да го разреши службеникот за усогласеност. По барање на Регулаторната комисија за енергетика, органот за надзор го разрешува службеникот за усогласеност заради неисполнување на условите за независност или стручност.

(5) Регулаторната комисија за енергетика ги одобрува условите со кои се уредува мандатот и условите за вработување на службеникот за усогласеност, вклучувајќи го и времетраењето на неговиот мандат или вработување, со цел да се обезбедат независноста, како и сите потребни услови за остварување на неговите овластувања и извршување на неговите должности.

(6) За време на својот мандат, службеникот за усогласеност не може да извршува друга професионална дејност, ниту да има интерес или деловен однос,

директно или индиректно, со друштва од енергетскиот сектор или со нивните содружници или акционери.

(7) Операторот на електропреносниот систем е должен на службеникот за усогласеност да му ги даде на увид сите податоци и информации потребни за остварување на неговите овластувања и по негово барање, да му овозможи пристап до сите простори и простории во кои ја врши својата дејност.

(8) Службеникот за усогласеност е должен да:

1) го следи спроведувањето на програмата за усогласеност и изработува годишен извештај за преземените мерки за нејзиното спроведување кој го доставува до Регулаторната комисија за енергетика;

2) доставува извештаи до органот за надзор и дава препораки во однос на програмата за усогласеност и нејзината реализација и

3) ја известува Регулаторната комисија за енергетика за значителни прекршувања во спроведувањето на програмата за усогласеност.

(9) Службеникот за усогласеност ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика предложениот инвестициски план и предложените одлуки за поединечни инвестиции во електропреносниот систем, истовремено кога органот на управување на операторот на електропреносниот систем ги доставува одлуките до органот за надзор.

(10) Органот на управување, органот за надзор и раководните лица на операторот на електропреносниот систем се должни да го повикаат службеникот за усогласеност да присуствува на сите закажани состаноци и да му ги достават сите потребни материјали, а особено кога се одлучува за:

1) условите поврзани со услугите за пристап и користење на електропреносниот систем кои се однесуваат на цените за користење, распределбата на преносниот капацитет и управувањето со загушувањата;

2) проектите поврзани со управување, одржување и развој на електропреносниот систем, вклучувајќи ги и инвестициите во интерконективните водови и

3) набавката или продажбата на електрична енергија неопходна за функционирање на електропреносниот систем, вклучувајќи ги и системските услуги за балансирање.

Сертификација на операторот на електропреносниот систем

Член 75

(1) Вршителот на дејноста пренос на електрична енергија мора да биде сертифициран како оператор на електропреносниот систем на начин, во постапка и во рок утврдени со овој закон.

(2) Постапката за сертификација на операторот на електропреносниот систем се спроведува:

1) на барање на операторот на електропреносниот систем на кого му е издадена лиценца за вршење на дејноста пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем во согласност со ставот (4) на овој член или

2) по службена должност од страна на Регулаторната комисија за енергетика во случај:

- кога операторот на електропреносниот систем нема да поднесе барање за сертификација или
- кога настанала или може да настане повреда на обврските за сопственичко раздвојување утврдени во членот 71 од овој закон или
- на доставено образложено барање од Секретаријатот на Енергетската заедница.

(3) Ако операторот на електропреносниот систем не е сертифициран е должен да достави барање за сертификација со документи пропишани со

правилата за сертификација што ги донесува Регулаторната комисија за енергетика.

(4) Во рок од четири месеци од денот на доставување на барање за сертификација од страна на операторот на електропреносниот систем или од датумот кога Секретаријатот на Енергетската заедница го доставил образложеното барање од ставот (2) точка 2) алинеја 3 на овој член, Регулаторната комисија за енергетика изготвува предлог одлука за сертификација на операторот на електропреносниот систем и веднаш му ја доставува на Секретаријатот на Енергетската заедница, заедно со сите информации поврзани со предлог одлуката.

(5) Во рок од 60 дена по добивање на мислењето од страна на Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика, донесува одлука по барањето за сертификација. Регулаторната комисија за енергетика го зема предвид мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница и ги објавува причините за можните отстапки од мислењето.

(6) Регулаторната комисија за енергетика ја објавува одлуката од ставот (5) на овој член во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница, на која го објавува и мислењето издадено од Секретаријатот на Енергетската заедница.

(7) Регулаторната комисија за енергетика води службена евиденција за комуникацијата остварена со Секретаријатот на Енергетската заедница во врска со постапката за сертификација на операторот на електропреносниот систем. Службената евиденција се става на увид на операторот на електропреносниот систем кој бара сертификација и на засегнатите институции од јавниот сектор. Регулаторната комисија за енергетика е должна како доверливи да ги чува деловно чувствителните податоци.

(8) Операторот на електропреносниот систем, производителите на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, снабдувачите на електрична енергија или трговците со електрична енергија во текот на постапката за сертификација, на барање на Регулаторната комисија за енергетика и/или Секретаријатот на Енергетската заедница, се должни веднаш да ги достават сите потребни податоци и информации.

(9) По спроведувањето на постапката за сертификација, Регулаторната комисија за енергетика на операторот на електропреносниот систем му издава сертификат со кој се назначува за оператор на електропреносниот систем и се потврдува дека ги исполнува условите во поглед на сопственичкото раздвојување и независноста како и условите во поглед на финансиско-материјалната способност и техничката и кадровската оспособеност, како и другите услови пропишани со овој закон.

Постапка за сертификација на лица од трети држави

Член 76

(1) По барање од операторот или сопственикот на електропреносниот систем, Регулаторната комисија за енергетика спроведува постапка за сертификација на операторот на електропреносниот систем којшто е под контрола од лице или група лица од трета држава или трети држави.

(2) Операторот или сопственикот од ставот (1) на овој член е должен веднаш да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за околностите коишто можат да доведат до преземање на контрола врз него од страна на лице или група лица од трета држава или трети држави.

(3) Регулаторната комисија за енергетика е должна за барањето за сертификација од ставот (1) на овој член и известувањето од ставот (2) од овој член, како и за последиците од преземањето на операторот на

електропреносниот систем, веднаш да ги извести Министерството и Секретаријатот на Енергетската заедница.

(4) Министерството, во рок од 60 дена од приемот на известувањето од ставот (3) на овој член, изготвува мислење во кое е содржана процена дали издавањето на сертификатот може да ја загрози сигурноста во снабдувањето во Република Македонија и/или сигурноста на снабдувањето на договорна страна или земја - членка на Енергетската заедница, особено земајќи ги предвид:

1) правата и обврските на Енергетската заедница во однос на државата или државите од ставот (1) на овој член кои произлегуваат од меѓународното право и ратификуваните меѓународни договори во однос на сигурност во снабдувањето, вклучувајќи и други договори што се однесуваат на сигурност во снабдувањето склучени со една или повеќе трети држави во кои Енергетската заедница е договорна страна;

2) правата и обврските на Република Македонија кон државата или државите од ставот (1) на овој член кои произлегуваат од ратификуваните меѓународни договори со таа држава или држави, до степен во кој тие договори се во согласност со законодавството на Енергетската заедница и

3) други специфични околности.

(5) Регулаторната комисија за енергетика, во рок од четири месеци од датумот на прием на барањето од ставот (1) на овој член, изготвува предлог-одлука за сертификација, односно одбивање на барањето за сертификација.

(6) Регулаторната комисија за енергетика го одбива барањето за сертификација од ставот (1) на овој член, ако:

1) операторот на електропреносниот систем не докаже дека ги исполнува и условите пропишани во правилникот од членот 41 од овој закон и во членот 71, став 2) и 4) од овој закон;

2) издавањето на сертификатот ја загрозува сигурноста на снабдувањето на Република Македонија и/или сигурноста на снабдувањето на договорна страна или земја - членка на Енергетската заедница.

(7) Регулаторната комисија за енергетика е должна веднаш да ја достави до Секретаријатот на Енергетската заедница предлог-одлуката од ставот (5) на овој член, заедно со пропратната документација врз основа на која е донесена одлуката, заради добивање на мислење.

(8) Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 60 дена од денот на доставувањето на мислењето, односно истекувањето на рокот за доставување на мислењето од Секретаријатот на Енергетската заедница, донесува одлука за сертификација, односно одбивање на барањето за сертификација.

(9) При донесувањето на одлуката од ставот (8) на овој член Регулаторната комисија за енергетика е должна целосно да го земе предвид мислењето на Министерството и мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница.

(10) Одлуката на Регулаторната комисија за енергетика и мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“.

(11) Ако одлуката на Регулаторната комисија за енергетика не е во согласност со мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница, со одлуката се објавува и образложение.

Ревизија на сертификацијата

Член 77

(1) Регулаторната комисија за енергетика започнува постапка за ревизија на сертификацијата ако при вршење на надзор врз работењето на операторот на електропреносниот систем, или ако била известена од операторот или службеникот за усогласеност од членот 74 од овој закон, или на друг начин

дошла до сознанија дека настанала или се планира настанување на промена во сопственичката структура на операторот или друга промена којашто може да влијае врз исполнувањето на обврските утврдени во членот 71, членот 72 и членот 78 од овој закон.

(2) Постапката од ставот (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика ја започнува и по барање од Секретаријатот на Енергетската заедница.

(3) Регулаторната комисија за енергетика доставува до операторот на електропреносниот систем известување за започнувањето на постапката за ревизија на сертификацијата со кое го задолжува да ја обезбеди потребната документација, податоци и информации од коишто може да се утврди планираната или настанатата промена, како и рок за нивно доставување којшто не може покус од 15 дена.

(4) Во рок од 60 дена по добивањето на бараните податоци, информации и документација, Регулаторната комисија за енергетика изготвува предлог одлука за издавање на нов или одземање на постојниот сертификат и ја доставува на мислење до Секретаријатот на Енергетската заедница.

(5) Во рок од 60 дена по добивање на мислење од Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за издавање на нов или одземање на постојниот сертификат и ја објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница. При донесување на одлуката, Регулаторната комисија за енергетика го зема предвид мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница и на својата веб страница ги објавува причините за можните отстапки од мислењето.

Должности на операторот на електропреносниот систем

Член 78

(1) Операторот на електропреносниот систем ја одржува, надградува и проширува електропреносната мрежа, управува со електропреносниот систем на Република Македонија и обезбедува поврзување на електропреносниот систем со електропреносните системи во други држави.

(2) Операторот на електропреносниот систем е должен во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон:

1) да придонесе за сигурноста во снабдувањето со електрична енергија, преку обезбедување на сигурно и доверливо функционирање на електропреносниот систем на Република Македонија, како и преку обезбедување на соодветен капацитет за пренос;

2) да склучи оперативни договори со операторите на соседните електропреносни системи со кои е поврзан со цел на недискриминаторен и транспарентен начин и во согласност со пропишаниот квалитет, да обезбеди сигурен, безбеден, и квалитетен пренос на електрична енергија преку електропреносната мрежа на Република Македонија и да обезбеди оптимално управување со електропреносната мрежа;

3) да го организира и управува пазарот на балансна енергија од членот 68, став (3) точка 3) од овој закон, и да ги донесе и спроведува правилата за балансирање од членот 79 од овој закон;

4) воспоставува и води регистар на даватели на услуги за балансирање и регистар на балансно одговорни страни и балансни групи;

5) во секое време да има на располагање материјални, технички и човечки ресурси, како и финансиски средства потребни за исполнување на неговите обврски во однос на развојот, надградувањето и одржувањето на електропреносниот систем;

6) да ги приклучи на електропреносната мрежа производителите, потрошувачите и операторот на електродистрибутивниот систем;

7) да им ги обезбеди сите информации потребни за пристап и да им обезбеди пристап на сите корисници на електропреносниот систем во согласност со овој закон;

8) да ги објави на својата веб страница тарифите за пренос на електрична енергија, одобрени од Регулаторната комисија за енергетика;

9) да гради нови и да ги надградува постојните интерконективни водови со соседните држави, водејќи сметка за ефикасно искористување на постојните интерконективни капацитети и рамнотежата помеѓу инвестициските трошоци и придобивките за потрошувачите;

10) да ги обезбеди прекуграничните протоци на електрична енергија преку електропреносната мрежа на Република Македонија во рамки на расположивиот преносен капацитет;

11) да изработи годишен план за одржување на интерконективните и внатрешните далекуводи од електропреносната мрежа, усогласен со операторите на електропреносните системи во регионот и да го објави на својата веб страница;

12) да изработи годишен план за одржување на внатрешните далекуводи од електропреносната мрежа, и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да го објави на својата веб страница;

13) да изработи конечен дневен распоред и да ги евидентира и чува податоците добиени во процесот на изработка на конечниот дневен распоред;

14) да обезбеди дневно диспечирање и управување во реално време со протоците на електрична енергија, водејќи сметка за целокупното производство на електрична енергија во Република Македонија и внатрешните и прекуграничните трансакции преку електропреносниот систем, врз основа на конечниот дневен распоред;

15) да обезбеди синхронизирана работа на електроенергетскиот систем на Република Македонија и соседните електроелектроенергетски системи, како и размена на податоци со операторите на други електропреносни системи;

16) да ја поттикнува прекуграничната размена на електрична енергија со примена на имплицитни аукции за краткорочни алокации на капацитетите и интеграција на механизмите за балансирање и резервна моќност;

17) да објавува податоци и навремено да обезбеди информации од операторите на соседните електропреносни системи за расположливите преносни капацитети на интерконективните водови заради обезбедување на недискриминаторен, објективен и транспарентен пристап и користење на електропреносниот систем;

18) да обезбеди инсталирање и одржување на мерните уреди и да ја мери електричната енергија на сите мерни места во точките на прием и испорака на електропреносниот систем и да ги доставува податоците од мерењата до корисниците на системот и до операторот на пазарот на електрична енергија;

19) да им обезбеди пристап на корисниците на електропреносниот систем до мерните уреди што се во негова сопственост;

20) да набавува системски услуги за балансирање на електропреносниот систем, согласно со правилата за балансирање на електроенергетскиот систем;

21) да учествува на регионалниот пазар на балансна енергија;

22) да изготви правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем и да ги достави до Регулаторната комисија за енергетика за одобрување;

23) да набавува електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа и електрична енергија за сопствени потреби, со цел да се обезбеди сигурно и доверливо функционирање на електропреносниот систем, по пазарни услови, на транспарентен и недискриминаторен начин;

24) да набавува и продава електрична енергија за компензација со цел да се обезбеди сигурно и доверливо функционирање на електропреносниот систем, по пазарни услови, на транспарентен и недискриминаторен начин;

25) да ги решава преоптоварувањата во електропреносниот систем во согласност со мрежните правила за пренос на електрична енергија;

26) да обезбеди балансирање на електроенергетскиот систем и порамнување на отстапувањата и услугите за балансирање како и да ги обезбеди пресметувањето, фактурирањето и наплатата на услугите за балансирање;

27) во случај на загрозување на сигурност во снабдувањето со електрична енергија, хаварии или поголеми отстапувања на потрошувачката на електрична енергија од предвидените количини, во рамките на техничките можности за пренос на електричната енергија да ги воспостави потребните измени на распоредот и времето на ангажирање на производните капацитети во Република Македонија и набавката на електрична енергија, при што трошоците за набавената електрична енергија, со примена на балансниот механизам, ќе се надоместат од учесниците на пазарот на електрична енергија коишто предизвикале отстапување;

28) да обезбеди доверливост на деловните податоци на корисниците на електропреносниот систем и

29) да соработува со операторите на електропреносните системи на други земји и да учествува во работата на регионалните и меѓународните асоцијации.

(3) Операторот на електропреносниот систем е должен да води диспечерска книга, записи за доверливоста на електропреносниот систем, податоци од системот за надзор и управување и мерни податоци и тие книги, записи и податоци да ги чува најмалку десет години.

(4) Операторот на електропреносниот систем е должен да води евиденција за работењето на електропреносниот систем и за тоа да ја известува Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање.

(5) Операторот на електропреносниот систем во согласност со членот 48 ставови (2) и (3) од овој закон, може привремено да ја прекине испораката на електрична енергија од електропреносниот систем при вршење на планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширувања на мрежите, уредите и инсталациите, приклучување на нови корисници на електропреносниот систем, како и во случај на потреба од спречување на ризици од нарушувања во електроенергетскиот систем. Начинот, постапките и известувањата за прекините се засновани на начелата на објективност, транспарентност и недискриминација, и подетално се уредени со мрежните правила за пренос на електрична енергија.

Правила за балансирање

Член 79

(1) Секој од учесниците на пазарот на електрична енергија од членот 69 став (1) точки од 1) до 7) има балансна одговорност.

(2) Операторот на електропреносниот систем ги изготвува правилата за балансирање, и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, ги објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница.

(3) Правилата за балансирање се објективни, транспарентни, недискриминаторни и пазарно-ориентирани и со нив особено се уредува:

1) правата и обврските на давателите на услуги за балансирање;

2) постапката за набавка на услугите за балансирање;

3) методологијата за формирање на цени за услугите за балансирање, како и постапката за нивна пресметка, фактурирање и наплата, којашто треба да

биде недискриминаторна, да ги одразува реално направените трошоците и да овозможи минимизирање на трошоците за балансирање;

4) начинот на утврдување на активираните количини на услугите за балансирање коишто се порамнуваат помеѓу давателите на услугите за балансирање;

5) финансиското порамнување со давателите на услуги за балансирање, вклучувајќи ги и договорите и финансиските гаранции што се бараат од давателите на услуги во врска со порамнувањето на услугите за балансирање;

6) одговорностите на балансно одговорните страни, вклучувајќи го и склучувањето на договорите за балансна одговорност;

7) формата, содржината и начинот на водење на регистар на даватели на услуги за балансирање и на регистар на балансно одговорни страни и балансни групи;

8) начинот на пресметка на дебалансите помеѓу номинираните и реализираните трансакции врз основа на мерењата направени од страна на операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем и

9) финансиското порамнување со балансно одговорната страна.

(4) Во согласност со одредбите од овој закон и правилата од ставот (2) на овој член, операторот на електропреносниот систем е должен да:

1) ги утврди активираните количини на услугите за балансирање со секој давател на услуги за балансирање;

2) ги утврди сите дебаланси со секоја балансно одговорна страна;

3) ги пресмета потребните количини на системски услуги кои ги набавува на пазарот на балансна енергија;

4) ја пресмета цената на порамнување за отстапувањата на балансно одговорните страни и

5) направи финансиско порамнување со давателите и корисниците на услуги за балансирање.

(5) Операторот на електропреносниот систем им фактурира на учесниците на пазарот на електрична енергија за настанатите отстапувања од најавените физички трансакции, по цени пресметани во согласност со методологијата за пресметка за надоместок за услугите на балансирање утврдени во правилата за балансирањето на електроенергетскиот систем.

(6) Операторот на електропреносниот систем ги доставува до операторот на пазарот на електрична енергија податоците од системите за мерење на електрична енергија, активираните количини на услугите за балансирање за секој давател на услуга за балансирање, цената на порамнување и конечниот дневен распоред. Операторот на пазарот на електрична енергија врши пресметка на дебалансите на балансно одговорните страни и предлог пресметка за трошокот за дебалансите и ги доставува до операторот на електропреносниот систем.

(7) Операторот на електропреносниот систем квартално ја известува Регулаторната комисија за енергетика за договорите кои ги склучил со давателите на услуги за балансирање и за нивната реализација.

(8) Со цел да се обезбеди оперативна сигурност и ефикасно функционирање на регионалниот пазар на услуги за балансирање врз основа на начелата на конкуренција, недискриминација и транспарентност во рамки на Енергетската заедница, операторот на електропреносниот систем соработува со другите оператори на електропреносни системи од договорните страни и учесниците во договорот за Енергетската заедница.

Меѓусебна компензација на операторите на електропреносните системи

Член 80

(1) Операторот на електропреносниот систем, во согласност со правилата со кои е воспоставен механизмот за меѓусебна компензација на операторите на електропреносните системи, е одговорен за:

1) плаќање на надоместоците за загушување и трошоците настанати поради испораката на прекуграничните протоци на електрична енергија во електропреносните мрежи на соседните земји, и тоа на операторите на електропреносните системи каде што тие протоци завршуваат и

2) наплата на надоместоците за загушување и трошоците настанати поради преземањето на прекуграничните протоци на електрична енергија во електропреносната мрежа на Република Македонија, и тоа од операторите на електропреносните системи од коишто тие протоци потекнуваат.

(2) Операторот на електропреносниот систем ги наплатува трошоците од ставот (1) на овој член редовно во определени интервали во однос на одреден изминат период, при што може да врши дополнително порамнување на наплатениот надоместок кога е тоа неопходно за да се изразат реално направените трошоци.

(3) Операторот на електропреносниот систем ја утврдува големината на прекуграничните протоци коишто се преземаат или коишто потекнуваат и/или завршуваат во националните електропреносни системи, врз основа на измерените физички протоци на електрична енергија во текот на одреден временски период.

(4) Операторот на електропреносниот систем го утврдува износот на надоместоците од ставот (1) на овој член врз основа на прогресивно долгорочни просечно растечки надоместоци, земајќи ги предвид загубите, трошоците за постојната инфраструктура и инвестициите во нова инфраструктура што се користи за пренос на прекуграничните протоци, водејќи сметка за сигурноста на снабдувањето. Операторот на електропреносниот систем е должен при утврдување на надоместоците да ги има предвид придобивките за мрежата настанати како резултат од преземањето на прекуграничните протоци.

Надоместоци за користење на електропреносната мрежа

Член 81

(1) Надоместоците коишто ги наплаќа операторот на електропреносниот систем за пристап и приклучување на електропреносната мрежа се утврдуваат на транспарентен начин со примена на методологиите за пресметка на трошоци за приклучување утврдени во мрежните правила за пренос на електрична енергија, земајќи ги предвид реално направените трошоци и потребата за сигурен, непрекинат и доверлив пренос. Надоместоците не зависат од оддалеченоста од точката на пристап во мрежата, освен надоместокот за приклучување на мрежата, а се применуваат на недискриминаторен начин.

(2) Висината на надоместоците што ги плаќаат корисниците на мрежата се одредува во сооднос со загубите во мрежата и настанатото загушување, како и трошоците за инвестиции во инфраструктурата и обезбедува информација на операторот на електропреносниот систем за локациите каде се потребни инвестиции во постојната инфраструктура.

(3) При утврдувањето на надоместоците за користење на електропреносниот систем се земаат предвид:

1) приходите и расходите што произлегуваат од механизмот за меѓусебна компензација на операторите на електропреносните системи и

2) реално настанатите приходи и расходи, како и расходите што се очекуваат во идниот период, проценети врз основа на расходите во изминатиот период.

(4) Надоместокот за користење на електропреносниот систем го плаќаат потрошувачите на електрична енергија во Република Македонија, во согласност со објавената тарифа. Операторот на електропреносниот систем им го фактурира надоместокот за користење на системот на:

1) потрошувачите директно приклучени на електропреносниот систем што самостојно настапуваат на пазарот на електрична енергија;

2) производителите на електрична енергија директно приклучени на електропреносниот систем, за преземената електрична енергија од електропреносната мрежа за сопствени потреби;

3) снабдувачите, за потрошувачите директно приклучени на електропреносниот систем што не настапуваат самостојно на пазарот на електрична енергија и

4) операторите на електродистрибутивните системи или снабдувачите на електрична енергија за потрошувачите приклучени на електродистрибутивните системи.

(5) Надоместоци за користење на електропреносниот систем при поединечни трансакции за транзит на електрична енергија не се наплаќаат.

Правила за координација

Член 82

(1) Заради обезбедување на сигурноста на мрежата при управувањето со загушувања, операторот на електропреносниот систем ги утврдува механизмите за координација и размена на информации со корисниците на системот и со операторите на соседните електропреносни системи во мрежните правила за пренос на електрична енергија.

(2) Операторот на електропреносниот систем е должен да користи модел за пресметка на вкупниот преносен капацитет за електрична енергија преку електропреносната мрежа и за пресметка на маргината на доверливост за пренос на електрична енергија, врз основа на електричните и физичките карактеристики на мрежата.

(3) Операторот на електропреносниот систем на својата веб страница ја објавува проценката на расположливиот годишен, месечен и дневен преносен капацитет.

(4) Операторот на електропреносниот систем има право да ги побара сите потребни податоци од секој учесник на пазарот на електрична енергија што се поврзани со извршувањето на неговите должности.

(5) Учесниците на пазарот на електрична енергија се должни на операторот на електропреносниот систем да му доставуваат информации и податоци коишто се потребни за одредување на:

1) вкупното оптоварување на електроенергетскиот систем;

2) нерасположивоста на потрошувачките единици;

3) предвидувањата за година однапред;

4) преносната инфраструктура, како и нерасположивоста на преносната инфраструктура;

5) проценката и понудата на капацитети, како и користењето на капацитетите помеѓу зоните на тргување;

6) мерките за управување со загушувањата;

7) предвидување на производството на електрична енергија, нерасположивоста на производните капацитети и реалното производство и

8) балансирањето.

(6) Операторот на електропреносниот систем, по претходно одобрување на Регулаторната комисија за енергетика, донесува и објавува на својата веб страница правила за формата, содржината и динамиката на доставување и објавување на податоците од ставот (5) на овој член.

(7) Операторот на електропреносниот систем ги објавува податоците од ставот (5) на овој член и ги доставува до ENTSO-E, во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори.

Планирање на развој

Член 83

(1) Операторот на електропреносниот систем е должен секоја година да подготви план за развој на електропреносниот систем за период од следните десет години во кој, согласно со барањата утврдени во мрежните правила за пренос на електрична енергија, треба да бидат содржани сите потребни информации за проширувањето и надградбата на електропреносниот систем вклучувајќи ги и приоритетите за изградба на нови интерконективни водови усогласени со операторите на електротреносните системи во регионот. Операторот на електропреносниот систем го доставува планот за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 октомври секоја календарска година и по добиеното одобрување, го усвојува планот и го објавува на својата веб страница.

(2) Операторот на електропреносниот систем подготвува и најдоцна до 31 октомври секоја календарска година доставува до Министерството и до Регулаторната комисија за енергетика едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за потрошувачката на електрична енергија во Република Македонија.

(3) За секој регулиран период операторот на електропреносниот систем изработува и доставува за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика планови за инвестирање во електропреносниот систем, во кои како резултат на предвидените инвестиции, особено треба да биде прикажано:

1) очекуваното зголемување на ефикасноста на работењето на електропреносниот систем преку намалувањето на загубите на електрична енергија и

2) подобрувањето на квалитетот на испорачаната електрична енергија од електропреносната мрежа.

Мрежни правила за пренос на електрична енергија

Член 84

(1) Операторот на електропреносниот систем е должен, по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика, да ги донесе мрежните правила за пренос на електрична енергија и да ги објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница. Мрежните правила за пренос на електрична енергија особено ги уредуваат:

1) техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на електропреносниот систем;

2) техничко-технолошките услови и начинот за приклучување на корисниците на електропреносниот систем;

3) методологијата за определување на надоместокот за приклучување на електропреносната мрежа;

4) условите и начинот на пристап на трета страна на електропреносниот систем;

5) објективни, недискриминаторни и транспарентни постапки за разрешување на преоптоварувањата во електропреносниот систем;

6) техничко-технолошките услови за работа на објектите за производство на електрична енергија за кои е издадена лиценца за пробна работа;

7) планирањето на одржувањето и развојот на електропреносниот систем;

8) начин на усогласување со корисниците на електропреносниот систем во случаи на планирани прекини;

9) содржината на плановите за развој на електропреносниот систем, како и начинот и постапката според која корисниците на системот ги доставуваат неопходните податоци за изготвување на таквите планови за развој;

10) начинот и постапката за прогнозирање на потрошувачката за електрична енергија, како и обврските на корисниците на електропреносниот систем во поглед на доставување на неопходните податоци потребни за изготвување на прогнозите за потрошувачката;

11) мерките за обезбедување на потребната оперативна сигурност на електропреносниот систем;

12) мерките, активностите и постапките во случај на нарушувања и хаварии;

13) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на електричната енергија и моќност;

14) техничките критериуми за обезбедување на системски услуги;

15) начинот на диспечирање;

16) квалитетот на електрична енергија која се испорачува преку електропреносниот систем;

17) квалитетот на услугите што операторот на електропреносниот систем ги обезбедува на корисниците;

18) механизмите за координација и размена на информации со корисниците на системот и со операторите на соседните електропреносни системи;

19) комуникациските протоколи за надзор и управување на електропреносниот систем;

20) работата на системот за оперативно управување;

21) начинот на објавување на информациите коишто согласно со овој закон е должен да ги објавува и

22) начинот и постапката за обезбедување на информации за корисниците на системот.

(2) Мрежните правила на ENTSO-E се сметаат за прифатени и директно се применуваат од страна на операторот на електропреносниот систем во согласност со обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори, како и обврските на операторот на електропреносниот систем од членството во ENTSO-E.

Правила за доделување на прекугранични преносни капацитети

Член 85

(1) Операторот на електропреносниот систем, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, ги донесува правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети коишто ги објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница.

(2) Правилата од ставот (1) на овој член треба да бидат:

1) во согласност со техничките можности на електропреносниот систем;

2) пазарно ориентирани и да се применуваат на транспарентен и недискриминаторен начин во однос на корисниците на системот и

3) во согласност со обврските што Република Македонија ги има преземено со ратификуваните меѓународните договори, како и со обврските на операторот на електропреносниот систем што произлегуваат од членството во ENTSO-E и други меѓународни организации.

(3) Со правилата од ставот (1) на овој член особено се уредува начинот на:

1) пресметка на расположливите прекугранични преносни капацитети;

2) доделување на прекуграничните преносни капацитети водејќи сметка за загушувањата во електропреносниот систем;

3) плаќање за користење на прекуграничните преносни капацитети во случај на загушувања во електропреносниот систем и интерконективниот вод и

4) објавување на податоците.

Управување со загушувањата

Член 86

(1) Операторот на електропреносниот систем се справува со загушувањата во мрежата со примена на недискриминаторни и пазарно ориентирани решенија коишто ги поттикнуваат учесниците на пазарот за рационално користење на интерконективните водови и/или деловите од електропреносната мрежа кои влијаат на прекуграничните протоци, како и вклучените оператори на електропреносни системи за проширување и надградба на постојните и изградба на нови интерконективни водови. Загушувањата во мрежата првенствено се решаваат со примена на методи што не се засновани на трансакции, односно методи што не се засновани на избор помеѓу договорите на поединечните учесници на пазарот на електрична енергија.

(2) Операторот на електропреносниот систем на недискриминаторен начин применува постапки за ограничување на трансакциите само во итни состојби кога мора да дејствува веднаш и кога не е можно редиспечирање или краткорочно непосредно договарање.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член операторот на електропреносниот систем е должен да им надомести за ограничувањето на користењето на доделениот преносен капацитет на учесниците на пазарот на електрична енергија, освен ако причина за ограничувањето била настан од виша сила.

(4) Операторот на електропреносниот систем го става на располагање за учесниците на пазарот на електрична енергија максималниот расположив капацитет на интерконективните водови и/или деловите од електропреносната мрежа кои влијаат на прекуграничните протоци, во согласност со стандардите за безбедност на функционирањето на електроенергетскиот систем на Република Македонија и електропреносните системи на соседните држави.

(5) Учесниците на пазарот за електрична енергија се должни да го известуваат операторот на електропреносниот систем за намерата да го користат доделениот преносен капацитет и тоа во разумен рок пред соодветниот оперативен период. Секој доделен, а неискористен електропреносен капацитет повторно се враќа на пазарот и се доделува на учесник на пазарот на отворен, транспарентен и недискриминаторен начин.

(6) Операторот на електропреносниот систем, во зависност од техничките услови, ги одобрува барањата за капацитет за сите протоци на енергија во спротивна насока на загушениот интерконективен вод со цел максимално да го искористи капацитетот на водот. Операторот на електропреносниот систем секогаш ги одобрува барањата за капацитет за оние протоци на енергија со кои се намалува загушувањето, заради обезбедување на сигурно функционирање на електропреносниот систем.

(7) Кога номинациите за користење на преносен капацитет на интерконективен вод од сите учесници на пазарот на електрична енергија се порамнуваат според насоките на проток на енергијата, така што, вкупниот капацитет кој се бара е помал од расположивиот преносен капацитет и не постои загушување, операторот на електропреносниот систем го доделува неискористениот преносен капацитет без наплаќање на дополнителни трошоци за управување со загушувања.

(8) Сите приходи што ги остварува од користењето на интерконективните водови, операторот на електропреносниот систем е должен да ги користи за:

1) гарантирање на стварната расположивост на доделениот капацитет и/или;

2) одржување или зголемување на капацитетот на постојните интерконективни водови или за вложувања во електропреносната мрежа, а особено во нови интерконективни водови.

(9) Ако приходите што операторот на електропреносниот систем ги остварува од користењето на интерконективните водови не можат ефективно да се искористат за намените од ставот (8), Регулаторната комисија за енергетика може да одлучи дел од тие приходи, или во целост, да ги вклучи во приходот на операторот на електропреносниот систем во постапката за утврдување на тарифата за пренос на електрична енергија, а остатокот од приходите, ако таков има, да бидат депонирани на посебна сметка со цел да бидат искористени за намените од ставот (8), кога за тоа ќе се создадат потребните услови.

(10) Регулаторната комисија за енергетика е должна да го извести Секретаријатот на Енергетската заедница за преземените дејствија од ставот (9) на овој член.

(11) Операторот на електропреносниот систем учествува во регионално или друго меѓународно тело со цел да обезбеди координирано управување со загушувањата и спроведување на постапка за пазарно доделување на капацитети и тоа на годишно и месечно ниво, како и ден однапред.

Дополнителни приходи

Член 87

(1) Операторот на електропреносниот систем може да го продаде вишокот на електрична енергија што ја набавил согласно членот 78 став (2) точки 22) и 23) од овој закон, на организираниот пазар на електрична енергија или на пазарот на балансна енергија и за секоја таква продажба е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Операторот на електропреносниот систем може да остварува приходи од давање под наем на електропреносната инфраструктура во согласност со членот 198 од овој закон.

(3) При утврдување на тарифата за пренос на електрична енергија, Регулаторната комисија за енергетика ги вклучува приходите што ги остварува операторот на електропреносниот систем во согласност со ставовите (1) и (2) на овој член.

VI. 4. ОПЕРАТОР НА ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Оператор на пазар

Член 88

(1) Оператор на пазарот на електрична енергија е друштво основано од операторот на електропреносниот систем, кое ги врши работите што се однесуваат на организацијата, ефикасното функционирање и развојот на пазарите со билатерални договори и балансна енергија, а ако ги исполнува условите пропишани во согласност со операторот на пазар на електрична енергија членот 90 став (3) од овој закон, ги врши и работите што се однесуваат на организираниот пазар на електрична енергија во Република Македонија.

(2) Операторот на пазарот на електрична енергија, е должен, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, да врши:

1) администрирање на пазарот на електрична енергија со билатерални договори;

2) пресметка на дебалансите на балансно одговорните страни и предлог пресметка за трошокот за дебалансите согласно со мерењето на електрична енергија, активираните количини на услугите за балансирање за секој давател на услуга за балансирање, цената на порамнување и конечниот дневен распоред добиени од операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем;

3) навремено доставување до операторот на електропреносниот систем на сите информации потребни за изработка на конечните дневни распореди за купување и продажба на електрична енергија во Република Македонија;

4) водење на евиденција на сите договори за учество на пазарот склучени со учесниците на пазарот на електрична енергија;

5) водење на евиденција на сите договори за формирање на балансни групи склучени помеѓу учесниците на пазарот на електрична енергија и операторот на пазарот на електрична енергија;

6) изработка на дневен пазарен план;

7) водење на регистар на учесниците на пазарот;

8) објавување на информации кои се неопходни за непречено организирање и управување на пазарот на електрична енергија;

9) навремено доставување до операторот на електропреносниот систем на сите информации за регистрираните учесници на пазарот на електрична енергија;

10) обезбедување на потребните услуги за снабдувачот со електрична енергија во краен случај, заради соодветно задоволување на потребите на неговите потрошувачи;

11) склучување на договори за откуп и продажба, како и преземање на балансна одговорност за произведената електрична енергија од повластените производители коишто користат повластена тарифа, во согласност со овој закон.

(3) Операторот на пазарот на електрична енергија не смее да тргува со електрична енергија, освен во случај на тргување со електрична енергија произведена од повластени производители кои користат повластена тарифа.

(4) Операторот на пазарот на електрична енергија соработува со операторите на пазарите на електрична енергија на други земји и сите регионални и меѓународни организации и асоцијации.

(5) Операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем водат евиденција за физичките трансакции со електрична енергија, коишто се уредуваат со правилата за пазар на електрична енергија.

(6) Регулаторната комисија за енергетика може да одлучи да овозможи увид на учесниците на пазарот на електрична енергија во информациите од ставот (5) на овој член под услов деловно чувствителните информации за поединечните учесници на пазарот или за поединечни трансакции да не бидат откриени.

(7) Операторот на пазарот на електрична енергија е одговорен за евидентирање на учесниците на пазарот на електрична енергија.

(8) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен да обезбеди доверливост на деловните податоци кои учесниците на пазарот на електрична енергија се должни да му ги достават.

Раздвојување на дејностите

Член 89

(1) Друштвото кое поседува лиценца за вршење на дејноста организација и управување со пазарот на електрична енергија не може да биде носител на

лиценца и не може да учествува во производството, преносот на електричната енергија и управувањето со електропреносниот систем, дистрибуцијата, трговијата, снабдувањето со електрична енергија.

(2) Во случај кога операторот на пазарот на електрична енергија е во сопственост на операторот на електропреносниот систем, операторот на електропреносниот систем ја обезбедува својата функционална независност од операторот на пазарот на електрична енергија во поглед на правната форма, организацијата и одлучувањето согласно со програмата од членот 73.

Оператор на организиран пазар на електрична енергија

Член 90

(1) Оператор на организираниот пазар на електрична енергија во Република Македонија е друштво назначено или избрано од Владата, коешто ги исполнува условите од уредбата од ставот (3) на овој член и има исклучиво право да го воспостави и да управува со овој пазар, преку:

1) склучување договори со учесниците на организираниот пазар на електрична енергија, со операторот на електропреносниот систем и со номинираните оператори на пазари на електрична енергија во регионот, со кои се уредуваат меѓусебните права и обврски, начинот на обезбедување на доверливоста на податоците за трансакциите на пазарот, како и објавувањето на податоците што се неопходни за функционирање на пазарот;

2) имплицитна аукција на преносни капацитети;

3) креирање криви на понуда и побарувачка на електрична енергија и

4) финансиско порамнување со учесниците на организираниот пазар согласно со склучените договори и добиените резултати.

(2) Операторот на организираниот пазар на електрична енергија:

1) во соработка со операторот на електропреносниот систем врши пазарно спојување со другите номинирани оператори на пазарите на електрична енергија во регионот;

2) обезбедува еднаков третман на сите учесници на пазарот;

3) не смее да ги користи надоместоците за учество на тој пазар за финансирање на активностите на друг организиран пазар;

4) во соработка со операторот на електропреносниот систем и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, донесува правила за работа на организираниот пазар на електрична енергија и ги објавува на својата веб страница и

5) секоја година, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, донесува одлука за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија и ја објавува на својата веб страница.

(3) Владата со уредба го пропишува работењето на операторот на организираниот пазар на електрична енергија, како и потребните технички, кадровски и финансиски услови што треба да ги исполни.

(4) Владата, на предлог од Регулаторната комисија за енергетика и по претходно мислење од операторот на електропреносниот систем доставено до Регулаторната комисија за енергетика, може да донесе одлука:

1) за назначување на операторот на пазарот на електрична енергија од членот 88 од овој закон за оператор на организираниот пазар на електрична енергија или

2) за спроведување на тендерска постапка по пат на јавен повик согласно со прописите со кои се уредува набавка на јавна услуга за избор на оператор на организираниот пазар на електрична енергија.

(5) Регулаторната комисија за енергетика му издава на операторот назначен во согласност со ставот (4) на овој член лиценца за вршење на

енергетска дејност оператор на пазар на електрична енергија во која се утврдуваат правата и обврските на операторот на организираниот пазар на електрична енергија.

Надоместоци за користење на пазарот на електрична енергија

Член 91

(1) Операторот на пазарот на електрична енергија го пресметува и фактурира надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија врз основа на најавените трансакции, со примена на тарифата утврдена во одлуката што ја донесува Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен во фактурата од ставот (1) на овој член, да наведе информации за процентуалниот удел на трошокот за повластена тарифа како мерка за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори.

(3) Надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија во име на потрошувачите во Република Македонија го плаќаат снабдувачите или трговците со кои потрошувачите имаат склучено договори за снабдување, односно продажба на електрична енергија, како и потрошувачите кои согласно со правилата за пазар на електрична енергија се регистрирани за учество на пазарот. Надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија го плаќаат и операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем кога купуваат електрична енергија за покривање на загубите на електрична енергија.

Правила за пазар на електрична енергија

Член 92

(1) Регулаторната комисија за енергетика донесува правила за пазар на електрична енергија, засновани на начелата на транспарентност, недискриминација и конкурентност, со кои особено се уредуваат:

1) организацијата и функционирањето на пазарот на електрична енергија;

2) условите што треба да ги исполнат учесниците на пазарот на електрична енергија;

3) елементите на договорите за учество на пазарот на електрична енергија;

4) воспоставувањето, организирањето и контролата на тргувањето со електрична енергија, вклучувајќи го и прекуграничното тргување, во согласност со обврските од членувањето во меѓународните организации;

5) условите, начинот и постапката за набавка на електрична енергија од страна на вршителите на регулирани енергетски дејности, со цел набавките да бидат спроведени на конкурентен, транспарентен и недискриминаторен начин и да се обезбеди рамноправен пристап на сите заинтересирани домашни и странски понудувачи;

6) откупот на електричната енергија од повластените производители кои користат повластени тарифи за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија и нејзина продажба на снабдувачите или трговците, како и начинот на уредување на правата и обврските на операторите на електропреносните и електродистрибутивните системи и повластените производители на електрична енергија.

(2) Регулаторната комисија за енергетика при изготвувањето на правилата за пазарот на електрична енергија соработува со операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електропреносниот систем.

VI. 5. ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Должности на оператор на електродистрибутивен систем

Член 93

(1) Операторот на електродистрибутивниот систем или вертикално интегрираното друштво кое е основач на операторот на електродистрибутивниот систем на територијата на Република Македонија како правен следбеник на Електростопанство на Македонија е сопственик на електродистрибутивната мрежа што се состои од трафостаници, линиски инфраструктурни објекти – далекуводи, објекти и средства што се во функција на вршење на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија.

(2) Операторот на електродистрибутивниот систем е одговорен за одржување, надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа како и за функционирање на електродистрибутивниот систем и е должен да обезбеди негово поврзување со електропреносниот систем.

(3) Операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен:

1) да обезбеди сигурно и доверливо функционирање на електродистрибутивниот систем со кој управува;

2) да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку електродистрибутивниот систем со којшто управува, на недискриминаторен и транспарентен начин и во согласност со пропишаниот квалитет;

3) да ги приклучи производителите и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на електродистрибутивниот систем;

4) на корисниците на електродистрибутивниот систем навремено да им ги обезбеди информациите кои им се потребни за пристап до електродистрибутивниот систем со кој управува;

5) да им овозможи на снабдувачите електронски пристап до листата на потрошувачи, која не ги вклучува домаќинствата, со назначување на категоријата на приклучок согласно со тарифниот систем за дистрибуција, како и нивната потрошувачка за последните 12 месеци;

6) на својата веб страница да ги објавува сите надоместоци за секоја категорија на потрошувачи претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика;

7) да го развива, надградува и одржува електродистрибутивниот систем со кој управува, и да обезбеди долгорочна способност на системот за задоволување на оправданите барања за дистрибуција на електрична енергија;

8) да објави на својата веб страница план за одржување на електродистрибутивната мрежа во согласност со мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика;

9) да го усогласи работењето на електродистрибутивниот систем со работењето на електропреносниот систем;

10) да набави системски услуги и електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин во согласност со правилата за набавка на електрична енергија;

11) да ја мери електричната енергија преземена од производителите и од електропреносниот систем и енергијата испорачана до потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем со кој управува, како и да доставува податоци од мерењата до производителите, снабдувачите или

трговците, операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија и во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон до секоја друга страна што може да ги побара;

12) да овозможи пристап на корисниците до мерните уреди што се во сопственост на операторот на електродистрибутивниот систем или на вертикално интегрираното друштво;

13) да води диспечерска книга, записи за доверливоста на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и таквите податоци, книги и записи да ги чува најмалку десет години и

14) да обезбеди доверливост на деловните податоци на корисниците на електродистрибутивниот систем и да спречи дискриминаторен начин на откривање на информации за своите активности со кои може да се оствари комерцијална предност за поврзаните друштва.

(4) Надоместокот за користењето на електродистрибутивниот систем го плаќаат потрошувачите на електрична енергија приклучени на електродистрибутивната мрежа. Операторот на електродистрибутивниот систем на потрошувачите приклучени на неговиот систем им го фактурира надоместокот за користење на електродистрибутивниот систем, како и надоместокот за користење на електропреносниот систем согласно со објавените тарифи.

(5) Операторот на електродистрибутивниот систем може да склучи договори со снабдувачи или трговци со електрична енергија со кои ги овластува да ги наплатат надоместоците од ставот (4) на овој член од потрошувачите приклучени на електродистрибутивната мрежа.

(6) Операторот на електродистрибутивниот систем е должен за секоја промена на категоријата на приклучок за поединечен потрошувач наведен во листата од ставот (3) точка 5) на овој член, претходно да побара одобрение од Регулаторната комисија за енергетика и ако промената е одобрена да ја ажурира листата и посебно да ја наведе причината за промена на категоријата на приклучок. Промена на категорија на приклучок не може да се врши ако потрошувачот започнал постапка за промена на снабдувач.

(7) Операторот на електродистрибутивниот систем може да го продаде вишокот на електрична енергија на организираниот пазар на електрична енергија со цел да ја оптимизира набавката на електрична енергија.

(8) Операторот на електродистрибутивниот систем е должен да изготви и да ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика правилата за набавка на електрична енергија од ставот (3) точка 10) на овој член.

(9) Операторот на електродистрибутивниот систем може привремено да ја прекине испораката на електрична енергија од електродистрибутивната мрежа при вршење на планираните прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширувања на мрежите, уредите и инсталациите, како и во случај на потреба од спречување на ризици од нарушувања во електроенергетскиот систем. Известувањата за ваквите прекини операторот на електродистрибутивниот систем ги врши во согласност со мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Планирање на електродистрибутивен систем

Член 94

(1) Операторот на електродистрибутивниот систем е одговорен за долгорочно планирање на развојот на електродистрибутивниот систем на подрачјето на кое ја врши дејноста.

(2) Операторот на електродистрибутивниот систем е должен секоја година да подготви план за развој на системот за период од следните пет години. Во планот треба да бидат содржани информации за развојот на електродистрибутивниот систем, согласно со барањата утврдени во мрежните

правила за дистрибуција и доставените информации од надлежните институции за потребите од приклучување на нови корисници на електродистрибутивната мрежа. Операторот на електродистрибутивниот систем го доставува планот за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 октомври секоја календарска година и по добиеното одобрување, го усвојува планот и го објавува на својата веб страница.

(3) Операторот на електродистрибутивниот систем подготвува и најдоцна до 31 октомври секоја година доставува до Министерството и Регулаторната комисија за енергетика еднoгодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за потрошувачката на електрична енергија за електродистрибутивниот систем со кој управува.

(4) За секој регулиран период операторот на електродистрибутивниот систем изработува план за инвестирање во електродистрибутивниот систем усогласен со планот од ставот (2) на овој член и го доставува за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика. Во планот особено треба да биде прикажано очекуваното зголемување на ефикасноста на работењето на електродистрибутивниот систем преку намалување на загубите на електрична енергија и подобрување на квалитетот на испорачаната електрична енергија од електродистрибутивната мрежа, како резултат на предвидените инвестиции.

(5) Во планот за инвестирање во електродистрибутивниот систем од ставот (4) на овој член е содржана техничка и економска проценка за сите трошоци и придобивки за пазарот и поединечните потрошувачи, како и за зголемување на енергетската ефикасност, од воведувањето на напредните системи за мерење и паметните мрежи.

Мерење на електрична енергија

Член 95

(1) Операторот на електродистрибутивниот систем е должен да ја мери електричната енергија што ја презема и испорачува на корисниците приклучени на електродистрибутивната мрежа преку мерни уреди во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

(2) Мерните уреди се во сопственост на операторот на електродистрибутивниот систем или на вертикалното интегрирано друштво.

(3) Новопоставените мерни уреди, со кои се заменуваат постојните, се во сопственост на операторот на електродистрибутивниот систем или на вертикално интегрираното друштво. Трошоците за поставување и замена на мерните уреди се на сметка на операторот на електродистрибутивниот систем и се надоместуваат преку тарифата за дистрибуција за електрична енергија.

(4) Локацијата на мерните уреди ја утврдува операторот на електродистрибутивниот систем во зависност од техничките можности на локацијата и истата може да биде во или надвор од границите на имотот на корисниците приклучени на електродистрибутивната мрежа. Ако операторот на електродистрибутивниот систем утврди дека при замена на постојниот мерен уред е потребно да се изврши дислокација на мерното место, е должен на своја сметка да ја изведе дислокацијата со минимално нарушување на обезбедувањето на услугата на корисникот, и со минимално оштетување на имотот на корисникот. Операторот на електродистрибутивниот систем е должен да ги надомести штетите врз имотот на корисникот настанати како последица на дислокацијата на мерното место.

(5) Ако мерниот уред се наоѓа на имот од корисникот на системот, корисникот е должен да му овозможи на овластеното лице на операторот на електродистрибутивниот систем право на пристап на секој дел од имотот или објектот каде што се наоѓа мерниот уред заради:

1) читање на мерните уреди;

2) контрола, вградување, надзор, замена и одржување на опремата на мерното место;

3) исклучување на корисникот на системот кога постапува спротивно на условите за користење на електродистрибутивната мрежа пропишани во мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и

4) исклучување на потрошувачот, на барање на снабдувачот, во согласност со одредбите во правилата за снабдување со електрична енергија.

Мрежни правила за дистрибуција

Член 96

(1) Операторот на електродистрибутивниот систем е должен, по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика, да ги донесе мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, и да ги објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница. Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија особено ги уредуваат:

1) условите и начинот на користење и пристап на електродистрибутивниот систем од трета страна;

2) техничко-технолошките услови и начинот на приклучување на електродистрибутивната мрежа на потрошувачите и на производителите на електрична енергија;

3) техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на електродистрибутивниот систем и обезбедување на квалитетна услуга;

4) техничко-технолошките услови, начинот за приклучување и начинот на користење и пристап на електродистрибутивниот систем од корисниците кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија за сопствена потрошувачка, како и начинот на кој произведената електрична енергија се предава во електродистрибутивната мрежа;

5) техничките нормативи и стандарди во однос на опремата, уредите и материјалите што се употребуваат при изведување на приклучоци;

6) техничко-технолошките услови за работа на објектите за производство на електрична енергија во режим на работа со лиценца за пробна работа;

7) планирањето, одржувањето и развојот на електродистрибутивниот систем;

8) начинот на усогласување со корисниците на електродистрибутивниот систем во случај на планирани прекини;

9) мерките, активностите и постапките во случај на нарушувања и хаварии;

10) методологијата за определување на надоместокот за приклучување на електродистрибутивната мрежа;

11) доверливоста на деловните податоци на корисниците на услугите од електродистрибутивниот систем;

12) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на електричната енергија и моќност;

13) квалитетот на електрична енергија што се испорачува преку електродистрибутивниот систем;

14) квалитетот на услугите што операторот на електродистрибутивниот систем ги обезбедува на корисниците;

15) содржината на плановите за развој на електродистрибутивниот систем, како и начинот и постапката според која корисниците на системот ги доставуваат неопходните податоци за изработка на плановите за развој;

16) доставувањето на податоци за долгорочна прогноза на потрошувачката на електрична енергија до операторот на електропреносниот систем;

17) протоколите за комуникација за надзор, функционирање и управување со електродистрибутивниот систем и

18) начинот и постапката за обезбедување на информации за корисниците на системот.

(2) Во случај кога постојат повеќе оператори на електродистрибутивни системи, Регулаторната комисија за енергетика обезбедува меѓусебно усогласување на поединечните мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија.

Раздвојување на дејностите

Член 97

(1) Друштво коешто поседува лиценца за вршење на дејност дистрибуција на електрична енергија не може да има лиценца и не може да учествува во вршењето на дејностите производство, пренос, организација и управување со пазарот на електрична енергија, трговија и/или снабдување со електрична енергија.

(2) Во случаите кога операторот на електродистрибутивниот систем е дел од вертикално интегрирано друштво за електрична енергија, во однос на неговиот правен субјективитет, организација и одлучување, мора да е независен и дејствува независно од другите активности кои не се поврзани со дистрибуција на електрична енергија. Независноста на операторот на електродистрибутивниот систем не вклучува обврска за раздвојување на сопственоста на средствата на дистрибутивниот систем од вертикално интегрираното друштво за електрична енергија.

(3) Заради исполнување на обврските од ставовите (1) и (2) на овој член, вертикално интегрираното друштво, може да изврши промена во друга правна форма, при што секоја форма на пренос на средства од вертикално интегрираното друштво во новоформираното друштво нема да се смета за трансакција во согласност со прописите за оданочување.

(4) Заради независност во вршењето на дејноста дистрибуција на електрична енергија и исполнување на обврската за вршење на јавна услуга на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин, операторот на електродистрибутивниот систем обезбедува:

1) лицата кои учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на електродистрибутивниот систем да не можат да учествуваат во управувачките и раководните структури во правните лица кои се вршители на дејности производство, пренос, трговија и/или снабдување;

2) лицата кои учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на електродистрибутивниот систем да имаат независност во нивната работа и одлучување од вертикалното интегрирано друштво и

3) донесувањето на одлуки на операторот на електродистрибутивниот систем во врска со средствата неопходни за функционирање, одржување и развој на системот да биде независно од интересите на вертикално интегрираното друштво за електрична енергија на кое му припаѓа, за што операторот на електродистрибутивниот систем треба да ги има на располагање потребните човечки, технички, финансиски и материјални ресурси.

(5) Во случај кога операторот на електродистрибутивниот систем е дел од вертикално интегрирано друштво за електрична енергија:

1) неговата независност не го исклучува правото на вертикално интегрираното друштво за електрична енергија да го одобри годишниот финансиски план на операторот на електродистрибутивниот систем и да ја утврди рамката за задолжување на операторот на електродистрибутивниот систем;

2) вертикално интегрирано друштво за електрична енергија нема право да му дава инструкции на операторот на електродистрибутивниот систем во однос на неговото секојдневно работење, ниту во однос на неговите поединечни одлуки

за изградба или надградба на електродистрибутивните водови што се во рамките на одобрениот финансиски план или соодветен плански документ и

3) операторот на електродистрибутивниот систем не може да ги користи предностите на својата вертикална интеграција за да ја наруши конкуренцијата, а особено не смее во својата комуникација и употребата на својата фирма да создава забуна во однос на посебниот идентитет на друштвото за снабдување кое е дел од вертикалното интегрирано друштво за електрична енергија.

(6) Операторот на електродистрибутивниот систем, независно од организационата форма, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, назначува службеник за усогласеност, како и донесува програма за усогласеност со која се утврдуваат мерките кои треба да се преземаат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на електродистрибутивниот систем по која било основа, се дефинираат обврските на вработените во реализацијата на програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на операторот на електродистрибутивниот систем со програмата.

(7) Службеникот за усогласеност на операторот на електродистрибутивниот систем доставува до Регулаторната комисија за енергетика годишен извештај во кој се наведени мерките преземени во текот на претходната година и мерките што треба да се преземат во наредната година, во рамки на програмата за усогласеност од ставот (6) на овој член. Извештајот од овој став се објавува на веб страницата на операторот на електродистрибутивниот систем.

(8) Службеникот за усогласеност на операторот на електродистрибутивниот систем треба да има пристап до сите потребни информации од операторот на електродистрибутивниот систем, како и на секое поврзано друштво со операторот на електродистрибутивниот систем, со цел да ги исполни своите задачи.

(9) По исклучок од ставот (1) на овој член, друштвото кое врши дејност дистрибуција на електрична енергија може да врши и дејност снабдување со електрична енергија ако на неговиот електродистрибутивен систем се приклучени помалку од 100.000 потрошувачи.

Затворен систем за дистрибуција на електрична енергија

Член 98

(1) Регулаторната комисија за енергетика може на систем во кој се дистрибуира електрична енергија во рамки на географски ограничено подрачје во кое се врши индустриско производство, се вршат трговски дејности или се обезбедуваат заеднички услуги и не се врши снабдување на домаќинства со електрична енергија, да му додели статус на затворен систем за дистрибуција на електрична енергија, доколку:

1) поради посебни технички или безбедносни причини, активностите или производниот процес на корисниците на таа мрежа се интегрирани или

2) преку системот се дистрибуира електрична енергија првенствено на сопственикот или операторот на системот или неговите поврзани друштва.

(2) Регулаторната комисија за енергетика со правилник ги уредува условите и критериумите за доделување на статус на затворен систем за дистрибуција на електрична енергија.

(3) Регулаторната комисија за енергетика му издава на операторот на системот од ставот (1) на овој член, лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија во која се определуваат правата и обврските на операторот на затворениот систем.

(4) Регулаторната комисија за енергетика може да го изземе операторот на затворениот систем за дистрибуција од обврските за:

1) набавка на електричната енергија за покривање на загубите на електрична енергија и резервниот капацитет во својот систем според постапки кои се засноваат на начелата на транспарентност, недискриминаторност и конкурентност и/или

2) одобрување на тарифите, како и на методологиите врз основа на кои се формираат тарифите пред нивното влегување во сила.

(5) Кога изземањето од ставот (4) на овој член е одобрено, корисник на затворениот систем за дистрибуција на електрична енергија може да побара од Регулаторната комисија за енергетика да ги разгледа и одобри тарифите или методологиите на кои е засновано пресметувањето на применетите тарифи.

(6) Изземањето од ставот (4) на овој член се применува кога затворениот систем на дистрибуција повремено се користи од страна на мал број домаќинства во подрачјето на затворениот систем и покрај тоа што некој член од домаќинството е вработен или на друг начин ангажиран кај сопственикот на затворениот систем за дистрибуција.

Дополнителни приходи

Член 99

(1) Операторот на електродистрибутивниот систем може на организираниот пазар на електрична енергија да го продаде вишокот од електричната енергија набавена согласно со членот 93 став (3) точка 10) од овој закон и за тоа еднаш месечно ја известува Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Операторот на електродистрибутивниот систем може да остварува приходи од давање на користење на електричните водови во согласност со членот 198 од овој закон.

(3) При утврдување на тарифата за дистрибуција на електрична енергија, Регулаторната комисија за енергетика ги вклучува приходите што ги остварува операторот на електродистрибутивниот систем во согласност со ставовите (1) и (2) на овој член.

VI. 6. СНАБДУВАЧИ, ТРГОВЦИ И ПОТРОШУВАЧИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Снабдувач со електрична енергија

Член 100

(1) Снабдувачот со електрична енергија набавува електрична енергија во Република Македонија и/или од странство заради продажба на своите потрошувачи, други снабдувачи, трговци, операторите на електропреносниот или електродистрибутивниот систем и други учесници на пазарот на електрична енергија.

(2) Снабдувачот со електричната енергија кој се обврзал да испорача електрична енергија го обезбедува неопходниот капацитет за пренос и/или дистрибуција од соодветните оператори.

(3) Снабдувачот со електрична енергија врз основа на мерењата за потрошената електрична енергија извршени од операторот на соодветниот систем на своите потрошувачи им фактурира за испорачаната електрична енергија по договорената цена, при што во фактурата го вклучува надоместокот за електричната енергија од обновливи извори на енергија произведена од повластени производители кои користат повластени тарифи.

(4) Ако снабдувачот со електрична енергија има склучено договор со операторот на електродистрибутивниот систем согласно со членот 93 став (5) од

овој закон, во фактурата од ставот (3) на овој член го вклучува и надоместокот за користење на електродистрибутивниот и/или електропреносниот систем.

(5) Снабдувачот со електрична енергија е должен, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, да:

1) ги исполни своите обврски кон потрошувачите во однос на сигурноста и обемот на снабдувањето,

2) обезбеди за своите потрошувачи услуга со квалитет утврден во правилата за снабдување со електрична енергија,

3) обезбеди недискриминаторен третман на сите потрошувачи, а особено за потрошувачите од оддалечените подрачја,

4) ги објави на својата веб страница општите услови на своите договори за снабдување со електрична енергија за малите потрошувачи и домаќинствата,

5) овозможи потрошувачите да добиваат редовни и точни известувања за реалната потрошувачка и трошоците за електрична енергија, за да можат да управуваат со својата потрошувачка,

6) овозможи промена на снабдувач на транспарентен и недискриминаторен начин, без трошоци за потрошувачот, во рок не подолг од три недели од денот кога потрошувачот доставил барање за снабдување до новиот снабдувач со електрична енергија,

7) обезбеди при секоја промена на снабдувач со електрична енергија, потрошувачот да добие конечно затворање на сметката во рок од шест недели од настанувањето на промената на снабдувачот,

8) воспостави постапки за ефикасно решавање на приговорите на своите потрошувачи во рок од 60 дена, вклучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства кога е тоа оправдано,

9) ги плати набавените количини на електрична енергија, како и резервираниот капацитет и регулираните услуги од операторот на електропреносниот систем и/или операторите на електродистрибутивните системи,

10) доставува до операторот на електропреносниот систем податоци за трансакциите и плановите за потрошувачка на електрична енергија за своите потрошувачи, неопходни за пресметка на дебалансите и

11) ги објавува општите статистички податоци поврзани со неговите потрошувачи, земајќи ја предвид заштитата на доверливоста.

Универзален снабдувач

Член 101

(1) Универзалниот снабдувач е должен да врши снабдување со електрична енергија на домаќинствата и малите потрошувачи кои се наоѓаат на подрачјето на кое има обврска да обезбеди универзална услуга и кои избрале да бидат снабдувани од него, во согласност со обврските утврдени со овој закон и правилата за снабдување, а особено да:

1) обезбеди снабдување и заштита на потрошувачите во оддалечените подрачја;

2) обезбеди заштита на ранливите потрошувачи во согласност со мерките содржани во Програмата за заштита на ранливи потрошувачи од членот 15 од овој закон;

3) ги примени цените за електрична енергија формирани во согласност со тарифниот систем од членот 29 став (3) од овој закон исклучиво кога ги снабдува домаќинствата и малите потрошувачи;

4) ги информира потрошувачите за нивните права и условите под кои можат да бидат снабдувани од универзален снабдувач;

5) ги извести потрошувачите за условите за снабдување и цената на електричната енергија, како и да ги информира за правото на промена на снабдувачот;

6) набави електрична енергија по пазарни услови со избор на најповолна понуда, во согласност со правилата за набавка на електрична енергија донесени од Регулаторната комисија за енергетика;

7) ги објави на својата веб страница цените за снабдување со електрична енергија.

(2) Цените за електрична енергија што ги применува универзалниот снабдувач се утврдуваат во согласност со тарифниот систем од членот 29 став (3) од овој закон и треба да:

1) се објективни и транспарентни;

2) ги одразуваат трошоците во однос на набавката и снабдувањето на електрична енергија;

3) се лесно споредливи со цените на другите снабдувачи на електрична енергија и

4) не дискриминираат потрошувачи од иста категорија.

(3) Владата, по претходно добиено мислење од Регулаторната комисија за енергетика, донесува одлука за спроведување на тендерска постапка по пат на јавен повик согласно со прописите со кои се уредува набавка на јавна услуга за избор на универзален снабдувач.

(4) Во одлуката од ставот (3) на овој член се утврдуваат:

1) критериумите за избор на универзален снабдувач;

2) тендерските услови;

3) рокот за донесување на одлука за избор на најповолен понудувач или за поништување на постапката и

4) времетраењето за кое ќе биде назначен универзалниот снабдувач.

(5) Во постапката од ставот (3) на овој член, понуди може да достават друштва коишто имаат лиценца за снабдување со електрична енергија издадена од Регулаторната комисија за енергетика.

(6) Во случај по спроведување на тендерската постапка да не се избере универзален снабдувач во рокот утврден во одлуката од ставот (4) на овој член, Владата во рок од три месеци од завршување на првата постапка започнува нова тендерска постапка по пат на јавен повик за избор на универзален снабдувач.

(7) Во случај втората тендерска постапка да не успее, Владата, по добиено мислење од Регулаторната комисија за енергетика, донесува одлука за назначување на универзален снабдувач во која ги утврдува сите услови за исполнување на обврската за универзална услуга, во согласност со членот 7 од овој закон.

(8) Избраниот, односно назначениот универзален снабдувач е истовремено и снабдувач во краен случај.

(9) Избраниот, односно назначениот универзален снабдувач е должен да основа ново друштво на кое му се издава лиценца за снабдување со електрична енергија во која се наведуваат обврските за обезбедување на снабдување со електрична енергија како универзална услуга и за снабдување со електрична енергија во краен случај, во согласност со одредбите од овој член и членот 102 од овој закон, како и обврските утврдени во правилата за снабдување од членот 30 од овој закон.

Снабдувач со електрична енергија во краен случај

Член 102

(1) Снабдувачот со електрична енергија во краен случај е должен да врши снабдување на потрошувачите кои останале без снабдувач со електрична енергија во случај кога:

1) претходниот снабдувач прекинал со исполнувањето на своите обврски за снабдување во рамки на постојните договори за снабдување со електрична енергија;

2) е поведена стечајна постапка на претходниот снабдувач со лично управување или по барање на доверител, како и ликвидација;

3) лиценцата на претходниот снабдувач е суспендирана, трајно одземена или престанала да важи и

4) потрошувачите не склучиле нов договор за снабдување со електрична енергија по престанувањето или истекувањето на постојниот договор за снабдување.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, ако потрошувач е домаќинство или мал потрошувач, нивното снабдување го врши универзалниот снабдувач.

(3) Снабдувачот со електрична енергија кој не е во можност да врши снабдување со електрична енергија на своите потрошувачи, во случаите наведени во ставот (1) точка 1) и 2) на овој член, е должен во рок утврден со правилата за снабдување да го извести снабдувачот со електрична енергија во краен случај, своите потрошувачи, Регулаторната комисија за енергетика, операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем за денот кога прекинува со снабдувањето со електрична енергија. Во таков случај потрошувачот автоматски се снабдува преку снабдувачот со електрична енергија во краен случај.

(4) Кога снабдувачот со електрична енергија кој не е во можност да врши снабдување со електрична енергија на своите потрошувачи, во случаите наведени во ставот (1) точка 3) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика ги известува неговите потрошувачи, снабдувачот со електрична енергија во краен случај, операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем за прекинот, односно престанувањето на снабдувањето со електрична енергија:

1) најмалку 15 дена пред денот на влегување во сила на одлуката за престанување на важење на лиценцата или

2) најмалку три дена пред денот на влегување во сила на одлуката за суспендирање или трајно одземање на лиценцата.

(5) Снабдувачот со електрична енергија кој не склучил нов договор за снабдување со електрична енергија по престанување на постојниот договор за снабдување со електрична енергија, во случаите наведени во ставот (1) точка 4) на овој член, е должен во рок утврден со правилата за снабдување да го извести снабдувачот со електрична енергија во краен случај и Регулаторната комисија за енергетика, операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем за денот и часот кога прекинува со снабдувањето со електрична енергија.

(6) Договорот за снабдување со електрична енергија во краен случај на потрошувачите се смета за склучен на денот кога условите за остварување на правото на снабдување во краен случај во ставот (1) точки 1), 2) и 3) на овој член се исполнети.

(7) Снабдувањето со електрична енергија во краен случај согласно со ставот (1) точки 1), 2) и 3) на овој член започнува со:

1) престанување на снабдувањето од страна на претходниот снабдувач, или

2) снабдување на потрошувачот кој не склучил договор за снабдување со друг снабдувач.

(8) Снабдувачот со електрична енергија во краен случај продава електрична енергија на пазарот по пазарни цени, коишто ги објавува и ажурира на својата веб страница најмалку еднаш месечно. Снабдувачот со електрична енергија во краен случај има право да бара инструмент за обезбедување на плаќање од потрошувачите кои немаат право на универзална услуга.

(9) Снабдувањето со електрична енергија во краен случај не може да трае подолго од 90 дена.

(10) Во случај потрошувачот кој се снабдува преку снабдувач со електрична енергија во краен случај да не склучи договор за снабдување со нов снабдувач со електрична енергија во рокот утврден во ставот (9) на овој член, операторот на електропреносниот или операторот на електродистрибутивниот систем е должен да го прекине снабдувањето со електрична енергија на засегнатиот потрошувач.

(11) Операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем доставуваат информација до снабдувачот со електрична енергија во краен случај за потрошувачите кои започнале со снабдување во краен случај во рок од пет дена од денот на известувањето од ставовите (3) и (4) на овој член.

Доставување и објавување на податоци

Член 103

(1) Снабдувачот и трговецот со електрична енергија на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Секретаријатот на Енергетската заедница им овозможува увид во податоците кои се однесуваат на сите негови трансакции за купопродажба на електрична енергија и деривативите со потрошувачите што ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, како и со операторот на електропреносниот систем, операторот на електродистрибутивниот систем или операторот на пазарот за електрична енергија остварени во последните пет години.

(2) Универзалниот снабдувач на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Секретаријатот на Енергетската заедница им овозможува увид во податоците поврзани со сите свои реализирани трансакции во последните пет години, од денот на неговото регистрирање како учесник на пазарот на електрична енергија.

(3) Податоците од ставовите (1) и (2) на овој член содржат детални показатели за карактеристиките на секоја трансакција како што се времетраењето, правилата за испорака и порамнувањето, количините, датумите и времето на извршување и цените на трансакцијата и средството за идентификација на соодветниот потрошувач на големо, како и поважните детали на сите неподмирени договори за снабдување со електрична енергија и деривативи на електрична енергија.

(4) Снабдувачот со електрична енергија во краен случај на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Секретаријатот на Енергетската заедница, им овозможува увид во податоците кои се однесуваат на сите купопродажби на електрична енергија и деривативите со потрошувачи што самостојно учествуваат на пазарот на електрична енергија, операторите на електропреносниот или електродистрибутивниот систем или операторот на пазарот за електрична енергија, договорени најмалку за период од последните пет години.

(5) Снабдувачот со електрична енергија во краен случај најмалку еднаш годишно, на својата веб страница објавува информации за:

1) бројот на потрошувачи кои ги снабдува;
2) вкупната количина на испорачана електрична енергија и начинот на балансирање;
3) просечниот период на снабдување и
4) цените и начините на набавка на електрична енергија.

Комуникација со потрошувачи

Член 104

(1) Снабдувачот со електрична енергија воведува единствен контакт центар којшто е кадровски екипиран и технички опремен, преку кој на своите потрошувачи навремено, на транспарентен и недискриминаторен начин, без плаќање на надоместок, им ги обезбедува сите неопходни информации во врска со нивните права и обврски, примената на важечките прописи и начините за постапување по приговорите и решавањето на споровите. Снабдувачот на потрошувачите особено им овозможува информации за:

1) важечките цени за електрична енергија и за стандардните услови, во однос на пристапот до услугите и нивното користење;

2) различните начини на плаќање кои оневозможуваат дискриминација помеѓу потрошувачите;

3) постапката, условите и начинот за промена на снабдувачот;

4) условите, начинот и постапката за вклучување во категоријата на ранливи потрошувачи и

5) условите, начинот и постапката за отпочнување на снабдување со електрична енергија во краен случај.

(2) Снабдувачот со електрична енергија, во однос на единствениот контакт центар од ставот (1) на овој член, исто така, е должен да:

1) воспостави локални центри за контакт со потрошувачите преку кои навремено ќе обезбедува информации, ќе ги решава барањата, ќе ги испитува жалбите на потрошувачите по телефон, електронска пошта или лично,

2) го прилагоди работното време на центрите за контакт со потрошувачите согласно со потребите на потрошувачите.

(3) Снабдувачот со електрична енергија, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, на своите потрошувачи им обезбедува копија од потсетникот за потрошувачите, која содржи практични информации за правата на потрошувачите, и истата навремено ја објавува на својата веб страница.

Трговци со електрична енергија

Член 105

(1) Трговецот со електрична енергија, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, купува електрична енергија во Република Македонија и во странство заради продажба на други трговци, снабдувачи, операторот на електропреносниот систем, операторот на електродистрибутивниот систем, потрошувачите на електрична енергија што ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот, како и за продажба во странство.

(2) Трговецот со електрична енергија е должен на операторот на електропреносниот систем и операторот на пазарот на електрична енергија навремено да им ги достави информациите за количините на електрична енергија и соодветните временски распореди од сите договори за купопродажба на електрична енергија, како и од договорите за прекугранични трансакции преку електропреносната мрежа, во согласност со правилата за пазар на електрична енергија и правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети.

(3) Трговецот со електрична енергија во случаите кога врши прекугранични трансакции на електрична енергија, за електричната енергија за која се обврзал да ја испорача на своите потрошувачи, е должен да закупи доволен прекуграничен електропреносен и/или електродистрибутивен капацитет во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон.

(4) Трговецот со електрична енергија е должен да обезбеди доверливост на податоците и количините на испорачаната електрична енергија до потрошувачите.

(5) Трговецот со електрична енергија врз основа на мерењата за потрошената електрична енергија извршени од операторот на соодветниот систем на своите потрошувачи им фактурира за испорачаната електрична енергија по договорената цена, при што во фактурата за потрошувачите директно приклучени на електропреносниот систем го вклучува и надоместокот за електричната енергија од обновливи извори на енергија произведена од повластени производители кои користат повластени тарифи.

(6) Ако трговецот со електрична енергија има склучено договор со операторот на електродистрибутивниот систем согласно со членот 93 став (5) од овој закон, во фактурата од ставот (3) на овој член го вклучува и надоместокот за користење на електродистрибутивниот систем.

Потрошувачи на електрична енергија

Член 106

(1) Секој потрошувач на електрична енергија може по сопствен избор да се снабдува со електрична енергија од снабдувач, во согласност со условите утврдени со овој закон и со правилата за снабдување со електрична енергија.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, потрошувачите коишто ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија можат да набавуваат електрична енергија и од трговци или производители на електрична енергија.

(3) Потрошувачите коишто ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија можат да купат електрична енергија од снабдувач или трговец со електрична енергија од друга држава, која пристапила кон сите важечки меѓународни договори во областа на електричната енергија кои Република Македонија ги има ратификувано, доколку таквиот снабдувач на електрична енергија ги почитува прописите и правилата донесени врз основа на овој закон.

(4) Операторот на соодветниот систем им ја прекинува испораката на електрична енергија на потрошувачите што немаат договор за снабдување со електрична енергија или не ја уредиле својата балансна одговорност во согласност со условите од овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, освен на домаќинствата и малите потрошувачи на електрична енергија кои ќе бидат снабдувани од универзалниот снабдувач.

VII. ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС

VII. 1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАЗАРОТ НА ПРИРОДЕН ГАС

Пазари на природен гас

Член 107

(1) Пазарот на природен гас ги вклучува пазарот на природен гас на големо и пазарот на природен гас на мало.

(2) Пазарот на природен гас на мало ја вклучува купопродажбата на природен гас помеѓу снабдувачите со природен гас и нивните потрошувачи кои не се учесници на пазарот на природен гас на големо.

(3) Пазарот на природен гас на големо вклучува:

1) пазар со билатерални договори;
2) организиран пазар и тоа пазар ден однапред и
3) пазар на балансна енергија.

Учесници на пазарот

Член 108

(1) Учесници на пазарот на природен гас на големо се:

1) трговците со природен гас;

2) снабдувачите на природен гас;

3) потрошувачите на природен гас што ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот, пропишани во правилата за пазар на природен гас;

4) операторот на системот за пренос на природен гас;

5) операторот на системот за дистрибуција на природен гас;

6) операторот на затворениот систем за дистрибуција на природен гас и

7) операторот на пазарот на природен гас.

(2) Учесниците на пазарот на природен гас ги регулираат меѓусебните права и обврски со договори во согласност со овој закон и правилата и прописите донесени врз основа на овој закон.

VII.2. ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС

Сопственичко раздвојување на операторот на системот за пренос на природен гас

Член 109

(1) Операторот на системот за пренос на природен гас во Република Македонија е друштво кое:

1) е сопственик на системот за пренос на природен гас;

2) не е дел од вертикално интегрирано друштво;

3) е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на природен гас;

4) не врши и е независен од вршењето на други енергетски дејности определени со овој закон;

5) е сертифицирано и назначено за оператор на системот за пренос на природен гас од страна на Регулаторната комисија за енергетика, во постапка утврдена со овој закон.

(2) Со цел да се обезбеди независност на операторот на системот за пренос на природен гас, исто лице или лица немаат право во исто време:

1) директно или индиректно да учествуваат во управувањето и надзорот со друштво коешто врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас и директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право со операторот на системот за пренос на природен гас;

2) директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на системот за пренос на природен гас и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво коешто врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас и

3) да именува членови на органот на надзор и органот на управување на операторот на системот за пренос на природен гас и во исто време директно или индиректно управуваат или остваруваат друго право во друштво кое врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас.

(3) Ограничувањата од ставот (2) на овој член особено се однесуваат на:

1) користење на право на глас;

2) избор и именување на членови на органот на надзор и органот на управување на друштвото или

3) поседување на мнозински удел.

(4) Друштвото кое поседува лиценца за вршење на дејноста пренос на природен гас не може да има лиценци и не може да биде вклучено во вршење на дејностите производство, организирање и управување со пазарот на природен гас, дистрибуција, трговија со природен гас или снабдување со природен гас.

(5) Ако операторот на системот за пренос на природен гас бил дел од вертикално интегрирано друштво за природен гас, операторот или неговите вработени не смеат да ги пренесуваат деловно чувствителните информации кои ги поседуваат на друштва за производство и/или снабдување со природен гас.

(6) Како друштво што врши некоја од дејностите производство или снабдување од ставот (2) на овој член се смета и друштво што врши некоја од дејностите производство или снабдување со електрична енергија.

(7) Како оператор на систем од ставот (2) на овој член се смета и оператор на електропреносен систем.

Сопственик на операторот на системот за пренос на природен гас

Член 110

(1) Министерството е сопственик на друштвото коешто е оператор на системот за пренос на природен гас.

(2) Министерството е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување на друштвото од ставот (1) и не смее да прифаќа упатства или насоки од Владата или друг државен орган.

(3) Членовите на органот на надзор, односно на органот на управување на операторот на системот за пренос на природен гас:

1) во постапка за донесување на одлуки согласно со закон, не смеат да бараат ниту да прифаќаат упатства или насоки од Владата или друг државен орган освен во случаите утврдени во овој закон и

2) не смеат да бидат избрани за членови на орган на надзор, односно на орган на управување на друштва коишто вршат производство или снабдување/трговија со природен гас или друштва коишто имаат можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тие друштва.

Програма за усогласеност

Член 111

Операторот на системот за пренос на природен гас независно од организационата форма, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, донесува програма за усогласеност со која се утврдуваат мерките кои треба да се преземат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на системот за пренос на природен гас по кој било основ, се дефинираат обврските на вработените во реализацијата на програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на операторот на системот за пренос на природен гас со обврските утврдени со овој закон и програмата.

Службеник за усогласеност

Член 112

(1) Реализацијата на програмата од членот 111 ја следи службеник за усогласеност.

(2) Службеникот за усогласеност од ставот (1) на овој член е именуван од органот за надзор на операторот на системот за пренос на природен гас, по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Регулаторната комисија за енергетика може да не го одобри именувањето на службеникот за усогласеност поради непостоење на независност или стручност.

(4) Органот за надзор може да го разреши службеникот за усогласеност по претходно одобрение од Регулаторната комисија за енергетика. По барање на Регулаторната комисија за енергетика, органот за надзор го разрешува службеникот за усогласеност заради неисполнување на условите за независност или стручност.

(5) Регулаторната комисија за енергетика ги одобрува условите со кои се уредува мандатот или условите за вработување на службеникот за усогласеност, вклучувајќи го и времетраењето на неговиот мандат или вработување, со цел да се обезбедат независноста, како и сите потребни услови за остварување на неговите овластувања и извршување на неговите должности.

(6) За време на својот мандат, службеникот за усогласеност не може да извршува друга професионална дејност, ниту да има интерес или деловен однос, директно или индиректно, со друштво од енергетскиот сектор или со неговите содружници или акционери.

(7) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен на службеникот за усогласеност да му ги даде на увид сите податоци и информации потребни за остварување на неговите овластувања и по негово барање да му овозможи пристап до сите простории во кои операторот ја врши својата дејност.

(8) Службеникот за усогласеност е должен да:

1) го следи спроведувањето на програмата за усогласеност и да изработи и достави до Регулаторната комисија за енергетика годишен извештај за преземените мерки за нејзино спроведување;

2) доставува извештаи до органот за надзор и да дава препораки во однос на програмата за усогласеност и нејзината реализација;

3) ја известува Регулаторната комисија за енергетика за значителни прекршувања во спроведувањето на програмата за усогласеност.

(9) Службеникот за усогласеност ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика предложениот инвестициски план или предложените одлуки за поединечни инвестиции во системот за пренос на природен гас, истовремено кога органот на управување на оператор на системот за пренос на природен гас ги доставува тие одлуки до органот за надзор.

(10) Органот на управување, органот за надзор и раководните лица на операторот на системот за пренос на природен гас се должни да го повикаат службеникот за усогласеност да присуствува на сите закажани состаноци и да му ги достават сите потребни материјали, а особено кога се одлучува за:

1) условите поврзани со услугите за пристап и користење на системот за пренос на природен гас, а особено во однос на надоместоците за користење, доделувањето на преносниот капацитет и управувањето со загушувањата;

2) проекти поврзани со управувањето, одржувањето и развојот на системот за пренос на природен гас, вклучувајќи ги и инвестициите во приклучоците и во интерконективните капацитети и

3) набавка или продажба на природен гас неопходен за функционирање на системот за пренос на природен гас, вклучувајќи ги и системските услуги за балансирање.

Сертификација на операторот на системот за пренос на природен гас

Член 113

(1) Вршителот на дејноста пренос на природен гас мора да биде сертифициран како оператор на системот за пренос на природен гас на начин, во постапка и во рок утврдени со овој закон.

(2) Постапката за сертификација на операторот на системот за пренос на природен гас се спроведува:

1) на барање на операторот на системот за пренос на природен гас на кого му е издадена лиценца за дејноста пренос на природен гас или

2) по службена должност од страна на Регулаторната комисија за енергетика во случај:

- кога операторот на системот за пренос на природен гас нема поднесено барање за сертификација или
- кога настанала или може да настане повреда на одредбите за сопственичко раздвојување пропишани со овој закон или

3) на доставено образложено барање од Секретаријатот на Енергетската заедница.

(3) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен:

1) доколку не е сертифициран, да достави барање за сертификација придружено со документи пропишани со правилата за сертификација што ги донесува Регулаторната комисија за енергетика и

2) да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за сите планирани активности поради кои би требало да се спроведе повторна сертификација.

(4) Во рок од четири месеци од денот на доставување на барањето за сертификација од страна на операторот на системот за пренос на природен гас или од денот на доставување на образложеното барање од страна на Секретаријатот на Енергетската заедница од став (2), точка 3) од овој член, Регулаторната комисија за енергетика донесува предлог одлука за сертификација на операторот на системот за пренос на природен гас и веднаш ја доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница заедно со сите информации поврзани со предлог одлуката.

(5) Во рок од 60 дена по добивање на мислењето од страна на Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика, донесува одлука по барањето за сертификација. Регулаторната комисија за енергетика го зема предвид мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница, и ги објавува причините за можните отстапки од мислењето.

(6) Регулаторната комисија за енергетика ја објавува одлуката од ставот (5) од овој член во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница, на која го објавува и мислењето издадено од Секретаријатот на Енергетската заедница.

(7) Регулаторната комисија за енергетика води службена евиденција за комуникацијата остварена со Секретаријатот на Енергетската заедница во врска со постапката за сертификација на операторот на системот за пренос на природен гас. Службената евиденција се става на увид на операторот на системот за пренос на природен гас кој бара сертификација, како и на засегнатите институции од јавниот сектор. Регулаторната комисија за енергетика е должна да ги чува деловно чувствителните податоци како доверливи.

(8) Операторот на системот за пренос на природен гас, операторите на системите за дистрибуција и снабдувачите или трговците со природен гас, во текот на постапката за сертификација на барање на Регулаторната комисија за енергетика и/или Секретаријатот на Енергетската заедница, се должни веднаш да ги достават сите потребни податоци и информации.

(9) По спроведувањето на постапката за сертификација, Регулаторната комисија за енергетика на операторот на системот за пренос на природен гас му издава сертификат со кој се назначува за оператор на системот за пренос на природен гас и се потврдува дека ги исполнува условите во поглед на сопственичкото раздвојување и независноста како и условите во поглед на финансиско-материјалната способност и техничката и кадровската оспособеност, како и другите услови пропишани со овој закон.

Постапка за сертификација на лица од трети држави

Член 114

(1) По барање од операторот или сопственикот на системот за пренос на природен гас, Регулаторната комисија за енергетика спроведува постапка за сертификација на операторот на системот за пренос на природен гас којшто е под контрола од лице или група лица од трета држава или трети држави.

(2) Операторот или сопственикот од ставот (1) на овој член е должен веднаш да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за околностите коишто можат да доведат до преземање на контрола врз него од страна на лице или група лица од трета држава или трети држави.

(3) Регулаторната комисија за енергетика е должна за барањето за сертификација од ставот (1) на овој член и известувањето од ставот (2) на овој член, како и за последиците од преземањето на операторот на системот за пренос на природен гас, веднаш да ги извести Министерството и Секретаријатот на Енергетската заедница.

(4) Министерството, во рок од два месеци од приемот на известувањето од ставот (3) на овој член, изготвува мислење во кое е содржана проценка дали издавањето на сертификатот може да ја загрози сигурноста во снабдувањето во Република Македонија и/или сигурноста на снабдувањето на договорна страна или земја-членка на Енергетската заедница, особено земајќи ги предвид:

1) правата и обврските на Енергетската заедница во однос на државата или државите од ставот (1) на овој член кои настанале на основа на меѓународното право и ратификуваните меѓународни договори во однос на сигурност во снабдувањето, вклучувајќи и други договори што се однесуваат на сигурност во снабдувањето склучени со една или повеќе трети држави во кои Енергетската заедница е договорна страна;

2) правата и обврските на Република Македонија кон државата или државите од ставот (1) на овој член коишто настанале врз основа на ратификуваните меѓународни договори со таа држава или држави до степен во кој тие договори се во согласност со законодавството на Енергетската заедница, и

3) други специфични околности.

(5) Регулаторната комисија за енергетика, во рок од четири месеци од датумот на прием на барањето од ставот (1) на овој член, изготвува предлог-одлука за сертификација, односно одбивање на барањето за сертификација.

(6) Регулаторната комисија за енергетика го одбива барањето за сертификација од ставот (1) на овој член, ако:

1) операторот на системот за пренос на природен гас не докаже дека ги исполнува условите пропишани во членот 41 од овој закон, во членот 109 ставови 3) и 5) од овој закон или

2) издавањето на сертификатот ја загрозува сигурноста на снабдувањето на Република Македонија и/или сигурноста на снабдувањето на договорна страна или земја-членка на Енергетската заедница.

(7) Регулаторната комисија за енергетика е должна веднаш да ја достави до Секретаријатот на Енергетската заедница предлог-одлуката од ставот (5) на овој член, заедно со пропратната документација врз основа на која е донесена одлуката, заради добивање на мислење.

(8) Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 60 дена од денот на доставувањето на мислењето, односно истекувањето на рокот за доставување на мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница, донесува одлука за сертификација, односно одбивање на барањето за сертификација.

(9) При донесувањето на одлуката од ставот (8) на овој член Регулаторната комисија за енергетика, е должна целосно да го земе предвид

мислењето на Министерството и мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница.

(10) Одлуката на Регулаторната комисија за енергетика и мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“.

(11) Ако одлуката на Регулаторната комисија за енергетика не е во согласност со мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница, со одлуката се објавува и образложение.

Ревизија на сертификацијата

Член 115

(1) Регулаторната комисија за енергетика започнува постапка за ревизија на сертификацијата ако при вршење на надзор врз работењето на операторот на системот за пренос на природен гас, или ако била известена од операторот или од службеникот за усогласеност од чЧлен 112 од овој закон, или на друг начин дошла до сознанија дека настанала или се планира настанување на промена во сопственичката структура на операторот, или друга промена којашто може да влијае врз исполнувањето на обврските утврдени во членовите 109, 110, 116 од овој закон.

(2) Постапката од ставот (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика ја започнува и по барање од Секретаријатот на Енергетската заедница.

(3) Регулаторната комисија за енергетика доставува до операторот на системот за пренос на природен гас известување за започнување на постапката за ревизија на сертификацијата со кое го задолжува да ја обезбеди потребната документација, податоците и информациите од коишто може да се утврди планираната или настанатата промена, како и рокот за нивно доставување којшто не може да биде покус од 15 дена.

(4) Во рок од 60 дена по добивањето на бараните податоци, информации и документација, Регулаторната комисија за енергетика изготвува предлог одлука за издавање на нов или одземање на постојниот сертификат и ја доставува на мислење до Секретаријатот на Енергетската заедница.

(5) Во рок од 60 дена по добивање на мислење од страна на Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за издавање на нов или одземање на постојниот сертификат и ја објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница. При донесување на одлуката, Регулаторната комисија за енергетика го зема предвид мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница и на својата веб страница ги објавува причините за можните отстапки од мислењето.

Должности на оператор на системот за пренос

Член 116

(1) Операторот на системот за пренос на природен гас ја одржува, надградува и проширува преносната мрежа за природен гас, управува со системот за пренос на природен гас, и обезбедува поврзување со други системи вклучувајќи и системи за пренос на природен гас на други држави.

(2) Операторот на системот за пренос на природен гас, е должен во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон:

1) да придонесе за сигурност во снабдувањето со природен гас, преку обезбедување на сигурен, безбеден, економски исплатлив и квалитетен пренос и испорака на природен гас преку системот за пренос;

2) да обезбеди доверливо и сигурно функционирање на системот за пренос на природен гас и унапредување на оперативноста;

3) во секое време да има на располагање материјални, технички и човечки ресурси, како и финансиски средства потребни за исполнување на своите обврски во однос на развојот, надградувањето и одржувањето на системот за пренос на природен гас;

4) да им ги обезбеди сите информации потребни за пристап и користење на системот за пренос на природен гас и да им обезбеди пристап на корисниците на системот за пренос на природен гас;

5) да ги одобри барањата на корисниците за приклучување на системот за пренос согласно со мрежните правила за пренос на природен гас, доколку тоа е економски оправдано;

6) да ги објави на својата веб страница тарифите за пренос, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика;

7) да гради нови и да ги надградува постојните интерконективни капацитети со соседните држави, водејќи сметка за ефикасно искористување на постојните интерконективни капацитети и рамнотежа помеѓу инвестициските трошоци и придобивките за потрошувачите;

8) да ги обезбеди прекуграничните текови на природен гас преку својата мрежа за пренос во рамките на расположливиот преносен капацитет;

9) да изработи годишен план за одржување на системот за пренос и по неговото одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика да го објави на својата веб страница;

10) да изработи конечен дневен распоред за пренос и оптоварување на системот за пренос на природен гас и да ги евидентира и чува податоците добиени во процесот на изработка на конечниот дневен распоред;

11) да обезбеди дневно диспечирање и управување во реално време со протокот на природен гас водејќи сметка за внатрешните и прекуграничните трансакции преку системот за пренос на природен гас, врз основа на конечниот дневен распоред;

12) да обезбеди синхронизирана работа на системот за пренос на природен гас со системите за пренос со кои е директно поврзан, како и да соработува и разменува податоци со операторите на други системи за пренос на природен гас;

13) да објавува податоци и навремено да обезбеди информации од операторите на соседните системи за пренос на природен гас за расположливите преносни капацитети на интерконективните водови или транснационалните гасоводи, заради обезбедување на ефикасен, недискриминаторен, објективен и транспарентен пристап и користење на системот за пренос на природен гас;

14) да обезбеди инсталирање и одржување на мерни уреди и да го мери протокот на природен гас на сите мерни места во точките за прием и испорака во системот за пренос и да ги достави податоците од мерењата до корисници на системот и до операторот на пазарот на природен гас;

15) да им обезбеди пристап на корисниците на системот за пренос на природен гас до мерните уреди што се во негова сопственост;

16) да набави системски услуги за балансирање на системот за пренос на природен гас, согласно со правилата за балансирање на системот за пренос на природен гас;

17) да воспостави и води регистар на даватели на услуги за балансирање и регистар на балансно одговорни страни и балансни групи;

18) да изготви правила за набавка на природен гас за покривање на загубите во системот за пренос на природен гас и да ги достави до Регулаторната комисија за енергетика за одобрување;

19) да набави природен гас за покривање на загубите во системот за пренос на природен гас со цел да обезбеди сигурно и доверливо функционирање

на системот за пренос на природен гас по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин;

20) да ги решава преоптоварувањата во преносната мрежа за природен гас, во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас;

21) да обезбеди балансирање на системот за пренос на природен гас и порамнување на отстапувањата и услугите за балансирање, во однос на давателите и корисниците на услугите за балансирање, како и да ги обезбеди пресметувањето, фактурирањето и наплатата на услугите за балансирање;

22) да води евиденција и распоред на физичките трансакции и да ги утврди потребните измени во распоредот на диспечирање на природен гас во случај на загрозување во снабдувањето со природен гас, хаварии или поголеми отстапувања на потрошувачката на природен гас од утврдените количини во рамките на техничките можности на системот за пренос на природен гас, при што трошоците за набавка на природниот гас, со примена на балансниот механизам, се надоместуваат од учесниците на пазарот на природен гас коишто предизвикале отстапување;

23) да им обезбеди доверливост на деловните податоци на корисниците на системот за пренос на природен гас;

24) да учествува во работата на регионалните и меѓународните организации и

25) навремено да им обезбеди информации на операторите на преносните и дистрибутивните системи на природен гас со кои е поврзан со цел сигурно и ефикасно функционирање на системите и интерконективните водови.

(3) Операторот на системот за пренос на природен гас на учесниците на пазарот на природен гас им го става на располагање, на сите влезни и излезни точки, севкупниот капацитет на системот водејќи притоа сметка за интегритетот на системот и ефикасното функционирање на мрежата.

(4) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен да води диспечерска книга, записи за доверливоста на системот за пренос, податоци од системот за надзор и управување и мерни податоци и тие книги, записи и податоци да ги чува најмалку десет години.

(5) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен на начин утврден со мрежните правила за пренос на природен гас да води евиденција за работењето на системот за пренос и за тоа да ја известува Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање.

(6) Операторот на системот за пренос на природен гас може привремено да ја прекине испораката на природен гас од преносната мрежа со која управува при вршење на планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, поправки, одржување, реконструкции и проширувања на објектите, уредите и инсталациите, приклучување на нови корисници, како и во случај на потреба од спречување на ризици од нарушување во системот за пренос на природен гас. Начинот, постапката и известувањата за ваквите прекини, операторот на системот за пренос ги врши во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас.

(7) Операторот на системот за пренос на природен гас заради надзор, контрола и одржување има право на пристап до инсталациите и мерно-регулационите станици коишто се составен дел на преносната мрежа со која управува, а кои се наоѓаат на имотите на потрошувачите, на начин и под услови утврдени во мрежните правила за пренос на природен гас.

Планирање на развој

Член 117

(1) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен секоја година да подготвува план за развој на системот за пренос на природен гас за период од наредните десет години. Содржината на планот се уредува со

мрежните правила за пренос на природен гас и во него се содржани сите неопходни информации за проширувањето и надградбата на системот за пренос на природен гас вклучувајќи ги и приоритетите за изградба на нови интерконективни водови усогласени со операторите на системите за пренос на природен гас во регионот. Операторот на системот за пренос на природен гас го доставува планот за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 октомври во календарската година и по добиеното одобрување планот го донесува и објавува на својата веб страница.

(2) Операторот на системот за пренос на природен гас подготвува и најдоцна до 31 октомври секоја календарска година доставува до Министерството и до Регулаторната комисија за енергетика едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за побарувачката на природен гас во Република Македонија.

(3) Операторот на системот за пренос на природен гас за секој регулиран период изготвува и доставува за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика планови за инвестирање во системот за пренос, во кои особено треба да биде прикажано очекуваното зголемување на ефикасноста на работата на системот како резултат на предвидените инвестиции.

Договори за пренос за природен гас

Член 118

(1) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен:

1) да обезбеди услуги за постојан или прекинлив пристап на трета страна и да обезбеди дека цената за капацитетот што подлежи на прекини ја одразува веројатноста за прекини;

2) да им понуди на корисниците на системот долгорочни и краткорочни услуги.

(2) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен на корисниците на системот да им нуди услуги за пренос на природен гас со примена на еднакви договорни услови, претходно одобрени Регулаторната комисија за енергетика и објавени на неговата веб страницата.

(3) Тарифите коишто операторот на системот за пренос на природен гас ги применува за договори за пренос со нестандардни датуми на почнување на преносот или пократко времетраење од стандардните годишни договори за пренос на природен гас се утврдуваат согласно со тарифниот систем за пренос на природен гас, со примена на начелата утврдени со членот 29 став (4) од овој закон.

(4) Операторот на системот за пренос на природен гас одобрува пристап на трета страна доколку барателот на пристапот обезбеди гаранции за плаќањето на услугата, коишто се определуваат врз основа на начелата на недискриминација, транспарентност и пропорционалност и не претставуваат пречка за влез на пазарот на природен гас.

Тргување со правата на капацитети

Член 119

(1) Операторот на системот за пренос на природен гас, во согласност со мрежните правила за пренос за природен гас и правилата за пазар на природен гас, утврдува транспарентни и недискриминаторни постапки и услови во договорите за тргување со кои на корисниците на системот им се овозможува неискористениот капацитет за пренос на природен гас што го закупиле на примарниот пазар да го продадат на секундарниот пазар на капацитет, како и

начинот на известување и признавање на правото на капацитет набавено на секундарниот пазар.

(2) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да ги објави на својата веб страница постапките и условите од договорите од ставот (1) на овој член за тргување со капацитети на примарниот и секундарниот пазар.

Балансна одговорност

Член 120

(1) Секој од учесниците на пазарот на природен гас од членот 108 став (2) точки од 1) до 6) има балансна одговорност.

(2) Учесникот на пазарот на природен гас може да ја организира својата балансна одговорност со склучување на договор за балансна одговорност со операторот на системот за пренос на природен гас, по што се стекнува со статус на балансно одговорна страна.

(3) Учесник на пазарот на природен гас може да ја организира својата баланса одговорност со пренесување на балансната одговорност на неговиот избран претставник, кој е балансно одговорна страна, со што станува член на балансната група на балансно одговорната страна.

Правила за балансирање

Член 121

(1) Операторот на системот за пренос на природен гас ги изготвува правилата за балансирање на системот за пренос на природен гас и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика ги донесува и ги објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница.

(2) Правилата од ставот (1) на овој член се објективни, транспарентни, недискриминаторни и пазарно-ориентирани и ги одразуваат потребите на системот имајќи ги предвид ресурсите со кои располага операторот на системот за пренос на природен гас, а со нив особено се уредуваат:

1) правата и обврските на давателите на услуги за балансирање;

2) постапката за набавката на услуги за балансирање;

3) методологијата за формирање на цени за услугите за балансирање, како и постапката за нивна пресметка, фактурирање и наплата, којашто треба да биде недискриминаторна, да ги одразува реално направените трошоците и да овозможи минимизирање на трошоците за балансирање;

4) начинот на утврдување на активираните количини на услугите за балансирање коишто се порамнуваат помеѓу давателите на услугите на балансирање;

5) финансиското порамнување со давателите на услуги за балансирање и со балансно одговорните страни;

6) одговорностите на балансно одговорните страни, вклучувајќи го и склучувањето на договорите за балансна одговорност;

7) формата, содржината и начинот на водење на регистар на давателите на услуги за балансирање и регистар на балансно одговорни страни и балансни групи и

8) начинот на пресметка на дебалансите помеѓу номинираните и реализираните трансакции врз основа на мерењата направени од страна на операторот на системот за пренос на природен гас и операторот на системот за дистрибуција на природен гас.

(3) За да се овозможи преземање на навремени корективни мерки од страна на корисниците на системот, операторот на системот за пренос на

природен гас, на својата веб страница обезбедува без надоместок, навремени, доволни и сигурни информации за балансниот статус на корисниците на системот.

(4) Во согласност со одредбите од овој закон и правилата од ставот (1) на овој член, операторот на системот за пренос на природен гас е должен да:

1) ги утврди активираните количини на услугите за балансирање со секој давател на услуги за балансирање;

2) ги утврди сите дебаланси со секоја балансно одговорна страна;

3) ги пресмета сите потребни количини на системски услуги кои ги набавува на пазарот на балансна енергија;

4) ја пресмета цената на порамнување за отстапување на балансно одговорните страни и

5) направи финансиско порамнување со давателите и корисниците на услуги за балансирање.

(5) Операторот на системот за пренос на природен гас квартално ја известува Регулаторната комисија за енергетика за договорите кои ги склучил со давателите на услуги за балансирање и за нивната реализација.

(6) Надоместоците за дебалансите кои операторот на системот за пренос на природен гас ги наплаќа:

1) ги одразуваат трошоците за балансирање и обезбедуваат соодветни стимулативни мерки за корисниците на системот заради балансирање на нивната испорака и преземање на природен гас;

2) не содржат вкрстено субвенционирање помеѓу корисниците на системот и

3) не го попречуваат влезот на нови учесници на пазарот.

(7) Операторот на системот за пренос на природен гас му ги обезбедува на операторот на пазарот на природен гас сите податоци потребни за пресметка на дебалансите.

(8) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен:

1) да го усогласи балансниот механизам утврден во правилата од ставот (1) на овој член со соодветните балансни механизми на другите договорни страни и држави учесници во Енергетската заедница и да го оптимизира балансниот механизам и нивоата на надоместоците за балансирање со цел да ја олесни трговијата со гас и

2) да соработува со другите оператори на системи за пренос на природен гас заради олеснување на развојот на пазарот на услуги за балансирање на регионално ниво.

Надоместоци за пристап на системот за пренос на природен гас

Член 122

(1) Надоместоците коишто операторот на системот за пренос на природен гас ги наплаќа за пристап до системот за пренос на природен гас се утврдуваат врз основа на тарифите одобрени од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен при утврдувањето на надоместоците од ставот (1) на овој член да овозможи надоместоците да:

1) обезбедат одржување и подобрување на интегритетот на системот за пренос на природен гас;

2) ги одразуваат реално направените трошоци за пристап, доколку таквите трошоци се транспарентни;

3) се применуваат на недискриминаторен начин;

4) вклучат соодветен поврат на инвестициите во системот за пренос на природен гас;

5) не ја ограничуваат ликвидноста на пазарот на природен гас;

6) не ја нарушуваат прекуграничната трговија помеѓу системите за пренос на природен гас и

7) не се пресметуваат врз основа на должината и времетраењето на транспортот на природниот гас.

(3) Во согласност со тарифните системи од членот 29 од овој закон, Регулаторната комисија за енергетика може да одлучи при утврдување на тарифите да се користат пазарни механизми како што се аукциите, под услов тие механизми и приходите кои произлегуваат од нив да бидат одобрени од нејзина страна.

(4) Надоместоците за секоја влезна или излезна точка на системот за пренос коишто операторот им ги наплаќа на корисниците на системот за пренос на природен гас се определуваат во согласност со механизмите и методологиите за утврдување и распределба на трошоците во однос на влезните и излезните точки, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика и се применуваат на недискриминаторен начин.

(5) Ако разликите во тарифите или во механизмите за балансирање утврдени од операторите на системите за пренос на природен гас во регионот ја попречуваат трговијата на природен гас во регионот, операторот на системот за пренос на природен гас во соработка со Регулаторната комисија за енергетика ќе побара од Секретаријатот на енергетската заедница преземање на мерки за соодветно усогласување на тарифите и механизмите за балансирање на регионално ниво.

(6) Операторот им го фактурира надоместокот за користење на системот за пренос на природен гас на:

1) потрошувачите приклучени на системот за пренос коишто самостојно настапуваат на пазарот на природен гас и

2) снабдувачите или трговците коишто обезбедуваат природен гас на потрошувачите приклучени на системот за пренос на природен гас што не настапуваат самостојно на пазарот на природен гас и операторите на системите за дистрибуција на природен гас.

Мрежни правила за пренос на природен гас

Член 123

(1) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да ги донесе и да ги објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница мрежните правила за пренос на природен гас. Мрежните правила за пренос на природен гас особено ги уредуваат:

1) техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на системот за пренос на природен гас;

2) техничко-технолошките услови и начинот за приклучување на објектите, уредите и постројките на системот за пренос на природен гас;

3) постапката за давање на согласност на корисниците за приклучување на преносната мрежа, како и соработката и обврските на операторот на системот за пренос;

4) методологијата за определување на надоместокот за приклучување на преносната мрежа;

5) условите и начинот на пристап на трета страна на системот за пренос, како и начин на определување на гаранциите за плаќање на услугите за пренос на природен гас;

6) начинот на усогласување со корисниците на системот за пренос на природен гас во случаи на планирани прекини;

7) содржината на плановите за развој и одржување на системот за пренос, како и начинот и постапката според која корисниците на системот ги доставуваат неопходните податоци за изготвување на тие планови;

8) начинот и постапката за прогнозирање на потребите од природен гас, како и обврските на корисниците на системот за пренос на природен гас во поглед на доставувањето на неопходните податоци потребни за изготвување на прогнозите за потребите од природен гас;

9) мерките, активностите и постапките во случај на нарушувања и хаварии;

10) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на количините на природниот гас;

11) техничките критериумите за обезбедување на системски услуги;

12) начинот и постапката за објавување и доделување на расположливиот преносен капацитет и управувањето со преоптоварувањата во системот за пренос на природен гас;

13) начинот и постапката за пристап до инсталациите и мерно-регулационите станици што се составен дел на системот за пренос, а се во сопственост на потрошувачите или корисниците;

14) квалитетот на услугите што операторот на системот за пренос на природен гас ги обезбедува на корисниците;

15) работата на системите за оперативно управување;

16) начинот на објавување на информациите коишто согласно со одредбите од овој закон е должен да ги објавува;

17) начинот и постапката за обезбедување на информации за корисниците на системот и

18) начинот на соработка со операторите на системите за пренос на природен гас со кои е поврзан, како и со операторите на дистрибутивните системи приклучени на системот за пренос на природен гас.

(2) Мрежните правила на ENTSO-G се сметаат за прифатени и директно се применуваат од страна на операторот на системот за пренос на природен гас во согласност со обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори, како и обврските на операторот на системот за пренос на природен гас од членството во ENTSO-G.

Правила за доделување на прекугранични преносни капацитети

Член 124

(1) Операторот на системот за пренос на природен гас, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, ги донесува правилата за доделување на преносни капацитети за природен гас и ги објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница.

(2) Правилата од ставот (1) на овој член се:

1) пазарно ориентирани и се применуваат на транспарентен и недискриминаторен начин во однос на корисниците на системот;

2) усогласени со пазарните правила и се способни да се прилагодат на промените на пазарот и

3) во согласност со техничките спецификации на системот за пренос на природен гас во Република Македонија и системот за пренос на природен гас на договорните страни на Енергетската заедница.

(3) Со правилата од ставот (1) на овој член се обезбедуваат соодветни економски показатели за ефикасна и максимална употреба на техничкиот капацитет, се олеснуваат инвестициите во нова инфраструктура за природен гас и се олеснува прекуграничната размена на природен гас.

(4) Правилата од ставот (1) на овој член особено обезбедуваат дека:

1) во случај на договорено загушување во системот за пренос на природен гас, операторот на системот за пренос го нуди неискористениот капацитет на примарниот пазар најмалку ден однапред или како прекинлив капацитет;

2) кога корисник на систем за природен гас го продава или пренесува неискористениот договорен капацитет во системот на секундарниот пазар, претходно го известува операторот на системот за пренос на природен гас којшто му го доделил капацитетот и

3) во случај кога постои физичко загушување во системот за пренос на природен гас, операторот на системот за пренос на природен гас применува недискриминаторен и транспарентен механизам за доделување на капацитети.

Комуникација со корисници

Член 125

(1) Заради обезбедување на транспарентност, објективност и недискриминаторност во примена на тарифите, како и ефикасно користење на системот за природен гас од страна на корисниците, операторот на системот за пренос на природен гас е должен постојано да ја ажурира својата веб страница и да објавува детални информации со кои располага, а кои се однесуваат на:

1) услугите, како и условите под кои се обезбедува ефикасен пристап на трета страна на системот, вклучително и техничките информации потребни за обезбедување на пристапот;

2) техничките, договорените и расположливите капацитети за сите релевантни точки на нумеричка основа, вклучувајќи ги влезните и излезните точки, на редовна и постојана основа, на стандардизиран начин лесен за користење;

3) методологијата за формирање и структурата на тарифите, како и отстапувањето од тарифите;

4) понудата и побарувачката пред и по реализираните трансакции, врз основа на номинации, предвидувања и реализирани текови на природен гас, во и надвор од системот за пренос на природен гас и

5) преземените мерки, како и направените трошоци и приходи за балансирање на системот за пренос на природен гас.

(2) Регулаторната комисија за енергетика, по консултации со корисниците на системот, ги одобрува информациите од ставот (1) точка 2) на овој член коишто ги објавува операторот на системот за пренос на природен гас.

(3) Регулаторната комисија за енергетика обезбедува информациите од ставот (1) на овој член да бидат достапни навремено и без надоместок.

VII. 3. ОПЕРАТОР НА ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС

Оператор на пазар на природен гас

Член 126

(1) Операторот на пазарот на природен гас е друштво кое ги врши работите што се однесуваат на организацијата, ефикасно функционирање и развој на организираниот пазар на природен гас.

(2) Операторот на пазарот на природен гас е должен во согласност со овој закон и правилата и прописите донесени врз основа на овој закон да врши:

1) администрирање на пазарот на природен гас со билатерални договори;

2) организирање и управување на организираниот пазар на природен гас за трговија со природен гас во Република Македонија и/или приклучување со други организирани пазари на природен гас;

3) пресметка на количините на потребната балансна енергија заради одредување на цената на дебалансната енергија, а согласно со податоците добиени од операторот на системот за пренос на природен гас;

4) пресметка на дебалансите на балансно одговорните страни согласно со конечниот дневен распоред и мерењата добиени од операторот на системот за пренос на природен гас, операторите на системите за дистрибуција на природен гас;

5) финансиско порамнување и контрола врз финансиското покривање на признаените дебаланси врз основа на квантитативно порамнување на дебалансите;

6) навремено доставување до операторот на системот за пренос на природен гас на сите информации потребни за изработка на конечните дневни распореди за купување и продажба на природен гас во и надвор од границите на Република Македонија;

7) водење на евиденција на сите договори склучени со учесниците на пазарот на природен гас;

8) водење на евиденција на сите договори за формирање на балансни групи склучени помеѓу учесниците на пазарот на природен гас и операторот на пазар на природен гас;

9) изработка на дневен пазарен план;

10) воспоставување и водење на регистар на учесниците на пазарот на природен гас;

11) објавување на информации кои се неопходни за непречено организирање и управување на пазарот на природен гас и

12) обезбедување на потребните услуги за снабдувачот со природен гас во краен случај, заради соодветно задоволување на потребите на неговите потрошувачи.

(3) Операторот на пазарот на природен гас, операторот на системот за пренос на природен гас, операторите на системот за дистрибуција на природен гас и друштвата за снабдување им овозможуваат увид на надлежните државни органи во евиденциите за физичките трансакции на природен гас коишто се уредуваат со правилата за пазар на природен гас.

(4) Регулаторната комисија за енергетика може да одлучи да им овозможи увид на учесниците на пазарот на природен гас во евиденциите од ставот (3) на овој член, под услов да не се објават деловно чувствителни информации за индивидуални учесници на пазарот или поединечни трансакции.

(5) Важечките тарифи за организација на пазарот на природен гас на операторот на пазарот на природен гас му ги одобрува Регулаторната комисија за енергетика.

(6) Операторот на пазарот на природен гас е должен да обезбеди доверливост на деловните податоци коишто учесниците на пазарот на природен гас се должни да му ги достават.

Раздвојување на дејностите

Член 127

(1) Друштвото кое поседува лиценца за вршење на дејноста организација и управување со пазарот на природен гас не може да биде носител на лиценца и не може да учествува во преносот на природен гас и управувањето со систем за природен гас, дистрибуцијата, трговијата и снабдувањето со природен гас.

(2) Во случај кога оператор на пазарот на природен гас е субјект во сопственост на операторот на системот за пренос на природен гас, операторот на системот за пренос на природен гас ја обезбедува својата независност од операторот на пазарот на природен гас во поглед на правната форма, организацијата и одлучувањето, во согласност со програмата од членот 111.

Правила за пазар на природен гас

Член 128

(1) Регулаторната комисија за енергетика донесува правила за пазар на природен гас, засновани на начелата на транспарентност, недискриминација и конкурентност, со кои особено се уредуваат:

1) организацијата и функционирањето на пазарот на природен гас;

2) условите што треба да ги исполнат учесниците на пазарот на природен гас;

3) елементите на договорите за учество на пазарот на природен гас;

4) воспоставувањето, организирањето и контролата на тргувањето со природен гас и помошни услуги, вклучувајќи го и прекуграничното тргување;

5) постапката и начинот за собирање и доставување на податоци до Регулаторната комисија за енергетика во однос на состојбите и појавите на пазарот на природен гас.

(2) Регулаторната комисија за енергетика при изготвувањето на правилата за пазарот на природен гас соработува со операторот на пазарот на природен гас и операторот на системот за пренос на природен гас.

VII. 4. ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС

Оператор на системот за дистрибуција на природен гас

Член 129

(1) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас за определено подрачје на територијата на Република Македонија во кое врши дистрибуција на природен гас, го одржува, а кога е економски исплатливо го надградува и проширува системот за дистрибуција со кој управува и го поврзува со системот за пренос на природен гас.

(2) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен:

1) да обезбеди сигурно, доверливо, економски исплатливо и безбедно функционирање на системот за дистрибуција со кој управува;

2) да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна испорака на природен гас преку системот за дистрибуција со кој управува на недискриминаторен и транспарентен начин, и во согласност со пропишаниот квалитет;

3) да ги приклучи потрошувачите на дистрибутивната мрежа, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на системот за дистрибуција;

4) навремено да обезбеди информации до другите оператори на системи за дистрибуција како и операторот на системот за пренос на природен гас;

5) на корисниците на системот за дистрибуција на природен гас навремено да им ги обезбеди информациите кои се потребни за ефикасен пристап до системот;

6) да им овозможи на снабдувачите електронски пристап до листата на потрошувачи која не ги вклучува домаќинствата, согласно тарифниот систем за дистрибуција, како и нивната потрошувачка за последните 12 месеци;

7) на својата веб страница да објави листа со надоместоци за секоја категорија на потрошувачи, која претходно е одобрена од Регулаторната комисија за енергетика;

8) да го развива, надградува и одржува системот за дистрибуција со кој управува и да обезбеди долгорочна способност на системот за задоволување на оправданите барања за дистрибуција на природен гас;

9) да го усогласи работењето на системот за дистрибуција на природен гас со работењето на системот за пренос на природен гас;

10) да подготви план за одржување на дистрибутивната мрежа и по неговото одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да го усвои и да го објави на својата веб страница;

11) да набави системски услуги и природен гас за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин, во согласност со правилата за набавка на природен гас;

12) да ги мери количините на природен гас преземени од системот за пренос на природен гас, а кои се испорачани до потрошувачите и да ги достави податоците од мерењата до снабдувачите или трговците со природен гас, операторот на системот за пренос на природен гас, операторот на пазар на природен гас и во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон до секоја друга страна што може да ги побара;

13) да овозможи пристап на корисниците до мерните уреди во сопственост на операторот на системот за дистибуција во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција на природен гас;

14) да води диспечерска книга, записи за доверливоста на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и таквите податоци да ги чува во период од најмалку десет години;

15) да обезбеди доверливост на деловните податоци на корисниците на системот за дистрибуција и да спречи дискриминаторен начин на откривање на информациите за своите активности со кои може да се оствари комерцијална предност за поврзаните друштва и

16) да не ги злоупотребува доверливите информации добиени од трета страна во однос на обезбедување на пристап до системот за дистрибуција на природен гас.

(3) Надоместокот за користењето на системот за дистрибуција на природен гас го плаќаат потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас. Операторот на системот за дистрибуција на природен гас им го фактурира на потрошувачите приклучени на неговиот систем надоместокот за користење на системот, а може да им го фактурира и надоместокот за користење на системот за пренос на природен гас согласно со објавените тарифи.

(4) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас може да склучува договори со снабдувачите или трговците на природен гас кои може да ги овласти да ги наплатуваат надоместоците од ставот (3) на овој член од потрошувачите на природен гас приклучени на системот за дистрибуција.

(5) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас е должен да изготви и да ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика правилата за набавка на природен гас од ставот (2) точка 11) на овој член.

(6) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас може привремено да ја прекине испораката на природен гас од дистрибутивната мрежа со која управува при вршење на планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширувања на мрежите, уредите и инсталациите како и во случај на потреба од спречување на ризици од нарушувања во системот за дистрибуција на природен гас. Привремениот прекин може да се врши во време кога со тоа најмалку им се нанесува штета на корисниците на системот, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на природен гас.

(7) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако системот за дистрибуција со кој управува операторот на системот за дистрибуција на природен гас не е поврзан со системот за пренос на природен гас и се напојува со компримиран природен гас, операторот на системот е должен во мрежните правила за дистрибуција на природен гас да ја уреди постапката за набавка на системски

услуги и балансирање на отстапувањата помеѓу фактичката и планираната потрошувачка на природен гас во реално време.

Планирање на систем за дистрибуција за природен гас

Член 130

(1) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас е одговорен за долгорочно планирање на развојот на системот за дистрибуција на природен гас на подрачјето на кое ја врши дејноста.

(2) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас е должен секоја година да изготвува план за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од следните пет години, со содржина утврдена со мрежните правила за дистрибуција на природен гас и најдоцна до 31 октомври во тековната година го доставува до Регулаторната комисија за енергетика на одобрување, а по добиеното одобрување, го донесува планот и го објавува на својата веб страница. Во планот треба да бидат содржани сите неопходни информации за проширување и надградба на системот, и треба да биде усогласен со десетгодишниот план за развој на системот за пренос на природен гас.

(3) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас подготвува и најдоцна од 31 октомври во тековната година, доставува до Министерството и Регулаторната комисија за енергетика едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за потребите од природен гас за системот за дистрибуција со кој управува.

(4) За секој регулиран период, операторот на системот за дистрибуција на природен гас изготвува план за инвестирање во системот за дистрибуција на природен гас усогласен со планот од ставот (2) на овој член и го доставува за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика. Во планот особено треба да биде прикажано очекуваното зголемување на ефикасноста на работата на системот за дистрибуција на природен гас како резултат на очекуваните инвестиции.

Мерење на количините на природен гас

Член 131

(1) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас е должен да ги мери количините на природен гас, што ги презема и испорачува на корисниците на системот со кој управува, со мерни уреди, во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција на природен гас.

(2) Мерните уреди од ставот (1) на овој член се во сопственост на операторот на системот за дистрибуција на природен гас.

(3) Локацијата на мерните уреди ја утврдува операторот на системот за дистрибуција на природен гас при што во зависност од техничките можности на локацијата мерните уреди можат да бидат сместени во или надвор од границите на имотот на корисникот на системот.

(4) Ако мерниот уред се наоѓа на имотот од корисникот на системот, корисникот е должен да му овозможи на овластеното лице на операторот на системот за дистрибуција на природен гас право на пристап до секој дел од неговиот имот или објект каде што се наоѓа мерниот уред, заради:

1) читање на мерните уреди;

2) контрола, вградување, надзор, замена или одржување на опремата на мерното место;

3) исклучување на корисникот од системот кога постапува спротивно на условите за користење на системот за дистрибуција на природен гас пропишани во мрежните правила за дистрибуција на природен гас и

4) исклучување на потрошувачот, на барање на снабдувачот, во согласност со одредбите од правилата за снабдување со природен гас.

Мрежни правила за дистрибуција

Член 132

(1) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас е должен по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да ги донесе мрежните правила за дистрибуција на природен гас за системот со кој управува и да ги објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница. Со мрежните правила за дистрибуција на природен гас, особено се уредуваат:

1) техничките услови за приклучување на потрошувачите на природен гас на системот за дистрибуција на природен гас;

2) методологијата за определување на надоместокот за приклучување на системот за дистрибуција на природен гас;

3) условите и начинот за пристап на трета страна на системот;

4) техничките и другите услови за доверливо и безбедно функционирање на системот за дистрибуција и за обезбедување на квалитетни услуги на корисниците на системот;

5) мерките, активностите и постапките во случај на испади и кризни состојби;

6) начинот и постапката за надзор и тестирање на дистрибутивната мрежа за природен гас;

7) начинот и постапката за регулирање на протокот и притисокот на природниот гас преку дистрибутивната мрежа;

8) начинот и постапката за усогласување на активностите во системот за дистрибуција на природен гас со активностите во системот за пренос на природен гас;

9) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на количините на природниот гас;

10) планирањето на одржувањето и развојот на системот за дистрибуција на природен гас;

11) начинот на усогласување со корисниците на системот за дистрибуција на природен гас во случаи на планирани прекини;

12) содржината на плановите за развој на системот за дистрибуција на природен гас, како и начинот и постапката според која корисниците на системот ги доставуваат неопходните податоци за изготвување на плановите за развој;

13) квалитетот на услугата за испорака на природен гас;

14) прогнозата на потребите од природен гас, врз основа на податоците добиени од снабдувачите и плановите за развој на потрошувачите;

15) начинот и постапката за доставување на информации на корисниците на системот и

16) начинот на соработка со операторот на системот за пренос и останатите оператори на системи за дистрибуција на природен гас.

(2) Во случај на постоење на повеќе оператори на системи за дистрибуција на природен гас, Регулаторната комисија за енергетика обезбедува меѓусебно усогласување на поединечните мрежни правила за дистрибуција на природен гас.

Раздвојување на дејностите

Член 133

(1) Друштво коешто поседува лиценца за вршење на дејност дистрибуција на природен гас не може да има лиценца и не може да учествува во вршењето

на дејностите пренос на природен гас, организација и управување на пазарот на природен гас, трговија со природен гас и/или снабдување со природен гас.

(2) Во случај кога операторот на системот за дистрибуција на природен гас е дел од вертикално интегрирано друштво за природен гас, во однос на неговиот правен субјективитет, организација, и одлучување, мора да е независен и да дејствува независно од другите активности кои не се поврзани со дистрибуција на природен гас. Независноста на операторот на системот за дистрибуција на природен гас не вклучува обврска за раздвојување на сопственоста на средствата на дистрибутивниот систем од вертикално интегрираното друштво за природен гас.

(3) Заради исполнување на обврските од ставовите (1) и (2) на овој член, вертикално интегрираното друштво може да изврши промена во друга правна форма, при што секоја форма на пренос на средства од вертикално интегрираното друштво во новоформираното друштво нема да се смета за трансакција во согласност со прописите за оданочување.

(4) Заради независност во вршењето на енергетската дејност дистрибуција на природен гас и исполнување на обврската за вршење на јавна услуга на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин, операторот на системот за дистрибуција на природен гас обезбедува:

1) лицата кои учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на системот за дистрибуција на природен гас не можат да учествуваат во управните и извршните тела на носителите на лиценци за пренос на природен гас, организација и управување со пазарот на природен гас, трговија со природен гас, и/или снабдување со природен гас;

2) лицата кои учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на системот за дистрибуција на природен гас мора да имаат независност во нивната работа и одлучување од вертикалното интегрирано друштво и

3) донесувањето на одлуки на операторот на системот за дистрибуција на природен гас во врска со средствата неопходни за функционирање, одржување и развој на системот мора да биде независно од интересите на вертикално интегрираното друштво за природен гас на кое му припаѓа, за што операторот на системот за дистрибуција на природен гас треба да ги има на располагање потребните човечки, технички, финансиски и материјални ресурси.

(5) Во случај кога операторот на системот за дистрибуција на природен гас е дел од вертикално интегрирано друштво за природен гас:

1) неговата независност не го исклучува правото на вертикално интегрираното друштво за природен гас да го одобри годишниот финансиски план на операторот на системот за дистрибуција на природен гас и да ја утврди рамката за задолжување за операторот на системот за дистрибуција на природен гас;

2) вертикално интегрираното друштво за природен гас нема право да му дава инструкции на операторот на системот за дистрибуција на природен гас во однос на неговото секојдневно работење, ниту пак во однос на неговите поединечни одлуки за изградба или проширување на дистрибутивните водови, коишто се во рамките на одобрениот финансиски план или еквивалентен инструмент;

3) операторот на системот за дистрибуција на природен гас не може да ја користи својата вертикална интеграција за да ја наруши конкуренцијата, а особено не смее во својата комуникација и употреба на својата фирма да создава забуна во однос на посебниот идентитет на друштвото за снабдување кое е дел од вертикално интегрираното друштво за природен гас.

(6) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас, независно од организационата форма, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, назначува службеник за усогласеност, како и донесува програма за

усогласеност со која се утврдуваат мерките кои треба да се преземат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на системот за дистрибуција на природен гас по кој било основ, се дефинираат обврските на вработените во реализацијата на програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на операторот на системот за дистрибуција на природен гас со програмата.

(7) Службеникот за усогласеност на операторот на системот за дистрибуција на природен гас доставува годишен извештај за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика, во кој се наведени мерките преземени во претходната година и мерките што треба да се преземат во наредниот период во рамки на програмата за усогласеност од ставот (6) на овој член. Извештајот од овој став се објавува на веб страницата на операторот на системот за дистрибуција на природен гас.

(8) Службеникот за усогласеност на операторот на системот за дистрибуција на природен гас треба да има пристап до сите информации на операторот на системот за дистрибуција на природен гас, како и на секое поврзано друштво со операторот на системот за дистрибуција на природен гас, со цел да ги исполни своите задачи.

(9) По исклучок од ставот (1) на овој член, друштвото коешто врши дејност дистрибуција на природен гас може да врши и дејности снабдување со природен гас, снабдување со природен гас со обврска со јавна услуга и снабдување со природен гас во краен случај ако на неговиот систем се приклучени помалку од 100.000 потрошувачи.

Затворен систем за дистрибуција на природен гас

Член 134

(1) Регулаторната комисија за енергетика може на систем во кој се дистрибуира природен гас во рамки на географски ограничено подрачје во кое се врши индустриско производство, се вршат трговски дејности или се обезбедуваат заеднички услуги и не се врши снабдување на домаќинства со природен гас, да му додели статус на затворен систем за дистрибуција на природен гас, доколку:

1) поради посебни технички или безбедносни причини, активностите или производниот процес, корисниците на таа мрежа се интегрирани или

2) преку системот дистрибуира природен гас првенствено на сопственикот или операторот на системот или на нивни поврзани друштва.

(2) Регулаторната комисија за енергетика со правилник ги уредува условите и критериумите за доделување на статус на затворен систем за дистрибуција на природен гас.

(3) Регулаторната комисија за енергетика му издава на операторот на системот од ставот (1) на овој член, лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на природен гас во која се определуваат правата и обврските на операторот на затворениот систем.

(4) Регулаторната комисија за енергетика може да го изземе операторот на затворениот систем за дистрибуција од обврските за:

1) набавка на природен гас за покривање на загубите на природен гас и резервниот капацитет во својот систем според постапки кои се засноваат на начелата на транспарентност, недискриминаторност и конкурентност и/или

2) одобрување на тарифите, како и на методологиите врз основа на кои се пресметуваат тарифите пред нивното влегување во сила.

(5) Кога изземањето од ставот (4) на овој член е одобрено, корисникот на затворениот систем за дистрибуција на природен гас може да побара од Регулаторната комисија за енергетика да ги разгледа и одобри тарифите или методологиите на кои е засновано пресметувањето на применетите тарифи.

(6) Изземањето од ставот (4) на овој член се применува кога затворениот систем на дистрибуција повремено се користи од страна на мал број домаќинства во подрачјето на затворениот систем и покрај тоа што некој член од домаќинството е вработен или на друг начин ангажиран кај сопственикот на затворениот систем за дистрибуција.

Комбиниран оператор

Член 135

(1) По исклучок од членот 113 став (1) и членот 133 став (1) од овој закон, друштвото може да функционира како комбиниран оператор на систем за пренос и дистрибуција на природен гас, на коешто му се издава лиценца за пренос и дистрибуција на природен гас согласно овој закон.

(2) Комбинираниот оператор од ставот (1) на овој член ги има истите права и обврски како и операторот на системот за пренос на природен гас и оператор на системот за дистрибуција, во согласност со овој закон.

(3) На комбинираниот оператор од ставот (1) на овој член не може да му се издаде лиценца за вршење на дејностите организирање и управување на пазарот со природен гас, трговија со природен гас или снабдување со природен гас.

(4) Регулаторната комисија за енергетика со правилник ги уредува условите и критериумите за доделување на статус на комбиниран оператор на систем за пренос и дистрибуција на природен гас.

VII. 5. СНАБДУВАЧИ, ТРГОВЦИ И ПОТРОШУВАЧИ СО ПРИРОДЕН ГАС

Снабдувач со природен гас

Член 136

(1) Снабдувачот со природен гас набавува природен гас во Република Македонија и/или од странство заради продажба на своите потрошувачи, вклучувајќи производители на електрична енергија и/или топлинска енергија, други снабдувачи, трговци, операторот на системот за пренос или дистрибуција на природен гас и други учесници на пазарот на природен гас.

(2) Снабдувачот со природен гас кој се обврзал да испорача природен гас го обезбедува неопходниот капацитет за пренос и/или дистрибуција од соодветните оператори.

(3) Снабдувачот со природен гас, врз основа на извршените мерења од соодветниот оператор на системот за дистрибуција, на своите потрошувачите им фактурира за испорачаниот природен гас по договорената цена, при што во фактурата ги вклучува и надоместоците за користење на системот за пренос, надоместокот за користење на пазарот на природен гас и/или надоместокот за користење на системот за дистрибуција на природен гас.

(4) Снабдувачот со природен гас е должен, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, да:

1) ги исполни своите обврски кон потрошувачите во однос на сигурноста и обемот на снабдувањето;

2) обезбеди за своите потрошувачи услуга со квалитет утврден во правилата за снабдување со природен гас;

3) обезбеди недискриминаторен третман на сите потрошувачи;

4) доставува до операторот на системот за пренос на природен гас податоци за трансакциите и плановите за потрошувачка на природен гас за своите потрошувачи, неопходни за пресметка на дебалансите;

5) овозможи потрошувачите да добиваат редовни и точни известувања за реалната потрошувачка и трошоците за природен гас, за да можат да управуваат со својата потрошувачка;

6) ги плати набавените количини на природен гас, како и системските услуги од операторот на системот за пренос на природен гас и/или оператор на системот за дистрибуција на природен гас;

7) овозможи промена на снабдувач на транспарентен и недискриминаторен начин, без трошоци за потрошувачот, во рок не подолг од три недели од денот кога потрошувачот доставил барање за снабдување до новиот снабдувач со природен гас;

8) обезбеди при секоја промена на снабдувач со природен гас, потрошувачот да добие конечно затворање на сметката во рок од шест недели од настанувањето на промената на снабдувачот;

9) воспостави постапки за ефикасно решавање на приговорите на своите потрошувачи во рок од 60 дена, вклучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства кога е тоа оправдано;

10) ги објави на својата веб страница условите од договорите за снабдување со природен гас за секоја категорија потрошувачи и

11) работи врз начелата на објективност, транспарентност и недискриминација и ги објавува општите статистички податоци поврзани со неговите потрошувачи, како и неговите активности, земајќи ја предвид заштитата на доверливоста.

(5) Снабдувачот со природен гас, на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренцијата и на Секретаријатот на Енергетската заедница, им овозможува увид во податоците кои се однесуваат на негови трансакции и деривативи за купопродажба на природен гас со потрошувачите што ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на природен гас, како и со операторот на системот за пренос на природен гас, операторот на системот за дистрибуција на природен гас, или операторот на пазарот на природен гас, остварени во последните пет години.

(6) Податоците од ставот (5) на овој член содржат детали за карактеристиките на трансакциите како што се времетраењето, правилата за испорака и порамнување, количината, датумите и времето на извршување и цените на трансакцијата и средството за идентификација на засегнатиот потрошувач на големо, како и поважните детали на сите неподмирени договори за снабдување со природен гас и деривативи на природен гас.

Јавна услуга за снабдување со природен гас

Член 137

(1) Снабдувачот на природен гас со обврска за јавна услуга, избран во согласност со ставовите (3) и (7) на овој член, при обезбедување на јавната услуга снабдување со природен гас е должен да:

1) ги информира потрошувачите за нивните права и условите за испорака на природен гас во рамки на јавната услуга;

2) ги применува цената на природниот гас формирани во согласност со тарифниот систем од членот 29 став (1);

3) ги извести потрошувачите за условите за снабдување и цената на природен гас, како и да ги информира дека имаат право да изберат друг снабдувач на природен гас;

4) ги снабдува со природен гас, како јавна услуга, домаќинствата и малите потрошувачи на природен гас во рамки на територијата за која има лиценца да обезбеди јавна услуга снабдување со природен гас;

5) набави природен гас по пазарни услови и да ја одбере најдобрата понуда што му овозможува да обезбеди ефикасно обезбедување на јавната услуга;

6) ги објави на својата веб страница цените за снабдување во рамки на јавната услуга за снабдување со природен гас.

(2) Цените за природен гас што ги наплаќа снабдувачот на природен гас кој има обврска за јавна услуга треба да:

1) се објективни и транспарентни;

2) ги одразуваат трошоците во однос на набавката и снабдувањето на природен гас;

3) се лесно споредливи со цените на другите снабдувачи на природен гас, и

4) не дискриминираат потрошувачи од иста категорија.

(3) Владата, на предлог на Министерството или единицата на локалната самоуправа, по претходно добиеното мислење од Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за спроведување на тендерска постапка по пат на јавен повик согласно со прописите со кои се уредува набавка на јавна услуга за избор на снабдувачот на природен гас со обврска за јавна услуга.

(4) Со одлуката од ставот (3) на овој член особено се утврдуваат:

1) критериумите за избор на снабдувач на природен гас со обврска за јавна услуга;

2) тендерските услови;

3) рокот за донесување на одлука за избор на најповолен понудувач или за поништување на постапката и

4) времетраењето за кое се назначува снабдувачот на природен гас со обврска за јавна услуга коешто не може да биде подолго од пет години.

(5) Во постапката од ставот (3) на овој член, понуди може да достават друштва коишто имаат лиценца за снабдување со природен гас издадена од Регулаторната комисија за енергетика.

(6) Во случај по спроведената тендерска постапка од ставот (3) на овој член, да не се избере снабдувач со природен гас со обврска за јавна услуга, Владата, во рок од три месеци од завршување на првата постапка започнува нова тендерска постапка по пат на јавен повик за избор на снабдувач на природен гас со обврска за јавна услуга.

(7) Во случај втората постапка да не успее, Владата, на предлог на Министерството, по претходно добиеното мислење од Регулаторната комисија за енергетика, донесува одлука за назначување на снабдувач на природен гас со обврска за јавна услуга за период којшто не може да биде подолг од пет години, во согласност со членот 6 од овој закон.

(8) Обврските од членот 136 ставови (5) и (6) од овој закон се применуваат и на снабдувачот со природен гас со обврска за јавна услуга.

Снабдување во краен случај со природен гас

Член 138

(1) Снабдувачот со природен гас во краен случај е должен да врши снабдување на потрошувачите кои останале без снабдувач со природен гас во случај кога:

1) претходниот снабдувач прекинал со исполнувањето на своите обврски за снабдување во рамки на постојните договори за снабдување;

2) е поведена стечајна постапка на претходниот снабдувач со лично управување, или на барање на доверител, како и ликвидација;

3) лиценцата на претходниот снабдувач е суспендирана, трајно одземена или престанала да важи и

4) потрошувачите не склучиле нов договор за снабдување со природен гас по престанување или истекување на постојниот договор за снабдување.

(2) Снабдувачот со природен гас кој не е во можност да врши снабдување со природен гас до своите потрошувачи, во случаите наведени во ставот (1) точки 1) и 2) на овој член, е должен во рок утврден во правилата за снабдување да го извести снабдувачот со природен гас во краен случај, своите потрошувачи, Регулаторната комисија за енергетика и операторите на системот за пренос и дистрибуција на природен гас за денот кога прекинува со снабдувањето со природен гас. Во ваков случај потрошувачот автоматски се снабдува преку снабдувачот со природен гас во краен случај.

(3) Кога снабдувач со природен гас не е во можност да врши снабдување со природен гас на своите потрошувачи, во случаите наведени во ставот (1) точка 3) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика ги известува неговите потрошувачи, снабдувачот со природен гас во краен случај и операторите на системот за пренос и дистрибуција на природен гас за денот кога прекинува снабдувањето со природен гас:

1) најмалку 15 дена пред денот на влегување во сила на одлуката за престанување на важење на лиценцата или

2) најмалку три дена пред денот на влегување во сила на одлуката за суспендирање или трајно одземање на лиценцата.

(4) Снабдувачот со природен гас кој не склучил нов договор за снабдување со природен гас по престанување на постојниот договор за снабдување со природен гас, во случаите наведени од ставот (1) точка 4) на овој член, е должен во рок утврден со правилата за снабдување да го извести снабдувачот со природен гас во краен случај и Регулаторната комисија за енергетика, операторот на системот за пренос на природен гас и операторот на системот за дистрибуција на природен гас за денот и часот кога прекинува со снабдувањето со природен гас.

(5) Договорот за снабдување со природен гас во краен случај на потрошувачите се смета за склучен на денот кога условите за остварување на правото на снабдување во краен случај во ставот (1) точки 1), 2) и 3) на овој член се исполнети.

(6) Снабдувањето со природен гас во краен случај согласно со ставот (1) точки 1), 2) и 3) на овој член започнува со:

1) престанување на снабдување од страна на претходниот снабдувач или

2) снабдување на потрошувачот кој не склучил договор за снабдување со друг снабдувач.

(7) Снабдувачот со природен гас во краен случај продава природен гас по пазарни цени, коишто ги објавува на својата веб страница и ажурира најмалку еднаш месечно. Снабдувачот со природен гас во краен случај има право да бара инструмент за обезбедување на плаќање од потрошувачи кои немаат право на јавна услуга.

(8) Снабдувачот со природен гас во краен случај заради исполнување на потребите на своите потрошувачи, го обезбедува потребниот преносен и/или дистрибутивен капацитет и другите услуги од операторите на системи за пренос и дистрибуција, по тарифи претходно одобрени и објавени од Регулаторната комисија за енергетика, ако таквата обврска е пренесена од страна на потрошувачот според условите утврдени во договорот за снабдување со природен гас.

(9) Снабдувањето со природен гас во краен случај не може да трае повеќе од 90 дена.

(10) Во случај кога потрошувачот, кој се снабдува преку снабдувач со природен гас во краен случај, не склучи договор за снабдување со нов снабдувач на природен гас во рокот утврден во ставот (9) на овој член, операторот на системот за пренос или операторот на системот за дистрибуција на природен гас

е должен да му го прекине снабдувањето со природен гас на засегнатиот потрошувач.

(11) Операторот на системот за пренос на природен гас и операторот на системот за дистрибуција на природен гас се должни да доставуваат информација до снабдувачот со природен гас во краен случај за потрошувачите кои започнале со снабдување во краен случај во рок од пет дена од денот на известувањето од ставовите (3) и (4) на овој член.

(12) Обврските од членот 136 ставови (5) и (6) од овој закон се применуваат и на снабдувачот со природен гас во краен случај.

Постапка за избор на снабдувач во краен случај

Член 139

(1) Владата, по спроведената тендерска постапка со јавен повик согласно со прописите со кои се уредува набавка на јавна услуга, донесува одлука за избор на снабдувачот со обврска да обезбеди снабдување со природен гас во краен случај.

(2) Снабдувачот од ставот (1) се избира за период од пет години.

(3) Владата, на предлог на Регулаторната комисија за енергетика ја усвојува тендерската документација и донесува одлука за спроведување на постапката од ставот (1) на овој член најдоцна во рок од 12 месеци пред истекот на периодот за кој е избран постојниот снабдувач кој има обврска да обезбеди снабдување со природен гас во краен случај.

(4) Постапката од ставот (1) на овој член ја спроведува комисија формирана од Владата.

(5) При оценувањето на понудите особено се земаат предвид следниве критериуми:

1) понудената цена за природен гас за првата година на снабдување и начинот на определување на цените за наредните четири години;

2) достапност на извори за обезбедување на потребните количини на природен гас наведени во тендерската документација, како и можност и услови за обезбедување на дополнителни потребни количини и

3) референци на понудувачот, а особено финансиска способност, техничка и кадровска оспособеност, искуство во вршењето на енергетската дејност снабдување со природен гас.

(6) Комисијата од ставот (4) на овој член, ги прибира, оценува и ги рангира понудите и на Владата и доставува извештај за спроведената постапка со предлог одлука за избор на најповолна понуда или поништување на постапката.

(7) Во постапката од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат и одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

(8) Ако во постапката од ставот (1) на овој член не е избран снабдувач кој има обврска да обезбеди снабдување со природен гас во краен случај, снабдувањето во краен случај го врши постојниот снабдувач во краен случај.

Комуникација со потрошувачите

Член 140

(1) Снабдувачот со природен гас воведува единствен контакт центар којшто е кадровски екипиран и технички опремен, преку кој навремено на своите потрошувачи, на транспарентен и недискриминаторен начин, без плаќање на надоместок, им ги обезбедува сите неопходни информации во врска со нивните права и обврски, примената на важечките прописи и начините за постапување по приговорите и решавање на споровите. Снабдувачот на потрошувачите особено им овозможува информации за:

1) важечките цени за природен гас и за стандардните услови, во однос на пристапот до услуги и нивно користење;

2) различни начини на плаќање кои оневозможуваат дискриминација помеѓу потрошувачите;

3) постапката, условите и начинот за промена на снабдувачот;

4) условите, начинот и постапката за започнување на снабдување со природен гас во краен случај.

(2) Снабдувачот со природен гас во однос на единствениот контакт центар од ставот (1) на овој член е должен да:

1) го прилагоди работното време на центрите за контакт со потрошувачите согласно со потребите на потрошувачите;

2) посредува со операторот на системот за пренос на природен гас или релевантниот оператор на системот за дистрибуција на природен гас во врска со жалби и/или информации кои се однесуваат на прашања што се регулирани со договорот за користење на мрежите за пренос и дистрибуција на природен гас.

(3) Снабдувачот со природен гас, по претходно одобрување од Регулаторна комисија за енергетика, на своите потрошувачи им обезбедува копија од потсетник за потрошувачи, која содржи практични информации за правата на потрошувачите и ја објавува на својата веб страницата.

Трговци со природен гас

Член 141

(1) Трговецот со природен гас во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, купува природен гас на пазарот на природен гас во Република Македонија или странство заради продажба на други трговци, снабдувачи, потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазар, операторот на системот за пренос на природен гас и операторот на системот за дистрибуција на природен гас, како и за продажба во странство.

(2) Трговецот со природен гас е должен на операторот на системот за пренос на природен гас и операторот на пазарот на природен гас навремено да им ги доставува информациите за количините на природен гас и соодветниот временски распоред определен во сите договори за купопродажба на природен гас, како и од договорите за прекугранични трансакции преку системот за пренос на природен гас, во согласност со правилата за пазар на природен гас и правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети.

(3) Трговецот со природен гас, во случаите кога врши прекугранични трансакции на природен гас, е должен да обезбеди доволен преносен капацитет, вклучувајќи прекуграничен и/или дистрибутивен капацитет и системски услуги, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон.

(4) Трговецот со природен гас е должен да ја врши својата должност во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, а особено да:

1) ги исполни барањата за финансиски гаранции утврдени од страна на операторот на системот за пренос на природен гас и за обврските за балансирање на предвидените и реализираните трансакции со природен гас;

2) по барање на Регулаторната комисија за енергетика, навремено ги достави информации и извештаи за трансакциите со природен гас и деловните активности во Република Македонија;

3) им фактурира на своите потрошувачи за испорачаниот природен гас, како и за преносниот капацитет и/или дистрибутивниот капацитет, доколку за нивното обезбедување е овластен од страна на потрошувачот;

4) обезбеди доверливоста на податоците и количините на природен гас испорачан на потрошувачите.

(5) Трговецот, на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренцијата и на Секретаријатот на Енергетската заедница, им овозможува увид во податоци кои се однесуваат на сите нивни трансакции за купопродажна на природен гас со потрошувачите што ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на природен гас, како и со операторот на системот за пренос на природен гас, операторот на системот за дистрибуција на природен гас или операторот на пазарот на природен гас најмалку за период од последните пет години.

(6) Податоците од ставот (5) на овој член содржат детали за карактеристиките на трансакциите како што се времетраењето, правилата за испорака и порамнување, количината, датумите и времето на извршување и цените на трансакцијата и средствата за идентификација на засегнатиот потрошувач на големо, како и утврдени детали на сите неподмирени договори за снабдување со природен гас.

Потрошувачи на природен гас

Член 142

(1) Секој потрошувач на природен гас може по сопствен избор да се снабдува со природен гас од снабдувач, во согласност со условите утврдени со овој закон и со правилата за снабдување со природен гас.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, потрошувачите коишто ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на природен гас можат да набавуваат природен гас и од трговци на природен гас.

(3) Потрошувачите од ставот (2) на овој член можат да купат природен гас од снабдувач или трговец кој е регистриран во друга држава, која пристапила кон сите важечки меѓународни договори во областа на природниот гас кои Република Македонија ги има ратификувано, под услов таквиот снабдувач да ги почитува прописите и правилата донесени врз основа на овој закон.

(4) Потрошувачите на природен гас заради исполнување на своите потреби, обезбедуваат соодветен преносен и/или дистрибутивен капацитет или таа обврска можат да ја пренесат на своите снабдувачи или трговци.

(5) Потрошувачите на природен гас имаат право да ги добијат сите релевантни податоци за потрошувачката од нивните снабдувачи на природен гас. Содржината на податоците од овој став поблиску се уредува со правилата за снабдување со природен гас.

VIII. ПАЗАР НА СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Вршители на енергетски дејности

Член 143

(1) Вршителите на енергетски дејности:

1) преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати;

2) производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива;

3) транспорт на сурова нафта преку нафтовод;

4) транспорт на нафтени деривати преку продуктовод и

5) трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, се должни објектите, уредите и постројките за вршење на енергетските дејности да ги користат и одржуваат во согласност со техничките

прописи и стандарди и другите прописи за сигурно и безбедно работење и заштита на животната средина.

(2) Техничките прописи од ставот (1) на овој член ги донесува министерот по претходна согласност на министерот надлежен за работите од областа на транспортот, министерот надлежен за работите од областа на заштита на животната средина и министерот надлежен за работите од областа на внатрешните работи.

(3) Нови објекти за транспорт на сурова нафта и нови објекти за транспорт на нафтени деривати и горива за транспорт се градат од страна на правни лица врз основа на овластување издадено од Владата со примена на одредбите од членот 52 до членот 60 од овој закон.

Правила за работа на нафтовод

Член 144

(1) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта преку нафтовод е должен, по претходно одобрување од Министерството, да донесе правила за работа на нафтоводот и да ги објави на својата веб страница. Со овие правила особено се уредуваат:

1) техничките услови за транспорт на сурова нафта;

2) техничките услови за одржување и безбедно функционирање на нафтоводот;

3) мерките и постапките што треба да се спроведат во случај на хаварии;

4) начинот, условите и постапката за договорен пристап на трета страна до системот за транспорт на сурова нафта;

5) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на транспортираните количини на сурова нафта и

6) другите услови неопходни за безбеден и сигурен транспорт.

(2) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта преку нафтовод е должен правилата од ставот (1) на овој член да ги изготви во согласност со техничките прописи од членот 143 од овој закон. Правилата од ставот (1) на овој член се доставуваат до Министерството заради одобрување, по претходно добиени мислења од министерствата од членот 143 став (2) од овој закон. Министерствата се должни мислењата да ги достават до Министерството во рок не подолг од 30 дена.

Правила за работа на продуктовод

Член 145

(1) Вршителот на дејност транспорт на нафтени деривати преку продуктовод е должен, по претходно одобрување од Министерството, да донесе правила за работа на продуктоводот и да ги објави на својата веб страница. Со овие правила особено се уредуваат:

1) техничките услови за транспорт на нафтените деривати;

2) техничките услови за одржување и безбедно функционирање на продуктоводот;

3) мерките и постапките што треба да се спроведат во случај на хаварии;

4) начинот, условите и постапката за договорен пристап на трета страна до системот за транспорт на нафтените деривати;

5) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на транспортираните количини на нафтените деривати и

6) другите услови неопходни за безбеден и сигурен транспорт.

(2) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта преку продуктовод е должен правилата од ставот (1) на овој член да ги изготви во согласност со

техничките прописи од членот 143 од овој закон. Правилата од ставот (1) на овој член се доставуваат до Министерството заради одобрување, по претходно добиени мислења од министерствата од членот 143 став (2) од овој закон. Министерствата се должни мислењата да ги достават до Министерството во рок не подолг од 30 дена.

Трговец

Член 146

(1) Трговецот на големо со горива купува сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт од производители, тргува со други трговци на големо со горива и ги снабдува трговците на мало со горива и потрошувачите.

(2) Трговецот на големо со горива треба да има во сопственост или да има право на користење објекти за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива, и/или горива за транспорт.

(3) Трговецот на големо со горива е должен во секое време да има оперативни резерви од нафтени деривати и горива за транспорт.

(4) Министерот со правилник го пропишува нивото и начинот на пресметка на оперативните резерви од ставот (3) на овој член.

(5) Во случај на потешкотии во снабдувањето и одредени технички проблеми, Владата, на барање на Министерството, со одлука може да дозволи користење на оперативните резерви од ставот (3) на овој член.

(6) Трговецот на мало со горива ја врши својата дејност преку бензински станици или објекти што ги исполнуваат условите пропишани со закон или друг пропис.

(7) Потрошувачите можат да набавуваат нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт и од странство доколку нафтените деривати или горивата за транспорт ги користат исклучиво за сопствена потрошувачка, за што не е потребна лиценца за трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

Продажба на течен нафтен гас и компримиран природен гас

Член 147

(1) Трговецот на големо со сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт може да полни и дистрибуира садови под притисок со течен нафтен гас, односно компримиран природен гас за еднократна или повеќекратна употреба, ако има во сопственост или има право на користење на полнилници за течен нафтен гас, односно компримиран природен гас, коишто ги задоволуваат пропишаните услови и стандарди за изградба, одржување и безбедно функционирање.

(2) Фирмата или дел од фирмата на трговецот мора да биде истакната на секој поединечен сад под притисок за течен нафтен гас и компримиран природен гас.

Објекти за складирање

Член 148

(1) Објект за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт претставува техничко-технолошка и функционална целина наменета за складирање составена од резервоари и помошни постројки, којшто треба да ги исполнува пропишаните услови за изградба, одржување, заштита од пожари, заштита на животна средина, како и условите за евидентирање на количините и потребниот капацитет.

(2) Министерот со правилник ги пропишува условите за евидентирање на количините и потребниот капацитет на објектите од ставот (1) на овој член.

Одредување на цени

Член 149

По барање од друштвото кое врши енергетска дејност преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати, Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за највисоките рафинериски и малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт, во согласност со прописот од членот 28 од овој закон.

Квалитет

Член 150

(1) Владата, на предлог на Министерството, донесува уредба за квалитетот на течните горива со којашто особено се уредува:

1) видот на течни горива што можат да се пласираат на пазарот како и нивните карактеристики;
2) начинот на утврдување на квалитетот на течните горива;
3) начинот и постапката за следење на квалитетот на течните горива;
4) правата и обврските на учесниците на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт од ставовите (2) и (3) на овој член и
5) правата и обврските на учесниците на пазарот и државните органи во преодниот период потребен за замена на резервите на намешувањата од нафтени деривати и биогорива за транспорт.

(2) Учесниците на пазарот на течните горива се должни да се придржуваат кон обврските утврдени со уредбата од ставот (1) на овој член.

(3) Квалитетот на нафтените деривати и горивата за транспорт се потврдува со изјава за сообразност што производителите, трговците на големо на дериватот или горивото за транспорт, трговци на мало со горива, како и потрошувачите кои набавуваат нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт од странство ја обезбедуваат од правни лица акредитирани согласно со стандардот МКС ЕН ИСО/ИЕЦ 17020 врз основа на извештај за испитување на квалитетот на дериватот или горивото за транспорт од страна на лаборатории акредитирани согласно со стандардот МКС ЕН ИСО/ИЕЦ 17025.

(4) Во Република Македонија не може да се увезе и на пазарот не може да се врши промет со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт ако за тие производи не е издадена изјава за сообразност од ставот (3) на овој член.

IX. ПАЗАР НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Енергетски дејности

Член 151

(1) Заради сигурно, безбедно, непрекинато и квалитетно снабдување со топлинска енергија на потрошувачите на своите подрачја, единиците на локална самоуправа овозможуваат услови за извршување на следниве енергетски дејности:

1) производство на топлинска енергија;
2) дистрибуција на топлинска енергија и
3) снабдување со топлинска енергија.

Производител

Член 152

(1) Производителот на топлинска енергија:

1) е сопственик или има право на користење и управува со работата на постројка за производство на топлинска енергија во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон и условите и обврските утврдени во лиценцата и

2) врши продажба на топлинска енергија на операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија на кој е приклучен, под услови определени со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон.

(2) Производителот на топлинска енергија може да продава топлинска енергија и на потрошувачи кои се директно поврзани на неговата производна постројка.

(3) Производителот на топлинската енергија, во согласност со издадената лиценца, е должен да доставува годишни извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и до градоначалникот на единицата на локална самоуправа во врска со опремата, објектите, плановите за одржување, како и планираниот капацитет.

Регулиран производител на топлинска енергија

Член 153

(1) Вршителот на регулираната енергетската дејност производство на топлинска енергија има обврска за обезбедување на јавна услуга производство на топлинска енергија за потребите на потрошувачите и за обезбедување на енергија за покривање на загубите во системот, системска резерва и системски услуги за одржување на потребни работни параметри во рамките на системот за топлинска енергија на којшто е приклучен.

(2) Регулаторната комисија за енергетика му издава лиценца на вршителот на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија (во понатамошниот текст: регулиран производител) на производителот на топлинска енергија којшто ги исполнува следните услови:

1) е сопственик или има право на користење на објекти коишто се наменети за производство на топлинска енергија и не се помали од две третини од вкупната инсталирана моќност на приклучените потрошувачи;

2) има способност да го одржува пропишаниот температурен режим на своите постројки за производство на топлинска енергија и потребниот притисок на топлоносителот утврден со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија;

3) е финансиски способен за набавка на потребното гориво за производство на топлинска енергија и

4) има кадровска поставеност и екипираност којашто овозможува доверливо, безбедно и непрекинато производство на топлинска енергија со пропишан квалитет.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во системите за дистрибуција на топлинска енергија на кои има приклучено само еден производител на топлинска енергија, на тој производител му се издава лиценца за регулирано производство на топлинска енергија.

(4) Регулираниот производител на топлинска енергија е должен во текот на грејната сезона да обезбеди оперативни резерви од алтернативно гориво во количина којашто е потребна за најмалку 15 дена работа со максимален капацитет. Минималните оперативни резерви на алтернативно гориво посебно се наведуваат во лиценцата за вршење на дејноста.

(5) Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за утврдување на цените за топлинска енергија и системски услуги со кој се уредува начинот, постапката и методологијата за определување на надоместокот за системските услуги и системската резерва, регулираната цена за произведената топлинска енергија, начинот на определување на цената по која операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија ја откупува топлинската енергија произведена од производителот на топлинска енергија, како и периодот за кој се пресметува пондерираната цена на топлинската енергија.

Оператор на системот за дистрибуција на топлинска енергија

Член 154

(1) Дистрибуција на топлинска енергија се врши од страна на друштво кое е сопственик на систем за дистрибуција на топлинска енергија или врз основа на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на нов систем или договор за јавна услуга, управување, користење, одржување и проширување/надградување на постоечки систем за дистрибуција на топлинска енергија или од јавни претпријатија или други правни лица основани од единиците на локалната самоуправа.

(2) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, врз основа на издадената лиценца, врши дејност дистрибуција на топлинска енергија и управување со системот за дистрибуција на топлинска енергија.

(3) Корисници на системот за дистрибуција на топлинска енергија се производителите, снабдувачите и потрошувачите на топлинска енергија.

(4) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија може привремено да ја прекине испораката на енергија од системот за топлинска енергија при вршење на планираните прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширувања на мрежите, уредите и инсталациите, како и санација на дефекти кои предизвикале непланирани прекини во испораката на топлинска енергија, заради заштита на системот. Известувањата за ваквите прекини операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија ги врши во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија.

Должности на оператор на системот за дистрибуција

Член 155

(1) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија има обврска да ја одржува, надградува и проширува мрежата за дистрибуција на топлинска енергија во системот и е должен да:

1) обезбеди сигурно, безбедно и доверливо функционирање на системот за дистрибуција на топлинска енергија во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и условите утврдени во лиценцата;

2) го одржува, развива и кога тоа е економски исплатливо, проширува системот за дистрибуција, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и со плановите за развој на системот, усогласени со плановите и програмите за развој на енергетиката на единиците на локална самоуправа;

3) да ги приклучи производителите и потрошувачите на системот за дистрибуција со кој управува, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на системот за дистрибуција во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија, врз основа на начелата на објективност, транспарентност и недискриминација, со примена на цените и тарифите претходно одобрени и објавени од страна на Регулаторната комисија за енергетика;

4) обезбеди топлинска енергија потребна за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа и системски услуги од регулираниот производител;

5) да врши набавка, поставување и одржување на мерните уреди на излезните точки од производните постројки и во топлинските потстаници на коишто се приклучени објектите на потрошувачите и мерење на топлинската енергија којашто се презема или испорачува од топлинскиот систем, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија;

6) ги преземе сите пропишани мерки за безбедност при користењето на системот за дистрибуција на топлинска енергија, како и мерките за заштита на животната средина;

7) ја испорача топлинската енергија од местата на приклучок на производните постројки до местата на приклучување на потрошувачите на системот (топлинска потстаница), во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и условите утврдени во лиценцата;

8) обезбеди квалитетна испорака на топлинската енергија преку системот за дистрибуција;

9) го усогласи работењето на системот со производителите заради непречено вршење на дистрибуција на топлинска енергија;

10) врши надзор и тестирање на системот за дистрибуција на топлинска енергија;

11) ја следи техничката и функционалната подготвеност на објектите за дистрибуција на топлинска енергија и

12) подготви долгорочна прогноза на побарувачката на топлинска енергија за потребите на регулираниот производител на топлинска енергија.

Обврски на операторот на системот за дистрибуција

Член 156

(1) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија ја откупува топлинската енергија произведена од производителите приклучени на системот за дистрибуција на топлинска енергија со кој управува.

(2) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, е должен да склучи договор со регулираниот производител на топлинска енергија со времетраење не покусо од една година за:

1) обезбедување на системска резерва;

2) системски услуги за обезбедување на потребните работни параметри во системот за дистрибуција на топлинска енергија;

3) топлинска енергија за покривање на загубите во системот за дистрибуција и

4) обезбедување на топлинска енергија за задоволување на побарувачката на потрошувачите.

(3) Со договорот од ставот (2) особено се уредува:

1) начинот и постапката за обезбедување на системската резерва и системските услуги, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и

2) начинот на плаќање на услугите и топлинската енергија коишто регулираниот производител ги обезбедува за системот за дистрибуција на топлинска енергија.

(4) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија е должен да ја откупува топлинската енергија испорачана од производител на топлинска енергија во системот за дистрибуција на топлинска енергија, доколку цената на топлинската енергија понудена од производителот е пониска од цената за топлинската енергија на регулираниот производител.

(5) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, е должен да склучи договори со снабдувачите со топлинска енергија за продажба на топлинска енергија наменета за потребите на потрошувачите.

(6) Цената по која операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија ја продава топлинската енергија на снабдувачите се пресметува како пондерирана цена одредена врз основа на процентуалните удели на енергијата од регулираниот производител и енергијата од другите производители и во неа е вклучен и надоместокот за обезбедување на системска резерва и системските услуги што ги обезбедува регулираниот производител.

(7) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија е должен да ја достави до Регулаторната комисија за енергетика целокупната документација во врска со исполнување на договорите со производителите и снабдувачите со топлинска енергија, како и финансиските извештаи и ревидираните финансиски извештаи изработени од овластен ревизор, извештаите за работењето и други податоци, во согласност со условите пропишани со лиценцата издадена од Регулаторната комисија за енергетика.

Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија

Член 157

Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија е должен, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да ги донесе и да ги објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија со кои особено се уредуваат:

1) техничко-технолошките услови за приклучување на потрошувачите и на производителите на топлинска енергија на системот за дистрибуција на топлинска енергија, засновани на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност;

2) техничките и другите услови што треба да ги обезбедат корисниците на системот за дистрибуција на топлинска енергија;

3) мерките, активностите и постапките во случај на хаварии;

4) условите и начинот за пристап на трета страна на системот за дистрибуција на топлинска енергија засновани на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност;

5) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење и пресметка на испорачаната топлинска енергија и

6) содржината на плановите за развој на системот за дистрибуција на топлинска енергија, како и начинот и постапката според која корисниците на системот ги доставуваат неопходните податоци за изготвување на плановите за развој;

7) начинот и постапката за обезбедување на системска резерва и системски услуги од страна на регулираниот производител;

8) начинот и постапката на размена на податоците помеѓу операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, регулираниот производител, производителите и снабдувачите и

9) начинот и постапката за обезбедување на информации за корисниците на системот.

Снабдувач на топлинска енергија

Член 158

(1) Снабдувачот со топлинска енергија, е должен да ги снабдува потрошувачите со кои има склучено договор за сигурно, континуирано и

квалитетно снабдување со топлинска енергија во согласност со правилата за снабдување со топлинска енергија, склучените договори за снабдување и издадената лиценца.

(2) Снабдувачот со топлинска енергија, за сите системи за топлинска енергија со коишто се снабдуваат потрошувачите, е должен да склучи годишен договор со операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија за набавка на топлинска енергија за потребите на потрошувачите, по цени и тарифи претходно одобрени и објавени од Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Договорот од ставот (2) на овој член го одобрува Регулаторната комисија за енергетика и со него подетално се уредуваат меѓусебните права и обврски на снабдувачите и операторот на системот за дистрибуција, а се заснова на мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и правилата за снабдување со топлинска енергија.

(4) Снабдувачот со топлинска енергија, врз основа на отчитувањата на мерните уреди и отчитувањата на уредите за локално распределување од членот 159 ставови (4) и (5) од овој закон, врши наплата на испорачаната топлинска енергија на потрошувачите по цена утврдена од Регулаторна комисија за енергетика.

(5) Снабдувачот со топлинска енергија, е должен да доставува до Регулаторната комисија за енергетика годишни извештаи за продадената топлинска енергија, според условите утврдени во лиценцата.

(6) Годишните извештаи од ставот (5) на овој член, снабдувачот со топлинска енергија е должен да ги достави и до Министерството и градоначалниците на единиците на локалната самоуправа на чија територија снабдувачот ја врши дејноста.

Мерни уреди

Член 159

(1) Мерните уреди на излезните точки од производната постројка и мерните уреди во топлинските потстаници преку кои објектите на потрошувачите се приклучени на дистрибутивната мрежа, се во сопственост на операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, вклучително и мерните уреди во топлинските потстаници во зградите кои за првпат се приклучуваат на дистрибутивната мрежа.

(2) Локацијата на мерните уреди ја утврдува операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија во зависност од техничките можности на локацијата и истите можат да бидат сместени во или надвор од границите на имотот на потрошувачот.

(3) Ако мерниот уред се наоѓа на имотот на корисникот, корисникот е должен да му овозможи на овластеното лице на операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија право на пристап на секој имот или објект до мерниот уред, односно приклучокот заради:

1) читање на мерните уреди;

2) контрола, вградување, надзор, замена и одржување на опремата на мерното место;

3) исклучување на корисникот кога постапува спротивно со условите за користење на дистрибутивната мрежа пропишани во мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и

4) исклучување на потрошувачот, на барање на снабдувачот, во согласност со одредбите од правилата за снабдување со топлинска енергија.

(4) Уредот чие мерење служи за одредување на локалното распределување на топлинската енергија помеѓу различните потрошувачи во еден објект во кој има само еден таков мерен уред, е составен дел од системот

за мерење на потрошена топлинска енергија во објектот и е во сопственост на потрошувачите.

(5) Секој објект, со повеќе потрошувачи, којшто се приклучува на системот за дистрибуција на топлинска енергија, мора да има вградено уреди за мерење на локалното распределување на топлинската енергија за секој потрошувач поединечно.

(6) Постапката за вградување на уредите чие мерење служи за одредување на локалното распределување на топлинската енергија кај новите и постоечките објекти се уредува со правилата за снабдување со топлинска енергија, додека начинот за распределба и пресметка на потрошената топлинска енергија се уредува со тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

(7) Начинот на отчитување на уредите од ставот (4) на овој член се уредува со договорот за снабдување склучен помеѓу снабдувачот и потрошувачот, во согласност со правилата за снабдување со топлинска енергија.

(8) Со правилата за снабдување со топлинска енергија се уредуваат условите, начинот и постапката под кои потрошувачот му ги предава на управување и користење на снабдувачот уредите од ставовите (4) и (5) на овој член.

Право на потрошувач

Член 160

Потрошувачите на топлинска енергија приклучени на системот за дистрибуција на топлинска енергија имаат право на слободен избор од кој снабдувач ќе бидат снабдувани.

Раздвојување на дејности

Член 161

(1) Носителот на лиценца за дејноста регулирано производство на топлинска енергија не може да биде носител на лиценца за дејностите дистрибуција и снабдување со топлинска енергија.

(2) Носителот на лиценца за дејноста дистрибуција на топлинска енергија не може да биде носител на лиценца за дејностите производство и снабдување со топлинска енергија.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, ако во еден систем за топлинска енергија вкупната инсталирана моќност на потрошувачите е помала од 80MW, лиценците за вршење на дејностите производство или регулирано производство на топлинска енергија, оператор на систем за дистрибуција на топлинска енергија и снабдување со топлинска енергија можат да му бидат доделени на едно лице.

X. ПРИСТАП НА ТРЕТА СТРАНА И ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА МРЕЖИ

Општа одредба

Член 162

(1) Операторите на системите за пренос и системите за дистрибуција на енергија се должни, врз основа на однапред одобрени и објавени тарифи што се применуваат на потрошувачите, да им овозможат пристап до соодветниот систем на сите корисници на системот, на објективен и транспарентен начин со кој се оневозможува дискриминација помеѓу корисниците на системот.

(2) Операторите на системите за пренос и системите за дистрибуција на енергија се должни во согласност со соодветните мрежни правила да овозможат приклучување на соодветниот систем на:

1) сите потрошувачи на електрична енергија и сите корисници на електропреносниот и електродистрибутивниот систем на територијата на Република Македонија и

2) сите потрошувачи на природен гас или топлинска енергија и сите корисниците на системот за пренос на природен гас и системите за дистрибуција на природен гас или топлинска енергија на подрачјето каде што се обезбедува услугата.

Приоритетен пристап

Член 163

(1) Операторот на електропреносниот и операторот на електродистрибутивниот систем се должни, на објективен, транспарентен и недискриминаторен начин, да обезбедат приоритет на пристап на системите и приоритет при диспечирање на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија или од високоефикасни комбинирани постројки на начин и под услови утврдени во мрежните правила, имајќи ги предвид ограничувањата кои произлегуваат од оперативните можности на електроенергетскиот систем.

(2) Ако операторот на електропреносниот и операторот на електродистрибутивниот систем, заради обезбедување на сигурноста во снабдувањето или безбедноста на соодветниот систем, преземе мерки со кои значително се ограничува приоритетот на пристап на системите и/или приоритетот при диспечирање на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија и/или од високоефикасни комбинирани постројки, должен е да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за тие мерки, како и за оперативните пазарно ориентирани мерки што ќе ги преземе заради отстранување или намалување на ограничувањата и за динамиката на преземањето на тие мерки.

Обврска за пристап и приклучување

Член 164

(1) Операторот на системот за пренос и/или дистрибуција на енергија е должен, во согласност со соодветните мрежни правила и правилата за снабдување, на постојните и новите корисници на системот да им овозможи пристап на соодветната мрежа за пренос или дистрибуција:

1) на објективен, транспарентен и недискриминаторен начин;

2) заснован на начелото на регулиран пристап за трета страна и

3) со примена на цените и тарифите претходно одобрени и објавени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Операторот на електропреносен и/или електродистрибутивен систем нема право да одбие приклучување на:

1) нов производител на електрична енергија со образложение дека тоа ќе предизвика можни идни ограничувања на расположливите капацитети, како што е загушување во делови на системот за пренос и/или дистрибуција и

2) нов корисник со образложение дека тоа ќе предизвика дополнителни трошоци за зголемување на потребниот капацитет на елементите на системот во близина на приклучната точка.

(3) Операторот на системот за пренос или дистрибуција на природен гас нема право да одбие приклучување на нов индустриски потрошувач со образложение дека тоа ќе предизвика ограничувања на расположливите капацитети во мрежата или заради дополнителни трошоци поврзани со потребното зголемување на капацитетот. Операторот на системот за пренос и/или дистрибуција на природен гас е должен да обезбеди доволен влезен и излезен капацитет за новиот приклучок.

Одбивање на пристап

Член 165

(1) Операторот на системот за пренос или дистрибуција на енергија може да донесе одлука за одбивање на барањето за пристап само во случај кога:

1) нема потребен преносен или дистрибутивен капацитет;

2) обезбедувањето на пристап за одреден корисник може да ја загрози сигурноста во снабдувањето со енергија во Република Македонија или

3) обезбедувањето на пристап до соодветниот систем би го спречило соодветниот оператор на системот да ја извршува својата обврска за јавна услуга.

(2) Операторот кој го одбил пристапот согласно со ставот (1) на овој член, е должен одлуката за одбивањето и образложението на одлуката да му ги достави на лицето кое побарало пристап во писмена форма, при што е должен во образложението на одлуката да ги наведе причините за одбивањето што мора да бидат засновани на техничко и економско оправдани критериуми, утврдени во мрежните правила за пренос односно дистрибуција на соодветниот систем.

(3) Лицето чиј пристап до системот за пренос или дистрибуција на електрична енергија или природен гас бил одбиен со одлуката од ставот (1) на овој член или кој е незадоволен со условите за пристап до системот, може да достави приговор до Регулаторната комисија за енергетика.

(4) Операторот на системот за пренос и/или дистрибуција на енергија е должен, за соодветен надоместок одобрен од Регулаторната комисија за енергетика, на лицето на кое му е одбиен пристапот на системот, по негово барање, да му обезбеди потребни информации за мерките што треба да се преземат за подобрување на условите во системот.

Начело „преземи или плати“

Член 166

(1) Регулаторната комисија за енергетика може да му одобри на операторот на системот за пренос и/или дистрибуција на природен гас да биде изземен од обврската за одобрување на пристап на трета страна и го одбие барањето за пристап до системот за пренос, односно дистрибуција за природен гас доколку операторот оцени дека одобрувањето на пристапот ќе му предизвика сериозни економски или финансиски потешкотии поради претходно преземените обврски што произлегуваат од договорите засновани на начелото „преземи или плати“.

(2) Пред да ја донесе одлуката за одбивање на пристапот, операторот од ставот (1) на овој член ќе побара од Регулаторната комисија за енергетика изземање од обврската за одобрување на пристап на трета страна. Кон барањето се доставуваат сите неопходни информации и податоци за потребата од одбивање на пристапот, вклучително и за природата и степенот на потешкотиите, како и мерките што ги презема операторот за нивно надминување.

(3) Ако врз основа на доставените информации и податоци од ставот (2) на овој член Регулаторната комисија за енергетика оцени дека е потребно да се прифати барањето за изземање од обврската за одобрување на пристап на трета страна, ќе донесе детално образложена одлука, заснована на следниве критериуми:

1) потребата да се обезбеди конкурентен, транспарентен и недискриминаторен пазар на природен гас;

2) потребата за исполнување на обврските за јавна услуга за да се обезбеди сигурноста во снабдувањето со природен гас;

3) положбата на операторот на пазарот на природен гас и фактичката состојба на конкуренцијата на пазарот;

4) сериозноста на економските и финансиските потешкотии со кои се соочува операторот на системот за пренос и/или дистрибуција на природен гас или потрошувачите;

5) датумите на потпишување и условите од договорот или договорите, засновани на начелото „преземи или плати“, вклучувајќи го и степенот до кој тие дозволуваат промени на пазарот;

6) мерките што ги презема операторот на системот за пренос и/или дистрибуција на природен гас за надминување на проблемот;

7) нивото на поврзаност на системот за природен гас со други системи за природен гас и степенот на заемно работење на системите и

8) ефектите кои изземањето може да ги има врз примената на одредбите од овој закон во однос на непреченото функционирање на пазарот на природен гас.

(4) Регулаторната комисија за енергетика ќе го одбие барањето за изземање од обврската за пристап на трета страна кое се однесува на договори засновани на начелото „преземи или плати“ склучени пред 1 јули 2006 година, доколку утврди дека:

1) продажбата на природен гас не е под нивото на минималните гаранции за преземање содржани во договорите за купување на природен гас засновани на начелото „преземи или плати“ или

2) доколку договорите за купување на природен гас на начелото „преземи или плати“ можат да се прилагодат или

3) барателот е во можност да најде алтернативни решенија.

(5) Регулаторната комисија за енергетика, е должна веднаш да ја достави до Секретаријатот на Енергетската заедница одлуката по барањето за изземање од обврската за пристап на трета страна, кон која ќе бидат приложени сите податоци и информации врз основа на кои е донесена одлуката.

(6) Друштвата за природен гас на кои во согласност со одредбите од овој член Регулаторната комисија за енергетика не им дозволила изземање од обврската за пристап на трета страна, се должни да ги прифаќаат сите барања за пристап и покрај обврските од договорите за купување на природен гас засновани на начелото „преземи или плати“.

Нов интерконективен вод за електрична енергија

Член 167

(1) Операторот на нов интерконективен вод за еднонасочна струја може да побара од Регулаторната комисија за енергетика изземање за одреден временски период од обврската за обезбедување на пристап за трета страна на новиот интерконективен вод. Барањето може да се однесува за целиот или за дел од капацитетот на интерконективниот вод. Регулаторната комисија за енергетика ќе го одобри барањето доколку се исполнети следниве услови:

1) инвестицијата да ја зголемува конкуренцијата и сигурноста во снабдувањето со електрична енергија;

2) ризикот поврзан со инвестицијата да биде таков што инвестиција не може да се реализира доколку не се овозможи изземање од обврската за овозможување пристап на трета страна;

3) интерконективниот вод за кој се бара изземање од обврската за пристап на трета страна мора да биде во сопственост на лицето кое е независно, најмалку во својата правна форма, од операторот на електропреносниот систем на Република Македонија и од операторот на електроенергетскиот систем во чијшто систем ќе се гради интерконективниот вод;

4) на корисниците на интерконективниот вод да им се наплатува надоместок;

5) од 1 јули 2007 година ниту еден дел од инвестициите или од оперативните трошоци за интерконективниот вод да не можат да се повратат преку надоместоците за користење на системите за пренос или дистрибуција на електрична енергија поврзани со интерконективниот вод и

6) изземањето од обврската за овозможување на пристап на трета страна да не влијае врз конкуренцијата и ефикасноста на пазарот на електрична енергија во регионот, како и врз ефикасното функционирање на регулираниот систем за пренос со кој е поврзан интерконективниот вод.

(2) Барањето за изземање од обврската за обезбедување на пристап за трета страна за интерконективни водови за наизменична струја може да се достави до Регулаторната комисија за енергетика под услов трошоците и ризиците поврзани со инвестициите да се значително повисоки во споредба со вообичаените трошоци и ризици за поврзување на два електропреносни системи со интерконективен вод за наизменична струја, како и при значително зголемување на капацитетот на постојните интерконективни водови.

(3) За секое поединечно барање за изземање од обврската за овозможување на пристап на трета страна на интерконективен вод, одлуката заеднички ја донесуваат Регулаторната комисија за енергетика и надлежното регулаторно тело на другата засегната држава. Со одлуката, изземањето може да се додели на целиот или на дел од капацитетот на новиот интерконективен вод или на постојниот интерконективен вод чијшто капацитет е значително зголемен.

(4) Регулаторната комисија за енергетика веднаш го информира Регулаторниот одбор на Енергетската заедница и надлежното регулаторно тело на другата засегната држава за секое примено барање за изземање од обврска за овозможување на пристап на трета страна, со цел во временски рок не подолг од шест месеци да се постигне спогодба за донесување на заедничката одлука за изземање.

(5) Ако во рок од 60 дена од датумот кога е примено барањето за изземање доставено од Регулаторната комисија за енергетика, Регулаторниот одбор на Енергетската заедница доставил советодавно мислење до Регулаторната комисија за енергетика и до надлежното регулаторно тело на другата засегната држава, Регулаторната комисија за енергетика и надлежното регулаторно тело на другата засегната држава можат да го прифатат советодавното мислење како основа при носење на одлуката.

(6) Регулаторната комисија за енергетика и надлежното регулаторно тело на другата засегната држава при одлучување по секое поединечно барање за изземање од обврската за обезбедување на пристап за трети страни треба да ги имаат предвид:

1) потребата од ограничено времетраење на изземањето;

2) недискриминаторниот пристап до интерконеконективниот вод;

3) времетраењето на изградбата на интерконективниот вод;

4) сите дополнителни капацитети што треба да бидат изградени или постојните капацитети што треба да бидат надградени и

5) состојбите на пазарот на електрична енергија во Република Македонија, другата засегната држава и регионот.

(7) Пред да биде донесена одлуката за одобрување на изземањето, Регулаторната комисија за енергетика и надлежното регулаторно тело на другата засегната држава ги утврдуваат правилата и механизмите за управување и доделување на капацитетот на интерконективниот вод, при што во однос на управувањето со загушувањата се утврдува обврска:

1) неискористениот капацитет да се понуди на пазарот и

2) корисниците на капацитетот да имаат право да ги понудат своите договорени капацитети на секундарниот пазар.

(8) При проценката на критериумите наведени во ставот (1) точки 1), 2) и 6) на овој член, се земаат превид резултатите од постапката за доделување на капацитетот.

(9) По постигнувањето на спогодбата, Регулаторната комисија за енергетика и надлежното регулаторно тело на другата засегната држава ја донесуваат и ја објавуваат одлуката за изземање од обврската за обезбедување на пристап на трета страна со образложение и условите од ставот (6) на овој член и за тоа го известуваат Регулаторниот одбор на Енергетската заедница.

(10) Регулаторната комисија за енергетика го известува Регулаторниот одбор на Енергетската заедница и Секретаријатот на Енергетската заедница за донесената одлука, а кон известувањето ја доставува одлуката со детално образложение како и сите информации и податоци потребни за нејзиното донесување што се однесуваат особено на:

1) причините за одобрување или одбивање на изземањето, како и финансиските податоци со кои се оправдува потребата за изземање;

2) анализа за влијанието на донесената одлука и за последиците што ќе произлезат од одлуката врз конкуренцијата и врз ефективното функционирање на пазарот на електрична енергија;

3) причините поради кои е определен временскиот период во кој ќе се применува изземањето и делот од вкупниот капацитет на интерконективниот вод за кој е одобрено изземањето и

4) резултатот од консултациите на Регулаторната комисија за енергетика со надлежното регулаторно тело на другата засегната држава.

(11) Регулаторната комисија за енергетика и надлежното регулаторно тело на другата засегната држава, пред донесувањето на конечната одлука се должни да го разгледаат мислењето од Секретаријатот на Енергетската заедница со кое се бара изменување или повлекување на одлуката за одобрување на изземањето. Ако конечната одлука се разликува од мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница, кон конечната одлука се објавува образложение за нејзиното донесување.

(12) Ако интерконективниот вод не почнал да се гради во рок од две години, или ако не биде ставен во употреба во рок од пет години од денот кога Секретаријатот за Енергетската заедница го доставил мислењето со кое се дава согласност на одлуката за одобрување на изземањето, Регулаторната комисија за енергетика бара од Секретаријатот за Енергетската заедница да изготви ново мислење или да го продолжи важењето на постојното мислење, ако одлагањето на почнувањето на градбата или ставањето во употреба на интерконективниот вод настанало поради причини што се надвор од контролата на лицето на кое му било одобрено правото на изземање од обврската за обезбедување на пристап на трета страна.

(13) Регулаторната комисија за енергетика ја применува одлуката по барањето за изземање донесена од Регулаторниот одбор на Енергетската заедница, ако:

1) во рок од шест месеци од денот на доставување на барањето за изземање не била постигната спогодба за донесување на одлуката со надлежното регулаторно тело на другата засегната држава или

2) Регулаторната комисија за енергетика и надлежното регулаторно тело на другата засегната држава заеднички побарале од Регулаторниот одбор на Енергетската заедница да донесе одлука по барањето за изземање.

Нова инфраструктура за природен гас

Член 168

(1) Операторот на нов интерконективен вод за природен гас или на друг голем инфраструктурен објект за природен гас (во натамошниот текст:

инфраструктура) може да побара од Регулаторната комисија за енергетика, за одреден временски период таа инфраструктура да биде изземена од примената на одредбите од овој закон со кои се регулира пристапот за трета страна до инфраструктурата. Регулаторната комисија за енергетика може да го одобри барањето доколку:

1) инвестицијата во инфраструктурата ја зголемува конкуренцијата во снабдувањето со природен гас и ја подобрува сигурноста во снабдувањето;

2) ризикот поврзан со инвестицијата е таков што инвестицијата нема да биде реализирана, доколку не се овозможи изземање од обврската за овозможување на пристап на трета страна;

3) инфраструктурата е во сопственост на лицето кое е независно, барем во неговата правна форма, од операторите на системите за природен гас во чии системи ќе биде изградена инфраструктурата;

4) корисниците ќе плаќаат надоместок за користење на инфраструктурата и

5) изземањето да не влијае врз конкуренцијата и ефикасноста на функционирање на пазарот на природен гас или врз ефикасното функционирање на регулираниот систем со кој е поврзана инфраструктурата.

(2) Изземањето од ставот (1) на овој член се применува и во случаи на значително зголемување на капацитетот и надградба на постојната инфраструктура за природен гас, со што се овозможува развој на нови извори за снабдување со гас.

(3) Регулаторната комисија за енергетика, е должна веднаш да го достави секое барање за изземање до Секретаријатот на Енергетската заедница.

(4) Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука по барањето за изземање од обврската за обезбедување на пристап на трета страна за секој поединечен случај од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Во зависност од видот на инфраструктурата, при одлучувањето по барањето за изземање може да се определат посебни услови во однос на траењето на изземањето и на недискриминаторноста во пристапот кон инфраструктурата, при што Регулаторната комисија за енергетика треба да ги има предвид:

1) дополнителните капацитети што треба да бидат изградени;

2) зголемувањето или надградбата на постојната инфраструктура;

3) времетраењето на проектот и

4) состојбите на пазарот на природен гас во Република Македонија и во регионот.

(6) Операторот на инфраструктурата за која е одобрено изземање од обврската за пристап на трета страна е должен, пред одобрувањето на изземањето, да ги утврди и на Регулаторната комисија за енергетика да и ги достави правилата за управување и доделување на капацитетите со кои особено се утврдува:

1) Обврската на потенцијалните корисници да искажат интерес за договорен капацитет пред да се започне распределбата на капацитетите на инфраструктурата;

2) Обврска за понуда на неискористените капацитети и

3) Правото на корисниците на инфраструктурата да тргуваат со неискористениот капацитет на секундарниот пазар.

(7) Регулаторната комисија за енергетика е должна да го достави предлогот на одлуката за одобрување на изземањето до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(8) Регулаторната комисија за енергетика е должна веднаш да ја достави до Секретаријатот на Енергетската заедница одлуката за изземање заедно со образложение кое особено треба да ги содржи:

1) причините врз основана кои Регулаторната комисија за енергетика го одбила, односно го одобрила барањето за изземање, вклучувајќи ги и финансиските податоци што ја оправдуваат потребата од изземање;

2) анализата на влијанието на одобрувањето на изземањето врз конкуренцијата и ефикасното функционирање на пазарот на природен гас;

3) причините поради кои е определен временскиот период во кој ќе се применува изземањето и определувањето на делот од вкупниот капацитет на инфраструктурата вод за кој е одобрено изземањето;

4) резултатот од консултациите на Регулаторната комисија за енергетика со надлежното регулаторно тело на другата засегната држава, во случаите кога изземањето се однесува на интерконективен вод за природен гас и

5) придонесот на инфраструктурата за диверзификацијата во снабдувањето со природен гас.

(9) Регулаторната комисија за енергетика е должна по барање на Секретаријатот на Енергетската заедница да достави дополнителни информации во врска со доставената одлука од ставот (4) на овој член.

(10) Ако во рокот определен од Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика не ги достави побараните дополнителни информации, ќе се смета дека одлуката за изземањето заедно со придружната документација е повлечена од страна на Регулаторната комисија за енергетика, освен ако Регулаторната комисија за енергетика потврди дека придружната документација е доставена во целост.

(11) Регулаторната комисија за енергетика е должна во рок од 30 дена од денот на приемот на мислењето од Секретаријатот на Енергетската заедница да постапи во согласност со тоа мислење и да го извести за тоа Регулаторниот одбор на Енергетската заедница, како и да ја објави одлуката во „Службен весник на Република Македонија“.

(12) Ако интерконективниот вод не почнал да се гради во рок од две години, или ако не биде ставен во употреба во рок од пет години од денот кога Секретаријатот за енергетската заедница го доставил мислењето со кое се дава согласност на одлуката за одобрување на изземањето, Регулаторната комисија за енергетика ќе побара од Секретаријатот на Енергетската заедница да изготви ново мислење или да го продолжи важењето на постојното мислење, ако одлагањето на почнувањето на градбата или ставањето во употреба на интерконективниот вод настанало поради причини што се надвор од контролата на лицето на кое му било одобрено правото на изземање од обврската за обезбедување на пристап на трета страна.

Приклучување

Член 169

(1) Операторите на системите за пренос и системите за дистрибуција на електрична енергија или природен гас и дистрибуција на топлинска енергија се должни во соодветните мрежни правила да ги воспостават правилата за приклучување на мрежата и методологијата за пресметка на надоместокот за приклучување. Правилата за приклучување треба на транспарентен, објективен и недискриминаторен начин да ги земат предвид последиците од приклучувањето кои ќе ги претрпат другите корисници на мрежата, местото на приклучување во постројките, објектите и уредите за кои се бара приклучување и видот на потребната инсталација за приклучување на мрежата.

(2) Надоместокот за приклучување на мрежата, како и надоместокот за измена на енергетските параметри дефинирани во согласноста за приклучување на постоечки корисник, го плаќа корисникот и се состои од надоместок за изградба на приклучок или надградба на постоечкиот приклучок, како и учество

во трошоците за создавање технички услови во системот за приклучување на нови корисници или зголемување на капацитетот на постојни приклучоци.

(3) Надоместокот од ставот (2) на овој член:

1) се пресметува со примена на методологијата содржана во соодветните мрежни правила;

2) треба да ги обезбеди приходите за потребните инвестиции кои треба да овозможат одржливост на соодветните мрежи и

3) се објавува на веб страницата на операторот на соодветниот систем за пренос или дистрибуција.

(4) Операторот од ставот (1) на овој член е должен да им обезбеди на лицата кои бараат приклучување на соодветната мрежа детална проценка на трошоците за изградба на приклучокот и проценка на трошоците за создавање на техничките услови во мрежата.

(5) Регулаторната комисија за енергетика ги задолжува соодветните оператори на свој трошок да ги изградат приклучоците на производителите на електрична енергија од обновливи извори на мрежата и да ги повратат направените трошоци за приклучување преку тарифата за регулираната услуга, кога е потребно да се остварат националните задолжителни цели од членот 173 од овој закон.

(6) Регулаторната комисија за енергетика го пропишува периодот за кој ќе се применува обврската на операторите од ставот (5) на овој член и условите што треба да ги исполнат производителите на електрична енергија од обновливи извори за да бидат приклучени на соодветниот систем во согласност со ставот (5) на овој член, како и го одобрува проектот за секој поединечен приклучок.

Согласност за приклучување

Член 170

(1) Лицата кои бараат приклучување на системите за пренос и системите за дистрибуција на електрична енергија или природен гас и дистрибуција на топлинска енергија, како и корисниците кои бараат измена на постоен приклучок заради зголемување на капацитетот се должни да поднесат барање за приклучување на мрежата до соодветниот оператор на систем за пренос или дистрибуција на начин и постапка утврдени во соодветните мрежни правила.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член, можат да се приклучат на соодветниот систем само врз основа на добиено решение за согласност за приклучување, издадено од операторот на системот на кој бараат приклучување, во согласност со соодветните мрежни правила.

(3) Операторот на системот за пренос или дистрибуција на електрична енергија, природен гас или топлинска енергија во соодветните мрежни правила треба да ги предвиди роковите за донесување на решението за согласноста за приклучување.

(4) Во решението од ставот (2) на овој член особено се утврдуваат:

1) техничките услови за приклучување;

2) надоместокот за приклучување што треба да го плати корисникот;

3) рокот во кој операторот го извршува приклучувањето и

4) обврските на операторот во врска со приклучувањето.

(5) Решението за согласноста за приклучување престанува да важи доколку изградбата на приклучокот не започне во рокот определен во одобрението за градење на приклучокот.

Права и обврски во однос на приклучоците

Член 171

(1) Новите објекти за проширување на постоен енергетски систем, вклучувајќи ја изградбата на нови или надградба на постојни приклучоци во сопственост на операторот на соодветниот систем или вертикално интегрираното друштво, кога тоа е предвидено со овој закон, ги гради операторот на соодветниот систем или вертикално интегрираното друштво и се во нивна сопственост. Кога операторот на соодветниот систем во име на вертикално интегрираното друштво гради нови објекти за проширување на постојниот систем, вклучувајќи ја изградбата на нови или надградбата на постојните приклучоци, истите се во сопственост на вертикално интегрираното друштво.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случаи кога приклучокот е наменет за поврзување на еден корисник (краен потрошувач, енергетски систем или постројка за производство на електрична или топлинска енергија) приклучокот по претходно одобрение добиено од операторот, може да го изгради корисникот во согласност со соодветните мрежни правила, а изградениот приклучок ќе биде во негова сопственост.

(3) Во одобрението од ставот (2) на овој член соодветниот оператор на системот, врз основа на соодветните мрежни правила, ќе ги утврди условите и начинот за изградба на приклучокот.

(4) Против решението на соодветниот оператор на системот со кое се одбива барањето на корисникот за изградба на приклучокот од ставот (2) на овој член, корисникот може да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика.

(5) Ако корисникот го гради приклучокот на сопствен трошок, е должен да го плати делот од надоместок за приклучување што се однесува на создавањето технички услови во соодветниот систем за приклучување на нови корисници или зголемување на капацитетот на постојните приклучоци, пришто корисникот плаќа само за капацитетот што е наведен во барањето за приклучување од членот 170 став (1) од овој закон.

(6) Корисникот кој го изградил приклучокот може да ја пренесе сопственоста на приклучокот на операторот на системот без надоместок.

(7) Ако корисникот го задржи приклучокот во своја сопственост тој е должен:

1) да му овозможи на соодветниот оператор на системот управување со приклучокот на страната на операторот на начин и постапка предвидени со соодветните мрежни правила;

2) да обезбеди одржување на приклучокот според критериумите дефинирани во соодветните мрежни правила.

(8) Надоместоците за приклучување што ги наплаќа операторот на соодветниот систем, надоместоците од ставот (5) на овој член, како и приклучоците и другите делови од мрежата што корисниците ги отстапуваат на соодветниот оператор на системот треба да бидат земени предвид при определувањето на регулираниот приход на соодветниот оператор на системот. Регулаторната комисија за енергетика, во прописите од членот 28 ставови (1) и (2) од овој закон, детално ги пропишува начинот и постапката на водењето на евиденцијата на надоместоците за приклучоците и средствата што корисниците без надоместок им ги отстапуваат на операторите.

(9) За електроенергетските објекти што се дел од електроенергетскиот систем, изградени со средства и во сопственост на корисниците на системот, а не се составен дел од приклучокот што го користи исклучиво сопственикот на електроенергетскиот објект, соодветниот оператор на системот и сопственикот на објектот ќе склучат договор со кој ќе ги регулираат меѓусебните права и обврски што произлегуваат од користењето на објектот од страна на соодветниот

оператор на системот на начин и под услови утврдени во соодветните мрежни правила.

(10) Заради остварување на обврската за обезбедување јавна услуга, во согласност со одредбите од овој закон, соодветниот оператор на системот за пренос и системот за дистрибуција на електрична енергија или природен гас или дистрибуција на топлинска енергија, е должен да ги одржува и да управува со објектите за електрична енергија или природен гас чиј сопственик е непознат, а кои се составен дел на соодветниот систем, а трошокот за одржување на овие објекти Регулаторната комисија за енергетика го признава при одредување на регулираниот приход на операторот.

XI. ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Акциски план за обновливи извори на енергија и извештај за негова реализација

Член 172

(1) Владата, на предлог на Министерството, во рок од шест месеци од денот на донесување на Стратегијата донесува Акциски план за обновливи извори на енергија за период од десет години.

(2) Акцискиот план за обновливи извори на енергија особено содржи: преглед и оценка на состојбата во енергетиката и пазарот на обновливи извори на енергија, споредбени анализи, цели и динамика на индикативната траекторија, секторски цели и годишни прогнози и мерки за остварување на целите со определување на носителите, роковите и средствата за спроведување.

(3) Донесениот Акциски план за обновливи извори на енергија се објавува на веб страниците на Владата и Министерството и во „Службен весник на Република Македонија“.

(4) Министерството ја следи реализацијата на Акцискиот план за обновливи извори на енергија и на секои две години подготвува извештај за реализацијата во претходните две календарски години кој го доставува до Владата најдоцна до 30 ноември.

(5) Ако учеството на енергија од обновливи извори во последните две години е помало од динамиката на индикативната траекторија, Владата до 31 март наредната година донесува ревидиран акциски план за обновливи извори на енергија и го доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница. Во ревидираниот акциски план за обновливи извори на енергија се утврдуваат мерки со кои се овозможува остварување на индикативната траекторија.

(6) Владата веднаш го известува Секретаријатот на Енергетската заедница во случаи кога поради виша сила не е можно остварување на процентот на учество на енергијата од обновливи извори во бруто финалната потрошувачка на енергија утврден во одлуката од членот 173 став (1) од овој закон.

Национални задолжителни цели

Член 173

(1) Владата, на предлог на Министерството, носи одлука со која ги утврдува:

1) националните задолжителни цели за учеството на енергија произведена од обновливи извори во бруто финалната потрошувачка на енергија и

2) националните задолжителни цели за учеството на енергија произведена од обновливи извори во финалната потрошувачка на енергија во транспортот.

(2) Задолжителните цели од ставот (1) на овој член и периодите во кои треба да се остварат се утврдуваат во согласност со националните стратешки и плански документи и обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори и се пресметуваат во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Владата за исполнување на целите од ставот (1) на овој член:

1) воведува и применува мерки кои обезбедуваат учеството на енергијата произведена од обновливи извори да биде еднакво или поголемо од националната задолжителна цел утврдена со одлуката на Владата од ставот (1) на овој член и

2) го определува обемот на поддршка за енергија од обновливи извори произведена во договорна страна на Енергетската заедница на начин утврден со одредбите од овој закон и во согласност со прописите за државна помош.

(4) Министерот со правилник ја пропишува методологијата за пресметка на учеството на енергија произведена од обновливи извори во бруто финална потрошувачка на енергија, во согласност со правилата чијашто примена е задолжителна согласно ратификуваните меѓународни договори.

Статистички трансфери

Член 174

(1) Владата, на предлог на Министерството, а во согласност со обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори, бара од Министерскиот совет на Енергетската заедница одобрување за склучување на договор за статистички трансфер на одредена количина енергија од обновливи извори со договорна страна или земја-учесник на Договорот за Енергетска заедница.

(2) Во случај кога Република Македонија е вклучена во статистички трансфер од ставот (1) на овој член, во која било насока, количината на енергија која е предмет на статистичкиот трансфер, во зависност од насоката, се одзема од или додава на количината на енергија од обновливи извори при пресметката на остварувањето на националните задолжителни цели утврдени во одлуката од членот 173 став (1) од овој закон.

(3) Договорите за статистички трансфер од ставот (1) на овој член се во времетраење од најмалку една година.

(4) Владата за секој статистички трансфер од ставот (1) на овој член го известува Секретаријатот на Енергетската заедница во рок од 90 дена од завршувањето на годината во која е извршен статистичкиот трансфер, при што ја наведува количината и цената на вклучената енергија. Количината на енергија која е предмет на статистичкиот трансфер може да се користи за пресметките од ставот (2) на овој член по доставување на известувањето Секретаријатот на Енергетската заедница.

(5) Владата и другата договорна страна за статистички трансфер можат да договорат услови кои се построги од утврдените во одредбите на овој член.

Заеднички проекти со договорни страни на Енергетска заедница

Член 175

(1) Владата може да соработува со една или повеќе договорни страни на Енергетската заедница во реализација на заеднички проекти кои опфаќаат производство на електрична енергија или енергија за греење или ладење произведена од обновливи извори. Реализацијата на заеднички проекти може да вклучи лица од приватниот сектор.

(2) За произведената енергија од обновливи извори во рамките на заеднички проект од ставот (1) на овој член, Владата доставува известување до

Секретаријатот на Енергетската заедница. Известувањето не може да се менува или повлекува без согласност од државата учесник во заедничкиот проект.

(3) Владата во рок од 90 дена по завршување на секоја година од периодот утврден во одлуката од членот 173 од овој закон, доставува известување до Секретаријатот на Енергетската заедница и државата учесник во заедничкиот проект.

(4) Процентот или количината на произведената енергија од ставот (1) на овој член во рамките на заеднички проект се засметува во вкупната национална цел на Република Македонија. Заради пресметка на исполнувањето на националните задолжителни цели утврдени со одлуката од членот 173 од овој закон, количината на електрична енергија, енергија за греење или ладење од обновливи извори на енергија:

1) се одзема од количината на енергија од ставот (1) на овој член која е земена предвид при пресметката на исполнување на целите на државата која го доставува известувањето од ставот (3) на овој член и

2) се додава на количината енергија од ставот (1) на овој член која е земена предвид при пресметка на исполнувањето на целите на државата која го прима известувањето од ставот (3) на овој член.

(5) Времетраењето на заедничкиот проект може да продолжи и по 2020 година, но пресметувањето согласно со ставот (4) на овој член не смее да продолжи по 2020 година.

Заеднички проекти со држава членка на Европската Унија или трета држава

Член 176

(1) Владата може да соработува со држава членка на Европската Унија или трета држава во реализација на заеднички проекти кои опфаќаат производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија. Реализацијата на заеднички проекти може да вклучи лица од приватниот сектор.

(2) Електричната енергија произведена од обновливи извори во држава членка на Европската унија или трета држава може да се земе предвид при пресметка на исполнувањето на националните задолжителни цели утврдени во одлуката од членот 173 од овој закон, доколку се исполнети следниве услови:

1) електричната енергија се користи во Енергетската заедница, под услов ако:

- количината на електрична енергија еквивалентна на евидентираната електричната енергија е постојано номинирана во доделениот интерконективен капацитет од операторите на електронопреносните системи во: државата од која потекнува, државата каде што се користи, и кога тоа е потребно во секоја држава членка на Европската Унија или трета држава на транзит,
- количината на електрична енергија еквивалентна на евидентираната електрична енергија е постојано регистрирана во распоредот за балансирање на операторот на електронопреносниот систем на Република Македонија и
- номинираниот капацитет и производството на електрична енергија од обновливи извори од постројката од точката 2) на овој став се однесуваат на истиот временски период.

2) електричната енергија е произведена во нова постројка која била изградена или постојна постројка чиј капацитет е зголемен по 18 декември 2012 година, во рамки на заедничкиот проект согласно со ставот (1) на овој член и

3) количината на произведена и извезена електрична енергија нема добиено поддршка преку мерка за поддршка од држава членка на Европската Унија или трета држава, освен инвестициска помош дадена за изградба или зголемување на капацитетот на постројката.

(3) Владата во согласност со обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори, го известува Секретаријатот на Енергетската заедница за:

1) процентот или количината на електрична енергија произведена од постројки на територијата на држава членка на Европската Унија или трета држава која се засметува во националните цели утврдени во одлуката од членот 173 од овој закон или во вкупната национална цел на секоја друга држава која учествува во заедничкиот проект од членот 175 од овој закон и

2) распределбата на процентот или количината од ставот (2) на овој член помеѓу Република Македонија и која било држава членка на Европската Унија или трета држава, која не смее да го надмине процентот или количината што се извезува и користи во Европската Унија или Енергетската заедница, што ги исполнуваат условите утврдени во ставот (2) точка 1) на овој член.

(4) Владата во рок од 90 дена по завршување на секоја година во рамки на периодот утврден во одлуката од членот 173 од овој закон, доставува известување до државата членка на Европската Унија или третата држава учесник во заедничкиот проект и до Секретаријатот на Енергетската заедница во согласност со одредбите од овој член и во кое се наведува:

1) вкупната количина на електрична енергија или енергија за греење или ладење произведени од обновливи извори во текот на годината од постојката што била предмет на известувањето и

2) количината на електрична енергија произведена од обновливи извори во текот на годината во таа постројка која се засметува во вкупните национални цели утврдени во одлуката од членот 173 од овој закон и во согласност со условите за известување од ставот (3) на овој член и

3) доказот за исполнување на условите утврдени во ставот (2) на овој член.

(5) Известувањата доставени согласно со овој член не може да се менуваат или повлекуваат без заедничка согласност на Владата и државата членка на Европската Унија или третата држава учесник во заедничкиот проект.

(6) Количината на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за која се известува во согласност со одредбите од овој член се додава на евидентираната количина на енергија од обновливи извори заради пресметка на исполнувањето на вкупните национални задолжителни цели утврдени со одлуката од членот 173 од овој закон.

(7) Времетраењето на заедничкиот проект може да продолжи и по 2020 година, но пресметувањето согласно со ставот (3) на овој член не смее да продолжи по 2020 година.

Координација на мерки за поддршка

Член 177

(1) Во согласност со обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори, Владата може да одлучи да се придружи или делумно да ги координира своите мерки за поддршка на користењето на обновливи извори на енергија со една или повеќе држави членки на Европската Унија и/или со договорните страни на Енергетската заедница, во кој случај, одредена количина на енергијата од обновливи извори произведена на територија на државата која учествува во заедничките мерки за поддршка може да се засмета во вкупната национална цел на Република Македонија и обратно, ако засегнатата држава:

1) направи статистички трансфер на определени количини на енергија од обновливи извори во Република Македонија во согласност со членот 174 од овој закон или

2) во договор со другите држави-учеснички воспостави правила за распределба по кое помеѓу нив се распределуваат количините на произведена

енергија од обновливи извори. Правилата од оваа точка се доставуваат до Секретаријатот на Енергетската заедница најдоцна 90 дена по завршувањето на првата година кога правилата влегле во сила.

(2) Во рок од 90 дена по завршувањето на секоја година, Владата, доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница известување со вкупната количина на електрична енергија или енергија за греење или ладење од обновливи извори на енергија произведени во текот на годината која е предмет на правилата за распределба од ставот (1) точка 2) на овој член.

(3) Заради пресметување на исполнувањето на националните задолжителни цели утврдени со одлуката од членот 173 од овој закон, количината на електрична енергија или енергија за греење или ладење од обновливи извори на енергија што се известува во согласност со ставот (2) на овој член се прераспределува меѓу вклучените држави во согласност со правилото за распределба од ставот (1) точка 2) на овој член.

Пресметка на произведена енергија при зголемување на капацитет

Член 178

При вршење на пресметките од членовите 175 и 176 од овој закон, количината на електрична енергија произведена од обновливи извори, која е резултат на зголемувањето на капацитетот на постројката, се смета дека е произведена во посебна постројка од моментот кога се случило зголемувањето на капацитетот.

Технички спецификации за опрема и системи за обновливи извори на енергија

Член 179

(1) Мерките за поддршка се доделуваат ако барателот вградува опрема и системи за производство на енергија од обновливи извори кои ги исполнуваат соодветните технички спецификации.

(2) Министерот ги пропишува техничките спецификации кои опремата и системите за обновливи извори на енергија мора да ги исполнуваат за да можат да користат мерки за поддршка.

(3) Со техничките спецификации од ставот (2) на овој член не смее да се ограничува конкуренцијата.

Обврска за објавување на информации

Член 180

Министерството подготвува и објавува информации на својата веб страница поврзани со начинот на користење на обновливите извори на енергија, мерките за поддршка за користењето на енергија од обновливи извори, како и постапката за лиценцирање на инсталатери на системи и опрема за производство на енергија од обновливи извори наведени во членот 181 од овој закон.

Лиценцирање на инсталатери

Член 181

(1) Инсталацијата на котли и печки на биомаса, фотонапонски системи, сончеви термални системи, плитки геотермални системи и топлински пумпи ја вршат инсталатери кои се лиценцирани од Министерството.

(2) Министерството ја признава секоја лиценца или сертификат на инсталатерите од ставот (1) на овој член издаден од друга држава во согласност

со обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори.

(3) Министерството воспоставува и води регистар на лиценцирани инсталатери кој го објавува на својата веб страница.

(4) Министерот со правилник ги пропишува:

1) програмите за обука и полагање стручен испит за стекнување лиценца за инсталирање на опремата и уредите од ставот (1) на овој член;

2) критериумите и постапката за лиценцирање на инсталатерите;

3) постапката за признавање на лиценца или сертификат на инсталатери издаден од друга држава и потребната документација и

4) формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лиценцирани инсталатери.

Гаранции за потекло

Член 182

(1) Агенцијата за енергетика води регистар на издадени, пренесени и одземени гаранции за потекло на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија (во натамошниот текст: гаранција за потекло), кој се објавува на нејзината веб страница.

(2) Гаранцијата за потекло е со стандардна големина од 1 MWh и за секоја произведена единица на енергија се издава само една гаранција за потекло. Агенцијата за енергетика обезбедува иста единица на енергија од обновливи извори да се зема предвид само еднаш.

(3) Гаранции за потекло може да добие производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија којшто за електроцентралата не се стекнал со статус на повластен производител од членот 187 став (1) од овој закон.

(4) За издавање на гаранција за потекло од ставот (1) на овој член, производителот на електрична енергија од обновливи извори е должен да уплати надоместок на сметка на Агенцијата за енергетика, според тарифникот којшто по претходно одобрување од Владата, го донесува Агенцијата за енергетика.

(5) Гаранциите за потекло издадени од странски држави се признаваат само со доказ во кој се содржат елементите пропишани во правилникот донесен врз основа на членот 185 од овој закон. Признавањето на гаранцијата за потекло може да се одбие доколку постои сомневање во однос на точноста и веродостојноста на податоците за што Министерството доставува известување со образложение до Секретаријатот на Енергетската заедница.

(6) Издадената гаранција за потекло не се зема предвид при исполнувањето на вкупните национални цели утврдени во одлуката од членот 173 од овој закон. Преносот на гаранции за потекло, одделно или заедно со физичкиот пренос на енергија, нема да има влијание врз одлуката на Владата за користење статистички трансфери, заеднички проекти или заеднички мерки за поддршка заради исполнување на целите или за пресметување на бруто финалната потрошувачка на енергија од обновливи извори во согласност со членот 173 од овој закон.

Користење на гаранции за потекло од страна на снабдувачи и трговци со електрична енергија

Член 183

(1) Снабдувачот и/или трговецот кој продава електрична енергија на потрошувачите може да го докаже учеството или количината на електрична енергија од обновливи извори во енергијата што ја продава со гаранции за потекло.

(2) Количината на енергија од обновливи извори, која е наведена во гаранцијата за потекло што е пренесена од снабдувачот и/или трговецот со електрична енергија на трети лица, се одзема од учеството на енергија од обновливи извори во енергетскиот микс на снабдувачот и/или трговецот.

Надлежност на Агенцијата за енергетика

Член 184

(1) Агенцијата за енергетика:

1) донесува решение за одобрување на мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија;

2) донесува решение за упис во регистарот на електроцентрали кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија;

3) донесува решение за издавање гаранции за потекло;

4) издава потврда дека електроцентралата која произведува електрична енергија од обновливи извори е изградена и дека ги исполнува условите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Агенцијата за енергетика води:

1) регистар на електроцентрали кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија;

2) евиденција на издадени одобренија за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија и

3) регистар на гаранции за потекло.

Правилник за обновливи извори на енергија

Член 185

Министерот со правилникот за обновливи извори на енергија поблиску ги пропишува:

1) видовите на електроцентрали за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија;

2) условите и начинот по кои вишокот од произведената енергија од обновливи извори на енергија наменета за сопствена потрошувачка се предава во електродистрибутивната мрежа;

3) начинот за издавање на одобрение за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија;

4) начинот на мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија;

5) начинот на издавање, пренесување и одземање на гаранциите за потекло и нивната содржина;

6) начинот, постапката и условите за признавање на гаранциите за потекло издадени во други држави;

7) содржината, формата и начинот на водење на регистарот на електроцентрали кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија и

8) содржината, формата и начинот на водење на регистарот на гаранции за потекло.

Мерки за поддршка

Член 186

(1) Со мерките за поддршка за обновливите извори на енергија определени во Стратегијата и Акцискиот план за обновливи извори на енергија треба да се постигнат следниве цели:

1) развој на електроенергетскиот систем, вклучително и интерконективни водови, воведување на паметни мрежи и системи и уреди за складирање на електрична енергија заради овозможување на неговото сигурно функционирање во услови на зголемување на учеството на електричната енергија произведена од обновливи извори;

2) усогласување на урбанистичко планските документи со потребата за изградба на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори заради ефикасно спроведување на постапките за издавање одобренија за градење или реконструкција на електроенергетски објекти;

3) проширување на постојната инфраструктура за гас во насока на олеснување на вклучување на гасот од обновливи извори на енергија и приклучување на производителите на биогас на инфраструктурата за гас;

4) намалување на трошоците за производство на енергија од обновливите извори и на биогорива и

5) зголемување на учеството на обновливи извори на енергија во бруто финалната потрошувачка на енергија.

(2) Мерките за поддршка од ставот (1) на овој член може да опфатат:

1) инвестициона поддршка;

2) даночни и царински олеснувања;

3) воведување на посебни обврски на снабдувачите со електрична енергија за купување на електрична енергија произведена од обновливи извори;

4) воведување на обврски за трговците со нафтени деривати и горива за транспорт за продажба на биогорива на пазарот;

5) издавање на гаранции за потекло на електричната енергија произведена од обновливи извори;

6) повластени тарифи и премии за продадена електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија;

7) воведување на можност за производство на електрична енергија од обновливи извори наменета за сопствена потрошувачка и предавање на вишокот во електродистрибутивниот систем и

8) надоместок за поттикнување на учеството на обновливи извори на енергија.

Повластен производител

Член 187

(1) Производител на електрична енергија од обновливи извори може да се стекне со статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори (во натамошен текст: повластен производител) што му дава право на користење на премија или повластена тарифа, на начин и во постапка пропишани со овој закон, прописите и правилата донесени врз основа на овој закон и прописите за државна помош.

(2) Правото за користење на премија или повластена тарифа се стекнува со примена на постапки засновани на начелата на објективност, транспарентност и недискриминација.

(3) Владата, на предлог на Министерството, донесува Уредба за мерки за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија во која особено се пропишува:

1) видовите технологии за кои се доделува премија, односно повластена тарифа;

2) посебните услови што треба да ги исполни електроцентралата за производителот да се стекне со статус на повластен производител за таа електроцентрала;

3) горната граница на инсталираната моќност на електроцентралата за која производителот може да стекне статус на повластен производител за таа електроцентрала;

4) износот и периодот на користење на повластените тарифи;

5) начин на определување на износот на премии, начинот на исплата, како и периодот на нивно користење;

6) содржината на одлуката и јавниот оглас за спроведување на тендерска постапка за доделување на премии;

7) начинот на спроведување на тендерската постапка и аукција за доделување на премии;

8) задолжителните елементи на договорот за стекнување право за користење на премија и договорот за користење на премија;

9) документите кои се доставуваат во постапката за склучување на договорот за стекнување на право за користење на премија и за склучување на договорот за користење на премија помеѓу Министерството и повластениот производител кој користи премија и

10) содржината, формата и начинот на водење на евиденција на повластени производители кои користат премија.

(4) Владата, на предлог на Министерството, донесува одлука за вкупната инсталирана моќност на повластените производители, при чие определување се зема предвид индикативната траекторија за исполнување на целите предвидена во Акциските план за обновливи извори на енергија.

(5) Владата, на предлог на Министерството, по претходно донесено решение од Комисијата за заштита на конкуренцијата, донесува годишна програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија, во која особено се уредува:

1) вкупната инсталирана моќност на електроцентралите по вид на технологии за кои ќе се доделува премија на обновлив извор по спроведена тендерска постапка;

2) вкупната инсталирана моќност на постојните електроцентрали на повластени производители кои користат премија за кои се доделува државна помош и

3) обемот на државната помош за произведената електрична енергија.

(6) Средствата за финансиската поддршка предвидени со годишната програма од ставот (5) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и/или други извори на финансирање.

Доделување на право на користење на премија

Член 188

(1) Повластениот производител кој користи премија се избира преку спроведување на тендерска постапка со аукција за доделување на право за користење на премии за повластени производители (во натамошниот текст: тендерска постапка).

(2) За спроведување на тендерската постапка од ставот (1) на овој член, Министерството:

1) донесува одлука за започнување на тендерска постапка;

2) формира комисија за спроведување на тендерска постапка;

3) ја одобрува тендерската документација;

4) го објавува огласот и

5) донесува одлука за избор на најповолен понудувач или одлука за поништување на тендерската постапка.

(3) Комисијата од ставот (2) точка 2) на овој член:

1) ги подготвува огласот и тендерската документација;

2) ја спроведува тендерската постапка;

3) ја спроведува евалуацијата на понудите;

4) ја организира аукцијата и

5) доставува предлог до Министерството за донесување на одлука за избор најповолен понудувач или одлука за поништување на тендерската постапка.

(4) Против одлуката од ставот (2) точка 5) на овој член, може да се поднесе жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

(5) По конечноста на одлуката за избор, Министерството склучува договор за право на користење на премија со најповолниот понудувач.

(6) Во договорот од ставот (5) на овој член се утврдува рок во кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба.

(7) Министерството може да го раскине договорот од ставот (5) на овој член доколку електроцентралата не е пуштена во употреба во рокот утврден во договорот.

(8) Повластениот производител кој се стекнал со право на користење на премија и кој ја изградил електроцентралата во рокот согласно договорот од ставот (5) на овој член поднесува барање до Министерството за склучување на договор за користење на премија. Кон барањето се доставува и лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија за електроцентралата.

(9) Ако се исполнети условите од договорот за право на користење на премија од ставот (5) на овој член и условите утврдени со уредбата од членот 187 од овој закон, Министерството, во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето од ставот (8) на овој член, склучува договор за користење на премија со повластениот производител и го запишува во евиденцијата на повластени производители кои користат премија.

(10) Министерството ги изготвува и објавува на својата веб страница обрасците за договорите од ставовите (5) и (8) на овој член.

(11) Повластен производител кој се стекнал со право на користење на премија за одредена електроцентрала не може да користи повластена тарифа и не му следува гарантиран откуп на произведената енергија за истата електроцентрала од операторот на пазарот на електрична енергија.

(12) Во тендерската постапка соодветно се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки.

Обврски на повластениот производител кој користи премија

Член 189

(1) Повластениот производител кој користи премија, покрај обврските од членот 70 од овој закон, е должен:

1) да ја продава произведената енергија на пазарот за електрична енергија;

2) да доставува прогнози за производство на електрична енергија до Министерството во периоди утврдени во договорот и

3) во текот на работењето да се придржува кон обврските од договорот за користење на премија.

(2) Одредбите од членот 70 ставови (3), (4) и (7) не се применуваат на повластениот производител кој користи премија.

Обврски на Министерството во однос на договорите за користење на премија

Член 190

Министерството:

1) го следи исполнувањето на обврските кои произлегуваат од договорите за користење на премија;

2) ги исплаќа премиите на повластениот производител согласно со склучениот договор за користење на премија;

3) го утврдува вкупниот износ на средства за исплата на премии за следната година во годишната програма од членот 187 став (5) од овој закон врз основа на прогнозите за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премии и електроцентралите, по вид на технологии, за кои ќе се доделува премија на обновлив извор по спроведена тендерска постапка и

4) води евиденција на склучените договори со повластените производители кои користат премија од членот 188 став (9) во која ги евидентира исплатените премии, како и информациите со кои се докажува исполнувањето на условите за исплата на премии, кои се чуваат за период за кој е склучен договорот за исплаќање на премии и уште десет години од неговото истекување.

Стекнување на право на користење повластена тарифа

Член 191

(1) Регулаторна комисија за енергетика донесува правилник за повластени производители коишто користат повластена тарифа, во кој особено се пропишува:

1) начинот и постапката за донесување на решение за привремен статус на повластен производител;

2) начинот и постапката за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител;

3) начинот и постапката за донесување на одлука за користење на повластена тарифа;

4) рокот во кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба;

5) формата и содржината на решенијата од точките 1) и 2) на овој став и одлуката од точката 3) на овој став и

6) формата, содржината и начинот на водење на регистарот на повластени производители кои користат повластена тарифа.

(2) Регулаторна комисија за енергетика води Регистар на повластени производители кои користат повластена тарифа и го објавува на нејзината веб страница.

(3) Заинтересираната страна доставува барање за донесување на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител до Регулаторната комисија за енергетика и со барањето ја доставува потребната документација пропишана со правилникот од ставот (1) на овој член.

(4) Ако се исполнети условите за стекнување на статус на повластен производител кој има право да користи повластена тарифа, утврдени со уредбата и одлуката од членот 187 од овој закон, Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето, носи решение за стекнување на привремен статус на повластен производител и го запишува во Регистарот на повластени производители кои користат повластена тарифа. Во решението се пропишува и рок во кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба.

(5) Регулаторната комисија за енергетика по барање на носителот на решението од ставот (4) на овој член може да ја продолжи важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител заради продолжување на рокот за пуштање на електроцентралата во употреба, на начин и во постапка утврдени во правилникот од ставот (1) на овој член.

(6) Регулаторната комисија за енергетика носи решение за престанок на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител, ако

електроцентралата не е пуштена во употреба во роковите утврдени со решението од ставовите (4) и (5) од овој член и ја брише електроцентралата од Регистарот на повластени производители кои користат повластена тарифа.

(7) Повластените производители ја користат повластената тарифа според условите што важеле на денот на донесувањето на решението од ставот (4) на овој член.

(8) Лицето на кое му е издадено решението од ставот (4) на овој член, за да стекне статус на повластен производител и да користи повластена тарифа, до Регулаторната комисија за енергетика доставува барање за издавање на решение за стекнување на статус на повластен производител и барање за користење на повластена тарифа на електрична енергија.

(9) Во постапката за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител и одлука за користење на повластена тарифа, Регулаторната комисија за енергетика до Агенцијата за енергетика поднесува барање за издавање на потврда дека електроцентралата е изградена и ги исполнува условите и инсталираната моќност утврдени со уредбата од членот 187 од овој закон. Агенцијата за енергетика е должна да ја издаде потврдата во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(10) Ако Агенцијата за енергетика потврди дека електроцентралата ги исполнува условите и инасталираната моќност утврдени со уредбата од членот 187 од овој закон и е пуштена во употреба во роковите утврдени со решението од ставовите (4) и (5) на овој член, а и барателот поседува лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија за електроцентралата за која се бара статус на повластен производител, Регулаторната комисија за енергетика носи решение за стекнување на статус на повластен производител и одлука за користење на повластена тарифа на електрична енергија, со што повластениот производител кој користи повластена тарифа се стекнува со сите права и обврски што произлегуваат од овој закон.

(11) Решенијата и одлуките што ги носи Регулаторната комисија за енергетика согласно со ставовите (4), (5), (6) и (10) на овој член се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“.

Обврски на повластениот производител кој користи повластена тарифа

Член 192

(1) Повластениот производител кој користи повластена тарифа, покрај обврските од членот 70 од овој закон, во согласност со договорот за откуп на електричната енергија од членот 193 став (2) од овој закон, е должен да:

1) ја продава произведената електрична енергија единствено на операторот на пазарот на електрична енергија и

2) доставува планови за производство на електрична енергија до операторот на пазарот на електрична енергија.

(2) Одредбите од членот 70 ставови (3), (4) и (7) не се применуваат на повластениот производител кој користи повластена тарифа.

Откуп и пласман на електрична енергија од повластени производители кои користат повластени тарифи

Член 193

(1) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен да ја откупи електричната енергија произведена од повластените производители кои користат повластена тарифа.

(2) Операторот на пазарот со електрична енергија е должен, по барање на повластениот производител, да склучи договор за откуп на електричната енергија

по повластени тарифи во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето. Договорот треба да е во согласност со овој закон, решението за стекнување на статус на повластен производител и одлуката за користење на повластена тарифа на електрична енергија и правилата за пазар на електрична енергија.

(3) Договорот од ставот (2) на овој член е со важност од денот на влегувањето во сила на одлуката за користење на повластена тарифа на електрична енергија.

(4) Операторот на пазар на електрична енергија е должен да го изготви образецот за договорот од ставот (2) на овој член и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика да го објави на својата веб страница.

(5) Повластениот производител има право да го раскине договорот од ставот (2) на овој член и пред истекот на рокот за којшто е склучен договорот и во тој случај го губи статусот на повластен производител кој користи повластена тарифа, без право повторно да се стекне со тој статус.

(6) Операторот на пазарот на електрична енергија е балансно одговорна страна за повластените производители од ставот (1) на овој член и е должен на операторот на електропреносниот систем да му ги надомести трошоците за балансирање и потребните системски услуги поврзани со работата на повластените производители кои користат повластени тарифи.

(7) Трговците и снабдувачите се должни да ја купат од операторот на пазарот електричната енергија што операторот на пазарот ја откупил од повластениот производител којшто користи повластена тарифа.

(8) Потрошувачите се должни да ја купат електричната енергија од ставот (1) на овој член преку своите снабдувачи и/или трговци.

(9) Со правилата за пазар на електрична енергија се уредуваат начинот на продажба, количините и просечната цена по која снабдувачите и трговците ја купуваат електричната енергија од ставот (7) на овој член, како и начинот на плаќање на повластените производители коишто користат повластени тарифи за откупната електрична енергија од страна на операторот на пазарот на електрична енергија.

Промотивни материјали и информации во сметките и фактурите

Член 194

Снабдувачите и/или трговците со електрична енергија се должни да обезбедат информации за процентот на учество на електричната енергија произведена од повластените производители кои користат повластени тарифи и просечната цена од членот 193 став (8) од овој закон во сметките, фактурите и промотивните материјали што ги доставуваат до своите потрошувачи, како и во јавно достапното резиме со информации за количината или учеството на енергија од обновливи извори произведена од инсталации или зголемени капацитети на постојни инсталации кои биле пуштени во употреба по 18 декември 2012 година да ги наведат придобивките за животната средина или другите придобивки од енергијата од обновливи извори.

XII. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 195

(1) Корисникот на енергетскиот систем, е должен:

1) да ги користи и управува своите енергетски објекти, уреди или инсталации во согласност со овој и друг закон, другите прописи и соодветните мрежни правила и да не ги загрозува животот и здравјето на луѓето, животната средина и имотот;

2) да ги отстрани во определениот рок недостатоците на неговите енергетски објекти, уреди или инсталации утврдени од Државниот инспекторат за техничка инспекција;

3) да не врши приклучување на својот објект, уред или инсталација на енергетски систем, односно преку своите објекти, уреди или инсталации да не овозможува приклучување на друг корисник без претходна согласност на операторот на енергетскиот систем;

4) да не врши манипулација со мерните уреди;

5) да не ја попречува испораката на енергијата на другите корисници;

6) да ја плати испорачаната енергија на снабдувачот, во договорен рок;

7) во случај на кризна состојба да се придржува кон мерките пропишани во согласност со членот 14 од овој закон.

(2) За опремата за производство на електрична и/или топлинска енергија, вградена во новоизграден енергетски објект или вградена во постоечки градежен објект, инвеститорот, треба да има решение за ставање во употреба на опремата по прв пат, издадено во согласност со Законот за техничка инспекција.

(3) Министерот донесува технички прописи за проектирање, изградба, ставање во употреба, функционирање и одржување на енергетски објекти, уреди и инсталации.

Член 196

(1) Корисникот на системот е должен на операторот на системот кој го користи, како и на снабдувачите и трговците со енергија да им ги обезбеди своите податоци за контакт (име и презиме/назив на корисникот, адреса/седиште, матичен/даночен број, број на документ за идентификација, телефон, факс, е-пошта).

(2) Вршителите на енергетските дејности од ставот (1) на овој член, заради остварување на обврските кои произлегуваат од овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, се должни да водат евиденција на корисниците на системот која ги содржи податоците од ставот (1) на овој член и имаат право податоците да ги обработуваат, ажурираат и разменуваат меѓу себе, како и да ги доставуваат на барање на државните органи и судовите.

(3) Податоците на корисниците наведени во ставот (1) на овој член можат да се користат исклучиво заради:

1) уредување на договорни односи (приклучување на системи за енергија или природен гас, испорака на енергија или природен гас, итн.);

2) наплата на побарувања;

3) спроведување на судски или управни постапки и

4) комуникација со корисниците заради исполнување на обврските од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(4) Вршителите на енергетските дејности од ставот (1) на овој член се должни со податоците да постапуваат во согласност со законот со кој се уредува заштитата на личните податоци.

(5) По престанување на договорните односи, податоците за корисниците од ставот (1) на овој член се чуваат за период од три години од денот на издавање на последната сметка, односно фактура на корисниците за обезбедените услуги согласно со овој закон.

(6) Корисниците на системот се должни во рок од 30 дена од настаната промена на податоците од ставот (1) на овој член да ги информираат вршителите на енергетските дејности од ставот (1) на овој член, за промената на тие податоци.

Член 197

(1) Операторот на соодветниот систем за пренос или дистрибуција на енергија има право на надоместок на штетата што настанала како резултат на неовластено преземена енергија или нерегистрирани количини на енергија заради неовластена манипулација со мерните уреди.

(2) Постапката за утврдување на причините за настанатата штета како и начинот на пресметка на штетата и надоместокот што корисникот треба да го плати, се утврдуваат со соодветните мрежни правила.

(3) Потрошувачите на енергија имаат право на надоместок на штетата настаната поради намалена испорака или прекин во испораката на енергијата од страна на операторот на соодветниот систем за пренос или дистрибуција, под услови и на начин утврдени во правилата за надоместок за штети што ги донесува Регулаторната комисија за енергетика.

(4) Производителите на енергија имаат право на надоместок на штетата од страна на операторот настаната поради намалена испорака или прекин во испораката на енергија во системот под услови и на начин утврдени во правилата за надоместок за штети што ги донесува Регулаторната комисија за енергетика.

Член 198

(1) Операторите на елктропреносните и електродистрибутивните системи можат да ги дадат на користење постојните електрични водови на оператор кој обезбедува јавни електронски комуникациски услуги за пренос на комуникациски сигнали, радиодифузни мрежи и кабелски телевизиски мрежи, независно од видот на информациите што се пренесуваат, за што склучуваат соодветни договори, под услов да не се наруши преносот и дистрибуцијата на електричната енергија и корисникот да не ги користи електричните водови за вршење на електроенергетски дејности.

(2) Ако е потребно операторот кој обезбедува јавни електронски комуникациски услуги за пренос на комуникациски сигнали, радиодифузни мрежи и кабелски телевизиски мрежи да обезбеди електрична енергија за опремата поставена на инфраструктурата на енергетските оператори, треба да обезбеди решение за согласност за приклучување на системот во согласност со соодветните мрежни правила.

Член 199

(1) Ракувачите со енергетски уреди и постројки мора да имаат положено испит за стручна оспособеност (во натамошниот текст: испит).

(2) Министерот со правилник ја пропишува програмата и постапката за полагање на испитот од ставот (1) на овој член.

(3) Испитот од ставот (1) на овој член, го спроведува комисија основана од министерот. На членовите на комисијата им следува паричен надоместок за извршената работа кој на годишно ниво не го надминува нивото на три просечни месечни нето плати исплатени во Република Македонија за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика.

(4) За полагање на испитот од ставот (1) на овој член, ракувачите со енергетски уреди и постројки плаќаат надоместок за полагање на испитот што го определува министерот, а којшто не може да биде повисок од 15% од просечната месечна нето плата, исплатена во Република Македонија во претходната календарска година.

(5) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството.

(6) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за економија најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на испитната сесија, на кандидатот нема да му се дозволи полагање на испитот.

(7) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

(8) На кандидатот којшто го положил испитот министерот на предлог на комисијата му издава уверение.

(9) Право на полагање на испит стекнуваат ракувачите на одделни видови на енергетски уреди и постројки, ако ги исполнуваат следниве услови за:

1) ракување со парни турбини:

- над 10 MW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со турбински постројки и

- до 10 MW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и девет месеци работа под надзор на ракување со турбински постројки под надзор;

2) ракување со гасни турбини кои служат за производство на електрична енергија, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со турбински постројки;

3) ракување со хидротурбини кои служат за производство на електрична енергија, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со турбински постројки;

4) ракување со котларници со АТК (автоматска термичка команда) инсталирана моќност:

- над 20 MW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки;

- до 20 MW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки и

- до 5 MW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки;

5) ракување со котли:

- со механизирано палење, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки и

- со рачно палење, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и шест месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки;

6) ракување со парни клипни машини, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со парни клипни машини;

7) ракување со мотори со внатрешно согорување во вкупна моќност:

- над 200 KW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со мотори и

- до 200 KW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со мотори;

8) ракување со компресори и разладни постројки:

- со вкупна моќност над 200 KW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро, машинска или хемиско-технолошка струка и дванаесет месеци под надзор со компресори и разладни постројки и

- со вкупна моќност до 200 KW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро, машинска или хемиско-технолошка струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со компресори и разладни постројки;

9) ракување со црпни станици:

- со вкупна моќност над 200 KW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под вадзор на ракување со црпни станици и
- со вкупна моќност до 100 KW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро, машинска или хемиско-технолошка струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со црпни станици;

10) ракување со генератори на гас, со стручно оспособување со двегодишно траење од електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со генераторите на гас;

11) ракување со котли за централно греење:

- со инсталирана моќност над 1 MW работен притисок 0,5 бара, температура до 110 С на излезната вода, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со котли и
- со инсталирана моќност од преку 0,2 MW до 1 MW работен притисок од 0,5 бара, температура од 110 С на излезната вода, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, дванаесет месеци работа под надзор, од кои шест месеци на ракување со котли или завршено основно училиште и осумнаесет месеци работа под надзор, од кои шест месеци ракување;

12) ракување со климатизација, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и шест месеци работа под надзор на ракување со климатизацијата;

13) ракување со уредите за подготвување на напојна, котловска и разладна вода преку 15 м3 на час, со стручно оспособување со двегодишно траење од хемиско технолошка или машинска струка и шест месеци работа под надзор на ракување со уредите за подготвување на напојната котловската и разладната вода;

14) ракување со уредите за полнење и манипулација со технички гасови, со стручно оспособување со двегодишно траење од електро или машинска струка и шест месеци работа под надзор или завршено основно училиште и дванаесет месеци работа под надзор;

15) ракување со садови под притисок од прва и втора класа, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и шест месеци работа под надзор на ракување за работниците со енергетска струка, односно дванаесет месеци за работниците со електро или машинска струка;

16) ракување со трафостаници и разводни електропостројки стручно образование од четиригодишно траење од електро или енергетска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со трафостаници разводни електропостројки;

17) ракување со диспечерски центри и електрокоманди, стручно образование од четиригодишно траење од електро или енергетска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со диспечерски центри и електрокоманди;

18) ракување со енергетскиот блок за производство на електрична енергија, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со енергетскиот блок;

19) ракување со уредите за сушење:

- над 500 KW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и шест месеци работа под надзор на ракување со уредите за сушење и
- до 500 KW, стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и шест месеци работа под надзор на ракување со уредите за сушење и

20) ракување со технолошки печки со ефект над 0,5 MW што се палат со течно и гасно гориво, стручно образование од четиригодишно траење од енергетика, електро или машинска струка и дванаесет месеци работа под надзор на ракување со технолошките печки.

Член 200

(1) Сертификат за изведување, односно заварување на полиетиленски цевки или челични цевки за гасоводни системи издаден од надлежно тело на друга држава може да се признае во Република Македонија на барање на носителот на сертификатот.

(2) Признавањето на сертификатот од ставот (1) на овој член го спроведува Комисија за признавање на сертификати за изведување, односно заварување на полиетиленски или челични цевки за гасоводни системи издаден од надлежно тело на друга држава, основана од министерот имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

(3) Комисијата е составена од пет члена од кои по еден претставник од Министерството, Министерството надлежно за работите од областа на градежништвото, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Комората на овластени инженери и надворешен експерт од областа на гасната техника. Мандатот на членовите на Комисијата изнесува четири години.

(4) Комисијата донесува деловник за својата работа.

(5) Носителот на сертификатот издаден од надлежно тело на друга држава доставува барање за признавање на сертификатот до Министерството и кон барањето треба да достави:

1) оригинал сертификат и заверен превод на сертификатот за изведување-заварување на полиетиленски или челични цевки за гасоводни системи на македонски јазик и

2) заверен превод на писмен документ врз основа на кој надлежното тело може да издава таков вид на сертификати.

(6) Ако Комисијата утврди дека барањето за признавање на сертификатот е целосно, во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето, му предлага на министерот да донесе решение за признавање на сертификатот.

(7) Ако Комисијата утврди дека барањето за признавање на сертификатот е нецелосно, во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето, му предлага на министерот да донесе решение со кое се одбива барањето. Против решението може да се поведе управен спор.

Член 201

(1) Министерот со правилник за контрола на квалитетот на електричната енергија ги пропишува начинот и постапката на мерењата на квалитетот на електричната енергија испорачана преку електропреносниот систем или електродистрибутивните системи.

(2) По барање на корисник на електропреносниот или електродистибутивниот систем, Државниот инспекторат за техничка инспекција или инспекциско тело акредитирано според Законот за акредитација врши мерење на квалитетот на испорачаната електрична енергија во услови на нормален режим на работа на соодветниот систем.

(3) Потрошувачот на електрична енергија доставува барање за мерење на квалитетот на испорачаната електрична енергија до Државниот инспекторат за

техничка инспекција преку неговиот снабдувач или трговец, или склучува договор со акредитирано инспекциско тело.

(4) Владата, на предлог на министерот, го утврдува надоместокот за мерењата на квалитетот на електричната енергија што ги врши Државниот инспекторат за техничка инспекција, во зависност од видот на мрежата и посебните барања за мерењата на квалитетот.

(5) Надоместокот за мерењата на квалитетот на електричната енергија што ги врши акредитирано инспекциско тело се определува со договорот од ставот (3) на овој член.

(6) Ако резултатите од извршените мерења се во согласност со квалитетот пропишан со мрежните правила за пренос или дистрибуција на електрична енергија, надоместокот за извршените мерења го плаќа корисникот.

(7) Ако резултатите од извршените мерења направени од Државниот инспекторат за техничка инспекција или од акредитираното инспекциско тело не се во согласност со квалитетот пропишан со мрежните правила за пренос или дистрибуција на електрична енергија, операторот на соодветниот систем го плаќа надоместокот за извршените мерења, кој не може да биде повисок од надоместокот утврден во согласност со ставот (4) на овој член.

(8) Операторите на електропреносниот и електродистрибутивниот систем вршат контрола на квалитетот на електричната енергија и проверка дали корисниците на соодветниот систем го користат системот според условите и критериумите пропишани во соодветните мрежни правила.

(9) Директорот на Државниот инспекторат за техничка инспекција најдоцна до 31 декември донесува план за мерење на квалитетот со електрична енергија, со опфат на мерни точки и динамика за спроведување на мерењата за следната календарска година.

(10) Државниот инспекторат за техничка инспекција, најдоцна до 15 март, доставува извештај до Министерството и до Регулаторната комисија за енергетика за реализацијата на планот од ставот (9) на овој член за претходната календарска година.

Член 202

(1) Вршителите на енергетски дејности се должни да обезбедат и да гарантираат доверливост на деловните податоци и информации што ги добиваат од корисниците при вршењето на дејноста во согласност со закон, освен за информации:

1) што се достапни до јавноста;

2) за кои постои писмена согласност за обелоденување од корисникот и

3) кои вршителот на енергетската дејност е должен да ги обезбеди согласно со обврските утврдени во лиценцата, одлука на надлежен суд или на барање на државен орган.

(2) Вршителите на енергетските дејности не смеат да ги злоупотребуваат деловните тајни и информации што се добиени при вршење на дејноста заради стекнување на деловна корист, како и заради преземање на дискриминаторски дејствија во корист на трети лица.

Член 203

(1) Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако изведувањето на работите е неопходно за остварување на јавен интерес, вршителот на енергетската дејност по барање на изведувачот на работите, е должен да даде писмена согласност за

изведување на работите во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето, во која ги определува и потребните заштитни мерки за објектите, уредите и постројките.

(3) Преземање на заштитните мерки определени во согласноста од ставот (2) на овој член е на трошок на изведувачот на работите.

Член 204

(1) Сопственикот, односно корисникот на земјиште е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и за вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште.

(2) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето има право на надоместок за штетата настаната со работите од ставот (1) на овој член.

Член 205

(1) Кога вршителот на енергетска дејност кој има обврска за обезбедување на јавна услуга бара отварање на стечајна постапка со лично управување, пред доставување на барањето за отворање на стечајна постапка, е должен планот за лично управување да го достави на мислење до Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 30 дена од денот на приемот на планот за од ставот (1) на овој член го доставува мислењето по планот до вршителот на енергетската дејност. Во мислењето, покрај обврските утврдени во лиценцата, може да определи и други обврски за вршителот на енергетската дејност при спроведување на планот за лично управување.

(3) Стечајниот судија до Регулаторната комисија за енергетика веднаш го доставува решението за отворање на стечајна постапка со лично управување.

(4) Регулаторната комисија за енергетика во рок од седум дена од приемот на решението од ставот (3) на овој член, по службена должност извршува прибележување на отворената стечајна постапка во лиценцата за вршење на енергетска дејност.

(5) Ако на вршителот на енергетска дејност од ставот (1) на овој член е отворена стечајна постапка по барање на доверител:

1) стечајниот судија веднаш го доставува решението за отворање на стечајна постапка до Регулаторната комисија за енергетика;

2) стечајниот управник, во рок од три дена од денот на донесувањето на одлуките од стечајниот судија, стечајниот управник, одборот и/или собранието на доверители, ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика;

3) Регулаторната комисија за енергетика во рок од седум дена од приемот на решението од точката 1), по службена должност извршува прибележување на отворената стечајна постапка во лиценцата за вршење на енергетска дејност на друштвото.

(6) Стечајниот управник е должен да обезбеди преку друштвото во стечај непречено извршување на енергетската дејност од ставот (1) на овој член до донесувањето на одлука од страна на Собранието на доверители.

(7) Ако во стечајната постапка се донесе одлука за реорганизација на друштвото, стечајниот судија веднаш го доставува планот за реорганизација до Регулаторната комисија за енергетика.

(8) Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 30 дена од денот на приемот на планот за реорганизација од ставот (7) на овој член, го доставува до стечајниот судија и Собранието на доверители мислењето по планот за реорганизација на друштвото.

(9) По одобрувањето на планот за реорганизација и доколку мислењето за планот за реорганизација од Регулаторната комисија за енергетика е позитивно, Регулаторната комисија за енергетика во рок од седум дена од денот на добивањето на известувањето од стечајниот управник за одобрување на планот за реорганизација, донесува одлука за пренос на лиценцата за вршење на енергетска дејност на субјектот којшто го спроведува планот за реорганизација на друштвото.

XIII. НАДЗОР

Член 206

(1) Министерството врши надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, освен над прописите и правилата донесени или одобрени од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Министерството врши надзор над работењето на Агенцијата за енергетика во согласност со овој закон.

(3) Министерството врши надзор над законитоста на работата на единиците на локалната самоуправа во согласност со овој закон.

(4) Регулаторната комисија за енергетика врши надзор над работењето на вршителите на регулирани енергетски дејности како и на вршителите на енергетски дејносости на коишто им е наметната обврска за обезбедување на универзална односно јавна услуга, во согласност со овој закон.

(5) Регулаторната комисија за енергетика врши надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон што се однесуваат на обврските за сопственичко раздвојување на операторите на системите и пристапот на трета страна и приклучувањето на корисниците на соодветните системи.

(6) Вршењето на надзорот од овој член се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на надлежностите утврдени со овој и друг закон.

Член 207

(1) Ако при вршењето на надзорот од членот 206 од овој закон, се утврдат неправилности, органот што го врши надзорот е должен да ги извести лицата кај кои е извршен надзорот за утврдените неправилности и недостатоци и им определува рок за нивно отстранување.

(2) Ако лицата кај кои е извршен надзор не ги отстранат констатираните неправилности и недостатоци во утврдениот рок, органот што го врши надзорот презема мерки за нивно отстранување.

(3) Во случај кога констатираните неправилности и недостатоци можат да предизвикаат штетни последици по интересите на граѓаните или работењето на органот што го врши надзорот, органот за тоа веднаш ја известува Владата, а по потреба и други органи и предлага мерки за нивно отстранување.

(4) Кога неправилностите и недостатоците од ставот (3) на овој член се констатирани при вршењето на надзор кај вршители на регулирани енергетски дејност, а не се отстранети во рокот определен со известувањето од ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика започнува постапка за суспендирање, односно одземање на лиценцата.

Член 208

(1) При вршењето на надзорот од членот 206 став (3) од овој закон, Министерството:

1) ја следи законитоста на работата на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на нивната надлежност во согласност со закон;

2) оценува дали органите на единицата на локалната самоуправа обезбедуваат работите од нивна надлежност да се извршуваат во согласност со постапките утврдени со овој закон;

3) им укажува на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа за пречекорување на нивната надлежност утврдена со закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на ваквата состојба;

4) укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите од јавен интерес од локално значење;

5) дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од овој закон, на нивно барање;

6) го следи навременото донесување на актите утврдени со овој закон од страна на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа;

7) поднесува иницијативи и предлози до советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, доколку констатира неспроведување на законот како резултат на судир на надлежности меѓу органите на општината;

8) ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавање на управните работи за права, обврски и интереси на физичките и правните лица донесени врз основа на овој и друг закон и презема мерки за кои е овластен со закон и

9) навремено ги известува органите на единицата на локалната самоуправа за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

(2) За преземените мерки и активности од ставот (1) на овој член, министерството го информира советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

(3) Ако и покрај укажувањата и преземените мерки и активности советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа не го обезбедат извршувањето на работите од ставот (1) на овој член, по сила на закон им се ограничува или одзема вршењето на соодветната надлежност.

(4) Одземените надлежности на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа ги презема и ги врши министерството во име и за сметка на единицата на локалната самоуправа, но не повеќе од една година од денот на нивното преземање.

Член 209

(1) Инспекциски надзор врз спроведувањето на овој закон вршат Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот пазарен инспекторат.

(2) Инспекцискиот надзор опфаќа надзор над спроведувањето на одредбите од овој и друг закон, прописи, правила, стандарди, технички спецификации и норми за квалитет што се однесуваат на вршење на енергетските дејности од страна на вршителите на енергетските дејности, корисниците на енергетските системи и потрошувачите.

(3) Во вршењето на инспекцискиот надзор инспекциските органи од ставот (1) на овој член можат да овластат стручни лица од други тела и установи, односно други правни лица да вршат одделни работи во врска со инспекцискиот надзор, ако за нивното извршување е потребна посебна стручност или опрема.

(4) Органите на државната управа кои во рамките на своите надлежности вршат инспекциски надзор над работењето на вршителите на енергетските дејности за кои е потребна лиценца, на барање од Регулаторната комисија за енергетика се должни веднаш да и ги достават сите информации кои се од

значење за издавање или одземање на лиценца, вклучувајќи и информации за тековното работење на носителот на лиценца.

Член 210

Министерот може да нареди да се врши заеднички инспекциски надзор од страна на инспекциските органи од членот 209 став (1) од овој закон, во случај ако е тоа неопходно заради:

1) отстранување на непосредна опасност по животот или здравјето на луѓето или имотот од поголема вредност;

2) преземање на итни мерки кои не трпат одлагање;

3) сложеноста на надзорот или значењето за отстранување на недостатоците;

4) контрола на објекти од посебно значење за енергетиката;

5) разгледување на наводи во иницијатива или претставка, а тоа е во надлежност на двата инспекциски органи или

6) поефикасно вршење на надзорот.

Член 211

Вршителите на енергетските дејности, корисниците на енергетските системи и потрошувачите се должни да постапат по барањето, односно наредбата од инспекциските органи од членот 209 од овој закон, а особено:

1) да овозможат непречено вршење на инспекцискиот надзор;

2) да стават на увид исправи и податоци кои се потребни за вршење на надзорот;

3) да овозможат во определен рок пристап до просториите, производите, документите или кое било друго средство кое е предмет на инспекцискиот надзор;

4) по писмено барање на инспекцискиот орган да го прекинат работењето за време на инспекцискиот надзор, доколку тоа е потребно за вршење на надзорот и утврдување на фактичката состојба и

5) по писмено барање на инспекцискиот орган, во рок определен со барањето, на инспекторот да му достават или подготват точни и целосни податоци, извештаи, материјали или други документи кои се неопходни за извршување на инспекцискиот надзор.

Член 212

(1) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспектор од Државниот инспекторат за техничка инспекција утврди дека не се применуваат или несоодветно се применуваат одредбите од овој и друг закон, други прописи, правила, стандарди, технички спецификации и норми за квалитет ќе донесе решение со кое:

1) ќе нареди да се отстранат утврдените недостатоци кои влијаат врз функционирањето на постројките и уредите и ќе определи рок во кој треба да се отстранат;

2) ќе ја забрани употребата на објектот, постројката, уредот или инсталацијата ако лицето не ги отстрани утврдените неисправности и неправилности во определениот рок и

3) ќе ја забрани употребата, односно градбата и изведувањето на објектот, постројката, уредот или инсталацијата сè додека утврдените неисправности и неправилности не се отстранат.

(2) За донесеното решение од ставот (1) на овој член кое се однесува на носител на лиценца за вршење на енергетска дејност инспекторот е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика и да побара суспендирање или одземање на лиценцата за вршење на енергетската дејност.

Член 213

(1) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор државниот пазарен инспектор утврди дека:

1) не се применуваат или несоодветно се применуваат правилата со кои се уредува снабдувањето на потрошувачите со енергија, ќе донесе решение со кое ќе определи рок за отстранување на недостатокот и ќе определи инспекциска мерка или

2) учесниците на пазарот на течните горива не се придржуваат кон обврските утврдени со уредбата за квалитетот на течните горива, ќе донесе решение со кое ќе нареди да се повлечат од промет течните горива чијшто квалитет не одговара на пропишаниот и ќе определи инспекциска мерка.

(2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор државниот пазарен инспектор утврди дека е сторена неправилност од ставот (1) точка 2) на овој член, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена.

(3) Ако државниот пазарен инспектор при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(4) Ако државниот пазарен инспектор при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред комисија за одлучување по прекршок утврдена со закон.

(5) Државниот пазарен инспекторат изготвува квартални извештаи за извршените инспекциски надзори што се објавуваат на веб страницата на Министерството.

XIV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 214

(1) Поведување на прекршочна постапка за прекршоци утврдени во овој закон можат да побараат органите кои со овој закон се задолжени да вршат надзор.

(2) За прекршоците од членовите 218, 219, 220, 221, 222, 223, 224, 225, 226, 227, 229, 230 и 232 од овој закон надлежните органи од ставот (1) на овој член, поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

(3) На постапките од ставот (1) на овој член се применуваат соодветно одредбите од Законот за прекршоците.

Член 215

(1) Министерството ја води прекршочната постапка и изрекува прекршочни санкции за прекршоците од членовите 217, 228 и 231 од овој закон.

(2) За водење на прекршочната постапка и изрекување на прекршочна санкција за прекршоците, министерот со решение формира комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија), составена од три члена од редот на лицата вработени во министерството и тоа:

1) еден член дипломиран правник, со положен правосуден испит и со пет години работно искуство во својата област, којшто е претседател на Прекршочната комисија;

2) еден член со висока стручна подготовка од областа на техничките науки со пет години работно искуство во својата област и

3) еден член со висока стручна подготовка од областа на економските науки со пет години работно искуство во својата област.

(3) Прекршочната комисија се избира за период од три години со право на повторен избор на членовите.

(4) Министерот на предлог на претседателот на Прекршочната комисија може да донесе решение за разрешување на член на Прекршочната комисија во следниве случаи:

1) со истекот на времето за кое е именуван за член;

2) по негово барање;

3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон;

4) ако му се утврди трајна неспособност за учество во работата на Прекршочната комисија;

5) ако со правосилна судска одлука се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка;

6) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија и

7) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

(5) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа кој го одобрува министерот.

(6) Прекршочната комисија работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(7) Членовите на Прекршочната комисија одлучуваат самостојно и независно врз основа на закон и според своето стручно знаење и сопствено убедување.

(8) Против решенијата на Прекршочната комисија може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Прекршочната комисија до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

(9) Министерот го пропишува начинот на кој Прекршочната комисија ќе води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки, како и начинот на пристап до информациите кои се содржани во евиденцијата.

Член 216

(1) Кога надлежниот инспектор ќе утврди дека е сторен прекршок, ќе состави записник во кој ќе ги забележи битните елементи на дејствието, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место.

(2) Пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците утврдени во овој закон, надлежниот инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.

(3) Надлежниот инспектор на сторителот на прекршокот му издава прекршочен платен налог.

(4) Прекршочниот платен налог му се издава во висина од 30% од глобата која ќе му се одмери на правното лице, односно на трговецот поединец.

(5) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата, во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(6) Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (5) на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(7) Примањето на платниот налог од сторителот на прекршокот од ставот (4) на овој член и изјавата од ставот (5) на овој член се забележува во записникот.

(8) Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од ставот (5) на овој член, надлежниот инспектор поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд согласно со членот 214 став (2) од овој закон, односно до Прекршочната комисија согласно со членот 215 став (2) од овој закон.

(9) Надлежниот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на поведените постапки.

(10) Во евиденцијата од ставот (9) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(11) Личните податоци од ставот (10) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

Член 217

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото:

1) кое не доставува податоци за изработка и следење на енергетскиот биланс и податоци неопходни за изработка на стратегиите, програмите и извештаите за реализација на програмите, чиешто донесување е предвидено со овој закон (член 13 став (5));

2) оператор на систем за пренос, односно на систем за дистрибуција на соодветен вид на енергија, кое не доставило план за постапување во кризни состојби за одобрување до министерството (член 14 став (2)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото.

Член 218

(1) Глоба во износ до 2% од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година ќе му се изрече за прекршок на друштвото:

- вршител на енергетска дејност од членот 24 став (2) ако не го објави актот во „Службен весник на Република Македонија“,
- вршител на енергетска дејност ако не достави до Регулаторната комисија за енергетика годишен извештај од членот 28 став (6).

(2) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на друштвото кое:

1) не ги применува мерките наложени со одлуката донесена од Регулаторната комисија за енергетика (член 26 став (1));

2) не се придржува кон цените и тарифите утврдени во одлуките што ги донесува Регулаторната комисија за енергетика (член 29 став (4));

3) започне со вршење на енергетска дејност без да му биде издадена лиценца за вршење на дејноста (член 38 став (1)).

(3) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на друштвото:

1) кое врши една или повеќе регулирани енергетски дејности, а не води одвоена сметководствена евиденција за секоја регулирана дејност одделно (член 5);

2) кое не доставува до Регулаторната комисија за енергетика информации и податоци потребни за следењето на функционирањето на пазарите на енергија во Република Македонија, (член 25 став (5));

3) вршител на енергетска дејност, ако во определен рок не и ги достави на Регулаторната комисија за енергетика потребните документи, податоци и информации (член 31 став (1));

4) носител на лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност ако без претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика привремено прекинал со вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата (член 48 став (1)).

(4) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (2) и (3) на овој член и на одговорното лице во друштвото.

(5) Покрај глобата од ставот (4) на овој член, на одговорното лице во друштвото може да му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до шест месеци.

Прекршочни одредби за производител на електрична енергија

Член 219

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво производител на електрична енергија, кое:

1) не доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на електродистрибутивниот систем (член 70 став (2) точка 4);

2) не доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за купување и продажба на електрична енергија, расположливоста на производниот капацитет и/или системските услуги (член 70 став (2) точка 5);

3) не обезбеди во секое време да има оперативни резерви од примарно гориво кои се најмалку еднакви на петнаесетдневните потреби за работа со максимален капацитет (член 70 став (7)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото.

Прекршочни одредби за операторот на електропреносниот систем

Член 220

(1) Глоба во износ до 2% од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година ќе му се изрече за прекршок на операторот на електропреносниот систем, ако:

1) не донесе програма за усогласеност (член 73 став (1));

2) не именува службеник за усогласеност (член 74 став (2));

3) не достави барање за сертификација до Регулаторната комисија за енергетика (член 75 став (3));

4) не ја извести Регулаторната комисија за енергетика за настанато или планирано настанување на промена во сопственичката структура на операторот или друга промена којашто може да влијае врз исполнувањето на обврските заради кои треба да се спроведе повторна сертификација (член 77 став (1));

5) не ги приклучи на електропреносната мрежа производителите, потрошувачите и операторите на електродистрибутивните системи (член 78 став (2) точка 6);

6) не им ги обезбеди сите информации потребни за пристап и не им обезбеди пристап на сите корисници на електропреносниот систем (член 78 став (2) точка 7);

7) не ги обезбеди прекуграничните протоци на електрична енергија преку електропреносната мрежа на Република Македонија (член 78 став (2) точка 10) и

8) не ги користи приходите од доделување на интерконективни водови во согласност со членот 86 ставови (8) и (9).

(2) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на електропреносниот систем, ако:

1) не склучи оперативни договори со операторите на соседните електропреносни системи со кои е поврзан (член 78 став (2) точка 2);

2) не го организира и управува пазарот на балансна енергија (член 78 став (2) точка 3);

3) не води регистар на даватели на услуги за балансирање и регистар на балансно одговорни страни и балансни групи (член 78 став (2) точка 4);

4) не ги приклучи производителите, потрошувачите и операторот на електродистрибутивниот систем на електропреносната мрежа (член 78 став (2) точка 6);

5) не обезбеди дневно диспечирање и управување во реално време со протоците на електрична енергија (член 78 став (2) точка 14);

6) не обезбеди инсталирање и одржување на мерните уреди и не ја мери електричната енергија на сите мерни места во точките на прием и испорака на електропреносниот систем (член 78 став (2) точка 18);

7) не набавува системски услуги за балансирање на електропреносниот систем, согласно со правилата за балансирање на електроенергетскиот систем (член 78 став (2) точка 20);

8) не обезбеди балансирање на електроенергетскиот систем и порамнување на отстапувањата и услугите за балансирање (член 78 став (2) точка 26);

9) не ги донесе и објави на својата веб страница мрежните правила за пренос на електрична енергија, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 84 став (1));

10) не ги донесе и објави на својата веб страница правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 85 став (1));

11) не ја извести Регулаторна комисија за енергетика за остварување на дополнителни приходи (член 87).

(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на електропреносниот систем, ако:

1) не ги објави на својата веб страница тарифите за пренос на електрична енергија, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 78 став (2) точка 8);

2) не изработи и објави на својата веб страница годишен план за одржување на интерконективните и внатрешните далекуводи на електропреносната мрежа (член 78 став (2) точка 11);

3) не изработи и објави на својата веб страна годишен план за одржување на внатрешните далекуводи на електропреносната мрежа, претходно одобрен од Регулаторна комисија за енергетика (член 78 став (2) точка 12);

4) не објавува податоци и навремено не обезбеди информации од операторите на соседните електропреносни системи за расположливите преносни капацитети на интерконективните водови (член 78 став (2) точка 17) и

5) не подготви и објави на својата веб страна план за развој на електропреносниот систем, претходно одобрен од Регулаторната комисија за енергетика (член 83 став (1)).

(4) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на електропреносниот систем, ако:

1) не изработи и не спроведува конечен дневен распоред (член 78 став (2) точка 13);

2) не им обезбеди пристап на корисниците на електропреносниот систем до мерните уреди што се во негова сопственост (член 78 став (2) точка 19);

3) не изготви правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем и не ги достави до Регулаторната комисија за енергетика за одобрување (член 78 став (2) точка 22);

4) не обезбеди доверливост на деловните податоци на корисниците на електропреносниот систем (член 78 став (2) точка 28);

5) не води диспечерска книга, записи за доверливоста на електропреносниот систем, податоци од системот за надзор и управување и мерни податоци (член 78 став (3));

6) не ја објави на својата веб страница проценатa на расположливиот годишен, месечен и дневен преносен капацитет (член 82 став (3)).

(5) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за операторот на електропреносниот систем ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (2), (3) и (4) на овој член и на одговорното лице во операторот.

Прекршочни одредби за операторот на пазар на електрична енергија и операторот на организираниот пазар на електрична енергија

Член 221

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на пазар на електрична енергија, ако:

1) не изврши пресметка на дебалансите на балансно одговорните страни (член 88 став (2) точка 2);

2) не води регистар на учесниците на пазарот (член 88 став (2) точка 7);

3) не достави до операторот на електропреносниот систем навремено информации за регистрираните учесници на пазарот на електрична енергија (член 88 став (2) точка 9);

4) не склучи договори за откуп и продажба и не ја преземе балансна одговорност за произведената електрична енергија од повластените производители коишто користат повластена тарифа (член 88 став (2) точка 11);

5) тргува со електрична енергија, спротивно на членот 88 став (3).

(2) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на организираниот пазар на електрична енергија, ако:

1) не обезбеди еднаков третман на сите учесници на пазарот (член 90 став (2) точка 2));

2) ги користи надоместоците за учество на организираниот пазар за финансирање на активностите на друг организиран пазар (член 90 став (2) точка 3))

3) не донесе и објави на својата веб страница правила за работа на организираниот пазар на електрична енергија претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 90 став (2) точка 4)) и

4) не донесе одлука за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија и не ја објави одлуката на својата веб страница (член 90 став (2) точка 5)).

(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на пазар на електрична енергија, ако:

1) не ги достави до операторот на електропреносниот систем сите информации потребни за изработка на конечните дневни распореди за купување и продажба на електрична енергија (член 88 став (2) точка 3);

2) не изработи дневен пазарен план (член 88 став (2) точка 6));

3) не ги обезбедува потребните услуги за снабдувачот со електрична енергија во краен случај (член 88 став (2) точка 10).

(4) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на пазар на електрична енергија, ако:

1) не води евиденција за сите договори склучени со учесниците на пазарот на електрична енергија за учество на пазарот (член 88 став (2) точка 4);

2) не води евиденција на сите договори за формирање на балансни групи склучени помеѓу учесниците на пазарот на електрична енергија и операторот на пазарот на електрична енергија (член 88 став (2) точка 5);

3) не објавува информации кои се неопходни за непречено организирање и управување на пазарот на електрична енергија (член 88 став (2) точка 8);

4) не обезбеди доверливост на деловните податоци кои учесниците на пазарот на електрична енергија се должни да му ги достават (член 88 став (8)).

(5) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за друштвото ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член и на одговорното лице во друштвото.

Прекршочни одредби за операторот на електродистрибутивниот систем

Член 222

(1) Глоба во износ до 2% од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година ќе му се изрече за прекршок на оператор на електродистрибутивен систем, ако:

1) не ги приклучи производителите и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува, како и не овозможи пристап на трета страна за користење на дистрибутивниот систем (член 93 став (3) точка 3);

2) на корисниците на електродистрибутивниот систем навремено не им ги обезбеди информациите потребни за пристап до електродистрибутивниот систем со кој управува (член 93 став (3) точка 4);

3) не им овозможи на снабдувачите електронски пристап до листата на потрошувачи која не ги вклучува домаќинствата, со назначување на категоријата на приклучок како и нивната потрошувачка за последните 12 месеци (член 93 став (3) точка 5);

4) за секоја промена на категоријата на приклучок за поединечен потрошувач наведен во листата од членот 93 став (3) точка 5) од овој закон, претходно не побара одобрение од Регулаторната комисија за енергетика и не ја ажурира листата со наведување на причината за промена на категоријата на приклучок (член 93 став (6));

5) ги користи предностите на својата вертикална интеграција за да ја наруши конкуренцијата (член 97 став (5) точка 3);

6) не назначи службеник за усогласеност и не ја достави програма за усогласеност на одобрување до Регулаторна комисија за енергетика (член 97 став (6)).

(2) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на операторот на електродистрибутивниот систем, ако:

1) не го усогласи работењето на електродистрибутивниот систем со операторот на електропреносниот систем (член 93 став (3) точка 9);

2) не набави системски услуги и електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа (член 93 став (3) точка 10);

3) не ја мери електричната енергија што се презема од производителите и од електропреносниот систем и енергијата испорачана до потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем со кој управува, како и не доставува податоци од мерењата (член 93 став (3) точка 11);

4) не изработи и не достави правила за набавка на електрична енергија на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика (член 93 став (8));

5) не изработи и не достави планови за инвестирање во електродистрибутивниот систем за секој регулиран период до Регулаторна комисија за енергетика (член 94 став (4));

6) не изработи и објави на својата веб страница мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 96 став (1));

7) не ја извести Регулаторна комисија за енергетика за остварување на дополнителни приходи (член 99 став (1)).

(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на електродистрибутивниот систем ако не подготви и објави на својата веб страница план за развој на електродистрибутивниот систем, претходно одобрен од Регулаторната комисија за енергетика (член 94 став (2)).

(4) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на електродистрибутивниот систем, ако:

1) не објави на својата веб страница листа на надоместоци за секоја категорија на потрошувачи, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 93 став (3) точка 6));

2) не го објави на својата веб страница планот за одржување на мрежата, претходно одобрен од Регулаторната комисија за енергетика (член 93 став (3) точка 8));

3) не овозможи пристап на корисниците до мерните уреди што се во сопственост на операторот на електродистрибутивниот систем или на вертикално интегрираното друштво (член 93 став (3) точка 12));

4) не води диспечерска книга, записи за доверливоста на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци (член 93 став (3) точка 13));

5) не обезбеди доверливост на деловните податоци на корисниците на електродистрибутивниот систем (член 93 став (3) точка 14)).

(5) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за операторот на електродистрибутивниот систем ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (2), (3) и (4) на овој член и на одговорното лице во операторот.

Прекршочни одредби за снабдувач и трговец со електрична енергија

Член 223

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на снабдувачот на електрична енергија ако:

1) не ги исполни своите обврски кон потрошувачите, во однос на сигурноста и обемот на снабдувањето (член 100 став (5) точка 1);

2) не доставува до операторот на електропреносниот систем податоци за трансакциите и плановите за потрошувачка на електрична енергија за своите потрошувачи (член 100 став (5) точка 10);

3) не воспостави постапки за ефикасно решавање на приговорите на своите потрошувачи во рок од 60 дена, вклучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства кога е тоа оправдано (член 100 став (5) точка 8).

(2) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на снабдувачот на електрична енергија, ако:

1) не обезбеди за своите потрошувачи услуга со квалитет утврден во правилата за снабдување со електрична енергија (член 100 став (5) точка 2));

2) не преземе соодветни мерки за еднаков третман на сите потрошувачи кои живеат во оддалечени места (член 100 став (5) точка 3));

3) не ги објави на својата веб страница општите услови на своите договори за снабдување со електрична енергија за малите потрошувачи и домаќинствата (член 100 став (5) точка 4));

4) не овозможи потрошувачите да добиваат редовни и точни известувања за реалната потрошувачка и трошоците за електрична енергија (член 100 став (5) точка 5));

5) ги објавува општите статистички податоци поврзани со неговите потрошувачи, без да обезбеди заштита на доверливоста (член 100 став (5) точка 11)) и

6) не овозможи увид на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренција и Секретаријатот на Енергетската заедница во податоците согласно со членот 103 став (1).

(3) Глоба во износ до 2% од вкупните приходи на правно лице во претходната финансиска година ќе му се изрече за прекршок на назначен универзален снабдувач на електрична енергија ако не ја исполнува обврската за универзална услуга во согласност со членот 7 од овој закон.

(4) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на универзалниот снабдувач на електрична енергија, ако:

1) не обезбеди снабдување и заштита на потрошувачите во оддалечените подрачја (член 101 став (1) точка 1));

2) не обезбеди заштита на ранливите потрошувачи (член 101 став (1) точка 2);

3) не ги применува цените за електрична енергија за снабдување на домаќинствата и малите потрошувачи (член 101 став (1) точка 3) и

4) не обезбеди снабдување со електрична енергија на домаќинство или мал потрошувач на кој му престанал договорот за снабдување (член 102 став (2)).

(5) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на универзалниот снабдувач на електрична енергија, ако:

1) не ги информира потрошувачите за нивните права и условите под кои можат да бидат снабдувани од универзален снабдувач (член 101 став (1) точка 4);

2) не ги извести потрошувачите за условите за снабдување и цената на електричната енергија, како и не ги информира за правото на промена на снабдувачот (член 101 став (1) точка 5);

3) не ги објави на својата веб страница цените за снабдување со електрична енергија (член 101 став (1) точка 7) и

4) не овозможи увид на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренција и Секретаријатот на Енергетската заедница во податоците согласно со членот 103 став (2).

(6) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на снабдувачот со електрична енергија во краен случај, ако не ги снабдува потрошувачите кои останале без снабдувач со електрична енергија во случаите наведени во членот 102 став (1).

(7) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на снабдувачот со електрична енергија во краен случај, ако:

1) не овозможи увид на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренција и Секретаријатот на Енергетска заедница во податоците согласно со членот 103 став (4);

2) не објавува на својата веб страница најмалку еднаш годишно информации во согласност со членот 103 став (5).

(8) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец со електрична енергија, ако:

1) не му ги достави на операторот на електропреносниот систем, информациите за количините на електрична енергија и соодветните временски распореди од сите договори за купопродажба на електрична енергија, како и од договорите за прекугранични трансакции преку електропреносната мрежа (член 105 став (2));

2) не обезбеди доверливост на податоците и количините на испорачана електрична енергија до потрошувачите (член 105 став (4)).

(9) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец со електрична енергија, ако не овозможи увид во податоците на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренција и Секретаријатот на Енергетската заедница (член 103 став (1)).

(10) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (1), (2), (4), (5), (6), (7), (8) и (9) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(11) Покрај глобата од ставот (6) на овој член на трговецот со електрична енергија може да му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење дејност во траење до шест месеци.

(12) Покрај глобата од ставот (6) на овој член на одговорното лице во трговецот со електрична енергија може да му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до шест месеци.

Прекршочни одредби за операторот на системот за пренос на природен гас

Член 224

(1) Глоба во износ до 2% од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година ќе му се изрече за прекршок на операторот на системот за пренос на природен гас, ако:

1) не донесе програма за усогласеност (член 111);

2) не именува службеник за усогласеност (член 112 став (2));

3) не достави барање за сертификација до Регулаторна комисија за енергетика (член 113 став (3) точка 1);

4) не ја извести Регулаторната комисија за енергетика за сите планирани активности за кои би требало да се спроведе повторна сертификација (член 113 став (3) точка 2);

5) не ги обезбеди сите информации потребни за пристап и користење на системот за пренос на природен гас и не обезбеди пристап на корисниците на системот за пренос на природен гас (член 116 став (2) точка 4);

6) не ги обезбеди прекугранични текови на природен гас преку својата мрежа за пренос во рамките на расположливиот преносен капацитет (член 116 став (2) точка 8).

(2) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на системот за пренос на природен гас, ако:

1) не ги одобри барањата на корисниците за приклучување на преносниот систем согласно со мрежните правила за пренос на природен гас кои се економски оправдани (член 116 став (2) точка 5);

2) не обезбеди дневно диспечирање и управување во реално време со протокот на природен гас преку системот за пресно на природен гас врз основа на конечниот дневен распоред (член 116 став (2) точка 11);

3) не обезбеди инсталирање и одржување на мерни уреди и не го мери протокот на природен гас на сите мерни места во точките за прием и испорака во системот за пренос (член 116 став (2) точка 14);

4) не набави системски услуги за балансирање на системот за пренос на природниот гас, согласно со правилата за балансирање на системот за природен гас (член 116 став (2) точка 16);

5) не воспостави и не води регистар на даватели на услуги за балансирање и регистар на балансно одговорни страни и балансни групи (член 116 став (2) точка 11).

6) не обезбеди балансирање на системот за пренос на природен гас и порамнување на отстапувањата и услугите за балансирање (член 116 став (2) точка 21);

7) не ги донесе и објави на својата веб страница мрежните правила за пренос на природен гас, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 123 став (1));

8) не ги донесе и објави на својата веб страница правилата за доделување на преносни капацитети за природен гас, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 124 став (1)).

(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на системот за пренос на природен гас, ако:

1) не ги објави на својата веб страница тарифите за пренос, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 116 став (2) точка 17);

2) не изработи и објави на својата веб страница годишен план за одржување на преносниот систем, претходно одобрен од Регулаторната комисија за енергетика (член 116 став (2) точка 9);

3) не објавува податоци и навремено не обезбеди информации за другите оператори на системи за пренос на природен гас во однос на расположливите преносни капацитети (член 116 став (2) точка 13)

4) не изработи и објави на својата веб страница план за развој на системот за пренос на природен гас, претходно одобрен од Регулаторната комисија за енергетика (член 117 став (1)).

(4) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на системот за пренос на природен гас, ако:

1) не изработи конечен дневен распоред за пренос и оптоварување на системот за пренос на природен гас (член 116 став (2) точка 10);

2) не им обезбеди пристап на корисниците на системот за пренос на природен гас до мерните уреди што се во негова сопственост (член 116 став (2) точка 15);

3) не изготви правила за набавка на природен гас за покривање на загубите во системот за пренос на природен гас и не ги достави до Регулаторната комисија за енергетика за одобрување (член 116 став (2) точка 18);

4) не обезбедува доверливост на деловните податоци на корисниците на услугите на системот (член 116 став (2) точка 23);

5) навремено не обезбеди информации на операторите на преносните и дистрибутивните системи на природен гас со кои е поврзан (член 116 став (2) точка 25);

6) не води диспечерска книга, записи за доверливоста на преносниот систем, податоци од системот за надзор и управување и мерни податоци (член 116 став (4));

7) не ја ажурира својата веб страница и не објавува информации согласно со членот 125 став (1).

(5) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за операторот на системот за пренос на природен гас ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (2), (3) и (4) на овој член и на одговорното лице во операторот.

Прекршочни одредби за операторот на пазар на природен гас

Член 225

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на пазар на природен гас, ако:

1) не изврши пресметка на дебалансите на балансно одговорните страни (член 126 став (2) точка 4);

2) не врши финансиско порамнување и контрола врз финансиското покривање на признаените дебаланси (член 126 став (2) точка 5);

3) не воспостави и не води регистар на учесниците на пазарот на природен гас (член 126 став (2) точка 10).

(2) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на пазар на природен гас, ако:

1) навремено не ги достави до операторот на системот за пренос на природен гас сите информации потребни за изработка на конечните дневни распореди (член 126 став (2) точка 6);

2) не изработи дневен пазарен план (член 126 став (2) точка 9);

3) не ги обезбеди потребните услуги за снабдувачот со природен гас во краен случај (член 126 став (2) точка 12).

(3) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на пазар на електрична енергија, ако:

1) не води евиденција на сите договори склучени со учесниците на пазарот на природен гас (член 126 став (2) точка 7);

2) не води евиденција на сите договори за формирање на балансни групи склучени помеѓу учесниците на пазарот на природен гас и операторот на пазар на природен гас (член 126 став (2) точка 8);

3) не објавува информации кои се неопходни за непречено организирање и управување на пазарот на природен гас (член 126 став (2) точка 11).

(4) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за операторот на пазар на природен гас ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и на одговорното лице во операторот.

Прекршочни одредби за операторот на системот за дистрибуција на природен гас

Член 226

(1) Глоба во износ до 2% од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година ќе му се изрече за прекршок на оператор на системот за дистрибуција на природен гас, ако:

1) не ги приклучи потрошувачите на дистрибутивната мрежа и не овозможи пристап на трета страна за користење на системот за дистрибуција (член 129 став (2) точка 3);

2) навремено не обезбеди информации до другите оператори на системи за дистрибуција, како и операторот на системот за пренос на природен гас (член 129 став (2) точка 4);

3) на корисниците на системот за дистрибуција на природен гас навремено не им ги обезбеди информациите кои се потребни за ефикасен пристап до системот (член 129 став (2) точка 5);

4) не им овозможи на снабдувачите електронски пристап до листата на потрошувачи која не ги вклучува домаќинствата, како и нивната потрошувачка за последните 12 месеци (член 129 став (2) точка 6);

5) не назначи службеник за усогласеност и не донесе програма за усогласеност, претходно одобрена од Регулаторна комисија за енергетика (член 133 став (6)).

(2) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на системот за дистрибуција на природен гас, ако:

1) не набави системски услуги и природен гас за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа по пазарни услови (член 129 став (2) точка 11);

2) не ги мери количините на природен гас преземени од системот за пренос, а кои се испорачуваат до потрошувачите (член 129 став (2) точка 12);

3) не изработи и не достави план за инвестирање во системот за дистрибуција на природен гас за секој регулиран период на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика (член 130 став (4));

4) не ги донесе и објави на својата веб страна мрежните правила за дистрибуција за природен гас, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 132 став (1)).

(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на системот за дистрибуција на природен гас, ако не изготви и објави на својата веб страница план за развој на системот за дистрибуција на природен гас, претходно одобрен од Регулаторната комисија за енергетика (член 130 став (2));

(4) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на системот за дистрибуција на природен гас, ако:

1) не објави на својата веб страница листа со надоместоци за секоја категорија на потрошувачи, претходно одобрена од Регулаторна комисија за енергетика (член 129 став (2) точка 7);

2) не подготви и објави на својата веб страница план за одржување на дистрибутивната мрежа, претходно одобрен од Регулаторната комисија за енергетика (член 129 став (2) точка 10).

3) не им овозможи пристап на корисниците до мерните уреди (член 129 став (2) точка 13);

4) не води диспечерска книга и записи за доверливоста на системите за комуникација, податоците од системот за надзор и управување, мерните податоци и истите не ги чува во период од најмалку десет години (член 129 став (2) точка 14);

5) не обезбеди доверливост на деловните податоци на корисниците на системот за дистрибуција и не спречи дискриминаторен начин на откривање на информациите за своите активности (член 129 став (2) точка 15);

6) ги злоупотреби доверливите податоци од трета страна во однос на обезбедување на пристап до системот на дистрибуција на природен гас (член 129 став (2) точка 16).

(5) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за операторот на системот за дистрибуција на природен гас ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (2), (3) и (4) на овој член и на одговорното лице во операторот.

Прекршочни одредби за снабдувач и трговец со природен гас

Член 227

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на снабдувачот на природен гас, ако:

1) не ги исполни своите обврски кон потрошувачите во однос на сигурноста и обемот на снабдувањето (член 136 став (4) точка 1);

2) не доставува до операторот на системот за пренос на природен гас податоци за трансакциите и плановите за потрошувачка на природен гас за своите потрошувачи, неопходни за пресметка на дебалансите (член 136 став (4) точка 4) и

3) не воспостави постапки за ефикасно решавање на приговори на своите потрошувачи во рок од 60 дена вклучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства (член 136 став (4) точка 9).

(2) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на снабдувачот на природен гас, ако:

1) не им фактурира на своите потрошувачи за испорачаниот природен гас (член 136 став (3));

2) не обезбеди недискриминаторен третман на сите потрошувачи (член 136 став (4) точка 3);

3) не овозможи потрошувачите да добиваат редовни и точни известувања за реалната потрошувачка и трошоците за природен гас (член 136 став (4) точка 5));

4) не ги објави на својата веб страница условите од договорите за снабдување со природен гас за секоја категорија потрошувачи (член 136 став (4) точка 10);

5) ги објави општите статистички податоци поврзани со неговите потрошувачи, без да обезбеди заштита на доверливоста (член 136 став (4) точка 11);

6) не овозможи увид во податоци на Регулаторната комисија за енергетика, Комисија за заштита на конкуренцијата и на Секретаријатот на Енергетската заедница (член 136 став (5));

7) не ги исполни обврските од членот 140.

(3) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на снабдувачот со природен гас со обврска за јавна услуга, ако:

1) не ги применува цените на природен гас формирани во согласност со тарифниот систем (член 137 став (1) точка 2));

2) не ги снабдува со природен гас, како јавна услуга, домаќинствата и малите потрошувачи на природен гас во рамки на територијата за која има лиценца да обезбеди јавна услуга снабдување со природен гас (член 137 став (1) точка 4).

(4) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на снабдувачот со природен гас со обврска за јавна услуга, ако:

1) не ги информира потрошувачите за нивните права и условите за испорака на природен гас во рамки на јавната услуга (член 137 став (1) точка 1);

2) не ги извести потрошувачите за условите за снабдување и цената на природниот гас, како и да ги информира дека имаат право да изберат друг снабдувач на природен гас (член 137 став (1) точка 3);

3) не ги објави цените за снабдување во рамки на јавната услуга за снабдување со природен гас, на својата веб страница (член 137 став (1) точка 6) и

4) не овозможи увид во податоци на Регулаторната комисија за енергетика, Комисија за заштита на конкуренцијата и на Секретаријатот на Енергетската заедница согласно со членот 136 став (5) во врска со членот 137 став (8).

(5) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на снабдувачот со природен гас во краен случај, ако не ги снабдува потрошувачите кои останале без снабдувач со природен гас во случаите наведени во членот 138 став (1).

(6) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на снабдувачот со природен гас во краен случај, ако не овозможи увид во податоци на Регулаторната комисија за енергетика, Комисија за заштита на конкуренцијата и на Секретаријатот на Енергетската заедница согласно со членот 136 став (5) во врска со членот 138 став (12).

(7) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец со природен гас, ако:

1) не им ги достави на операторот на системот за пренос на природен гас и на операторот на пазарот на природен гас информациите за количините на природен гас и соодветниот временски распоред поврзан од сите договори за купопродажба на природен гас, како и договорите кои се однесуваат на прекугранични трансакции преку преносниот систем (член 141 став (2));

2) навремено не ги достави до Регулаторната комисија за енергетика, информации и извештаи за трансакциите со природен гас и деловните активности во Република Македонија (член 141 став (4) точка 2);

3) не обезбеди доверливост на податоците и количините на природен гас испорачан на потрошувачите (член 141 став (4) точка 4);

(8) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец со природен гас, ако не овозможи увид во податоците на Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за заштита на конкуренција и Секретаријатот на Енергетската заедница (член 141 став (5)).

(9) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(10) Покрај глобата од ставот (6) на овој член, на трговецот со природен гас може да му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење дејност во траење до шест месеци.

(11) Покрај глобата од ставот (6) на овој член, на одговорното лице во трговецот со природен гас може да му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до шест месеци.

Прекршочни одредби за пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт

Член 228

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лицето кое врши дејност:

1) преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати, производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива, транспорт на сурова нафта преку нафтовод, транспорт на нафтени деривати преку продуктовод, трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, доколку објектите, уредите и постројките за вршење на енергетските дејности не ги користат и одржуваат во согласност со техничките прописи и стандарди и другите прописи за сигурно и безбедно работење и заштита на животната средина (член 143 став (1));

2) транспорт на сурова нафта преку нафтовод, ако не донесе и објави на својата веб страница правила за работа на нафтоводот, претходно одобрени од Министерството (член 144 став (1));

3) транспорт на нафтени деривати преку продуктовод, ако не донесе и објави на својата веб страница правила за работа на продуктоводот претходно одобрени од Министерството (член 145 став (1)) и

4) на пазарот на течните горива, а не се придржува кон обврските утврдени со уредбата за квалитетот на течните горива (член 150 став (2)).

(2) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лицето кое врши дејност:

1) трговија на големо со нафтени деривати и горива за транспорт, ако нема во секое време оперативни резерви од нафтени деривати и горива за транспорт (член 146 став (3));

2) трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт спротивно од членот 147;

3) трговија на големо со горива, без да користи објекти за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива, или горива за транспорт кои ги исполнуваат условите пропишани во членот 148;

4) производство, трговија на големо и трговија на мало на нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт како и на потрошувачите кои набавуваат нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт од странство ако немаат изјава за сообразност од акредитирани правни лица (член 150 став (3)).

(3) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за лицето ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (1) и (2) од овој член и на одговорното лице во лицето.

(4) Покрај глобата од ставот (1) на овој член, на лицето може да му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење дејност во траење до 30 дена.

(5) Покрај глобата од ставот (3) на овој член, на одговорното лице во друштвото може да му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до 30 дена.

Прекршочни одредби за производител на топлинска енергија

Член 229

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на:

1) производител на топлинска енергија, ако не доставува годишни извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и до градоначалникот на единицата на локалната самоуправа во врска со опремата, објектите, плановите за одржување, како и планираниот капацитет (член 152 став (3)) и

2) регулираниот производител на топлинска енергија, ако во текот на грејната сезона нема обезбедено оперативни резерви од алтернативно гориво (член 153 став (4)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) Покрај глобата од ставот (2) на овој член, на одговорното лице во правното лице може да му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година.

Прекршочни одредби за операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија и снабдувач со топлинска енергија

Член 230

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, ако:

1) не го одржува, развива и, кога тоа е економски исплатливо, проширува системот за дистрибуција на топлинска енергија (член 155 став (1) точка 2);

2) не ги приклучи производителите и потрошувачите на системот за дистрибуција со кој управува, не им овозможи пристап на трета страна за користење на системот за дистрибуција и не ги применува цените и тарифите претходно одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика (член 155 став (1) точка 3);

3) не обезбеди топлинска енергија потребна за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа и системски услуги од регулираниот производител (член 155 став (1) точка 4);

4) не ги преземе сите пропишани мерки за безбедност при користењето на системот за дистрибуција на топлинска енергија, како и мерките за заштита на животната средина (член 155 став (1) точка 6);

5) не го усогласи работењето на системот со производителите заради непречено вршење на дистрибуција на топлинска енергија (член 155 став (1) точка 9);

6) не врши надзор и тестирање на системот за дистрибуција на топлинска енергија (член 155 став (1) точка 10);

7) не ја следи техничката и функционалната подготвеност на објектите за дистрибуција на топлинска енергија (член 155 став (1) точка 11);

8) не откупува топлинска енергија од другите производители доколку цената на топлинската енергија понудена од производителот е пониска од цената за топлинската енергија на регулираниот производител (член 156 став (4));

9) не ги донесе и објави на својата веб страница мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 157 став (1)).

(2) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, ако:

1) не врши набавка, поставување и одржување на мерните уреди на излезните точки од производните постројки и во топлинските потстаници на коишто се приклучени објектите на потрошувачи и мерење на топлинската енергија што се презема или испорачува од топлинскиот систем (член 155 став (1) точка 5);

2) не подготви долгорочна прогноза на побарувачката на топлинска енергија (член 155 став (1) точка 12);

3) не ја достави до Регулаторната комисија за енергетика целокупната документација во врска со исполнување на договорите со производителите и снабдувачите со топлинска енергија, како и финансиските извештаи и ревидираните финансиски извештаи изработени од овластен ревизор, извештаите за работењето и други податоци (член 156 став (7));

(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на снабдувач на топлинска енергија, ако:

1) не ги снабдува потрошувачите со кои има склучено договор за сигурно, континуирано и квалитетно снабдување со топлинска енергија (член 158 став (1));

2) не склучи годишен договор со операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија за набавка на топлинска енергија за потребите на потрошувачите (член 158 став (2));

3) не доставува до Регулаторната комисија за енергетика, годишни извештаи за продадената топлинска енергија (член 158 став (5)).

4) не доставува до Министерството и градоначалниците на единиците на локалната самоуправа на чија територија снабдувачот ја врши дејноста, годишни извештаи за продадената топлинска енергија (член 158 став (6)).

(4) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице корисник на системот за дистрибуција на топлинска енергија, ако не му овозможи на овластено лице на операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија право на пристап заради извршување на работите од членот 159 став (3) од овој закон.

(5) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице, корисник на системот за дистрибуција на топлинска енергија, ако не му овозможи на овластено лице на операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија право на пристап заради извршување на работите од членот 159 став (3) од овој закон.

(6) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1), (2) и (3) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Прекршочни одредби за повластени производители на енергија

Член 231

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице, ако:

1) повластен производител кој користи премија не доставува прогнози за производство на електрична енергија до Министерството (член 189 став (1) точка 2));

2) повластен производител кој користи повластена тарифа не доставува планови за производство на електрична енергија до операторот на пазарот на електрична енергија (член 192 став (1) точка 2));

3) снабдувач или трговецот со електрична енергија не ги обезбедува информациите до потрошувачите во согласност со членот 194.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за лицето ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во лицето.

Други прекршочни одредби

Член 232

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, односно трговец поединец корисник на енергетски систем ако постапува спротивно на обврските утврдени во членот 195 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице корисник на енергетски систем ако постапува спротивно на обврските утврдени во членот 195 став (1) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок навршител на енергетска дејност ако ги злоупотребил деловните тајни и информации што ги добил при вршење на дејноста заради стекнување на деловна корист, како и заради преземање на дискриминаторски дејствија во корист на трети лица (член 202 став (2)).

(4) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице:

1) кое гради или изведува други работи, засадува растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот, освен во случаите определени со овој закон (член 203 став (1));

2) сопственик, односно корисник на земјиштето ако не дозволи премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште (член 204 став (1)).

(5) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (4) на овој член.

(6) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, односно за трговец поединец ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставовите (1), (3) и (4) на овој член и на одговорното лице во правното лице, односно одговорното лице во трговец поединец.

Член 233

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, односно трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.

XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Траење на мандати

Член 234

(1) Со денот на влегување во сила на овој закон му престанува мандатот на претседателот на Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон Собранието, на предлог од Владата изготвен во постапка утврдена со законот со којшто се уредуваат организацијата, начинот на работа и надлежноста на Владата, именува претседател и три члена на Регулаторната комисија за енергетика на местото на претседателот од ставот (1) на овој член и на местото на трите члена на Регулаторната комисија за енергетика чијшто мандат е истечен или по друг основ им престанал мандатот пред влегувањето во сила на овој закон.

(3) Претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика именувани во согласност со ставот (2) на овој член треба да ги исполнат условите од

(4) Членот 17 ставови (2) и (3) од овој закон.

(5) Мандатот на претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика именувани согласно ставот (2) на овој член изнесува пет години.

(6) Претседателот на Регулаторната комисија за енергетика од ставот (1) на овој член и членот на Регулаторната комисија за енергетика чијшто мандат е истечен ја вршат функцијата до именувањето на претседател и членови во согласност со ставот (2) на овој член.

(7) Членовите на Регулаторната комисија за енергетика именувани пред влегувањето во сила на овој закон чијшто мандат не е истечен или престанат во согласност со овој член, продолжуваат да ја извршуваат својата функција до истекот на мандатот за кој се именувани.

(8) Членовите на Комисијата за жалби и нивните заменици именувани пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да ја извршуваат својата функција до завршување на постапките започнати согласно со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16).

Важење на издадените лиценци

Член 235

(1) Носителот на лиценца издадена пред влегувањето во сила на овој закон продолжува со вршење на енергетската дејност врз основа на издадената лиценца, во времетраењето утврдено во лиценцата.

(2) Ако во лиценцата од ставот (1) на овој член се утврдени права и обврски кои не се во согласност со овој закон, односно прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност согласно издадената лиценца, до измена или престанување на важење на лиценцата од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Регулаторната комисија за енергетика во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој закон, односно соодветниот пропис и правила донесен врз основа на овој закон, по службена должност ги изменува правата и обврските од постојните лиценци што не се во согласност со одредбите од овој закон, односно соодветниот пропис или правила.

(4) Постапките за издавање на лиценци кои се започнати пред влегувањето во сила на овој закон, Регулаторната комисија за енергетика ги завршува во согласност со одредбите од Законот за енергетика („Службен весник

на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16).

Донесување на прописи

Член 236

(1) Владата донесува:

1) уредба за критериумите и условите за прогласување на кризната состојба од членот 14 од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;

2) уредба за критериуми и постапка за доделување на овластување за изградба на директен вод од членот 67 став (4) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

3) уредба за работењето на операторот на организираниот пазар на електрична енергија, како и потребните технички, кадровски и финансиски услови што треба да ги исполни од членот 90 став (3), во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

4) уредба за квалитет на течните горива од членот 150 од овој закон, во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

5) уредба за мерки за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија од членот 187 став (3) од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон и

6) одлука за вкупната инсталирана моќност на повластените производители од членот 187 став (4), во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Министерот донесува:

1) правилник за енергетски биланси и енергетска статистика од членот 13 од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

2) правилник за нивото и начинот на пресметка на оперативните резерви од членот 146 став (4) од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;

3) правилник за условите на објектите за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива, или горива за транспорт од членот 148 став (2), во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

4) правилник за методологијата за пресметка на учеството на енергија произведена од обновливи извори на енергија во бруто финалната потрошувачка на енергија од членот 173 став (4), во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

5) правилник за технички спецификации од членот 179 став (2) од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;

6) правилник за лиценцирање на инсталатери од членот 181 став (4), во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;

7) правилникот за обновливи извори на енергија од членот 185 од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

8) правилник за спроведување на испит за ракувачи со енергетски уреди и постројки од членот 199 став (2), во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

9) правилник за контрола на квалитет на електрична енергија од членот 201 став (1), во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Регулаторната комисија за енергетика донесува:

1) правилници и методологии за формирање на цени за регулираните енергетски дејности од членот 24 став (1) точка 1) алинеја 1 од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

2) правилник и методологија за формирање на највисоките рафинериски и малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горивата за транспорт од членот 24 став (1) точка 1) алинеја 2 од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;

3) правилник за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас од членот 24 став (1) точка 1) алинеја 5 од овој закон, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

4) правилник за доделување на статус на затворен систем за дистрибуција на електрична енергија, затворен систем за дистрибуција на природен гас и комбиниран оператор за пренос и дистрибуција на природен гас од членот 24 став (1) точка 1) алинеја 6 од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;

5) правилник за следење на функционирањето на пазарите на енергија од членот 25 став (3) од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;

6) тарифните системи од членот 29 став (1) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

7) тарифен систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај од членот 29 став (3) од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

8) правила за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач од членот 24 став (1) точка 1) алинеја 11 од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

9) правила за определување на надоместокот на штетата што им е причинета на производителите и потрошувачите приклучени на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија од членот 24 став (1) точка 1) алинеја 9 и членот 197 ставови (3) и (4) од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

10) правила за пазар на електрична енергија од членот 24 став (1) точка 1) алинеја 10 од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

11) правила за пазар на природен гас од членот 24 став (1) точка 1) алинеја 12 од овој закон, во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

12) правила за снабдување со електрична енергија од членот 24 став (1) точка 1) алинеја 13 од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

13) правила за снабдување со природен гас од членот 24 став (1) точка 1) алинеја 14 од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

14) правила за снабдување со топлинска енергија од членот 24 став (1) точка 1) алинеја 15 од овој закон, во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

15) правила за постапување по приговори и за разрешување на спорови од членот 37 став (8) од овој закон, во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

16) правилник за лиценци од членот 41 став (1) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

17) правилник за цени на топлинска енергија и системски услуги од членот 153 став (5) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон и

18) правилник за повластени производители кои користат повластена тарифа од членот 191 став (1) во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(4) Операторот на електропреносниот систем донесува:

1) правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем од членот 78 став (2) точка 21) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

2) правила за балансирање од членот 79 од овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон;

3) мрежни правила за пренос на електрична енергија од членот 84 став (1) од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;

4) правила за доделување на прекуграничните електропреносни капацитети од членот 85 од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон и

5) програма за усогласеност од членот 73 од овој закон, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(5) Операторот на електродистрибутивниот систем донесува:

1) правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивниот систем од членот 93 став (3) точка 10) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

2) мрежни правила, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон и

3) програма за усогласеност од членот 97 став (6) од овој закон, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(6) Операторот на системот за пренос на природен гас донесува:

1) правила за набавка на природен гас за покривање на загубите во системот за пренос на природен гас од членот 116 став (2) точка 17) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;

2) правила за балансирање од членот 121 од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;

3) мрежни правила за пренос на природен гас од членот 123 од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;

4) правила за доделување на прекуграничните капацитети за пренос на природен гас од членот 124 од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон и

5) програма за усогласеност од членот 111 од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(7) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас донесува:

1) мрежни правила за дистрибуција на природен гас во согласност со членот 132 во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон и

2) програма за усогласеност од членот 133 од овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(8) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта преку нафтовод ги донесува правилата за работа на нафтоводот од членот 144 од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(9) Операторот на дистрибутивниот систем за топлинска енергија, во согласност со членот 157 од овој закон, ќе ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(10) Прописите, правилата и другите општи акти, како и стратешки, програмски и плански документи, чиешто донесување е предвидено со овој

закон, а за кои со овој член не е утврден рок за донесување, ќе се донесат во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(11) До донесувањето на прописите и одобрувањето на актите наведени во овој член ќе се применуваат прописите, правилата и актите донесени, односно одобрени во согласност со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16).

(12) Постапките за издавање на овластување за изградба, како и постапките за донесување на одлуки за давање на право на изградба на производни, преносни и дистрибутивни енергетски објекти и системи кои се започнати пред влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16).

(13) До донесување на правилникот од членот 199 став (2) од овој закон, на постапката за полагање на испитот за стручна оспособеност на ракувачите со енергетски уреди и постројки се применуваат одредбите од членовите 157-б, 157-в, 157-г, 157-д, 157-ѓ, 157-е, 157-ж, 157-з, 157-ѕ, 157-и, 157-ј, 157-к, 157-л, 157-љ, 157-м, 157-н, 157-њ, 157-о, 157-п, 157-р, 157-с, 157-т и 190-б од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16).

Пазар на електрична енергија

Член 237

(1) Владата во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон донесува одлука за пренос на акциите на сопственикот на друштвото од членот 72 став (1) од овој закон.

(2) Преносот на сопственоста на акциите од ставот (1) на овој член се запишува во Централен депозитар за хартии од вредност.

(3) Друштвото оператор на електропреносен систем ја започнува постапката за сертификација од членот 75 од овој закон, во рок од 30 дена од преносот на сопственоста на акциите согласно со ставот (2) на овој член.

(4) Производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет во Република Македонија е должен на универзалниот снабдувач, во постапките за набавка за електрична енергија, во согласност со правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач, да му понуди на продажба електрична енергија и тоа:

1) во 2019 година најмалку 80% од вкупните годишни потреби на снабдувачот;

2) во 2020 година најмалку 75% од вкупните годишни потреби на снабдувачот;

3) во 2021 година најмалку 70% од вкупните годишни потреби на снабдувачот;

4) во 2022 година најмалку 60% од вкупните годишни потреби на снабдувачот;

5) во 2023 година најмалку 50% од вкупните годишни потреби на снабдувачот;

6) во 2024 година најмалку 40% од вкупните годишни потреби на снабдувачот;

7) во 2025 година најмалку 30% од вкупните годишни потреби на снабдувачот.

(5) Владата, во рок од 90 дена од влегување во сила на овој закон објавува оглас за избор на универзален снабдувач и снабдувач во краен случај со електрична енергија.

(6) Одредбата од членот 101 став (1) почнува да се применува по донесување на тарифниот систем од членот 29 став (3), правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач, правилата за снабдување со електрична енергија, правилата за пазар на електрична енергија, како и по одобрувањето на правилата за балансирање на електрична енергија, изборот на универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај.

(7) Носителот на лиценцата за снабдување со електрична енергија во краен случај и лиценцата за снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи, ќе ги врши обврските утврдени во лиценците до денот на издавање на лиценцата на универзалниот снабдувач од членот 101 став (9) од овој закон.

(8) Производителот на електрична енергија на кој во лиценцата, во согласност со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) му е утврдена обврска да обезбеди јавна услуга преку производство на електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи што се снабдуваат од снабдувачот со електрична енергија во краен случај и снабдувачот со електрична енергија на тарифни потрошувачи ќе обезбеди електрична енергија за снабдување на домаќинствата и малите потрошувачи до 31 декември 2018 година.

(9) Оператор на електропреносниот систем во рок од 30 дена од денот на преносот на сопственоста на акциите согласно со ставот (2) на овој член, основа друштво кое ја врши дејноста оператор на пазар на електрична енергија.

(10) Операторот на електропреносниот систем назначува службеник за усогласеност во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(11) Операторот на електродистрибутивниот систем назначува службеник за усогласеност во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(12) Операторот на електродистрибутивниот систем е должен во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, да им овозможи на снабдувачите електронски пристап до листата на потрошувачи која не ги вклучува домаќинствата, со назначување на категоријата на приклучок согласно тарифниот систем за дистрибуција, како и нивната потрошувачка за последните 12 месеци, во согласност со членот 93 став (3) точка 5) од овој закон.

(13) Операторот на електродистрибутивниот систем е должен во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да обезбеди посебен корпоративен идентитет кој нема да создава забуна со правното лице за снабдување кое е дел од вертикално интегрираното друштво во согласност со членот 97 став (5) точка 3) од овој закон.

Пазар за природен гас

Член 238

(1) Владата во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон донесува одлука за пренос на акциите на сопственикот на друштвото од членот 110 став (1) од овој закон.

(2) Преносот на сопственоста на акциите од ставот (1) на овој член се запишува во Централен депозитар за хартии од вредност.

(3) Друштвото оператор на системот за пренос на природен гас ја започнува постапката за сертификација од членот 113 од овој закон, во рок од 30 дена од преносот на сопственоста на акциите согласно со ставот (2) на овој член.

(4) Друштвото кое врши дејност оператор на систем за пренос на природен гас пред влегувањето во сила на овој закон, е должно да продолжи со вршење на оваа дејност сè до назначувањето на оператор на систем за пренос на природен гас во согласност со одредбите од овој закон.

(5) Операторот на системот за пренос на природен гас ја врши функцијата оператор на пазар на природен гас до определување на друштво на кое ќе му биде доделена лиценца за оператор на пазар на природен гас.

(6) Владата, во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, објавува оглас за избор на снабдувачот со природен гас со обврска за јавна услуга и снабдувач со природен гас во краен случај.

(7) Носителот на лиценцата за снабдување со природен гас во краен случај ќе ги врши обврските утврдени во лиценцата до денот на издавање на лиценца на снабдувачот со природен гас во краен случај од членот 138 од овој закон.

(8) Операторот на системот за пренос на природен гас назначува службеник за усогласеност во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(9) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас назначува службеник за усогласеност во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Пазар на сурова нафта, нафтени деривати и горива во транспортот

Член 239

Одредбите од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) со кои се уредуваат работите од областа на биогоривата, соодветно се применуваат до влегувањето во сила на законот со кој ќе се уредат работите од областа на биогорива.

Пазар на топлинска енергија

Член 240

Обврската од членот 159 став (5) се применува за изградба на нови објекти за кои е започната постапка за одобрение за градење по влегувањето во сила на овој закон.

Обновливи извори на енергија

Член 241

(1) Постапките за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија кои се започнати пред влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат во согласност со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16).

(2) На привремените решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија, решенијата за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија и одлуките за користење на повластени тарифи за електрична енергија од обновливи извори на енергија кои се донесени пред влегувањето во сила на овој закон, се применуваат соодветните одредби од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и прописите донесени врз основа на тој закон.

(3) Договорите за откуп на електрична енергија произведена од повластените производители на електрична енергија, коишто се склучени пред влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да важат до истекот на рокот за кој се склучени.

(4) Одредбите од членовите 179 и 181 од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2022 година

Енергетска ефикасност

Член 242

Одредбите од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) со кои се уредуваат работите од областа на енергетската ефикасност, соодветно се применуваат до влегувањето во сила на законот со кој ќе се уредат работите од областа на енергетската ефикасност.

Завршни одредби

Член 243

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16).

Член 244

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

LIGJ PËR ENERGJETIKË (*)

I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

Lënda e rregullimit

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen:

1) qëllimet dhe mënyra e zbatimit të politikës energjetike;

2) ndërtimi i objekteve energjetike;

3) statusi dhe kompetenca e Komisionit Rregullator për Energjetikë dhe shërbimet ujore të Republikës së Maqedonisë;

4) tregjet e energjisë elektrike, gazit natyror, energjisë termike, si dhe tregu i naftës së papërpunuar, derivateve të naftës dhe karburanteve për transport;

5) mënyra dhe procedura për përcaktimin dhe përmbushjen e obligimeve për sigurimin e shërbimit publik në tregjet për energji elektrike, gaz natyror dhe energji termike, si dhe të drejtat dhe obligimet e konsumatorëve të energjisë dhe shfrytëzuesit e sistemeve energjetike;

